РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

ISSN-1857-9779

БИЛТЕН

НА

УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

Број 1325

Скопје, 1 март 2025 година

Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

Бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје

ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА

Уредник на издавачката дејност на УКИМ:
проф. д-р Биљана Ангелова, ректор

Уредник на Билтенот:
Илија Богоевски

Лектори:
Весна Илиевска-Цветановска
Соња Попоска

Техничко уредување:
Зоран Кордоски

СОДРЖИНА НА БИЛТЕН БРОЈ 1325 ОД 1 МАРТ 2025 ГОДИНА

АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**Димитар Крстевски, Јана Брсакоска, Ана Рафаиловска**)……6

ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област 2.01.01.02 – конструкции, на Градежниот факултет – Скопје (**д-р Марија Доцевска Јованова**)……7-22
2. Рецензија (на македонски и на англиски јазик) за оцена на докторската дисертација **Експериментално и нумеричко моделирање на цементни композити со автономно самозаздравување со различни видови агенси** од **м-р Весна Грујоска**, пријавена на Градежниот факултет - Скопје……23-35
3. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**м-р Томе Геговски, м-р Филип Петровски**)……36
4. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Александар Димески, Драгана Алексовска, Мина Брајаноска**)……37
5. **Исправка** на направена техничка грешка во Рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област хидротехнички објекти-20717, енергетско користење на водите–20718, друго–20720, на Градежниот факултет – Скопје (**вонр. проф. д-р Стевчо Митовски**) објавен во Билтенот на Универзитетот Св. Кирил и Методиј“ во Скопје број 1323 од 1.2.2025 година……38

МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на двајца наставници во сите наставно-научни звања во научната област 2.03.00.12 – машински материјали, технологии на заварување и заварени конструкции, на Машинскиот факултет – Скопје (**д-р Филип Здравески, д-р Елисавета Дончева**)……39-66

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник по предметите од наставно-научните области: интерна медицина, геријатрија, клиничко-болничка и општа здравствена нега и хематологија, на Медицинскиот факултет – Скопје (**вонр. проф. д-р Александра Пивкова Велјановска**)……67-94
2. Реферат за избор на еден асистент по предметот Интерна медицина, на Медицинскиот факултет – Скопје (**ас. д-р Арзана Хасани Јусуфи**)……95-100
3. Рецензија на ракописот **Мускулно-скелетни тумори – практичен пристап во дијагнозата и третманот,** од група автори……101-107

ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“

1. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Мерлинда Шаќири**)……108

ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област теоретски правни науки, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје (**вонр. проф. д-р Александар Спасов**)……109-127

ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на ракописот **Геоморфологија** од **проф. д-р Драган Колчаковски**.....128-132
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Весна Трпчевска, Даниел Николовски**).....133

ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Бојана Манчевска**).....134

ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА

1. Реферат за избор на асистент во наставно-научната област ренденологија и физикална терапија, на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје (**Борис Димитриевски**).....135-139
2. Реферат за избор на асистент во наставно-научната област хирургија, офтламологија и ортопедија, на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје (**Јане Влахов**).....140-143
3. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**Бесарт Јашари**).....144

ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Влијание на режимите на обработка врз квалитетот на резната површина при режење со кружна пила** од **м-р Дамјан Станојевиќ,** пријавена на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер - Скопје.....145-153

ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) актерска игра, на Факултетот за драмски уметности – Скопје (**д-р Кристина Леловац**).....154-168

ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област телекомуникациско и информациско инженерство, на Факултетот за електротехника и информациски технологии – Скопје (**вонр. проф. д-р Славче Пејоски**).....169-180
2. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Елена Василева**).....181
3. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Љупчо Попоски, Росана Петрушева, Стела Бојациев, Ивона Гашпаровиќ Негриеска, Симона Тодороска, Владо Јадровски, Дејан Петкоски, Сара Котели**).....182-183

ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА

1. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Билјана Ристаќовска Ширговска**).....184
2. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Богдан Ѓорѓески**).....185

ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област компјутерски науки, на Факултетот за информатички науки и

компјутерско инженерство – Скопје (**вонр. проф. д-р Билјана Тојтовска Рибарски**).....186-204
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Инклузивно технолошки поддржано учење за младите со Даунов синдром** од **м-р Венера Красниќи**, пријавена на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство - Скопје.....205-213
3. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**Мартина Тошевска, Влатко Николовски**).....214
4. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Јована Маројевиќ, Методија Новковски, Викторија Коцева, Бесмаљ Мемеди, Никола Кушевски, Драгица Близнаковска Станчев, Борис Кикенски, Ермин Нумановиќ, Андреа Трифунова, Мелина Стојановска, Горан Митров, Борис Станоев, Ана Младеновска, Давид Стојановски, Пепа Костовска, Тамара Калајџиески**).....215

ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ
1. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**Александар Димковски**).....216

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Валентина Матовска, Благоја Здравевски, Александра Богдановска, Теона Неловска**).....217

ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“
1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Историјата и романот: компаративна слика за Османлиите во наставната програма по книжевност во балканските земји** (**Македонија, Бугарија, Србија и Босна**) од **м-р Ајлин Карахасан**, пријавена на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ - Скопје.....218-231
2. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Муарем Ајдари**).....232
3. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Адријан Христовски**).....233

ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ
1. Реферат за избор на наставник во научното подрачје општествени науки, научно поле: економија и бизнис, во наставно-научната област економија на Економскиот институт - Скопје (**вонр. проф. д-р Владимир Петковски**).....234-263
2. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Марија Андонова**).....264

ИНСТИТУТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА
1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област земјотресно инженерство, на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија – Скопје (**вонр. проф. д-р Јулијана Бојаџиева**).....265-300

ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА
1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Фактори на влијание врз намерата за напуштање на работното место: случајот со македонските ИТ-професионалци** од **м-р Блаже Јосифовски**, пријавена на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања – Скопје.....301-308

Прилоī бр. 5

П Р Е Г Л Е Д
НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ НА АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ ВО СОСТАВ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

Ред. бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1.	**Димитар Крстевски**	**АНАЛИЗА НА СТОПАНСКИТЕ ДВОРОВИ И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПРОСТОРНИТЕ ПРОМЕНИ ВО СЕЛАТА НА СКОПСКА ЦРНА ГОРА**	ANALYSIS OF AGRICULTURAL YARDS AND THEIR IMPACT ON SPATIAL CHANGES IN THE VILLAGES OF SKOPSKA CRNA GORA	Проф. д-р Александар Радевски	08-6/36 од 17.2.2025
2.	**Јана Брсакоска**	**ВЛИЈАНИЕТО НА КЛИНИЧКИТЕ ПАТЕКИ ВРЗ ЗДРАВСТВЕНИТЕ ПРОЦЕСИ-ИСТРАЖУВАЊЕ БАЗИРАНО ВРЗ ДОКАЗИ НА ПРИМЕРОТ НА УКЦС**	THE CLINICAL PATHS IMPACT ON HEALTHCARE PROCESSES – AN EVIDENCE BASED RESEARCH ON THE CASE OF UKCS	Проф. д-р Михајло Зиноски	08-6/37 од 17.2.2025
3.	**Ана Рафаиловска**	**КОМПАРАТИВЕН ПРЕГЛЕД НА СОЦИО-МОРФОЛОШКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА СТАНБЕНИ АНСАМБЛИ ОД ВТОРАТА ПОЛОВИНА НА XX ВЕК ВО СКОПЈЕ: ОД КОЛЕКТИВЕН ДО СОВРЕМЕН ЖИВОТО-ПРИЕМЧИВ ПРОСТОР**	COMPARATIVE OVERVIEW OF THE SOCIO-MORPHOLOGICAL CHARACTERISTICS OF RESIDENTIAL ASSEMBLIES FROM THE SECOND HALF OF THE 20th CENTURY IN SKOPJE: FROM COLLECTIVE TO LIVEABLE SPACE	Проф. д-р Слободан Велевски	08-6/38 од 17.2.2025

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ 2.01.01.02 - КОНСТРУКЦИИ, НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Градежен факултет – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 10.2.2025 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област 2.01.01.02 – конструкции, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-2/109-29 од 24.2.2025, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Горан Марковски, редовен професор на Градежниот факултет Скопје, д-р Тони Аранѓеловски, редовен професор на Градежниот факултет во Скопје и д-р Дарко Наков, редовен професор на Градежниот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област 2.01.01.02 – конструкции, во предвидениот рок се пријави д-р Марија Доцевска Јованова.

1. Биографски податоци и образование

Кандидатката д-р Марија Доцевска Јованова е родена на 17.3.1989 година, во Куманово. Средно образование завршила во Куманово, во 2008 година, со континуирано одличен успех. Со високо образование се стекнала на Градежниот факултет во Скопје во академската 2012/2013 година, со просечен успех 8,97. На 8.10.2012 година ја одбранила дипломската работа под наслов: „Статичка и динамичка анализа на станбен објект според наши актуелни прописи и Еврокод”, изработена под менторство на проф. д-р Тони Аранѓеловски.

Во учебната 2012/2013 се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Градежниот факултет во Скопје, на студиската програма Градежништво, конструктивна насока. Студиите ги завршила во академската 2014/2015 година, со просечен успех 10,00. На 24.6.2015 година го одбранила магистерскиот труд „Нумерички модел за анализа на граничните состојби на употребливост на армиранобетонски елементи“, изработен под менторство на проф. д-р Тони Аранѓеловски.

Од јули 2015 година, кандидатката станува студент на трет циклус студии – докторски студии на Факултетот за градежништво и животна средина при Рур-универзитетот во Бохум (RUB), СР Германија. Докторска дисертација пријавила на 2.7.2018 година на Рур-универзитетот во Бохум, Германија, под менторство на академик проф. д-р Питер Марк (Рур-универзитет во Бохум) и коменторство на проф. д-р Горан Марковски (Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје). Дисертацијата на тема „Течење на бетонот под променливи оптоварувања“ ја одбранила на 3.6.2024 година на Рур-универзитетот во Бохум со највисока оценка (со почести). Со тоа кандидатката се стекнала со научниот степен доктор на инженерски науки (анг. Doctor of engineering). Од страна на Министерството за образование и наука на РС Македонија, на 21.1.2025 год. завршена е нострификацијата на дипломата и признавање на странската високообразовна квалификација, за што кандидатката има приложено Решение за признавање на странска високообразовна квалификација бр. 24-591328.

Кандидатката активно се служи со англиски јазик, поседува ниво Ц1 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR), за што има приложено уверение бр. 03-331/2 издадено на 04.02.2025 година од Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје.

Во февруари 2015 година, кандидатката е избрана за соработник по групата предмети кои ги покрива Катедрата за бетонски и дрвени конструкции на Градежниот факултет во Скопје. Од декември 2020 година, со пријавување по распишаниот конкурс објавен на 1.12.2020 во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“ за избор во соработничко звање – асистент од наставно-научната област *20702 – градежни конструкции во ниско- и високоградбата, 20708 – бетонски, армиранобетонски и преднапрегнати конструкции, 20700 – градежни материјали и 20720 – друго* на Градежниот факултет во Скопје, д-р Марија

Доцевска Јованова е во редовен работен однос на позицијата асистент на Катедрата за бетонски и дрвени конструкции. На 1.11.2023 год., извршен ѝ е повторен избор во соработничко звање – асистент.

Важно е да се напомене и стручното усовршување на кандидатката во странство кое во периодот од 2015 до 2024 година го остварила преку 9 (девет) студиски престои на Рур-универзитетот во Бохум (Германија), како и еден студиски престој на Универзитетот „Миньо“ во Гимараеш (Португалија). Покрај студиските престои, д-р Марија Доцевска Јованова зела учество и на неколку интернационални работилници и едукативни курсеви од областите: утврдување на квалитетот на бетонот (2016 – Јанина, Грција), пробабилистичко моделирање и анализа на ризици во инженерството (2019 – Гимараеш, Португалија), димензионирање на сеизмички отпорни бетонски конструкции според Еврокод (2021 – онлајн) и проектирање со помош на модел на решетка со притиснати и затегнати стапови (2022 – онлајн).

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Градежен факултет – Скопје, кандидатката д-р Марија Доцевска Јованова изведува вежби на прв и втор циклус студии на студиската програма Градежништво.

Од учебната 2014/2015 година, како соработник на Катедрата за бетонски и дрвени конструкции, учествува во организација, изработка на едукативни материјали и одржување на вежбите по базичните предмети на Катедрата, кои се дел од задолжителната наставна програма на Факултетот: Градежни конструкции, Технологија на бетон, Армиран бетон, Инфраструктурни конструкции, Армиранобетонски мостови, Армиранобетонски конструкции, Претходно напрегнат бетон и Дрвени конструкции.

Во текот на 10-годишната соработка, кандидатката континуирано учествува и во создавање и имплементирање на современи наставни содржини во рамките на студиските програми на Градежниот факултет преку понудените изборни предмети на Катедрата: Санација и зајакнување на бетонски конструкции, Трајност на бетонски конструкции, Современи методи за пресметување бетонски конструкции, Бетонски мостови, Специјални видови бетон и Конструкции од лепено ламелирано дрво.

Во 2023 година, во улога на коавтор има објавено универзитетски учебник по предметот Армиран бетон за студентите на Градежниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со наслов: „Армиран бетон според Еврокод 2: теорија со решени примери“. Исто така, во истата година, во улога на коавтор има објавено и „Прирачник за проектирање бетонски конструкции според Еврокод 2 – Општи правила и правила за згради“ за обуки организирани од страна на Комората на овластени архитекти и овластени инженери.

Има учествувано на неколку работилници кај нас и во странство со усна презентација.

Во Образецот 2, кој е составен дел на овој извештај, детално се наведени сите нејзини активности во наставно-образовната дејност.

Научноистражувачка дејност

Д-р Марија Доцевска Јованова има објавено вкупно 29 научни трудови, од кои 5 труда се во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), 2 труда во меѓународни научни списанија и 22 труда во зборници од меѓународни научни собири. Објавените публикации се од научните области: однесување на бетонски конструкции во тек на време, анализа на гранични состојби на употребливост на бетонски елементи, димензионирање на нови и проценка на постоечки мостови.

Од вкупниот број на трудови, кандидатката е прв автор на вкупно 15 трудови, од кои 2 се во научни списанија со импакт-фактор, 2 во меѓународни научни списанија и 11 труда во зборници од меѓународни научни собири. Кандидатката како автор на трудови учествувала на 10 стручно-научни собири со усна презентација.

Треба да се истакне дека за трудот под наслов: “Experimental investigation on the reversibility of concrete creep under repeating loads” автори: Марија Доцевска, Горан Марковски и Питер Марк, кандидатката

е добитник на признание за исклучителен труд објавен во 2019 година (анг. Outstanding paper 2019 Award) во реномираното списание „Materials and Structures“, издавач: Springer.

Доцевска Јованова соработувала и при изработката на научноистражувачкиот проект финансиран од УКИМ под наслов: „Класификација на национално дефинираните параметри за материјалните еврокодови и проценка на потребни средства за нивно дефинирање“ (2015 год.). Во моментот, таа учествува и на уште еден научноистражувачки проект финансиран од УКИМ под наслов „Бетон со ниска емисија на CO_2 – аспекти на трајност“, чијашто реализација сè уште е во тек.

Во Образецот 2, кој е составен дел на овој извештај, детално се наведени сите нејзини активности во научноистражувачката дејност.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Во соработка со членовите од Катедрата за бетонски и дрвени конструкции, д-р Марија Доцевска Јованова активно е вклучена во стручно-апликативната работа која опфаќа специфични проблеми од различни области од градежништвото.

Кандидатката остварила активности во различни технички извештаи, студии и стручни мислења од областа на армиранобетонските и претходно напрегнатите конструкции и мостови. Од нив можат да се издвојат студиите за утврдување на носивиот капацитет на мостовски конструкции за реализација на специјален транспорт, студии од испитување на патни и железнички мостови со пробно товарење, проценка на употребливост на изведени претходно напрегнати мостовски носачи и др. Исто така, кандидатката учествувала во изработка на неколку проекти од областа на инженерските конструкции од кои можат да се издвојат основните проекти за два нови градски моста преку реката Вардар во Скопје. За овие проекти, како дел од проектантскиот тим, добитник е на признание од Друштвото на градежни конструктори на Македонија (ДГКМ) за најдобро конструкторско остварување во областа на проектирањето на конструкциите за 2019 и 2020 година.

Кандидатката учествувала и во проектирање на одреден број конструкции од високоградбата, а како соработник има учествувано и во ревизија на неколку мостови. Таа има учествувано и во проектот за истражување на состојбата на мостовите на државната патна мрежа на нашата земја.

Кандидатката покажува активност и во дејностите од поширок интерес. Како член, вклучена е во работата на факултетската Комисија за научноистражувачка работа и меѓународна соработка.

Активно е вклучена и во активности поврзани со промоција на Градежниот факултет и градежната професија преку учество на отворени денови на УКИМ, подготовка на промотивни видеоматеријали и учество на летна школа за промоција на Факултетот пред средношколци.

Во Образецот 2, кој е составен дел на овој извештај, наведени се подетално сите активности од областа на стручно-применувачката дејност и дејностите од поширок интерес.

Оценка од самоевалуација

На анонимните студентски анкети кои се реализираат како дел од процесот на самоевалуација на Градежниот факултет во Скопје, редовно добива позитивни оцени (над 9,0).

Заклучок и предлог

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката, почнувајќи од нејзиниот ангажман како надворешен соработник, па сè до денес, како и врз основа на повеќегодишната интензивна соработка во наставната, научноистражувачката и високостручната дејност, со сигурност може да се констатира дека кандидатката ас. д-р Марија Доцевска Јованова продолжува сигурно да чекори по позитивната дијагонала на својот личен и професионален развој. Сериозноста, одговорноста, продлабоченоста и ентузијазмот кои кандидатката ги практикува низ своето секојдневно работење се само дел од епитетите кои го придружуваат нејзиното академско созревање. Досега постигнатите резултати и секогаш присутниот порив за постојано учење, откривање непознати вистини и стекнување нови знаења претставуваат доказ за нејзиниот завиден потенцијал и потребен и доволен услов за преод во група со повисоки наставно-научни звања.

Докторирањето на Рур-универзитет во Бохум, Германија, со највисока оценка (со почести), по неколкуте студиски престои на странски универзитети, интернационални работилници, едукативни курсеви и слично, е уште еден показател за достигнатите високи стандарди во научноистражувачката дејност и за толку значајната желба и подготвеност за „натпревар“ со најдобрите. Оваа теза се потврдува и со објавувањето на научни трудови во списанија со фактор на влијание, во други стручни списанија и во зборници на меѓународни собири. Потврда за научноистражувачкиот квалитет на кандидатката е и добиеното признание за исклучителен труд објавен во 2019 година (анг. Outstanding paper 2019 Award) во реномираното списание „Materials and Structures“, издавач: Springer.

Посветеноста и сериозниот и одговорен пристап кон наставниот процес, редовно препознати и од страна на студентите, резултираат со постојани иновации, усовршувања на вежбите, подобрувања на програмските задачи и со сето она што води кон квалитетна и современа настава. Дел од стекнатите знаења Доцевска Јованова успева, во својство на коавтор, да ги преточи во универзитетски учебник по предметот Армиран бетон и во Прирачник за проектирање бетонски конструкции за обуки во Комората на овластени архитекти и овластени инженери.

Паралелно со досега издвоеното, а пред сè благодарение на својата трудољубивост, аналитичност и нескриениот копнеж за влегување во костец со нови практични проблеми, кандидатката успева зад себе да остави низа градителски дела и разрешени стручни проблеми.

Во време на не така ретки напредувања остварени само врз основа на формално исполнети критериуми, Комисијата во состав: проф. д-р Горан Марковски, проф. д-р Тони Аранѓеловски и проф. д-р Дарко Наков, со нескриена чест и задоволство му предлага на Наставно-научниот совет, ас. д-р Марија Доцевска Јованова, која во целост ги исполнува условите пропишани во законските и подзаконските акти, да биде избрана во звањето доцент во наставно-научната област 2.01.01.02 – конструкции, на Градежниот факултет во Скопје.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Горан Марковски, с.р.
Проф. д-р Тони Аранѓеловски, с.р.
Проф. д-р Дарко Наков, с.р.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Марија Мирослав Доцевска Јованова
(име, татково име и презиме)
Институција: Градежен факултет – Скопје
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: 2.01.01.02 – конструкции

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ДОЦЕНТ/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОРАБОТНИК

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,97. Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00.	да
2	Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира Назив на научната област: конструкции; поле: градежништво; подрачје: инженерство и технологија.	да
3	Објавени најмалку четири научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор	да
3.1	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 1. Назив на научното списание: Structure and infrastructure engineering 2. Назив на електронската база на списанија: Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank 3. Наслов на трудот: Application of quality control plan to existing bridges 4. Година на објава: 2021 1. Назив на научното списание: Building Materials and Structures 2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science, Journal Citation Report 3. Наслов на трудот: Two new bridges over the river Vardar in Skopje	да

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	4. Година на објава: 2022	
3.2	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови 1. Назив на научното списание: Scientific journal of civil engineering 2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): вкупно 19 од кои 7 од Македонија, 3 од Словенија, 2 од Хрватска и по 1 од Србија, Велика Британија, Холандија, Турција, Црна Гора, Австрија и Франција 3. Наслов на трудот: Influence of concrete age on a composite concrete section behavior 4. Година на објава: 2020	да
3.5	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји 1. Назив на зборникот: Proceedings of the 14th fib PhD Symposium in Civil Engineering 2. Назив на меѓународниот собир: 14th fib PhD Symposium in Civil Engineering 3. Имиња на земјите: Италија, Германија, Швајцарија, Австрија, Франција, Велика Британија, Турција и др. 4. Наслов на трудот: Creep and creep recovery behavior of concrete under slow load cycling 5. Година на објава: 2022	да
4	Познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на Универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа 1. Странски јазик: англиски 2. Назив на документот: Уверение 3. Издавач на документот: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје 4. Датум на издавање на документот: 4.2.2025	да
5	Има способност за изведување на високообразовна дејност	да

* На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 4 (четири) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

ОБРАЗЕЦ 2

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Марија Мирослав Доцевска Јованова**
(име, татково име и презиме)
Институција: **Градежен факултет – Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: **2.01.01.02 – конструкции**

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	**Одржување на аудиториски вежби**	**69,34**
1.1	Академска 2015/2016 година	**9,90**
	Прв циклус	
	Технологија на бетон	0,90
	Инфраструктурни конструкции	0,90
	Претходно напрегнат бетон	1,80
	Армиранобетонски мостови	1,80
	Конструкции од лепено ламелирано дрво	0,90
	Армиран бетон	1,35
	Дрвени конструкции	0,90
	Втор циклус	
	Санација и зајакнување на бетонски конструкции	0,90
	Специјални видови бетон	0,45
1.2	Академска 2016/2017 година	**10,58**
	Прв циклус	
	Технологија на бетон	1,80
	Инфраструктурни конструкции	0,68
	Армиранобетонски мостови	1,80
	Конструкции од лепено ламелирано дрво	0,90
	Армиран бетон	1,35
	Дрвени конструкции	0,90
	Втор циклус	
	Претходно напрегнат бетон	1,80
	Санација и зајакнување на бетонски конструкции	0,90
	Специјални видови бетон	0,45
1.3	Академска 2017/2018 година	**7,88**
	Прв циклус	
	Технологија на бетон	0,90
	Инфраструктурни конструкции	0,68
	Армиран бетон	1,35
	Дрвени конструкции	0,90
	Втор циклус	
	Санација и зајакнување на бетонски конструкции	0,90
	Армиранобетонски мостови	0,90
	Конструкции од лепено ламелирано дрво	1,35
	Трајност на бетонски конструкции	0,90

1.4	Академска 2018/2019 година	**8,33**
	Прв циклус	
	Инфраструктурни конструкции	0,68
	Армиран бетон	1,35
	Дрвени конструкции	0,90
	Бетонски мостови	0,90
	Втор циклус	
	Армиранобетонски мостови	0,90
	Конструкции од лепено ламелирано дрво	1,35
	Санација и зајакнување на бетонски конструкции	0,90
	Трајност на бетонски конструкции	0,90
	Современи методи за пресметување бетонски конструкции	0,45
1.5	Академска 2019/2020 година	**7,43**
	Прв циклус	
	Инфраструктурни конструкции	0,68
	Армиран бетон	1,35
	Дрвени конструкции	0,90
	Втор циклус	
	Армиранобетонски мостови	0,90
	Конструкции од лепено ламелирано дрво	0,90
	Санација и зајакнување на бетонски конструкции	0,90
	Градежна регулативa	0,90
	Трајност на бетонски конструкции	0,90
1.6	Академска 2020/2021 година	**8,33**
	Прв циклус	
	Инфраструктурни конструкции	0,68
	Армиран бетон	1,35
	Трајност на бетонски конструкции	0,90
	Втор циклус	
	Армиранобетонски мостови	0,90
	Конструкции од лепено ламелирано дрво	0,90
	Санација и зајакнување на бетонски конструкции	0,90
	Градежна регулативa	0,90
	Армиранобетонски конструкции	0,90
	Бетонски мостови	0,90
1.7	Академска 2021/2022 година	**6,53**
	Прв циклус	
	Инфраструктурни конструкции	0,68
	Армиран бетон	1,35
	Трајност на бетонски конструкции	0,90
	Втор циклус	
	Армиранобетонски мостови	0,90
	Конструкции од лепено ламелирано дрво	0,90
	Санација и зајакнување на бетонски конструкции	0,90
	Армиранобетонски конструкции	0,90

1.8	Академска 2022/2023 година	**3,38**
	Прв циклус	
	Инфраструктурни конструкции	0,68
	Втор циклус	
	Армиранобетонски мостови	0,90
	Конструкции од лепено ламелирано дрво	0,90
	Санација и зајакнување на бетонски конструкции	0,90
1.9	Академска 2023/2024 година	**3,15**
	Прв циклус	
	Армиран бетон	1,35
	Втор циклус	
	Конструкции од лепено ламелирано дрво	0,90
	Армиранобетонски згради	0,90
1.10	Академска 2024/2025 година	**3,83**
	Прв циклус	
	Инфраструктурни конструкции	0,68
	Втор циклус	
	Армиранобетонски мостови	1,35
	Трајност на бетонски конструкции	0,90
	Санација и зајакнување на бетонски конструкции	0,90
2	**Подготовка на нов предмет (вежби)**	**2,00**
2.1	Инфраструктурни конструкции	0,5
2.2	Санација и зајакнување на бетонски конструкции	0,5
2.3	Трајност на бетонски конструкции	0,5
2.4	Современи методи за пресметување бетонски конструкции	0,5
3	**Консултации со студенти**	**9,55**
3.1	Академска 2015/2016 година	1,39
3.2	Академска 2016/2017 година	1,51
3.3	Академска 2017/2018 година	1,29
3.4	Академска 2018/2019 година	1,27
3.5	Академска 2019/2020 година	1,37
3.6	Академска 2020/2021 година	0,81
3.7	Академска 2021/2022 година	0,67
3.8	Академска 2022/2023 година	0,36
3.9	Академска 2023/2024 година	0,24
3.10	Академска 2024/2025 година	0,64
4	**Настава во школи и работилници (учесник)**	**3**
4.1	International Workshop on Load Structure Interactions, Ruhr University Bochum, Germany, August 2016	1
4.2	8th WG Workshop COST Action TU1406: Quality Specifications for Roadway Bridges, Standardization at a European Level, Barcelona, Spain, October 2018	1
4.3	Обука за дејности од градежната индустрија, Фондација МИР (анг. Foundation of Management and Industrial Research), Градежен факултет – Скопје, октомври 2024	1
5	**Позитивно рецензиран универзитетски учебник (коавтор)**	**6**

5.1	Горан Марковски (автор), **Марија Доцевска Јованова** (коавтор), Дејан Јанев (коавтор), Евгенија Стојкоска (коавтор) *Армиран бетон според Еврокод 2: теорија со решени примери*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Градежен факултет – Скопје, ISBN 978-608-4510-50-5 (кн. 1) ISBN 978-608-4510-52-9 (кн. 2), 2023	6
6	**Пакет материјали за одреден предмет**	**4**
6.1	Подготовка на презентации и решени задачи според Еврокодови по предметите: Армиран бетон, Армиранобетонски мостови, Конструкции од лепено ламелирано дрво, Санација и зајакнување на бетонски конструкции	
	Вкупно	**93,89**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1	**Учесник во национален научен проект**	**3,0**
1.1	Научноистражувачки проект финансиран од УКИМ: *Класификација на национално дефинираните параметри за материјалните еврокодови и проценка на потребни средства за нивно дефинирање* (2015 год.)	3,0
2	**Публикации**	**114,4**
2.1	Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование (5).	4,0
1	Markovski, G.; **Docevska, M.**; Markelj, V.: *Two new bridges over the river Vardar in Skopje*, Building Materials and Structures 65, pp.115-129, 2022 (**IF 0,50 за 2024**))	4,0
2.2	Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование (8+и.ф.).	29,2
1	Arangjelovski, T.; Gramatikov, K.; **Docevska, M.**: *Assessment of damaged timber structures using proof load test – Experience from case studies*, Construction and Building Materials 101, part 2, Elsevier, 2015, pp.1271-1277 (**IF 2,421 за 2015**)	8,34
2	**Docevska, M.**; Arangjelovski, T.; Markovski, G.; Nakov, D.: *Numerical and analytical model for serviceability limit states of RC elements*, Journal Civil Engineering (Gradjevinar), 70-11, 2018, pp. 943-952 (**IF 0,562 за 2018**)	5,14
3	**Docevska, M.**; Markovski, G.; Mark, P.: *Experimental investigation on the reversibility of concrete creep under repeating loads*, Materials & Structures 52:83, 2019 (**IF 2,901 за 2019**)	8,72
4	Baron E. A.; Galvão N.; **Docevska M.**; Matos J. C.; Markovski G.: *Application of quality control plan to existing bridges*, Structure and Infrastructure Engineering, 2021 (**IF 3,659 за 2021**)	7,00

2.3	Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови (5).	8,5
1	**Docevska, M.**; Markovski, G.; Mark, P.: *Creeping effects of concrete under varying stress histories*, Scientific Journal of Civil Engineering 8(2), ISSN 1857-839X, pp. 95-100., 2019	4,0
2	**Docevska, M.**; Markovski, G.: *Influence of concrete age on composite concrete section behavior*, Scientific Journal of Civil Engineering 9(1), ISSN - 1857-839X, pp. 7-12, 2020	4,5
2.4	Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на научниот комитет се од најмалку три земји (5).	71,5
2015		
1	**Docevska, M.**; Arangjelovski, T.; Markovski, G.; Nakov, D. *Numerical model for analysis of serviceability limit states in reinforced concrete elements*, In: Proc. of the 2015 Symposium of MASE, R. of Macedonia, 2015	3
2016		
2	**Docevska, M.**; Heek, P., Markovski, G.; Mark, P. *Fibre modelling of RC elements subject to time-variant mechanical and thermal actions*, In: Proc. of the 2016 Symposium of ASES, Serbia, 2016, pp. 173-183	3
2017		
3	**Docevska, M.**; Markovski, G.; Mark, P.: *Influence of load histories on long-term behavior of RC structure*, In Proc. of the 5. DAfStb-Jahrestagung mit 58. Forschungskolloquium, Bd. I, Kaiserslautern, 2017, pp. 22-33.	4
4	**Docevska, M.**; Markovski, G.; Arangjelovski, T.; Nakov, D.; Mark, P.: *Numerical procedure for long-term deflection prediction of RC elements subjected to different load histories*, In: Natural Hazards and Structures, Proc. 17th MASE Int. Symp., ed. Cvetkovska, M., Macedonian Ass. Struct. Eng., 2017, pp. 668-678	3
5	Tkocz, J.; Heek, P.; Thiele, C.; Vitt, G.; **Docevska, M.**; Mark, P.: *Tests and numerical simulation of SFRC slabs exposed to fire*, In: Natural Hazards and Structures, Proc. 17th MASE Int. Symp., ed. Cvetkovska, M., Macedonian Ass. Struct. Eng., 2017, pp. 645-658	3
2018		
6	**Docevska, M.**; Taravari, L.; Matos, J.; Markovski, G: *Quality Control Plan of Arch Bridges*, In: Proc. of the 2018 Symposium of ASES, Serbia, 2018, pp. 339-349	3
2019		
7	Arangjelovski, T., Nakov, D., Bogoevska, S., **Docevska, M.**, Tsiknias, T., Markovski, G.: *Assessment of bridges on the "Demir Kapija-Smokvica" motorway section on Pan-European Corridor X using loading test*, In: 4 International Symposium on Deformation Monitoring (JISDM), Athens, Greece, 2019	3
8	Stojkoska, E., **Docevska, M.**, Nakov, D., Arangjelovski, T., Markovski, G.: *Experimental and analytical analysis of RC elements subjected to long – term sustained load*, In: Monitoring, Assessment and Rehabilitation of Structures, Proc. 18th MASE Int. Symp., ed. Cvetkovska, M., Macedonian Ass. Struct. Eng., pp. 950-959, 2019	3
9	Markovski, G.; Arangjelovski, T.; Nakov, D.; **Docevska, M.**, Stojkoska, E., Janev, D.: *Proof loading test of strengthened concrete arch bridge*, In: Monitoring, Assessment and Rehabilitation of Structures, Proc. 18th MASE Int. Symp., ed. Cvetkovska, M., Macedonian Ass. Struct. Eng., pp. 343-350, 2019	3
10	**Docevska, M.**; Baron, E.; Matos, J.; Markovski, G.: *Application of quality control plan to existing bridges*, In: Monitoring, Assessment and	3

	Rehabilitation of Structures, Proc. 18th MASE Int. Symp., ed. Cvetkovska, M., Macedonian Ass. Struct. Eng., pp. 250-260, 2019	
11	Ignjatovic, I.; Carevic, V.; **Docevska, M.**; Markovski, G.: *Durability analysis of the bridge B7 on the railway line Bitola-Kremenica*, In: Monitoring, Assessment and Rehabilitation of Structures, Proc. 18th MASE Int. Symp., ed. Cvetkovska, M., Macedonian Ass. Struct. Eng., pp. 325-336, 2019	3
2021		
12	**Docevska, M.**; Markovski, G.; Mark, P.: *Experimental and analytical study on recovery of concrete creep under repeating loads*, In: Planning, design, construction and building renewal (iNDiS 2021), eds. Radonjanin, V., Vukobratović, V. & Lukić, I., Novi Sad, Serbia, pp. 379-388, 2021;	4
2022		
13	**Docevska, M.**; Markovski, G.: *Influence of the bridge construction schedule on the composite prestressed girders behaviour*, In: Proc. 16th Congress of Association of Structural Engineers in Serbia, Arandjelovac, Serbia, pp. 226-235, 2022;	4,5
14	**Docevska, M.**; Markovski, G.; Mark, P.: *Creep and creep recovery behavior of concrete under slow load cycling*, In: Proc. of the 14th fib PhD Symposium in Civil Engineering, eds. M. di Prisco, A. Meda, G.L. Balazs, Rome, Italy, pp. 393-400, 2022	4
15	Markovski, G.; **Docevska, M.**; Trajkovski, F.: *Adaptation of the prestressing methodology to the bridge construction method*, In: Eurocodes – Gate to Europe, Proc. 19th MASE Int. Symp., ed. Cvetkovska, M., Macedonian Ass. Struct. Eng., Ohrid, N. Macedonia, pp. 751-760, 2022	4
16	Markovski, G.; Aranjelovski, T.; Nakov, D.; **Docevska, M.**; Janev, D.; Stojkoska, E.: *Cracks in reinforced concrete structures due to restrained imposed deformations – case studies*, In: Eurocodes – Gate to Europe, Proc. 19th MASE Int. Symp., ed. Cvetkovska, M., Macedonian Ass. Struct. Eng., Ohrid, N. Macedonia, pp. 741-750, 2022	3
17	Markovski, G.; **Docevska, M.**; Strasheski, A.; Markelj, V.: *Extradosed bridge over the river Vardar in Skopje*, In: Eurocodes – Gate to Europe, Proc. 19th MASE Int. Symp., ed. Cvetkovska, M., Macedonian Ass. Struct. Eng., Ohrid, N. Macedonia, pp. 17-30, 2022	3
18	Markovski, G.; **Docevska, M.**; Strasheski, A.; Petreska, I.: *Integral bridge "Mihajlo Apostolski" over the river Vardar in Skopje*, In: Eurocodes – Gate to Europe, Proc. 19th MASE Int. Symp., ed. Cvetkovska, M., Macedonian Ass. Struct. Eng., Ohrid, N. Macedonia, pp. 1-16, 2022	3
19	Stojkoska, E.; **Docevska, M.**; Nakov, D.; Arangjelovski, T.; Markovski, G.: *Crack width control in RC beams: experimental and analytical results*, In: Eurocodes – Gate to Europe, Proc. 19th MASE Int. Symp., ed. Cvetkovska, M., Macedonian Ass. Struct. Eng., Ohrid, N. Macedonia, pp. 787-796, 2022	3
20	Markovski, G.; Arangjelovski, T.; Nakov, D.; Bogoevska, S.; **Docevska, M.**; Janev, D.: *Assessment of the condition of the bridges on the "Demir Kapija-Smokvitsa" highway with proof load testing,* In: Book of proceedings - Second Macedonian Road Congress, Skopje, N. Macedonia, 2022, pp.	3
2024		
21	**Docevska Jovanova, M.**; Markovski, G.; Arangjelovski, T; Mark, P.: *Creep experiments on reinforced concrete elements under time-varying load histories*, In: Proceedings of ConCreep12 conference, Delft, The Netherlands, 2024, pp.	3
22	**Docevska Jovanova, M.**; Markovski, G.; Arangjelovski, T; Mark, P.: *Loading sequence effect on long-term behavior of reinforced concrete elements*, In: ASES International Symposium Proceedings, Z. Markovic, J. Dobric, V. Vukobratovic (eds), University of Belgrade FCE, Vrnjacka Banja, Serbia, 2024, pp. 192-200.	3
2.5	Труд објавен во зборник на трудови во в.о. установа	1,2
23	Markovski, G.; Arangjelovski, T; Nakov, D; **Docevska Jovanova, M.**; Janev, D; Stojkoska, E: *Influence of loading history on long-term behavior of concrete elements – Extensive experimental campaign at FCE Skopje (2001-2024),* In Monography: 75 years Faculty of Civil Engineering	1,2

	Skopje Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, From Slide Rule to Artificial Intelligence, 2024, pp.95-108.	
3	**Учество на научен/стручен собир со реферат (усна презентација)**	**10**
3.1	16th International Symposium of Macedonian Association of Structural Engineers (MASE), Ohrid, Macedonia, 2015	1
3.2	2016 International Symposium of the Association of Structural Engineers of Serbia (ASES), Serbia, 2016	1
3.3	17th International Symposium of Macedonian Association of Structural Engineers (MASE), Ohrid, Macedonia, 2017	1
3.4	5. DAfStb-Jahrestagung mit 58. Forschungskolloquium, Bd. I, Kaiserslautern, Germany, 2017	1
3.5	18th International Symposium of Macedonian Association of Structural Engineers (MASE), Ohrid, Macedonia, 2019	1
3.6	Planning, design, construction and building renewal (iNDiS 2021), Novi Sad, Serbia, 2021 (online)	1
3.7	14th fib PhD Symposium in Civil Engineering, Rome, Italy, 2022	1
3.8	19th International Symposium of Macedonian Association of Structural Engineers (MASE), Ohrid, Macedonia, 2022	1
3.9	ConCreep12 conference, Delft, The Netherlands, 2024	1
3.10	2024 International Symposium of the Association of Structural Engineers of Serbia (ASES), Serbia, 2024	1
4	**Апстракт објавен во зборник на конференција (меѓународна)**	**1**
4.1	Markovski, G.; Cvetkovska, M; Njagulj, V; Manta, L.; Docevska Jovanova, M: *Analysis of the fire exposed bridge "Belasica" in Skopje* In: Proceedings of the 20th International Symposium Resilient Structures, ed. Nakov, D., Macedonian Ass. Struct. Eng., Ohrid, N. Macedonia, p. 47, 2023	1
	Вкупно	**128,4**

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1	**Експертски активности: технички извештаи, стручно мислење**	**10**
1.1	WG4 Technical report: Guidelines for preparation of a case study; Cost Action TU1406:Quality specifications for roadway bridges, standardization at a European level (contribution to the worked examples), 2018	1
1.2	Стручно мислење за рационализација на начинот на водење на каблите за Вијадукт на км.12+660 (лев коловоз) на Автопатот Кичево – Охрид, 2020	1
1.3	5 Извештаи од испитување со пробно товарење на железничките мостови на стационажи: км. 513+419.7 „Пруга Велес-Гевгелија“, км. 410+939 „Пруга Табановце-Скопје“, км. 29+758 „Пруга Велес-Кочани“, км. 543+626 „Пруга Велес-Гевгелија“ и км. 551+551.75 „Пруга Велес-Гевгелија“, 2022	5
1.4	Стручно мислење за причините за настанатите оштетувања, нивното влијание врз носивоста на конструкцијата и предлог мерки за санација на објектот Нов резервоар Р3 за зона 3 со приклучни цевководи за поврзување со постојна мрежа во с. Здуње, Општина Гостивар, 2022	1

1.5	Техничко решение за времена санација на мостот на р. Вардар кај Башино село, 2025	1
1.6	Стручно мислење за времено и регулирано пуштање во сообраќај на мостот на р. Вардар кај Башино Село – Велес на регионалниот пат Р1312, февруари 2025	1
2	**Студија (учесник/соработник)**	**76**
2.1	12 студии за пробно товарење на Мостови од Пан-Европскиот Коридор X на делницата Демир Капија – Смоквица, 2017	12
2.2	Студија за стабилноста и носивоста на армиранобетонски железнички мост на пругата Велес-Гевгелија на км. 532+442, 2018	1
2.3	Study for service life prediction of Bridge B7 on the Corridor X Bitola-Kremenica railway section on km.141+71.94, 2018	1
2.4	Студија за стабилноста и носивоста на армиранобетонски мост бр.72 на магистралниот пат А3 (М5) делница Кочани-ГП со Р.Бугарија на км. 272+649, 2018	1
2.5	3 студии за стабилноста и носивоста на армиранобетонски натпатници на автопат Миладиновци – Штип, 2018	3
2.6	Study of control testing of the industrial production hall "Dojran Steel" village Nikolic Star, Dojran, 2019	1
2.7	Студија за утврдување на влијанието од измерените вредности за собирањето и течењето врз напонската состојба на преднапрегнатите носачи на Вијадуктите на Автопатот Кичево - Охрид (км.13+660; км.14+140; км.16+170; км.18+186), 2020	1
2.8	4 студии за утврдување на моменталната состојба и употребливост на преднапрегнатите носачи на мостовски конструкции на стационажа: км. 12+240, км. 3+332.57, км. 13+660 и км. 7+126.274, Подделница 2, Автопат Кичево – Охрид, 2021	4
2.9	Студија за утврдување на технологија на изведба на вијадукт на км. 14+140, Автопат А2 Кичево – Охрид, 2022	1
2.10	Студија за стабилноста и носивоста на мостот „Михајло Апостолски“ преку реката Вардар на булевар „АСНОМ“ во Скопје, 2022	1
2.11	Студија за утврдување на носивиот капацитет на мостовските конструкции за реализација на специјален транспорт од ГП Мегитлија до РЕК Битола, 2022	1
2.12	**Студија за процена на употребливоста на изведени мостовски претходно напрегнати носачи на патната делница Фариш-Дреново, 2022**	1
2.13	Студија за утврдување на можноста за употреба на избетонираните мостовски носачи со потфрлен квалитет на бетонот за мостовите на патната делница Фариш-Дреново, 2022	1
2.14	10 студии за утврдување на капацитетот на мостовските конструкции за реализација на специјален транспорт на патните правци: Богословец – ГП Богородица, Скопје – ГП Богородица, ГП Богородица – Богословец и ГП Блаце – Скопје, 2022-2023	10
2.15	Студија за утврдување на носивиот капацитет на мостовските конструкции за реализација на специјален транспорт од РЕК Битола до Железничка станица Битола, 2024	1
2.16	Студија за утврдување на носивиот капацитет на мостовските конструкции за реализација на специјален транспорт од ГП Мегитлија до Мепсо Битола 2 (РЕК Битола), 2024	1

2.17	Студија за утврдување на носивиот капацитет на мостовските конструкции за реализација на специјален транспорт од ГП Богородица до ГП Блаце, 2024	1
2.18	11 извештаи од испитување со нормално пробно товарење за 11 вијадукти на експресниот пат А2, делница Крива Паланка – Длабочица, 2024	11
2.19	9 извештаи од испитување со нормално пробно товарење за 4 вијадукти, 1 мост и 4 натпатници на патен правец А1 „Прилеп-Градско“, делница Градско – Дреново, 2024	9
2.20	14 извештаи од испитување со нормално пробно товарење за 1 вијадукт, 4 моста и 9 натпатници на експресниот пат А2, делница Длабочица – Струмица, 2025	14
3	**Главен (основен) проект (учесник/соработник)**	**16**
3.1	Основен проект за два станбено-деловни објекти СТ5 и СТ4, локалитет „Трафостаница", Куманово, 2013 и 2014	4
3.2	Основен проект за продажно-сервисен центар, ул. „Босна и Херцеговина“ бр. 4, Скопје, 2015	2
3.3	Основен проект за деловен комплекс со затворен пазар (КАМ МОЛ) Г.П. 1.6 и 1.7 Скопје, 2016	2
3.4	Проект за времена санација на средниот арм.бет. столб на мостот на железничката пруга Велес-Гевгелија на км.532+442, 2018	2
3.5	Основен проект за мост на река Вардар на булевар „АСНОМ“, Скопје, 2019	2
3.6	Основен проект за објект за пакување и складирање на шеќер, Марино, Скопје, 2020	2
3.7	Основен проект за мост на река Вардар на ул. „Љубљанска“, Скопје, 2020	2
4	**Изведбен проект (одговорен проектант)**	**1**
	Проект на изведена состојба за мост на река Вардар на ул. „Љубљанска“, 2024	1
5	**Ревизија (учесник/соработник)**	**1**
	2 Final reports from the revision of bridge 11 and 12 on Rail Corridor VIII, second section Beljakovce – Kriva Palanka, N. Macedonia, 2024	1
6	**Учество во промотивни активности на Факултетот**	**0,5**
	Учество на отворени денови на УКИМ, подготовка на видеоматеријал, учество на летна школа „*Градиме иднина*“ во Охрид (2024) за промоција на Факултетот пред средношколци, учество во ТВ-емисија „Научен спектар“	0,5
Дејности од поширок интерес		
7	**Студиски престој во странство**	**6,5**
	јули – септември 2015 Рур-универзитет во Бохум, Германија	0,5
	јануари – февруари 2016 Рур-универзитет во Бохум, Германија	0,5
	јуни – септември 2016 Рур-универзитет во Бохум, Германија	0,5
	јануари – февруари 2017 Рур-универзитет во Бохум, Германија	0,5
	јули – септември 2017 Рур-универзитет во Бохум, Германија	0,5
	јануари – февруари 2018	0,5

	Рур-универзитет во Бохум, Германија	
	5 март – 23 март 2018 Универзитет „Миньо“ во Гимараеш, Португалија	0,5
	јули – септември 2018 Рур-универзитет во Бохум, Германија	0,5
	јануари – февруари 2019 Рур-универзитет во Бохум, Германија	0,5
	јануари – декември 2023 Рур-универзитет во Бохум, Германија	2
8	**Член на факултетска комисија**	**0,5**
	Комисија за научноистражувачка работа и меѓународна соработка	0,5
	Вкупно	**111,5**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**93,89**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**128,4**
СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**111,5**
Вкупно	**333,79**

Членови на Комисијата

Проф. д-р Горан Марковски, с.р.
Проф. д-р Тони Аранѓеловски, с.р.
Проф. д-р Дарко Наков, с.р.

Прилоī бр. 4

Р Е Ц Е Н З И Ј А

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ЕКСПЕРИМЕНТАЛНО И НУМЕРИЧКО МОДЕЛИРАЊЕ НА ЦЕМЕНТНИ КОМПОЗИТИ СО АВТОНОМНО САМОЗАЗДРАВУВАЊЕ СО РАЗЛИЧНИ ВИДОВИ АГЕНСИ“ ОД М-Р ВЕСНА ГРУЈОСКА, ПРИЈАВЕНА НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, на 544. седница одржана на 6.11.2024 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Весна Грујоска, дипл. град. инж., со наслов: „Експериментално и нумеричко моделирање на цементни композити со автономно самозаздравување со различни видови агенси“, во состав: проф. д-р Тони Аранѓеловски, Градежен факултет, УКИМ (претседател), проф. д-р Тодорка Самарџиоска, Градежен факултет, УКИМ (ментор), проф. д-р Силвана Петрушева, Градежен факултет, УКИМ (член), проф. д-р Вероника Шендова, Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија (ИЗИИС), УКИМ (член) и проф. д-р Кевин Пејн, Универзитет во Бат, Велика Британија (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р Весна Грујоска, со наслов: „Експериментално и нумеричко моделирање на цементни композити со автономно самозаздравување со различни видови агенси“, претставува самостоен научен труд, со значаен придонес во областа на градежните материјали.

Оригиналните сопствени истражувања во дисертацијата се презентирани на 252 страници компјутерски обработен текст, со единечен проред и големина на букви 12 pt, со 95 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Дисертацијата е структурирана во осум глави и еден прилог. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот се изложени предметот, целите и задачата на истражувањето, структурата на дисертацијата и научни придонеси на истражувањето.

Во **втората глава** е даден детален преглед на достигнувањата на научната дисциплина, поврзани со предметот на истражување. Дадена е состојбата на истражување во светски рамки за повеќе начини на самозаздравување на малтери и бетони. Подетален преглед на литература е направен поради потребите од креирање на база на податоци, подоцна користена за моделирање на процесот на самозаздравување. Опфатени се и научни достигнувања во светски рамки во областа на моделирање на процесот на самозаздравување.

Во **третата глава** е опфатено прогнозното моделирање и начинот на негово функционирање. За бактериски малтери и бетони е уникатно развиена база на податоци за досегашни истражувања, со кои се врши прогнозното моделирање. Дефинирани се најважните фактори во процесот на самозаздравување, категоризирани и систематизирани. Издвоени се тестови за оценка на самозаздравувањето кои се најчесто користени, како и типови на испитувања за материјалот кој ги исполнува пукнатините.

Во **четвртата глава** се дадени резултатите од прогнозното моделирање спроведено со модулот GRNN од софтверот DTREG. Податоците се поделени на две категории според начинот на самозаздравување, па според тоа се поделени и прогнозните модели. Поради итеративниот начин на добивање на модели со максимална точност и методот на проба со кој се подобрува точноста на моделот, направени се преку 100 пробни прогнозни модели. Формирани се и калибрирани модели кои се тестирани и споредени со лабораториски податоци. Се очекува дека тие во иднина да се користат за прогноза на процесот на самозаздравување.

Во **петтата глава** е направено лабораториско испитување на малтер со додаток на репеленти силан и силанска емулзија. Целта на нивното додавање во структурата на малтерот е

да се формира водонепропустен слој кој ќе го спречи понатамошното навлегување на штетни материи во структурата на цементните композити. Резултатите од испитувањето се презентирани и коментирани.

Шестата глава опишува лабораториско испитување на самозаздравувачки малтери со помош на кристало-образувачки адитив и додаток на отпадна гума како замена за ситниот агрегат (0 %, 10 % и 15 %). Испитувањето на самозаздравувањето е направено според мерење на промената на ширината на пукнатина и со капиларно впивање на вода. За прв пат е направено мерење на топлинските карактеристики на самозаздравувачки малтери и поставена е зависност на коефициентот на топлинска спроводливост и самозаздравувањето на малтерите.

Во **седмата глава** е направена споредба на резултатите добиени со прогнозното моделирање и на лабораториски добиените испитувања на самозаздравувачките цементни композити.

Во **осмата глава** се сумирани заклучоците од ова истражување и дадени се препораки и предлози за идни истражувања.

Во **прилогот А** е дадена вкупната табела која е формирана за потребите на прогнозното моделирање.

Предмет на истражување

Потребата од одржливи материјали е од исклучителна важност во денешно време, со оглед на огромната потрошувачка на градежни материјали со која се соочува современиот свет. Бетонот, како втор најприменуван ресурс веднаш по водата, претставува еколошка и економска закана со оглед на огромното годишно производство и потребата за одржување и поправка на конструкциите. Концептот на самозаздравувачки бетон е освежување за глобалниот буџет, со оглед на тоа дека станува збор за инкорпорирање на различни агенси за самозаздравување, кои можат да пополнуваат пукнатини со одредена големина, спречувајќи на тој начин да навлезат штетни материи и како последица на тоа да предизвикаат многу поголеми конструктивни штети.

Предмет на истражување во оваа докторска дисертација е запознавање и разбирање на концептот на самозадравувачкиот бетон, преку детален преглед на литература, формирање на прогнозен модел од креираната база на податоци и спроведување лабораториска експериментална анализа со материјали кои би спречиле навлегување на штетни материи во структурата на малтерот/бетонот преку заполнување на пукнатините или формирање на заштитен слој. Фокусот е ставен на автономното самозаздравување, и тоа: 1) со додаток на бактерија, што се разработува преку прогнозен модел; 2) заздравување со додаток на хемиски агенси силан и силанска емулзија, што е разработено преку експериментална лабораториска анализа. Последниот лабораториски експеримент е на малтери со додаток на кристало-образувачки адитив и отпадна гума.

Во рамките на оваа докторска дисертација е креирана база на податоци од бројни досегашни истражувања за самозаздравувачки цементни композити со додаток на бактерија. Оваа база понатаму во докторската теза служи за софтверско моделирање на самозаздравувањето на бетонот со помош на софтверскиот пакет DTREG. Софтверот располага со модули, од кои е избран GRNN (General Regression Neural Network), кој најдобро кореспондира на барањата на проблематиката.

Преку две различни експериментални анализи е оценето самозаздравувањето на малтери, при што во првиот експеримент е анализирано влијанието на хемиските агенси силан и силанска емулзија, додека во вториот експеримент, со цел вклучување на параметарот одржлив развој во процесот на самозадравување, е направено лабораториско испитување на малтер со додаток на отпадна гума и кристало-образувачки адитив за постигнување на самозаздравувањето.

Научниот придонес на оваа докторска дисертација се согледува во нејзината улога на структурирана и сеопфатна референца, во која се систематизирани најсуштинските информации поврзани со самозаздравувачките материјали на база на цемент, што би дало поттик за работа и истражување во оваа област и во Македонија и во светски рамки. Експерименталните анализи и нумеричките модели ќе придонесат за збогатување со резултати и сознанија кон надминување на бариерите кои го држат овој материјал во границите на лабораториските испитувања. Креираните датотеки кои содржат обемни податоци од истражувања и калибрираните модели би послужиле за софтверско моделирање на процесот на самозаздравување во иднина.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Самозаздравувачките цементни композити имаат многубројни аспекти за истражување. Природата на малтерот и бетонот како средина во која треба да се инкорпорира одреден агенс не се истакнува со особена „гостопримливост“, особено кога станува збор за вградување на биоматеријал кој треба да преживее во средината и да се „избори“ со понудените услови. Најпрво високата алкалност, а потоа и самиот начин на подготовка на бетонот прави една почетна селекција на бактерии кои може да се користат за оваа намена. Некои од најчесто применуваните бактерии се: *Bacillus sphearicus* (Wang et al. 2012, Rauf et al. 2020), *Bacillus pseudofirmus* (Alazhari et al. 2017, Paine et al. 2016), *Bacillus subtilis* (Ahmed Refat El-Mahdy 2021), *Bacillus cohnii* (Justo-Reinoso et al.2022, Tan et al. 2020) и други. Такви бактерии кои можат да помогнат во формирањето на карбонат се инкорпорираат претходно во бетонот во процесот на мешање на компонентите. Откако бетонот ќе се стврдне, бактеријата се активира во присуство на кислород и вода, кога ќе се појават пукнатините, со што започнува процесот на самозаздравување, Wang et al 2022. Покрај бактеријата, извори на калциум и нутритиенти се чест дел од составот на самозаздравувачките цементни композити. Tan et al. 2023 и Alazhari et al. 2017 наведуваат најчесто користени начини за добивање на микробиолошко таложење на карбонат: со ензиматска хидролиза на уреа и метаболичко претворање на калциумови соли. Wang et al. 2022 во својот труд изнеле дека поради големото таложење на $CaCO_3$, хидролизата на уреа е најчесто применуван начин. Jonkers 2008 и Alzahari et al. 2017 испитувале самозаздравувачки бетон со метаболичко производство на минерали со директно додавање на бактеријата *Bacillus cohnii* и калциум лактат во бетонската мешавина. Неуспешноста на бактеријата да преживее при директно додавање во мешавината поттикнала да се испитуваат различни начини на енкапсулирање на бактеријата, во различни материјали. Најчесто користени материјали се: експандирана глина (Wiktor et al.2011, Tziviloglou et al. 2016), експандиран перлит (Alazharie et al., 2017), микрокапсули (Wang et al. 2014 и Paine et al. 2018), дијатомејска земја (Wang, De Belie et al. 2012), природни влакна (Rauf et al. 2020), керамзит (Chen et al., 2016) и др. Влијание на различен калциумов извор при ист тип на бактерија било испитувано од страна на Tan et al. 2022.

Алтернативни решенија на материјалите за енкапсулирање биле предлагани со цел намалување на количините на порозен материјал во структурата на цементните композити. Justo-Reinoso et al. 2022 предложиле додавање на додатоци со кои се воведува воздух (аеранти). Tan et al. 2023 направиле исчекор во истажувањата за ефикасно да се изостави материјалот за енкапсулирање. Освен цената на чинење, додавање на материјал за енкапсулирање придонесува во намалување на јакоста, поради тоа што станува збор за лесен материјал, а секако и енкапсулирањето го усложнува процесот на производство. Додаток на летечка пепел во бетонот во три различни количини (10, 20 и 30% од тежината на цементот) бил испитан во комбинација со три различни концентрации на бактеријата *Sporoscarcina pasteurii* (10^3, 10^5 и 10^7 ќелии/ml), Chahal et al. 2012.

Додавање на бактерија во бетонската мешавина не влијае само на самозаздравувањето, туку има влијание и на јакосните својства. Ramachandran et al., 2001 биле први кои ги разгледувале јакосните својства на самозаздравувачки бетон со вградена бактерија. Tabalvandani et al. 2023 направиле испитување на јакоста на притисок и затегнување при свиткување на бетонски примероци со додаток на бактерија *Bacillus licheniformis* изолирана од аграрна почва и заштитена со експандирана глина пред вградување.

Покрај бактериско залекување, се користат и некои други типови на материјали кои преку капсули се внесуваат во структурата на малтерот, како што е случајот во испитувањето на Van Belleghem et al. 2018. Всушност, со овој начин на пристап на залекување се спречува навлегување на вода во структурата на малтерот. Се користеле два различни вида на полиуретан со различна вискозност, вградени во боросиликатни капсули.

Кристало – образувачките адитиви се често неенкапсулирани додатоци во малтерите и бетоните. Sisomphon et al. 2012 испитувале цементни композити со експанзивни додатоци на база на калциум сулфо-алуминат (CSA) и кристални додатоци (CA). Самозаздравување со додаток на кристало-образувачки адитиви испитувале Zhang et al. 2023, во комбинација со суперапсорбирачки полимер.

Спроведените многубројни експерименти консумираат многу време и чинат многу пари, со што се наметнува потреба од друг, побрз пристап за испитување. Софтверското моделирање (machine learning) е рационално решение кога се располага со експериментални податоци.

Suleiman and Nehdi, 2017 се меѓу првите кои направиле испитување – моделирање на процесот на самозаздраување со невронски мрежи. Предвидувањето го правеле за автогено самозаздравување, што генерално може да се каже дека е покомпатибилно за моделирање од автономното самозаздравување, од причини што се поврзуваат со поедноставен состав на мешавината. Zhuang and Zhou, 2016 направиле предвидување на самозаздравувачки бетон со додаток на бактерија, но зеле предвид само неколку основни параметри: количина на бактерии, почетна пукнатина и време на заздравување.

Краток опис на применетите методи

Применета е нумеричка и експериментална анализа на самозаздравувачки цементни композити. Прогнозно моделирање со помош на софтверот DTREG, модул GRNN е спроведено на податоци од сопствено креирана база на бактериски малтери и бетони. Креираната база на податоци е систематизирана и групирана според критериумот за оценување на самозаздравување. Тестирани се преку 100 пробни модели за извлекување на максимална точност на финалните модели.

По формирањето на финалните модели, тие служат како калибрирани модели на кои е направено тестирање на нивната точност/прецизност при предвидување и направена е споредба со лабораториски испитувања за да се воочат отстапувањата.

Во однос на експерименталните испитувања, направени се испитувања на малтер со силан и силанска емулзија како материјали кои ја заштитуваат пукнатината од навлегување на штетни материи. Испитувањето на самозаздравувањето е направено со тест на капиларно впивање на вода.

Понатаму е направена експериментална анализа на малтер со различен процент на додаток на отпадна гума како замена за ситниот агрегат и кристало-образувачки адитив како материјал за самозаздравување. Самозаздравувањето кај примероците е определено со мерење на ширина на пукнатина со помош на микроскоп и со помош на тест на капиларно впивање на вода. За прв пат е воспоставена релација на самозаздравувањето со коефициентот на топлинска спроводливост на материјалот.

Краток опис на резултатите од истражувањето

Самозаздравувачките цементни композити имаат тенденција да бидат материјали на иднината кои масовно ќе се применуваат. Резултатите од бројните испитувања покажуваат дека микропукнатините кои се главен извор на штетни материи во структурата на бетонот можат да бидат превенирани навремено, со што ќе се спречи корозија на арматурата и нарушување на бетонската структура, кои може да предизвикаат и фатални последици. Бидејќи станува збор за материјал кој сè уште е во лабораториски услови (иако постои негова практична примена во неколку објекти ширум светот), што побрза примена на овој материјал во практиката би значела заштеда и олеснување на буџетот за одржување и поправка. Експерименталните испитувања се обременети со анализа на многу влезни и излезни параметри од кои зависи оценката на самозаздравувањето.

Примена на софтверско моделирање кое го симулира човечкиот начин на функционирање на мозокот е овозможено преку користење на невронски мрежи. За целите на овој труд е користен софтверот DTREG, односно модулот GRNN за предвидување на самозаздравувањето. Креирана е обемна база на податоци од досегашни истражувања, со постепено издвоени важни параметри, и е направено систематизирање на податоците со цел добивање што поточен модел. Влезните параметри се избрани така да опфатат колку што е можно поголем дел од материјалот и подетално да се опише процесот на самозаздравување.

Податоците се поделени во две главни групи и неколку подгрупи во зависност од методите на кој е определено самозаздравувањето. Во првата група, самозаздравувањето е оценето со мерење на ширина на пукнатина, а во втората група, преку испитување на водопропустливост или слично испитување.

Во првиот прогнозен модел постапно, анализирани и пресметани се модели со различен број на податоци (165, 251, 323, 487), а максимална точност е постигната со исклучување на одредени променливи.

Кај втората група на податоци кај кои како тест за оценување на самозаздравување е земено испитувањето на водопропустливост, се направени две подгрупи со почетен коефициент на водопропустливост и со почетна ширина на пукнатина. Кај втората подгрупа податоци, добиените резултати се со прилично голема точност и вклопување.

И за двете групи на податоци се создадени калибрирани модели, кои во иднина ќе послужат за прогноза на самозаздравување. Со тоа ќе се забрза процесот на стандардизација на самозаздравувачките материјали и ќе се намалат трошоците за лабораториски испитувања.

Резултатите од испитувањето на впивање на вода кај примероците со силан и силанска емулзија покажуваат намалување на впивањето на вода споредено со референтните примероци, со благо предимство на примероците со силан во однос на силанската емулзија.

Испитувањето на самозаздравувачките малтери со додаток на кристало-образувачки адитив и отпадна гума во различен процент (0%, 10% и 15%) покажува дека станува збор за добар склоп, од практичен аспект и од економски и еколошки аспект. Гумата која дејствува како „арматура“, игра клучна улога во спречување на понатамошно проширување на пукнатините, додека кристало-образувачкиот адитив покажува заполнување на пукнатините (делумно или целосно) после период на заздравување од 28 и 56 дена. Испитувани се определени физички и механички својства на самозаздравувачките малтери и тие се споредени со класичен малтер. Самозаздравувањето е оценувано со мерење на ширина на пукнатина и со испитување на капиларно впивање на вода. Максималната ширина на пукнатина која е комплетно заполнета изнесува 0,39 mm по период од 56 дена заздравување. Ефикасноста на самозаздравување, добиена преку испитувањето на капиларно впивање на вода, изнесува 77,8 % кај примероците со 10 % замена на гума и 72,5 % кај примероците со 15 % замена на гума. Направено е и испитување на топлинските својства на самозаздравувачките малтери и поставена е врска меѓу коефициентот на топлинска спроводливост и самозаздравувањето.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Весна Грујоска, со наслов: „Експериментално и нумеричко моделирање на цементни композити со автономно самозаздравување со различни видови агенси“, претставува истражување во областа на паметните градежни материјали. Изработката на темата на оваа докторска дисертација придонесува кон забрзување на стандардизирање на самозаздравувачките материјали и нивна широка примена. Ова истражување ќе послужи најпрво како прирачник за самозаздравувачките материјали, а сознанијата од истражувањето би можеле да поттикнат поширока примена на прогнозното моделирање во градежништвото.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Весна Грујоска, со наслов: „Експериментално и нумеричко моделирање на цементни композити со автономно самозаздравување со различни видови агенси“, според мислењето на Комисијата за оценка, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила следниве рецензирани истражувачки трудови и трудови во зборници од конференции:

[1] **Grujoska V.,** Samardzioska T., Petrusheva S. (2024): “Prediction of Self-Healing Efficiency of Cementitious Composites Using Artificial Neural Network”, Current Trends in Civil & Structural Engineering. 11(3): 2024. DOI: 10.33552/CTCSE.2024.11.000762, (IF=1.508).

[2] **Grujoska V.**, Samardzioska T., (2023): ”State-of-the-art of Bacteria Based Self-healing Concrete”. Scientific Journal of Civil Engineering, SJCE, Volume 12, Issue 2, December 2023, ISSN 1857-839X.

[3] Samardzioska T., Jovanoska-Mitrevska M., **Grujoska V.** (2024): “Sustainable Mortars with Slag for Green Facades”, Current Trends in Civil & Structural Engineering. 10(4): 2024. CTCSE.MS.ID.000741. DOI: 10.33552/CTCSE.2024.10.000741, (IF=1.508)

[4] Samardzioska T., Jovanoska M., **Grujoska V.** (2023): “Sustainable Thermal Insulation Derived from Recycled Textile Waste”. Advances in Environmental and Engineering Research, 2023; 4(1): 004; doi:10.21926/aeer.2301004.

[5] Kontovourkis O., Del Rio Merino M., Villoria Saez P., Romano R., **Grujoska V.,** Samardzioska T., Gramatikov K., (2021): “Emerging Technologies”, in the Book of COST action RESTORE WG5, (Ed. Reith

A. and Brajkovic J.) “Scale Jumping: Regenerative Systems Thinking within the Built Environment. A guidebook for regenerative implementation: Interactions, tools, platforms, metrics, practice”, pp. 232 to 249.

[6] **Grujoska V.**, Grujoska J., Samardzioska T., Jovanoska M. (2020): “Waste glass effects on fresh and hardened concrete”, 7th International Conference "Civil Engineering - Science and Practice", Kolašin, Montenegro, March 2020.

[7] **Grujoska V.**, Samardzioska T., Grujoska J. (2019): ”Improvement of thermal conductivity of mortars with slag”, 18th International Symposium of MASE, Ohrid, Macedonia, October 2019.

[8] Samardzioska T., Salih N., **Grujoska V.** and Jovanoska M., (2019): “Design of Earthship for Climate Conditions in Macedonia”, IOP Conf. Series: Earth and Environmental Science 329 (2019) 012052 IOP Publishing doi:10.1088/1755-1315/329/1/012052.

[9] Samardzioska T., Grujoska J., **Grujoska V.**, Moslavac D., Donevska K., (2017): “Effects of waste glass on properties of hardened concrete”, Scientific Journal of Civil Engineering, SJCE, Volume 5, Issue 1, July 2017. ISSN 1857-839X, pp. 25-32.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Елаборираното истражување на кандидатката Весна Грујоска придонесува кон збогатување на базата на експериментални податоци за самозаздравувачки цементни композити, со формирање на сопствена база на податоци за бактериски цеметни композити, врз основа на која може да се направат различни типови на анализи и прогнози во иднина.

Спроведените експериментални и нумерички студии ги продлабочуваат сознанијата за самозаздравувачките цементни композити и ги приближуваат овие материјали до стандардизирање и нивна практична примена.

Спроведеното прогнозно моделирање се заснова на уникатно креирана обемна база на податоци, врз основа на која може да се спроведуваат различни анализи и прогноза на самозаздравувањето. Експерименталните испитувања се направени со достапни и локални материјали, со што се укажува на можноста за нивна широка примена и, секако, се прави спој со отпадни материјали за да се воведе потребниот еколошки параметар.

Можните понатамошни истражувања се насочени кон надоградување на базата на податоци за уште подетално анализирање на процесот и поголема прецизност при прогнозното моделирање, користење на создадената база на податоци при проектирање на нови рецептури, имплементација на отпадни материјали во повеќе аспекти кај самозаздравувачките цементни композити. Секако, целта е во понатамошните истражувања да се вклучи практичната примена на самозаздравувачките материјали во реални објекти.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Весна Грујоска** со наслов: **Експериментално и нумеричко моделирање на цементни композити со автономно самозаздравување со различни видови агенси**.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Тони Аранѓеловски, претседател, с.р.
Проф. д-р Тодорка Самарџиоска, ментор, с.р.
Проф. д-р Силвана Петрушева, член, с.р.
Проф. д-р Вероника Шендова, член, с.р.
Проф. д-р Кевин Пејн, член, с.р.

Прилоī бр. 4

R E V I E W

OF DOCTORAL THESIS “EXPERIMENTAL AND NUMERICAL MODELLING OF AUTONOMOUS SELF-HEALING CEMENTITIOUS COMPOSITES WITH DIFFERENT TYPES OF AGENTS”, SUBMITTED BY VESNA GRUJOSKA, MSc, FACULTY OF CIVIL ENGINEERING, SKOPJE

The Teaching-Scientific Council of the Faculty of Civil Engineering in Skopje, at the 544th meeting held on 06.11.2024, established a Committee for evaluation of the doctoral dissertation of the candidate Vesna Grujoska, MSc, BSc, entitled “**Experimental and numerical modelling of autonomous self-healing cementitious composites with different types of agents**”, consisting of: prof. Toni Arangelovski (president), prof. Todorka Samardzioska (supervisor), prof. Silvana Petrusheva, UKIM (member), prof. Veronika Shendova, IZIIS, UKIM (member), prof. Kevin Paine, University of Bath, UK (member).

The Committee in the above composition carefully reviewed and evaluated the doctoral dissertation and submits the following report to the Teaching - Scientific Council of the Faculty of Civil Engineering

R E P O R T

CONTENTS OF THE THESIS

The doctoral thesis of candidate Vesna Grujoska, MSc, BSc, entitled “Experimental and numerical modelling of autonomous self-healing cementitious composites with different types of agents”, is an independent scientific work, with a significant contribution in the field of building materials. The original research in the dissertation is presented on 252 pages of computer-processed text, with single spacing and 12 pt letter size, with 95 bibliographic units, among them scientific papers, articles, books, national regulations, international acts and internet resources.

The thesis is organized in eight chapters and one appendix. The chapters are systemized in sections and subsections, enabling appropriate reading and understanding of the content studied in the research.

The **Introduction** of the thesis provides the subject and objectives of the research, as well as the structure of the dissertation, the significance of the research and its scientific contribution.

The **Second Chapter** explains a detailed overview of the achievements of the scientific discipline related to the subject of research. The state-of-the-art in the world research for several methods of self-healing of mortars and concretes is given. A more detailed literature review was made due to the needs of creating a database, later used for modelling the self-healing process. Scientific achievements worldwide in the field of modelling the self-healing process are also listed.

The **Third Chapter** covers prognostic modelling and its functioning. A custom database has been uniquely developed for bacterial mortars and concretes, which was used for predictive modelling performance. The most important factors in the self-healing process are defined, categorized and systematized. The self-healing evaluation tests that are most commonly used, as well as the types of tests for the crack-filling material, are highlighted.

The **Fourth Chapter** presents the results of the predictive modelling conducted with the GRNN module from the DTREG software. The data is divided into two categories depending on the method for self-healing evaluation. Due to the iterative method of obtaining models with maximum accuracy and the trial method, that improves the accuracy of the model; over 100 trial predictive models were calculated. Calibrated models were created and tested and compared with laboratory data. It is anticipated that these models could be used in the future to predict the self-healing process.

In the **Fifth Chapter**, a laboratory test of mortar with the addition of silane and silane emulsion repellents was performed. The purpose of their addition to the mortar structure was to form a waterproof layer that will prevent further penetration of harmful substances into the structure of cement composites. The results of the testing are presented and commented upon.

The **Sixth Chapter** described the laboratory testing of self-healing mortars using a crystal-forming admixture and a waste rubber as a replacement for fine aggregate (0%, 10% and 15%). Self-healing testing was performed both by measuring changes in the crack width and by capillary water absorption. For the first time, a measurement of the thermal properties of self-healing mortars was made

and the relationship was established between the thermal conductivity and the self-healing of the mortars.

In the **Seventh Chapter**, a comparison is made of the results obtained with the predictive modelling and the laboratory tests of self-healing cement composites.

The **Eighth Chapter** summarizes the conclusions of this research and provides recommendations and suggestions for future research.

In **Appendix A**, the overall table that was formed for the needs of the predictive modelling is presented.

Subject of the research

The need for sustainable materials is of utmost importance nowadays, because of the enormous consumption of construction materials that the modern world is facing. Concrete, as the second most used resource right after water, represents an environmental and economic threat considering the huge annual production and the need for maintenance and repair of structures. The concept of self-healing concrete is a refreshment for the global budget, considering that it incorporates various self-healing agents that can fill cracks of a certain size, thus preventing harmful substances from penetrating and further causing greater structural damage.

The subject of research in this doctoral dissertation is the introduction and understanding of the concept of self-healing mortar/concrete, through a detailed literature review, the formation of a predictive model from the created database and the implementation of laboratory experimental analysis with materials that would prevent the penetration of harmful substances into the structure of the mortar/concrete by filling a crack or forming a protective layer. The focus is on autonomous self-healing: with (i) the addition of bacteria, which is analyzed through developed predictive model; and (ii) the addition of chemical agents, silane and silane emulsion, which is developed through experimental laboratory work. A final laboratory experiment is on mortars with the addition of a crystal-forming admixture and waste rubber.

Within the framework of this doctoral dissertation, a database has been created from numerous previous research on bacteria self-healing cement composites. This database is further used in the doctoral thesis for software modelling of the self-healing process, using the DTREG software package. The software has modules, of which GRNN (General Regression Neural Network) was selected, which best corresponds to the requirements of the problem.

The self-healing of mortars was assessed through two different experimental analyses, whereby in the first experiment the influence of the chemical agents silane and silane emulsion was analysed. In order to include the parameter sustainable development in the self-healing process, a laboratory test of mortar with the addition of waste rubber and a crystal-forming admixture to achieve self-healing was performed as a second experiment.

The scientific contribution of this doctoral dissertation is seen in its role as a structured and comprehensive reference, in which the most essential information related to self-healing cement-based materials is systematized, which would provide a stimulation for work and research in Macedonia and worldwide. Experimental analyses and numerical models will contribute to the enrichment of results and insights towards overcoming the barriers that keep this material within the limits of laboratory tests. The created files contain extensive research data and calibrated models would serve for software modelling of the self-healing process in the future.

Scientific background in the field

Self-healing cementitious composites have many aspects to explore. Mortar and concrete are inhospitable environments when it comes to incorporating a biomaterial that needs to survive in the environment and in the offered conditions. The high alkalinity, and then the method of preparation of the concrete makes an initial selection of bacteria that can be used for this purpose. Some of the most commonly used bacteria are: *Bacillus sphearicus* (Wang et al. 2012, Rauf et al. 2020), *Bacillus pseudofirmus* (Alazhari et al. 2017, Paine et al. 2016), *Bacillus subtilis* (Ahmed Refat El-Mahdy 2021), *Bacillus cohnii* (Justo-Reinoso et al.2022, Tan et al. 2020) and others. Such bacteria that can aid the formation of carbonate are incorporated into the concrete in advance during the mixing process. Once the concrete has hardened, the bacteria is activated in the presence of oxygen and water, when cracking occurs, which initiates the self-healing process, Wang et al 2022. In addition to the bacteria, a source of calcium and nutrients are often included in the composition of self-healing cement composites. Tan et al. 2023 and Alazhari et al. 2017, listed the most commonly used methods for obtaining microbial

carbonate precipitation: enzymatic hydrolysis of urea and metabolic conversion of calcium salts. Wang et al. 2022 stated in their paper that due to the high precipitation of $CaCO_3$, urea hydrolysis is the most commonly used method. Jonkers 2008 and Alzahari et al. 2017 investigated self-healing concrete with metabolic mineral production by directly adding the bacteria *Bacillus cohnii* and calcium lactate to the concrete mix. The failure of the bacteria to survive when directly added to the mix initiated the investigation of different ways of encapsulating the bacteria, in different materials. Commonly used materials include: expanded clay (Wiktor et al.2011, Tziviloglou et al. 2016), expanded perlite (Alazharie et al., 2017), microcapsules (Wang et al. 2014 and Paine et al. 2018), diatomaceous earth (Wang, De Belie et al. 2012), natural fibers (Rauf et al. 2020), ceramsite (Chen et al., 2016). The influence of different calcium sources on the same type of bacteria was investigated by Tan et al. 2022.

Alternative solutions to encapsulation materials have been proposed in order to reduce the amount of porous material in the structure of cement composites. Justo-Reinoso et al. 2022 proposed the addition of air-entraining admixtures. Tan et al. 2023 made a breakthrough in research to effectively eliminate the encapsulation material. In addition to the cost, the addition of encapsulation material contributes to a decrease in strength because it is a lightweight material, and of course, encapsulation complicates the production process. Addition of fly ash to concrete in three different amounts (10, 20 and 30% of the weight of cement) was tested in combination with three different concentrations of the bacteria *Sporoscarcina pasteurii* (103, 105 and 107 cells/ml), Chahal et al. 2012.

Addition of bacteria to the concrete mixture not only affects self-healing, but also has an impact on the strength properties, as indicated above. Ramachandran et al., 2001 were the first to consider the strength properties of self-healing concrete with embedded bacteria. Tabalvandani et al. 2023 conducted a study of the compressive and tensile flexural strength of concrete samples with the addition of the bacteria *Bacillus licheniformis* isolated from agricultural soil and protected with expanded clay before installation.

In addition to bacterial healing, some other types of materials are also used that are introduced into the mortar structure through capsules, as is the case in the study by Van Belleghem et al. 2018. In fact, this type of healing approach prevents water from entering the mortar structure. Two different types of polyurethane with different viscosities were used, embedded in borosilicate capsules.

Crystal-forming admixtures are often used as an unencapsulated addition to mortars and concretes. Sisomphon et al. 2012 investigated cement composites with expansive admixtures based on calcium sulfo-aluminate (CSA) and crystalline admixtures (CA). Self-healing with addition of crystal-forming admixtures was investigated by Zhang et al. 2023 in combination with a superabsorbent polymer.

The numerous experiments conducted are time-consuming and expensive, which necessitates the need for another, faster approach for testing. Software modelling (machine learning) is a rational solution when experimental data are available.

Suleiman and Nehdi, 2017 are among the first to conduct a study - modelling the self-healing process with neural networks. They made the prediction for autogenic self-healing, which can generally be said to be more compatible for modelling than autonomous self-healing, for reasons related to the simpler composition of the mixture. Zhuang and Zhou, 2019 made a prediction of self-healing concrete with the addition of bacteria, but they took into account only a few basic parameters: the amount of bacteria, the initial crack and the healing time.

Short description of the applied method

Numerical and experimental analysis of self-healing cement composites was applied. Predictive modelling using the DTREG software, GRNN module was conducted on data from a self-created database of bacterial mortars and concretes. The created database was systematized and grouped according to the self-healing assessment criterion. Over 100 trial models were tested to obtain maximum accuracy in the final models.

After the creation of the final models, they served as calibrated models on which their accuracy/precision in prediction was tested and a comparison was made with laboratory tests to identify any deviation.

Regarding experimental work, tests were conducted on mortar with silane and silane emulsion as materials that protect the crack from the penetration of harmful substances. Self-healing testing was done with a capillary water absorption test.

Furthermore, an experimental analysis of mortar with different percentage of waste rubber as a replacement for fine aggregate and a crystal-forming admixture as a self-healing material was performed. The self-healing of the samples was determined by measuring the crack width using a microscope and using a capillary water absorption test. For the first time, a relationship between self-healing and the thermal conductivity of the material was established.

Short description of the obtained results

Self-healing cement composites tend to be materials of the future that will be widely used. The results of numerous tests show that micro cracks, which are the main source of harmful substances in the structure of concrete, can be prevented in a timely manner, thus preventing corrosion of the reinforcement and disruption of the concrete structure that can cause fatal consequences. Because this is a material which is still in laboratory conditions (although there is its practical application in several buildings around the world), its sooner application in practice would mean saving the budget for maintenance and repair. Experimental tests are burdened with the analysis of many input and output parameters on which the assessment of self-healing depends.

The application of software modelling that simulates the human brain's functioning is enabled by using neural networks. For the purpose of this thesis, the DTREG software, GRNN module for predicting self-healing, was used. A custom database was created with gradually underlying important parameters and the data was systematized in order to obtain the most accurate model. The input parameters were chosen to cover as much of the material as possible and to describe the self-healing process in more detail.

The data were divided into two main groups and few subgroups in accordance with the methods of evaluation of self-healing used. The first group was only with data where self-healing is evaluated with measurement of crack width and the second group the self-healing is evaluated with a water permeability or similar test.

In the first group gradually, models with different number of data (165, 251, 323, 487) were analysed and calculated. The maximum accuracy was obtained by excluding certain variables.

In the second group of data, where the water permeability test was taken as a test for assessing self-healing, two subgroups were made with an initial water permeability coefficient and an initial crack width. In the second subgroup of data, the results obtained are of high accuracy and fit.

Calibrated models have been created for both data sets. They will serve in the future for self-healing prediction. That will accelerate the process of standardization of self-healing materials and reduce the costs of laboratory testing.

The results of the water absorption test for the samples with silane and silane emulsion show a decrease in water absorption compared to the reference samples, with a slight advantage of the silane samples over the silane emulsion ones.

The testing of self-healing mortars with the addition of a crystal-forming admixture and waste rubber in different percentages (0%, 10% and 15%) showed that it is a good combination from a practical, economic and environmental point of view. The rubber particles that act as a “reinforcement” played a key role in preventing further crack expansion, while the crystal-forming admixture showed partial or complete crack filling after 28 and 56 days of curing. Certain physical and mechanical properties of the self-healing mortars were tested and compared with classic mortar. Self-healing was assessed by measuring the crack width and by a capillary water absorption test. The maximum crack width that was completely filled was 0.39 mm after a 56-day healing period. The sealing efficiency obtained through the capillary water absorption test was 77.8% for samples with 10% rubber replacement and 72.5% for samples with 15% rubber replacement. The thermal properties of the self-healing mortars have also been tested and a relationship has been established between the thermal conductivity and the self-healing.

EVALUATION OF THE THESIS

The doctoral dissertation of candidate Vesna Grujoska, entitled "Experimental and numerical modelling of autonomous self-healing cementitious composites with different types of agent", is a research in the field of smart building materials. The development of this doctoral dissertation contributes to accelerating the standardization of self-healing materials and their widespread

application. This research would serve first as a manual on self-healing materials and the findings from this research could encourage a wider application of predictive modelling in construction.
The doctoral thesis submitted by the candidate Vesna Grujoska, entitled “Experimental and numerical modelling of autonomous self-healing cementitious composites with different types of agent”, according to the opinion of the members of the Evaluation Committee, fulfils the necessary conditions and standards for the preparation of the doctoral thesis.

FULFILMENTS OF LEGAL REGULATIONS FOR THESIS' VIVA

The candidate has published the following peer reviewed research and conference proceedings papers before the public viva of the thesis:

[10] **Grujoska V.,** Samardzioska T., Petrusheva S. (2024): “Prediction of Self-Healing Efficiency of Cementitious Composites Using Artificial Neural Network”, Current Trends in Civil & Structural Engineering. 11(3): 2024. DOI: 10.33552/CTCSE.2024.11.000762, (IF=1.508).

[11] **Grujoska V.**, Samardzioska T., (2023): ”State-of-the-art of Bacteria Based Self-healing Concrete”. Scientific Journal of Civil Engineering, SJCE, Volume 12, Issue 2, December 2023, ISSN 1857-839X.

[12] Samardzioska T., Jovanoska-Mitrevska M., **Grujoska V.** (2024): “Sustainable Mortars with Slag for Green Facades”, Current Trends in Civil & Structural Engineering. 10(4): 2024. CTCSE.MS.ID.000741. DOI: 10.33552/CTCSE.2024.10.000741, (IF=1.508)

[13] Samardzioska T., Jovanoska M., **Grujoska V.** (2023): “Sustainable Thermal Insulation Derived from Recycled Textile Waste”. Advances in Environmental and Engineering Research, 2023; 4(1): 004; doi:10.21926/aeer.2301004.

[14] Kontovourkis O., Del Rio Merino M., Villoria Saez P., Romano R., **Grujoska V.,** Samardzioska T., Gramatikov K., (2021): “Emerging Technologies”, in the Book of COST action RESTORE WG5, (Ed. Reith A. and Brajkovic J.) “Scale Jumping: Regenerative Systems Thinking within the Built Environment. A guidebook for regenerative implementation: Interactions, tools, platforms, metrics, practice”, pp. 232 to 249.

[15] **Grujoska V.**, Grujoska J., Samardzioska T., Jovanoska M. (2020): “Waste glass effects on fresh and hardened concrete”, 7th International Conference "Civil Engineering - Science and Practice", Kolašin, Montenegro, March 2020.

[16] **Grujoska V.**, Samardzioska T., Grujoska J. (2019): ”Improvement of thermal conductivity of mortars with slag”, 18th International Symposium of MASE, Ohrid, Macedonia, October 2019.

[17] Samardzioska T., Salih N., **Grujoska V.** and Jovanoska M., (2019): “Design of Earthship for Climate Conditions in Macedonia”, IOP Conf. Series: Earth and Environmental Science 329 (2019) 012052 IOP Publishing doi:10.1088/1755-1315/329/1/012052.

[18] Samardzioska T., Grujoska J., **Grujoska V**., Moslavac D., Donevska K., (2017): “Effects of waste glass on properties of hardened concrete”, Scientific Journal of Civil Engineering, SJCE, Volume 5, Issue 1, July 2017. ISSN 1857-839X, pp. 25-32.

CONCLUSION AND RECOMMENDATION

The doctoral research conducted by the candidate Vesna Grujoska contributes to the enrichment of the experimental database for self-healing cementitious composites, by creating its own database for bacterial cement composites, on the basis of which different types of analyses and prognosis can be made in the future.

The conducted experimental and numerical studies deepen the knowledge of self-healing cement composites and bring these materials closer to standardization and their practical application.

The implemented prognostic modelling is based on the custom created database, which can serve as a basis for various analyses and forecasts of self-healing. The experimental tests were carried out with available and local materials, which indicates the possibility of their wide application and a connection is made with waste materials to introduce the necessary environmental parameter.

Possible further research is aimed at upgrading the database for even more detailed analysis of the process and greater precision in predictive modelling, using the created database when designing new recipes for self-healing mortars, implementing waste materials in multiple aspects of self-healing cement composites. The goal is to include the practical application of self-healing materials in real structures in further research.

Поседува сертификат за учество на Базичен курс за парентерална нутриција и ентерална нутриција, издаден од Европското здружение за клиничка нутриција и метаболизам. Учествувала на ACCN-курс за клиничка нутриција (12 – 14.4.2014), во соработка со Македонското здружение за парентерална и ентерална исхрана (MSPEN), во Солун, Грција.

Во периодот 4.1. до 19.2.2016 година, учествувала во едукација во Одделението за гастроентерохепатологија во Универзитетската клиника „Чапа“ во Истанбул, Република Турција.

Активно учествувала на 11. Конгрес на Македонското здружение за гастроентерохепатологија со меѓународно учество, одржан во Охрид, РСМ, во периодот од 25 до 28 мај 2023 година, со постерска презентација.

Д-р Арзана Хасани Јусуфи, како предавач, се јавува на неколку научни и стручни собири со меѓународно учество. Учествувала на симпозиумот „Бермудски Триаголник во интерната медицина“ во Скопје, РСМ, во март 2023 година, со предавање под наслов: „Дијагноза и третман на пациент со ГЕРБ, рефрактерен на ИПП”.

Учествувала на Првиот симпозиум „Новини во третманот на дигестивните болести“ и EAGEN-постдипломски курс, одржан од 13 до 15.9.2024 година во Скопје, РСМ, со предавање со наслов: „The value of Shear wave elastography in determinining the degree of liver fibrosis: A prospective study with histological correlation”.

Д-р Арзана Хасани Јусуфи, како едукатор, редовно е вклучена во наставно-образовниот процес за специјализантите по Интерна медицина.

3. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Д-р Арзана Хасани Јусуфи активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Клиниката за гастроентерохепатологија во Скопје, преку изработка на стручни презентации и учество во главни визити и семинари. Во текот на работниот процес, д-р Арзана Хасани Јусуфи интензивно работи на потесните полиња и специфичните техники од областа на гастроентерохепатологијата, особено на абдоминалниот ултразвук со 1 и 2Д-еластографија, како и на гастроинтестиналната ендоскопија.

Во 2021 година, на д-р Арзана Хасани Јусуфи ѝ е доделена Благодарница од Лекарската комора на РС Македонија за особен придонес за справување со пандемијата со ковид-19.

Д-р Арзана Хасани Јусуфи е член на: Македонско здружение за гастроентерохепатолози (МСГ), Здружение на лекари Албанци на Македонија (SHMSHM), Лекарска комора на Северна Македонија (ЛКМ), Европско здружение за гастроинтестинална ендоскопија (ESGE) и Европско здружение на гастроентеролози (UEG).

4. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Учествува во националниот проект: „Мерки за рана детекција и дијагноза на хепатоцелуларниот карцином – една од иницијативите за реализација на европскиот план за борба против ракот“ од 2022 година,

Д-р Арзана Хасани Јусуфи досега се јавува како автор и коавтор на 6 научно-стручни трудови, објавени во списанија со меѓународен уредувачки одбор и научни публикации објавени во зборник на трудови на стручен собир со

меѓународен уредувачки одбор, кои се рецензирани во претходно посочените билтени.

За овој избор, кандидатката го доставува за рецензија трудот објавен во научно списание со меѓународен уредувачки одбор:

The Role and Significance of Non-invasive Methods, with a Particular Focus on Shear Wave Elastography in Hepatic Fibrosis Staging. Arzana Hasani Jusufi, Meri Trajkovska , Rozalinda Popova-Jovanovska , Viktorija Calovska-Ivanova , Atip Ramadani, Vladimir Andreevski. Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences. 2022 Apr 14; 10(B):1607-1614. https://doi.org/10.3889/oamjms.2022.9048 eISSN: 1857-9655.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Арзана Хасани Јусуфи

Институција: ЈЗУ Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија

Научна област: интерна медицина

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ

за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно Просечниот успех на додипломски студии изнесува: 8,5	ДА
2	Има познавање на најмалку еден странски јазик 1. Странски јазик: англиски јазик 2. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик – Б2-ниво 3. Издавач на документот: Филолошки факултет„ Блаже Конески” – Скопје, за ниво Б2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа CEFR) 4. Датум на издавање на документот: 23.2.2024	ДА

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Искра Битоска Милева, с.р.
2. Проф. д-р Светлана Крстевска Балканов, с.р.
3. Доц. д-р Ирина Ангеловска, с.р.

Заклучок и предлог

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-применувачката дејност на ас. д-р Арзана Хасани Јусуфи.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката, Комисијата заклучи дека ас. д-р Арзана Хасани Јусуфи поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде повторно избрана во звањето асистент по предметот Интерна медицина.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, ас. д-р Арзана Хасани Јусуфи да биде повторно избрана во звањето асистент на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје по предметот Интерна медицина.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Искра Битоска Милева, с.р.

2. Проф. д-р Светлана Крстевска Балканов, с.р.

3. Доц. д-р Ирина Ангеловска, с.р.

Прилоī бр. 3

Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА РАКОПИСОТ „МУСКУЛНО-СКЕЛЕТНИ ТУМОРИ – ПРАКТИЧЕН ПРИСТАП ВО ДИЈАГНОЗАТА И ТРЕТМАНОТ“ ОД ГРУПА АВТОРИ

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на 11.3.2024 год. бр. 02-1419/3, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот „Мускулно-скелетни тумори – практичен пристап во дијагнозата и третманот“ од авторите: Милан Самарџиски, Игор Стојковски, Марта Фотева, Ненад Атанасов, Антонио Гавриловски, Нерон Поповски, Александар Трајановски, Вилијам Велковски, Владимир Ристовски, Теодора Тодорова, Станислав Рајковиќ, Никола Богосављевиќ и Никола Граматниковски, наменет за студентите на Општа медицина за предметот Ортопедија, избрани се проф. д-р Ѓорѓи Зафироски и проф. д-р Славица Костадинова-Куновска.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Општ дел

Основни податоци за ракописот

Назив на ракописот:	Мускулно-скелетни тумори – практичен пристап во дијагнозата и третманот
Назив на предметната програма:	Ортопедија
Назив на студиската програма:	Општа медицина и специјализација по ортопедија и трауматологија
Фонд на часови и ЕКТС-кредити (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети)**:**	110 часа и 3 ЕКТС-кредити
Предметот Ортопедија на Медицинскиот факултет е задолжителен предмет со фонд на часови 110, број на ЕКТС-кредити – 3 и се слуша во IX (деветти) семестар.	
Реден број на изданието:	прво издание
Општи податоци за ракописот:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 317 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот – 14. Текстот е поделен во 17 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 137 слики и 20 табели.

РЕЦЕНЗЕНТИ

Проф. д-р Славица Куновска-Костадинова, с.р.
Проф. д-р Ѓорѓи Зафироски, с.р.

I. Посебен дел од рецензентот: Проф. д-р Славица Костадинова Куновска

Краток опис на содржината:	Учебникот МУСКУЛНО-СКЕЛЕТНИ ТУМОРИ – ПРАКТИЧЕН ПРИСТАП ВО ДИЈАГНОЗАТА И ТРЕТМАНОТ претставува рационален и практичен прирачник во дијагнозата и третманот на мускулно-скелетните тумори. Во воведот, авторите даваат објаснување на основните поими со кои се среќаваат во ортопедската онкологија и нивното значење, актуелна класификација, поделба на коскените тумори, етиологија и патогенеза, карактеристики и особености во анамнезата на пациентите со коскен тумор. Во втората и третата глава, детално и шематски се прикажани дијагностичките протоколи и протоколите на третман како кај коскените, така и кај мекоткивните тумори. Во четвртото поглавје, авторите даваат објаснување на терминот „биопсија” и нејзиното значење во дијагнозата на мускулно-скелетните тумори, опфатени се техниките на биопсија, со посебен акцент на принципите и правилата за нејзиното изведување со цел да се избегнат можните грешки, компликации и погрешната дијагноза. Во петтото поглавје, детално се обработени радиографските и сцинтиграфските карактеристики на коскените тумори, со кои може да направи дистинкција помеѓу бенигните и малигните тумори на коските. Шестото поглавје дава детален опис на настанатите промени во однос на класификацијата на туморите според Светската здравствена организација и нивното распоредување во нови групи. Седмото поглавје ги опфаќа примарните коскени тумори, детално е прикажана најновата класификација според СЗО на овие ентитети, а даден е и детален опис за најчестите типови на примарни коскени тумори, како и можностите за нивен третман. Осмото поглавје дава осврт на мекоткивните тумори, новата класификација според СЗО, основни карактеристики во клиничката слика, најчестата локализација, епидемиологија и диференцијална дијагноза на најчестите мекоткивни ентитети, како бенигни, така и малигни. Деветтото поглавје дава приказ на најчестите типови коскени метастази, нивната етиологија, епидемиологија и патогенеза. Прикажан е дијагностичкиот протокол за

	лезии суспектни за метастатски промени, бодовен систем за проценка на ризик од патолошка скршеница и најчести модалитети на третман кај метастатски промени во коска. Во десеттото поглавје, даден е приказ на најчестите методи на лекување на бенигните и на малигните коскени тумори, од хируршки и онколошки аспект. Единаесеттото поглавје дава приказ на најчестите типови на тумори кои ја афектираат карлицата, како и современиот начин на нивно лекување. Во дванаесеттото поглавје се опишани најчестите тумори на 'рбетниот столб, класификациските системи, како и хируршките техники за нивно лекување. Тринаесеттото поглавје ги опфаќа методите на третман на мекоткивните тумори, како од хируршки, така и од онколошки аспект. Четиринаесеттото поглавје е посветено на иднината во ортопедската онкологија, на терапии на целуларно ниво и ликвидна биопсија, како нова дијагностичка метода. Петнаесеттото и шеснаесеттото поглавје детално ги обработуваат можните компликации при третманот на коскените и мекоткивните тумори. Седумнаесеттото поглавје (Заклучок) дава осврт на иднината во хируршките техники, новитетите во ендопротетиката и 3D-техниките за реконструкција, како и можноста за изведување на оперативните интервенции со навигациски системи. На самиот крај, авторите даваат осврт на мултидисциплинарноста во третманот на неоплазмите на мускулно-скелетниот систем, нагласувајќи ја потребата од навремена дијагностика и третман на пациентите. На крајот на секое поглавје е дадена целата користена и цитирана литература која упатува на автори и трудови за збогатување на знаењето.
Оцена за усогласеноста со предметната програма:	Материјалот од ракописот е усогласен со предметната програма.
Предлози за потребни корекции:	нема
Оцена на ракопис:	Ракописот е вреден за печатење.
Категоризација:	учебник
Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:	Го препорачувам ракописот „Мускулно-скелетни тумори – практичен пристап во дијагнозата и третманот“ за печатење и користење како учебник по предметот Ортопедија за студентите на Медицинскиот факултет. Учебникот е напишан во

	стил соодветен за академско поучување и богато илустриран, со што се олеснува изучувањето на предвидената материја, а на читателот му се предочува потребата од сериозен и мултидисциплинарен пристап во дијагностиката и третманот на пациентите со тумори на мускулно-скелетниот систем.

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Ортопедија, примарно наменет за студентите на Медицинскиот факултет.

Во Скопје, 30.1.2025 година

РЕЦЕНЗЕНТ

Проф. д-р Славица Костадинова Куновска, с.р.

II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р ЃОРЃИ ЗАФИРОСКИ

Краток опис на содржината:	Учебникот МУСКУЛНО-СКЕЛЕТНИ ТУМОРИ – ПРАКТИЧЕН ПРИСТАП ВО ДИЈАГНОЗАТА И ТРЕТМАНОТ претставува рационален и практичен прирачник во дијагнозата и третманот на мускулно-скелетните тумори. Во воведот, авторите даваат објаснување на основните поими со кои се среќаваат во ортопедската онкологија и нивното значење, актуелна класификација, поделба на коскените тумори, етиологија и патогенеза, карактеристики и особености во анамнезата на пациентите со коскен тумор. Во втората и третата глава, детално и шематски се прикажани дијагностичките протоколи и протоколите на третман како кај коскените, така и кај мекоткивните тумори. Во четвртото поглавје, авторите даваат објаснување на терминот „биопсија” и нејзиното значење во дијагнозата на мускулно-скелетните тумори, опфатени се техниките на биопсија, со посебен акцент на принципите и правилата за нејзиното изведување со цел да се избегнат можните грешки, компликации и погре-шната дијагноза. Во петтото поглавје, детално се обработени радиографските и сцинтиграфските карактеристики на коскените тумори, со кои може да направи дистинкција помеѓу бенигните и малигните тумори на коските. Шестото поглавје дава детален опис на настанатите промени во однос на класификацијата на туморите според Светската здравствена организација и нивното распоредување во нови групи. Седмото поглавје ги опфаќа примарните коскени тумори, детално е прикажана најновата класификација според СЗО на овие ентитети, а даден е и детален опис за најчестите типови на примарни коскени тумори, како и можностите за нивен третман. Осмото поглавје дава осврт на мекоткивните тумори, новата класификација според СЗО, основни карак-те-ристики во клиничката слика, најчестата лока-лизација, епидемиологија и диференцијална дија-гноза на најчестите мекоткивни ентитети, како бенигни, така и малигни. Деветтото поглавје дава приказ на најчестите типови коскени метастази, нивната етиологија, епидемиологија и патогенеза. Прикажан е дијагностичкиот протокол за лезии суспектни за метастатски промени, бодовен систем за проценка на ризик од патолошка скршеница и најчести модалитети на третман кај метастатски промени во коска. Во десеттото поглавје, даден е приказ на најчестите методи на лекување на

	бенигните и на малигните коскени тумори, од хируршки и онколошки аспект. Единаесеттото поглавје дава приказ на најчестите типови на тумори кои ја афектираат карлицата, како и современиот начин на нивно лекување. Во дванаесеттото поглавје се опишани најчестите тумори на 'рбетниот столб, класификациските системи, како и хируршките техники за нивно лекување. Тринаесеттото поглавје ги опфаќа методите на третман на мекоткивните тумори, како од хируршки, така и од онколошки аспект. Четиринаесеттото поглавје е посветено на иднината во ортопедската онкологија, на терапии на целуларно ниво и ликвидна биопсија, како нова дијагностичка метода. Петнаесеттото и шеснаесеттото поглавје детално ги обработуваат можните компликации при третманот на коскените и мекоткивните тумори. Седумнаесеттото поглавје (Заклучок) дава осврт на иднината во хируршките техники, новитетите во ендопротетиката и 3D-техниките за реконструкција, како и можноста за изведување на оперативните интервенции со навигациски системи. На самиот крај, авторите даваат осврт на мултидис-циплинарноста во третманот на неоплазмите на мускулно-скелетниот систем, нагласувајќи ја потребата од навремена дијагностика и третман на пациентите. На крајот на секое поглавје е дадена целата користена и цитирана литература која упатува на автори и трудови за збогатување на знаењето.
Оцена за усогласеноста со предметната програма:	Материјалот од ракописот е усогласен со предметната програма.
Предлози за потребни корекции:	нема
Оцена на ракопис:	Ракописот е вреден за печатење.
Категоризација:	учебник
Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 318 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот – 14. Текстот е поделен во 17 поглавја (вклучувајќи ја литературата и заклучокот) и содржи 137 слики и 20 табели. Го препорачувам ракописот „Мускулно-скелетни тумори – практичен пристап во дијагнозата и третманот“ за печатење и користење како учебник по предметот Ортопедија за студентите на Медицинскиот факултет. Учебникот е напишан во стил соодветен за академско поучување и богато илустриран, со што се олеснува изучувањето на предвидената материја, а на читателот му се предочува потребата од сериозен и мултидисциплинарен пристап во дијагностиката и

	третманот на пациентите со тумори на мускулно-скелетниот систем.

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Ортопедија, примарно наменет за студентите на Медицинскиот факултет.

Во Скопје, 30.1.2025 година

РЕЦЕНЗЕНТ
Проф. д-р Ѓорѓи Зафироски, с.р.

П Р Е Г Л Е Д
НА ОДОБРЕНА ТЕМА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКИ ТРУД НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - СКОПЈЕ

Ред. Бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на тема		Име и презиме на менторот	Датум и бр.на Одлука од ННС за прифаќање на темата
		На македонски јазик	На англиски јазик		
1	М-р Мерлинда Шаќири	„Постигнувањата по математика и системот на уверувања за математиката на учениците од петто одделение“	„The mathematics Achievements and the System of Mathematics Beliefs of Fifth Grade Pupils“	Проф.д-р Слаѓана Јакимовиќ	02-102/15 од 20.02.2025

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТЕОРЕТСКИ ПРАВНИ НАУКИ НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, објавен во весниците „Вечер“ и „Коха“ од 30.12.2024 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област теоретски правни науки, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-139/8 од 31.1.2025 г., донесена на 29.1.2025 г., формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Миодраг Мицајков, редовен професор во пензија на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, д-р Владо Камбовски, академик во МАНУ и редовен професор во пензија на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје и д-р Јасна Бачовска Недиќ, редовна професорка на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област теоретски правни науки, во предвидениот рок се пријави еден кандидат, д-р Александар Спасов, вонреден професор на теоретски правни науки на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. Кандидатот во прилог на својата пријава ги достави сите потребни документи во конкурсот.

1 Биографски податоци и образование

Кандидатот д-р Александар Спасов е роден на 16.3.1981 г. во Скопје. Средно образование завршил во Гимназијата „Јосип Броз-Тито“ во Скопје, на општа насока. Со високо образование се стекнал на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, на правните студии, каде што се запишал во 1999 година. Дипломирал во 2005 година, со просечен успех од студиите 9,29 и се стекнал со стручниот назив дипломиран правник. Во учебната 2005/2006 г. се запишал на постдипломски студии од областа на теоријата на правото. Сите предвидени испити ги положил до 2009 година, со просечен успех 10,00. На 15.6.2010 година го одбранил магистерскиот труд на тема: *Државниот суверенитет во контекст на процесите на глобализацијата* и се стекнал со научниот степен магистер на правни науки од областа на теоријата на правото. Докторска дисертација пријавил во 2014 година на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, од областа на правните науки. Дисертацијата на тема: *Современите теории за државниот суверенитет во меѓународниот поредок меѓу правниот позитивизам и државната одговорност* ја одбранил на 22.6.2015 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Димитар Бајалциев (претседател), проф. д-р Борче Давитковски (член), проф. д-р Татјана Петрушевска (ментор), проф. д-р Јасна Бачовска(член) и доц. д-р Каролина Ристова-Астеруд (член). Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на правни науки. Кандидатот активно се служи со англискиот, германскиот и српскиот/хрватскиот јазик, а има основни познавања и од полскиот јазик. Кандидатот д-р Александар Спасов година е избран во звањето помлад асистент во 2008 година на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје на научната област теоретски правни науки (вовед во правото и теорија на правото). Кандидатот д-р Александар Спасов е избран во звањето асистент во 2010 година на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје на научната област воведни и теоретски правни науки. Кандидатот д-р Александар Спасов е избран во звањето доцент во 2015 година на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје на научната област воведни и теоретски правни науки.

Во моментот е вонреден професор на научната област теоретски правни науки на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот бр. 1217 од 15.6.2020 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 1108 од 1.10.2015 година и бр. 1217 од 15.6.2020 година на УКИМ, како и вкупните научни, стручни,

педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

2 НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, кандидатот д-р Александар Спасов изведува настава на прв циклус студии на студиските програми Правни студии, Политички студии и Студии по новинарство на група предмети од научната област теоретски правни науки, и тоа: Вовед во правото за сите три видови студии и Филозофија на правото за правните студии. Дополнително, кандидатот во извештајниот период бил предметен наставник и на изборните предмети: Дигитална демократија и Е-новинарство.

Кандидатот, исто така, изведува настава на прв циклус на студии на студиската програма Применети странски јазици, по предметот Вовед во правото на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.

Кандидатот учествувал и во подготовката и реализацијата на активностите на проектот во рамките на Еразмус-програмата (КА2) за стратешко партнерство под наслов „Developing applied foreign languages skills“, чијшто носител во Република Северна Македонија е Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Како резултат на овој проект, од учебната 2023/2024 година започна со работа студиската програма Применети странски јазици, на којашто кандидатот изведува настава по предметот Вовед во правото, како што е наведено во овој извештај и во прилозите.

Кандидатот, исто така, бил член на 5 комисии за оцена и одбрана на магистерски трудови од различни области во правните науки.

Кандидатот д-р Александар Спасов, освен во рамките на редовната настава на првиот циклус студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“, бил предавач во рамките на своите студиски престои преку програмата CEEPUS на Правниот факултет при Универзитетот во Осиек, Хрватска и на Институтот за морална теологија при Факултетот за теологија при Универзитетот во Грац, Австрија, каде што одржал предавања за студентите од прв и втор циклус студии на наведените факултети од областа на теоријата на државата и правото, филозофијата на правото, уставното право и биоетиката. Кандидатот бил обучувач и на 40 школи, тренинзи и работилници од поширок спектар на области со особен фокус на демократскиот развој, европските интеграции на регионот на Западниот Балкан и Република Северна Македонија, надворешната политика и безбедноста, политичкото образование, граѓанскиот активизам и мултикултурализмот, во организација на домашни и странски универзитети, домашни и странски фондации, невладини организации и истражувачки институти (на пример, на летните школи во рамките на мрежата на правни факултети од југоисточна Европа SEELS, во која членува и Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, а носечки партнер е Институтот „Европа“ при Универзитетот во Саарбрикен, СР Германија, образовните активности на Германската фондација за меѓународна правна соработка (ИРЗ Фондација), СР Германија, работилница во рамките на повеќегодишниот проект посветен на Европската конвенција за човековите права и приватното право под раководство на истражувачи од Универзитетот во Торино, Италија, образовните активности на Меѓународниот центар „Олоф Палме“ од Шведска, Фондацијата „Фридрих Еберт“ од СР Германија, Фондацијата „Калеви Сорса“ од Финска, Фондацијата за европски прогресивни студии од Белгија, Фондацијата за демократија на Вестминстер од Велика Британија и други). Исклучително важно е да се истакне дека кандидатот бил и претседател на Програмскиот совет при Претседателскиот центар за политичко образование при Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија, во рамките на чијашто работа бил главен координатор на повеќегодишниот образовен проект „Школа за политики“ во рамките на политичкото образование за млади политички и граѓански активисти.

Конкретните активности кои припаѓаат во наставно-образовната дејност се наведени во табелата Образец 2 кон Извештајот за избор во наставно-научно звање.

Научноистражувачка дејност

Д-р Александар Спасов има забележителни резултати во научноистражувачката дејност во периодот од последниот избор до поднесувањето на пријавата за избор за тековниот конкурс. Кандидатот има објавено вкупно 10 научни трудови и 2 стручни монографии од областа на теоријата на државата и правото, историјата на правото, кривичното право, уставното право, правото и политиката на ЕУ, јазичната политика и јазичното планирање, меѓународните односи и безбедноста и политичкото образование. Од објавените научни трудови, 5 научни труда се објавени во научни списанија во кои трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кои е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет (EBSCO, Hein Online), 2 труда се објавени во научни списанија во кои трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кои имаат меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови, 2 труда објавени во стручни/научни популарни списанија и 1 поглавје од книга објавено во книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД. Особено е значајно поглавјето во книгата „The European Convention on Human Rights and Private Law – Comparative Prespectives from South-Eastern Europe“ (Ed. Mateja Durovic and Cristina Poncibo), која е во издание на угледната издавачка куќа „Hart Publishing” од Велика Британија. Имено, ова поглавје кое кандидатот го подготви во соработка со проф. д-р Јулија Брсакоска-Базеркоска е резултат на неговото повеќегодишно учество како научен истражувач во рамките меѓународниот научен проект „Општество и право во централна и источна Европа“, во рамките на Департманот за право при Универзитетот во Торино, Италија.

Исто така, кандидатот има прифатено поглавје за објавување во книга посветена на европските интеграции и Западниот Балкан, а во издание на реномираната германска издавачка куќа „Springer“. Според најавата на издавачот, изданието на оваа книга се очекува во првата половина на 2025 година.

Стручните монографии посветени на потребата од воведување на уставната тужба во правниот поредок на Република Северна Македонија и на потребата од воведување на политичкото образование во средното образование во нашата држава се во издание на Институтот за човекови права од Скопје и Фондацијата за демократија на Вестминстер од Велика Британија, канцеларија во Северна Македонија.

Со објавени вкупно 8 труда во референтни научни публикации во последните пет години и од последниот избор, кандидатот го исполнува и го надминува бараниот број на трудови како критериум за избор во звањето редовен професор, согласно со ЗВО и позитивните подзаконски акти на Универзитетот.

Д-р Александар Спасов учествувал како панелист на пленарни и секциски предавања на меѓународни и домашни научни и стручни конференции, а, како што е веќе наведено во овој извештај, бил и гостин-предавач на Правниот факултет при Универзитетот во Осиек, Хрватска и на Институтот за морална теологија при Факултетот за теологија при Универзитетот во Грац, Австрија.

Д-р Александар Спасов е уредник на студентското стручно списание „Iustinianus Primus Student Law Review“ при Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. Оваа негова активност е исклучително важна за развивањето на интересот за научното истражување и истражувачките вештини на студентите, а перспективно и за создавање на наставно-научен подмладок на Факултетот.

Кандидатот д-р Александар Спасов учествува и во мегапроектот „Евроинтеграција на општествениот, правниот и политичкиот систем на Република Македонија” на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје. Во периодот што е опфатен во овој извештај, како што е претходно наведено, кандидатот продолжил да учествува во работата на научниот тим на проектот „Општество и право во централна и источна Европа“, во рамките на Департманот за право при Универзитетот во Торино, Италија.

Конкретните активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност се наведени во табелата Образец 2 кон Извештајот за избор во наставно-научно звање.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Кандидатот д-р Александар Спасов има забележителна активност во стручно-апликативната дејност и во дејностите од поширок интерес. Во извештајниот период, кандидатот

бил член на повеќе работни групи за изработување на закони или изменување или дополнување на постојни закони, и тоа во делот на вонредната состојба, амнестијата, помилувањето, како и на Работната група за изработка на Стратегијата за правосудниот сектор со акциски план (2023 – 2027) при Министерството за правда на РСМ.

Кандидатот, исто така, бил член и на организационите одбори на Годишната научна конференција на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, во 2021, 2022, 2023 и 2024 година.

Кандидатот бил активно вклучен во промотивните активности на Факултетот, а пред сè во промоцијата на можностите за студирање во рамките на отворените денови на УКИМ.

Во рамките на дејностите од поширок интерес, кандидатот во извештајниот период бил и надворешен научен соработник (советник) за прашања од областа на надворешната политика, внатрешната политика и уставни прашања на претседателот на Република Северна Македонија. Кандидатот, исто така, бил член и на Националниот совет за евроинтеграции при Собранието на Република Северна Македонија, како претставник на претседателот на Република Северна Македонија.

Конкретните активности кои припаѓаат во стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес се наведени во табелата Образец 2 кон Извештајот за избор во наставно-научно звање.

Оценка од самоевалуација

Кандидатот д-р Александар Спасов, за периодот од изборот во звањето вонреден професор до денот на поднесување на пријавата, во континуитет добива позитивни оцени од студентите на правните студии, политичките студии и студиите по новинарство на Правниот факултет „Јустинијан Први“, а во последните две учебни години и од студентите на студиската програма Применети странски јазици на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ од спроведените постапки за самоевалуација, преку анонимно анкетирање на студентите.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Александар Спасов.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Александар Спасов поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето редовен професор во научната област теоретски правни науки.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, д-р Александар Спасов да биде избран во звањето **редовен професор** во научната област теоретски правни науки.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Миодраг Мицајков, с.р.
Акад. проф. д-р Владо Камбовски, с.р.
Проф. д-р Јасна Бачовска Недиќ, с.р.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат:
Александар Људмил Спасов
Институција:
Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје
Научна област: ТЕОРЕТСКИ ПРАВНИ НАУКИ

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * Просечен успех на прв циклус на студии е 9,29, а на втор циклус на студии е 10.	Да, иако нерелевантно за овој избор, согласно со ЗВО
2	Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира Назив на научната област: теоретски правни науки; поле: правни науки; подрачје: општествени науки.	Да
3	Објавени најмалку шест рецензирани научни труда ** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор	Да (в. детално во Образец 2)
3.1	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование.	Да (в. детално во Образец 2)
3.2	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови.	Да (в. детално во Образец 2)
3.3	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД	/
3.4	Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД	Да (в. детално во Образец 2)
3.5	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на	/

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји	
3.6	Преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност	/
4	Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира *** 1. Наслов на учебникот, монографијата, практикумот или збирката задачи: „Државниот суверенитет во современиот меѓународен поредок“ (монографија); 2. Место и година на објава: Скопје, 2018. 1. Наслов на учебникот, монографијата, практикумот или збирката задачи: „Државниот суверенитет и глобализацијата“ (монографија); 2. Место и година на објава: Скопје, 2011.	Да
5	Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен - Билтен на УКИМ, бр. 1217 од 15.6.2020, датум на избор: 3.7.2020.	
6	Има способност за изведување на високообразовна дејност	Да

* На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 6 (шест) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

***Наведениот услов ќе се применува по истекот на три години од денот на стапувањето во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018).

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Миодраг Мицајков, с.р.
Акад. проф. д-р Владо Камбовски, с.р.
Проф. д-р Јасна Бачовска Недиќ, с.р.

ОБРАЗЕЦ 2

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: Александар Људмил Спасов
Институција: Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје
Научна област: теоретски правни науки

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Одржување на настава**	
	- **Од прв циклус студии**	**66,9**
	Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје Учебна 2020/2021 **Прв циклус** Вовед во правото (правни студии): 6*15*0,04 Вовед во правото (политички студии): 4*15*0,04 Вовед во правото (новинарски студии): 3,5*15*0,04 Филозофија на правото (правни студии): 4*15*00,4 Учебна 2021/2022 **Прв циклус** Вовед во правото (правни студии): 6*15*0,04 Вовед во правото (политички студии): 4*15*0,04 Вовед во правото (новинарски студии): 3,5*15*0,04 Филозофија на правото (правни студии): 4*15*00,4 Учебна 2022/2023 **Прв циклус** Вовед во правото (правни студии): 6*15*0,04 Вовед во правото (политички студии): 4*15*0,04 Вовед во правото (новинарски студии): 3,5*15*0,04 Филозофија на правото (правни студии): 4*15*00,4 Учебна 2023/2024 **Прв циклус** Вовед во правото (правни студии): 13,5*15*0,04 Вовед во правото (политички студии): 4,5*15*0,04 Вовед во правото (новинарски студии): 4,5*15*0,04 Филозофија на правото (правни студии): 4*15*0,04 Учебна 2024/2025 **Прв циклус** Вовед во правото (правни студии): 13,5*15*0,04 Вовед во правото (политички студии): 4,5*15*0,04 Вовед во правото (новинарски студии): 4,5*15*0,04 Филозофија на правото (правни студии): 4*15*0,04 Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје Учебна 2023/2024 **Прв циклус** Вовед во правото (применети странски јазици): 3*15*0,04 Учебна 2024/2025 **Прв циклус** Вовед во правото (применети странски јазици): 3*15*0,04	10,5 10,5 10,5 15,9 15,9 1.8 1.8
2.	**Консултации со студенти**	**1,68**

	Учебна 2020/2021 = 100 x 0,002 Учебна 2021/2022 = 120 x 0,002 Учебна 2022/2023 = 120 x 0,002 Учебна 2023/2024 = 250 x 0,002 Учебна 2024/2025 = 250 x 0,002	0,2 0,24 0,24 0,5 0,5
3.	**Настава во школи и работилници**	
	-раководител	**9**
	1. **Презентација**, Работилница/конференција: Школа за политики при Претседателскиот центар за политичко образование, организирана од КПРСМ, 27 – 29.10. 2023, Охрид.	1,5
	2. Презентација, Работилница/конференција: Градење општествена отпорност кон штетните влијанија на дезинформациите во Северна Македонија, организирана од Претседателскиот центар за политичко образовани при КПРСМ, 20.6.2023, Скопје.	1,5
	3. Презентација, Работилница/конференција: Школа за политики при Претседателскиот центар за политичко образование, организирана од КПРСМ, 5-7 5. 2023, Тетово.	1,5
	4. Презентација, Работилница/конференција: Вклучување на политичкото образование во образовниот систем, организирана од Претседателскиот центар за политичко образовани при КПРСМ, 1.4.2022, Скопје.	1,5
	5. Презентација, Работилница/конференција: Школа за политики при Претседателскиот центар за политичко образование, организирана од КПРСМ, 25 – 27. 3. 2022, Велес.	1,5
	6. Презентација, Работилница/конференција: Школа за политики при Претседателскиот центар за политичко образование, организирана од КПРСМ, 6 –8.5.2022, Маврово.	1,5
	-учесник	**40**
	1. **Презентација**, Работилница/конференција: Годишна работилница на алумни на Фондација ИРЗ 13 – 15. 12 2024 во Белград, Србија.	1
	2. **Презентација**, Работилница/конференција за одбрана на демократијата и човековите права организирана од Центарот за слобода „ЦИВИЛ“, поддржана од Владата на Северна Рајна Вестфалија, 11 – 12.12.2024, Скопје.	1
	3. **Презентација**, Работилница/конференција: Политичка академија за социјална демократија, организирана од Институт за социјална деммократија „Прогрес“, Меѓународен центар „Олоф Палме“ и Фондација „Калеви Сорса“, 15 – 17.11.2024, Велес.	1
	4. **Презентација**, Работилница/конференција: Програма за прогресивно лидерство, организирана од Фондација „Фридрих Еберт“, 31.10 – 3.11. 2024, Белград, Србија.	1

	5. Презентација, Работилница/конференција: Интегритет во политика: можеме ли да поставиме стандарди?, организирана од Форум за разумни политики и Национална фондација за демократија, 1 –2.11. 2024, Штип.	1
	6. Презентација Работилница/конференција: Како да се организира и води политичка фондација?, организирана од Фондација „Фридрих Еберт“, 19 – 20.10.2024, Подгорица, Црна Гора.	1
	7. Презентација (*онлајн*), Работилница/конференција: Регионална школа за дипломатија, организирана од Форум за лева иницијатива и Меѓународен центар „Олоф Палме“, 18 – 20.10.2024, Сараево, Босна и Херцеговина.	1
	8. Презентација, Работилница/конференција: Студентите, политиката на проширување на ЕУ и европската интеграција, организирана од Европа Институт од Саарбрикен, Мрежа SEELS и Правен факултет при Универзитетот во Белград, 18 – 21.9.2024, Белград, Србија.	1
	9. Презентација, Работилница/конференција: Прогресивна политика на Западен Балкан организирана од Меѓународен центар „Олоф Палме“, 27-30. 6. 2024, Златибор, Србија.	1
	10. Презентација, Работилница/конференција: Брифинг за парламентарните и претседателските ибори во Северна Македонија во 2024 година, организиран од Парламентарно собрание на ОБСЕ, Совет на Европа и Европски парламент, 8.5.2024, Скопје.	1
	11. Презентација, Работилница/конференција: Помеѓу континуитет и промена – безбедносните предизвици на Западен Балкан, организирана од Фондација „Фридрих Еберт“, 15.5.2024, Приштина, Косово.	1
	12. Презентација, Работилница/конференција: Создавање на јавни политики во медиумското законодавство, организирана од Правен факултет „Јустинијан Први“, УКИМ, 30.4.2024, Скопје.	1
	13. Презентација, Работилница/конференција: Економската зависност од Кина и ефектите врз Северна Македонија, организирана од Правен факултет „Јустинијан Први“, УКИМ, Фондација „Конрад Аденауер“ и ЕСТИМА, 16.5.2024, Скопје.	1
	14. Презентација, Работилница/конференција: Меѓусебното влијание меѓу европските избори, демократијата и проширувањето, организирана од Фондација за Европски прогресивни студии, 21 – 23.3.2024, Приштина, Косово.	1
	15. Презентација, Работилница/конференција: Академија за политичка дебата, организирана од Фондација за демократија на Вестминстер, 15 – 17.12. 2023, Маврово.	1

	16. Презентација, Работилница/конференција: Уставниот суд заштитник на човековите права, организирана од Институт за човекови права и Фондација ИРЗ, 11 – 12.12. 2023, Скопје.	1
	17. Презентација, Работилница/конференција: Дваесет години од Самитот на ЕУ во Солун, организирана од Фондација „Фридрих Еберт“, 24 – 26.10. 2023, Подгорица, Црна Гора.	1
	18. Презентација, Работилница/конференција: Транформирање на политиката низ родова визура, организирана од Мрежа за родови прашања на Централна и Источна Европа, 25 – 26.8.2023, Корчула, Хрватска.	1
	19. Презентација, Работилница/конференција: Прогресивна политика на Западен Балкан организирана од Меѓународен центар „Олоф Палме“, 12 – 15. 10. 2023, Сараево, Босна и Херцеговина.	1
	20. Презентација, Работилница/конференција: Нови предизвици за европската интеграција – Украинската војна и нејзиното влијание врз ЕУ и земјите од ЗБ, организирана од Европа Институт од Саарбрикен, Мрежа SEELS и Правен факултет при Универзитетот во Сплит, 3 – 9.9.2023, Сплит, Хрватска.	1
	21. Презентација, Работилница/конференција: Прогресивна политика на Западен Балкан организирана од Меѓународен центар „Олоф Палме“, 15-18. 6. 2023, Будва, Црна Гора.	1
	22. Презентација, Работилница/конференција: Дваесет години после Солун, организирана од Фондација за Европски прогресивни студии, 22 – 24.6.2023, Солун, Грција.	
	23. Презентација, Работилница/конференција: Јавна дебата за предлогот на Законот за помилување, организирана од Министерство за правда на РСМ, 18.5.2023, Скопје.	1
	24. Презентација, Работилница/конференција: Академија за јавни политики, организирана од Меѓународна фондација за изборни системи – ИФЕС, 31.3 – 2.4.2023, Велес.	1
	25. Презентација, Работилница/конференција: Избори и институции, организирана од Фондација за демократија на Вестминстер и младински образовен форум – 3.3.2023, Скопје.	1
	26. Презентација, Работилница/конференција: Политички систем, институции и избори, организирана од Фондација за демократија на Вестминстер и младински образовен форум – 10.2.2023, Велес.	1
	27. Презентација, Работилница/конференција: Прогресивна политика на Западен Балкан организирана од Меѓународен центар „Олоф Палме“, 7 - 10.4.2022, Белград, Србија.	1

	28. Презентација, Работилница/конференција: Академија за социјална демократија „Изградба на добро општество“, организирана од Фондација „Фридрих Еберт“ и форум на лева иницијатива, 18 – 20.11.2022, Чардаци, Босна и Херцеговина.	1
	29. Презентација, Работилница/конференција: ЗБ: како да излезе од собата за чекање во ЕУ, организирана од Фондација за Европски прогресивни студии, 13 – 15. 11. 2022, Прага, Чешка.	1
	30. Презентација, Работилница/конференција: Прогресивна политика на Западен Балкан организирана од Меѓународен центар „Олоф Палме“, 17-23. 10. 2022, Сараево, Босна и Херцеговина.	1
	31. Презентација, Работилница/конференција: Приватното право, Владеењето на правото и Европскиот суд за човекови права: компаративни перспективи од ЈИЕ, организирана од Универзитет во Торино, 7.10.2022, Торино Италија.	1
	32. Презентација, Работилница/конференција: Политичка академија за социјална демократија, организирана од Институт за социјална деммократија „Прогрес“, Меѓународен центар „Олоф Палме“ и Фондација „Калеви Сорса“, 30.9 – 2.10.2022, Охрид.	1
	33. Презентација, Работилница/конференција: Академија за политичка дебата и јавно говорење на подмладоци на политички партии, организирана од Фондација за демократија на Вестминстер, 17 –19.6.2022, Струга.	1
	34. Презентација, Работилница/конференција: Јавна дебата за предлогот на Законот за помилување, организирана од Министерство за правда на РСМ, 19.4.2022, Скопје.	1
	35. Презентација, Работилница/конференција Петти патувачки летен универзитет на Балканот „Кризата на владеењето на правото на Балканот и во ЕУ“, организиран од Правен факултет „Јустинијан Први“, УКИМ, Универзитет во Минстер и Универзитет Париз Нантер, 5 – 6.5. 2022, Скопје.	1
	36. Презентација, Работилница/конференција: Политичка академија за социјална демократија, организирана од Институт за социјална демократија „Прогрес“, Меѓународен центар „Олоф Палме“ и Фондација „Калеви Сорса“, 25 – 27.6.2021, Охрид.	1
	37. Презентација, Работилница/конференција: Конференција за човекови права, правда и анти корупција, организирана од Центар за слобода „Цивил“, 10.12.2021, Скопје.	1
	38. Презентација (*онлајн*) Работилница/конференција: Прогресивна	1

	политика на Западен Балкан организирана од Меѓународен центар „Олоф Палме“, 10.5.2021.	
	39. Презентација (*онлајн*) Работилница/конференција, Десетта сесија на работната група – 4, Правда, слобода и безбедност (Поглавје 24), организирана од Националната конференција за ЕУ во РСМ, Европско движење во Северна Македонија, 26.1.2022.	1
	40. Презентација (*онлајн*)Работилница/конференција: Ковид-19 и демократијата на ЗБ, организирана од Прогрес-институт за социјална демократија и Фондација „Калеви Сорса“, 16.10.2020.	1
4.	**Член на Комисија за оцена и одбрана на магистерски труд**	**3**
	Комисија за оценка на магистерски труд (Одлука бр. 02-110/30) Комисија за оценка на магистерски труд (Одлука бр. 02-204/14) Комисија за оценка на магистерски труд (Одлука бр. 02-906/39) Комисија за оценка на магистерски труд (Одлука бр. 02-1073/36) Комисија за оценка на магистерски труд (Одлука бр. 02-627/89)	5x0,3
	Комисија за одбрана на магистерски труд (Одлука бр. 02-520/32) Комисија за одбрана на магистерски труд (Одлука бр. 02-96/33) Комисија за одбрана на магистерски труд (Одлука бр. 02-1009/30) Комисија за одбрана на магистерски труд (Одлука бр. 02-1287/12) Комисија за одбрана на магистерски труд (Одлука бр. 02-744/29)	5x0,3
	Вкупно	**120,58**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Учесник во национален научен проект:**	**3**
	1. Истражувач во мегапроектот „Евроинтеграција на општествениот, правниот и политичкиот систем на Република Македонија“ на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.	3
2.	**Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет**	**24**
	1. **Spasov, A. (2024)** “The European Integration of the Western Balkans and the Rule of Law (Current Situation and Challenges) [во:] *Iustinianus Primus Law Review, (Vol.15), (Issue 2/2024)*: Skopje. (EBSCO, Hein Online).	5

	2. **Spasov, A. (2024)** “Confronting the Dark Legal History: Bernd Ruthers - The Conscious of the German Legal Theory” [во:] *Iustinianus Primus Law Review, (Vol.15), (Issue 3/2024)*: Skopje. (EBSCO, Hein Online).	5
	3. **Груевска Дракулевски, А., Мисоски, Б., Спасов, А. Љ. (2023)** „Новиот концепт на помилувањето во Република Северна Македонија“ [во:] *Македонска ревија за казнено право и криминологија (бр. 1-2 , 2023)*: Скопје. (EBSCO, Hein Online).	4
	4. **Spasov, A. (2024)** State of Emergency and Division od Powers: The Covid – 19 Case in North Macedonia, [во:] *SEE Law Journal (Issue 13), (December 2024):* Skopje (Hein Online).	5
	5. **Spasov, A. (2024)** “Western Balkans Countries and Their Position as Contributors and Consumers in the Contemporary European Security Architecture”, [во:] *Contemporary Macedonian Defence (Vol.24), (Issue 47/2024)*: Skopje. (EBSCO).	5
3.	**Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови.**	**10**
	1. **Спасов, А. Љ. (2022)** „Оправдување на злосторствата – правната теорија во времето на германскиот национал социјализам“ [во:] *Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје во чест на проф. д-р Димитар Бајалциев (Том 60, 2022)*: Скопје.	5
	2. **Спасов, А. Љ., (2022)** „Уставноправната положба на македонскиот јазик во југословенската федерација и процесот на национална еманципација на македонската нација“ [во:] *Зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје, во чест на проф. д-р Људмил Спасов - по повод 70 години од неговото раѓање (2022)*: Скопје.	5
4.	**Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД**	**6**
	1. **Brsakoska-Bazerkoska, J., Spasov, A. (2024)** “ECHR and the Derogation in a Time of Emergency – The Case of the Republic of North Macedonia [во:] The *European Convention on Human Rights and Private Law – Comparative Prespectives from South-Eastern Europe (Ed. Mateja Durovic and Cristina Poncibo), Modern Studies in European*	6

	Law: Hart Publishing, Bloomsbury Publishing: London.	
5.	**Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно популарно списание**	**4**
	1. Spasov, A. (2022) “Securing Democracy by Strengthening the Rule of Law”, [во:] *The Progressive Post (Issue 19/2022)*: Brussels.	2
	2. Spasov, A. (2022) “North Macedonia’s Road to NATO - Perespective from the Newest NATO Member State”, Kalevi Sorsa Foundation: Helsinki.	2
6.	**Пленарни предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество**	**9**
	1. Spasov, A. Lj., Vasilevska, I., “The Constitution of SFR Yugoslavia from 1974, the State Building and National Emancipation, (the case of Macedonia), International Conference “The Constitution of SFR Yugoslavia – 50 Years Later”, Faculty of Law, University of Kragujevac, 18.10. 2024, Kraguevac, Serbia;	3
	2. Spasov, A. Lj., “Enhancing European Economic and Geopolitical Security”: Western Balkans’ Contribution to EU Open Strategic Autonomy”, International Conference “Preparing for Enlargement: the EU and Western Balkans’ Contribution”, Istituto Affari Internazionali, Osservatorio Balcani e Caucaso, Transeuropa and Ministry of Foreign Affairs and International Cooperation of Italy, 29.5. 2024, Rome, Italy;	3
	3. Spasov, A. Lj., “Small Balkan States in Regional Initiatives”, International Conference, Smallness in International Politics: The Agency of Small States in Southeast Europe”, 62 International Academic Week, 30.9.- 4.10. 2024, Tutzing Germany;	3
7.	**Секциско предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество**	**12**
	1. Spasov, A. Lj., “The Rule of Law as a Fundamental Condition for the European Integration of the Western Balkans”, Annual International Scientific Conference “Challenges of the Lagal Systems”, Faculty of Law “Iustinianus Primus”, UKIM, 8.11.2024, Skopje;	2
	2. Spasov, A. Lj., “The European Integgration of the Western Balkans and its Imapacts on the EU as Geopolitical Entity”, Annual International Scientific Conference “The Prospects of the European Integratiion in Time of Geopolitical Challenges”, Faculty of Law “Iustinianus Primus”, UKIM, 3.11.2023, Skopje;	2
	3. Spasov, A. Lj., “The Legal Culture in Time of Growing Authoritarina Tendencies”, Annual International	2

		Scientific Conference “Contemporary Aspects of Legal Culture – Contents and Discontents”, Faculty of Law “Iustinianus Primus”, UKIM, 4.11.2022, Skopje;	
	4.	**Spasov, A. Lj.,** “ ECHR in Time of Global State of Emergency – the Experence of Post-Transitional Democraties”, Annual International Scientific Conference, “70 Years of the European Convention of Human Rights”, Faculty of Law “Iustinianus Primus”, UKIM, 6.11.2020, Skopje;	2
	5.	**Spasov, A. Lj.,** “North Macedonia’s First Year in NATO: Lessons Learned”, in session “Small States in International Society: the case of the Republic of North Macedonia”, Annual Convention of the Association for Slavic, East Euripean, and Euroasian Studies, University od Pittsburgh, United States of America (*on line*);	2
	6.	**Груевска Дракулевски А., Мисоски Б, Спасов, А.** „Новиот концепт на помилувањето во Република Северна Македонија“, Меѓународна научна конференција „Охридска школа на правото“ – Улогата и значењето на кодификацијата на правото во современите законодавства“, Iuridica Prima – Институт за право – економски истражувања и едукација, 12 – 15.5. 2022, Охрид.	2
8.	**Пленарно предавање на научен/стручен собир**		**2**
	1.	**Спасов, А. Љ.,** „Југословенските реформисти и југословенските реакционери – патот до Уставот на СФРЈ од 1974“, Научен собир „Афирмацијата на суверенитетот на македонската држава во југословенската федерација - по повод 100 години од раѓањето на Крсте Црвенковски“, МАНУ, 7.6.2022, Скопје.	2
9.	**Одржано предавање по покана на Универзитет**		**8**
	1.	Предавање „Уставноправната положба и приоритетите на претседателот на Република Северна Македонија“, Универзитет „Американ колеџ“, 18.12.2020 (*онлајн*).	1
	2.	Предавање “Historical Background of the Dissolution of Ex Yugoslavia and the Position of North Macedonia during 1990s and The Public Policies in the 1990s”, Ecole de Droit, Univesite Clermont Auvergne, France, 11.3.2023, (*online*).	1
	3.	Предавање “The Western Balkans: From the Fall of Yugoslavia to European Path”, Universite Catholique de Lille, France, 21.9. 2023, (*online*).	1
	4.	Предавање “Bioethics and Medical Legislation in North Macedonia” (CEEPUS, University of Graz, Austria).	1
	5.	Предавање “Right to Dignified Death – Ethical and Legal Considerations – EctHR Case Law” (CEEPUS, University of Graz, Austria).	1

	6. Предавање “Law and Ethics, Ethics of the Legal Profession” (CEEPUS, University of Graz, Austria).	1
	7. Предавање “Ustavnopravni sustav Republike Sjeverne Makedonije” (CEEPUS, Osijek, Hrvatska).	1
	8. Предавање “Ustavnopravni izazovi kod izvanrednog stanja – iskustva iz pandemije Covida-19” (CEEPUS, Osijek, Hrvatska).	1
	Вкупно	**78**

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1.	**Стручна монографија**	**13,6**
	1. **Спасов, А. Љ., Чупевска. А., (2023)** „Потреба за воведување уставна тужба во правниот поредок на Република Северна Македонија“, Институт за човекови права, 2023: Скопје.	7,2
	2. **Дамјановски. И., Марковиќ. Н., Спасов, А. Љ., (2023)** „Политичко образование – Анализа за состојбите и потребите од политичко образовение во средното образование во Република Северна Македонија“, Фондација за демократија на Вестминстер, 2023: Скопје.	6,4
2.	**Член во комисија за изработка на закон**	**8**
	1. Член на Работна група за изготвување на Закон за воена и вонредна состојба при Министерството за правда на Република Северна Македонија	4
	2. Член на Работна група за изготвување на Закон за амнестија при Министерството за правда на Република Северна Македонија	4
3.	**Член во комисија за изработка на измени и дополнувања на закон; изработка на подзаконски акт**	**2**
	1. Член на Работна група за изготвување на Закон за изменување и дополнување на Законот за помилување при Министерството за правда на Република Северна Македонија	2
Дејности од поширок интерес		
1.	**Подготовка на национални документи (стратегии, закони и сл.)**	**2**
	1. Член на Работна група за подготовка стратегија за правосудниот сектор со акциски план за 2023 – 2027 година при Министерството за правда на Република Северна Македонија	2
2.	**Учество во комисии и тела на државни и други органи**	**3**
	1. Надворешен научен соработник за прашања од областа на надворешната политика, внатрешната политика и уставни прашања на претседателот на Република Северна Македонија (2019 – 2024);	1

	2. Член на Националниот совет за европски интеграции при Собранието на Република Северна Македонија (2020 – 2024);	1
	3. Претседател на Програмскиот совет на Претседателскиот центар за политичко образование при Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија (2020 – 2024);	1
3.	**Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир**	**4**
	1. Организационен одбор за Годишната научна конференција на Правниот факултет „Јустинијан Први“, УКИМ, за 2021	1
	2. Организационен одбор за Годишната научна конференција на Правниот факултет „Јустинијан Први“, УКИМ, за 2022	1
	3. Организационен одбор за Годишната научна конференција на Правниот факултет „Јустинијан Први“, УКИМ, за 2023	1
	4. Организационен одбор за Годишната научна конференција на Правниот факултет „Јустинијан Први“, УКИМ, за 2024	1
4	**Студиски престој во странство**	**1**
	- **До 3 месеци**	
	1. Студиски престој на Правниот факултет при Универзитетот во Осиек, Хрватска, 24 – 28.3.2024, во рамките на програмата CEEPUS.	0,5
	2. Студиски престој на Институтот за морална теологија при Факултетот за теологија при Универзитетот во Грац, Австрија, 7 – 13.4.2024, во рамките на програмата CEEPUS.	0,5
5.	**Уредник на научно/стручно списание**	**2**
	1. Уредник на студентското списание “Iustinianus Primus Student Law Review” на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје	2
6.	**Член на факултетска комисија**	**2,5**
	1. Комисија за избор на демонстратор (Одлука бр. 02-1009/7)	0,5
	2. Комисија за избор на демонстратор (Одлука бр. 02-614/7)	0,5
	3. Комисија за избор на демонстратор (Одлука бр. 02-627/8)	0,5
	4. Комисија за избор на демонстратор (Одлука бр. 02-384/12)	0,5
	5. Комисија за попис и утврдување на паричните и другите форми на побарауваѓа и обврски (Одлука бр. 02-1310/17)	
	6. Постојана работна група за организација на настани на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје (Одлука бр. 03-596/1)	0,5
	Вкупно	**38,1**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**120,58**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**78**
СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**38,1**
Вкупно	**236,68**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Миодраг Мицајков, с.р.
Акад. проф. д-р Владо Камбовски, с.р.
Проф. д-р Јасна Бачовска Недиќ, с.р.

Прилоī бр. 3

Р Е Ц Е Н З И Ј А
НА РАКОПИСОТ „ГЕОМОРФОЛОГИЈА“ ОД ПРОФ. Д-Р ДРАГАН КОЛЧАКОВСКИ

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет од 26.12.2024 година, бр. 02-3075/2, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот **Геоморфологија** од авторот проф. д-р Драган Колчаковски, редовен професор, наменет за студентите на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, за предметот Геоморфологија, избрани се академик проф. д-р Блажо Боев и академик проф. д-р Владо Матевски.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

И З В Е Ш Т А Ј

I. ОПШТ ДЕЛ
Основни податоци за ракописот

Назив на ракописот:	Геоморфологија
Назив на предметната програма:	Географија
Назив на студиската програма:	Наставна географија, Физичка географија со геоекологија и ГИС
Фонд на часови и ЕКТС-кредити (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети)**:**	4+4
Предметот Геоморфологија на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет е задолжителен предмет со фонд на часови – 4+4, број на ЕКТС-кредити – 8 и се слуша во II семестар.	
Реден број на изданието:	прво издание
Општи податоци за ракописот:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 488 страници (формат B5), со големина на фонтот – 11. Текстот е поделен во 13 поглавја. Содржи 440 фотографии, 14 табели, 81 карта, 216 скици, 9 графикони, 197 референци и регистар на 376 стручни поими.

РЕЦЕНЗЕНТИ

Академик проф. д-р Блажо Боев, с.р.
Академик проф. д-р Владо Матевски, с.р.

II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р БЛАЖО БОЕВ

Краток опис на содржината:	Содржината на ракописот на учебникот ГЕОМОРФОЛОГИЈА е презентиран на 488 страници во формат B5, со единечен проред. Како прилози на текстот се застапени 440 фотографии, 14 табели, 81 карта, 216 скици и 9 графикони. Ракописот е во согласност со предметната програма од наставниот предмет Геоморфологија на студиските програми: Наставна географија, Физичка географија со геоекологија и ГИС на Институтот за географија, и содржи 2 целини: Структурна геоморфологија и Динамичка геоморфологија. Тие се обработени во 18 поглавја. Структурната геоморфологија е прикажана во 5 поглавја: - Градба на Земјата и општи сознанија за минералите и карпите како градители на литосферата - Класификација на тектонските движења и нивното значење за создавање на структурниот релјеф - Внатрешна динамика на Земјата и нејзиното влијание врз создавањето на структурниот релјеф - Планетарна геоморфологија со обработка на структурниот релјеф на Месечината и на останатите цврсти небески тела во Сончевиот систем - Во посебно поглавје е обработен структурниот релјеф: планини, котлини и палеовулкански форми на територијата на Северна Македонија. Динамичката геоморфологија е изнесена во 13 поглавја, и во секое од нив се обработени засебни генетски категории на релјефни форми, како: денудациски, абразивен, флувијален, карстен, периглацијален глацијален и еолски релјеф. Во секое од поглавјата на крајот е обработен и соодветниот генетски тип на релјеф на територијата на Македонија. Ракописот „Геоморфологија“ завршува со регистар на 376 стручни изрази и поими.
Оцена за усогласеноста со предметната програма:	Ракописот е во целост усогласен со предметната програма.
Предлози за потребни корекции:	Приложениот текст на учебникот и прилозите се на високо ниво дизајнирани и нема потреба од дополнувања или одредени корекции.
Оцена на ракописот:	Концепцијата на ракописот по наставниот предмет Геоморфологија е во согласност со неговата намена. Текстуалните содржини и бројните прилози се соодветно систематизирани и класифицирани. Покрај основната намена за студентите на Институтот за географија, учебникот „Геоморфологија“, како фундаментална дисциплина во збирот на природните науки, ќе биде од голема корист и за студентите и истражувачите во областа на геолошките и други, сродни научни подрачја. За ракописот на учебникот „Геоморфологија“, исклучително позитивно се изјасниле и неколкумина водечки геоморфолози од Југоисточна Европа, како: акад. Гамс и акад. Кунавер од Словенија, проф. Гавриловиќ од Србија и проф. Балтаков од Бугарија.

	Ракописот „Геоморфологија“, според севкупната содржина, во согласност е со принципите и стандардите за печатено дело и ги исполнува сите услови за универзитетски учебник.
Категоризација:	учебник
Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:	Ракописот „Геоморфологија“ од проф. д-р Драган Колчаковски, наменет за реализација на предметната програма од наставниот предмет Геоморфологија, со фонд на часови: 4+4, во целост ги опфаќа потребните содржини предвидени во наставната програма. Содржините се соодветно систематизирани и богато се илустрирани. Наведениот ракопис е во согласност со стандардите за печатено дело и во целост ги исполнува условите за универзитетски учебник.

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Геоморфологија, примарно наменет за студентите на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Во Скопје, ____.____,2025 година

РЕЦЕНЗЕНТ

Академик проф. д-р Блажо Боев, с.р.

III. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р ВЛАДО МАТЕВСКИ

Краток опис на содржината:	Содржината на ракопис на учебникот ГЕОМОРФО-ЛОГИЈА е презентиран на 488 страници (формат B5), со единечен проред, поткрепено со 440 фотогра-фии, 14 табели, 81 карта, 216 скици и 9 графикони. Ракописот е соодветен на предметната програма од наставниот предмет Геоморфологија на студиските програми: Наставна географија, Физичка географија со геоекологија и ГИС, и содржи 2 целини: Структурна геоморфологија и Динамичка геоморфологија, кои се обработени во 18 поглавја. Структурната геоморфологија е прикажана во 5 поглавја. Динамичката геоморфологија е изнесена во 13 по-главја, и во секое од нив се обработени засебните ге-нетски категории на релјефни форми, како денуда-циски, абразивен, флувијален, карстен, периглација-лен глацијален и еолски релјеф. Последно е поглавјето за геоморфолошкото карти-рање, во кое се прикажани: концептот, методологи-јата на геоморфолошкото картирање и содржините на геоморфолошка карта Ракописот „Геоморфологија“ завршува со регистар на 376 стручни изрази и поими.
Оцена за усогласеноста со предметната програма:	Ракописот е целосно усогласен со предметната програма.
Предлози за потребни корекции:	Текстот на учебникот и бројните прилози се дизајни-рани на високо естетско ниво и не наоѓаме потреба за корекции.
Оцена на ракопис:	Концепциската поставеност на ракопис по наставниот предмет Геоморфологија, согласно со намената, целосна е и сеопфатна. Текстуалните содржини се соодветно систематизирани и класифицирани. Според тоа, ракопис „Геоморфологија“ е во согласност со принципите и стандардите за печатено дело и ги исполнува условите за универзитетски учебник.
Категоризација:	учебник
Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:	Ракопис „Геоморфологија“ од проф. д-р Драган Колчаковски, наменет за реализација на предметната програма од наставниот предмет Геоморфологија, со фонд на часови: 4+4, за студентите на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, во целост ги опфаќа потребните содржини предвидени во наставната програма. Содржините се соодветно систематизирани, класифицирани и богато се илустрирани. Според тоа, наведениот ракопис, според композицијата и содржината, во согласност е со принципите и стандардите за печатено дело и во целост ги исполнува условите за универзитетски учебник.

	Покрај неговата основна намена за студентите на Институтот за географија, учебникот „Геоморфоло-гија“, како една од фундаменталните дисциплини во збирот на природните науки ќе биде од голема ко-рист и за студентите и истражувачите во геолошки-те, биолошките, еколошките и други научни области.

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Геоморфологија, примарно наменет за студентите на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Во Скопје, ____._____, 2025 година

РЕЦЕНЗЕНТ

Академик проф. д-р Владо Матевски, с.р.

П Р Е Г Л Е Д

на одобрени теми за изработка на магистерски трудови на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет – Скопје, на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 30.01.2025 година.

1. МАГИСТЕРСКИ ТРУД

	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1.	Весна Трпчевска, дипломиран молекуларен биолог	„ВЛИЈАНИЕ НА МАСЛО ОД КАНАБИДИОЛ (CBD) ВРЗ ГЛУКОТОКСИЧНОСТА ВО МОЗОК КАЈ ДИЈАБЕТИЧНИ СТАОРЦИ“	„EFFECT OF CANNABIDIOL (CBD) OIL ON BRAIN GLUCOTOXICITY IN DIABETIC RATS“	д-р Биљана Миова, редовен професор на ПМФ – Скопје	**02-3187/5 од 06.02.2025**
2.	Даниел Николовски, дипломиран професор по хемија	„ЕВАЛУАЦИЈА НА ПЕРЦЕПЦИИТЕ НА УЧЕНИЦИТЕ И НАСТАВНИЦИТЕ ЗА ТЕМИ ОД ЗЕЛЕНА ХЕМИЈА И ОДРЖЛИВОСТ“	„EVALUATION OF STUDENTS’ AND TEACHERS’ PERCEPTIONS ON GREEN AND SUSTAINABLE CHEMISTRY TOPICS“	д-р Марина Стојановска, редовен професор на ПМФ – Скопје	**02-116/3 од 06.02.2025**

П Р Е Г Л Е Д
НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ

МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ

Ред бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1.	Бојана Манчевска	Карактеризација на отпад од конфекции за производство на заштитна и работна облека	Characterization of waste from the manufacture of protective and working apparel	Проф. д-р Елена Томовска	24.1.2025 година Бр. 02-129/1

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ РЕНДГЕНОЛОГИЈА И ФИЗИКАЛНА ТЕРАПИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за ветеринарна медицина – С копје, објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ од 28.11.2024 година, за избор на асистент во наставно-научната област ренденологија и физикална терапија, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 0202-1474/10, донесена на 26.12.2024 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Дамир Станин, редовен професор во пензија на Ветеринарниот факултет во Загреб, проф. д-р Зоран Врбанац, вонреден професор на Ветеринарниот факултет во Загреб и проф. д-р Дине Митров, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

Членовите на Рецензентската комисија од Универзитетот во Загреб, Ветеринарен факултет, Р Хрватска, го познаваат македонскиот јазик.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на асистент во наставно-научната област рендгенологија и физикална терапија, во предвидениот рок се пријави кандидатот Борис Димитриевски, ДВМ.

1. Биографски податоци и образование

Кандидатот Борис Димитриевски, доктор по ветеринарна медицина, е роден на 22.3.1996, во Велес. Средно образование завршил во СОУ Гимназија „Кочо Рацин“ во Велес, во 2014 година. Со високо образование се стекнал на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Дипломирал на 25.12.2020 година, со просечен успех 9,25.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик, ниво Ц1.

Како студент, кандидатот Борис Димитриевски има учествувано на бројни научни конференции, работилници и летни школи. Во периодот од 2015 до 2020 година бил активен член на Студентскиот парламент на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Во периодот од 2017 до 2020 година бил координатор за едукативни активности во ИВСА – Скопје, при што активно реализирал алтернативни предавања и работилници во соработка со професори и асистенти од Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Во периодот 2017 – 2020 година бил член на Комисијата за самоевалуација на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Во рамките на студентските активности, во периодот од 22 до 25.6.2017 година, во Златибор, има земено учество на студентска Ветеринијада организирана од страна на Факултетот за ветеринарна медицина во Белград; во периодот од 4 до 7.7.2018, во Охрид, има земено учество на студентската Ветеринијада организирана од Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, каде што бил член на Организацискиот одбор; во периодот 11 – 13.7.2019 година има земено учество на студентската Ветеринијада организирана од Факултетот за ветеринарна медицина во Љубљана. Во периодот од 2018 до 2019 година, како член на студентската организација ИВСА, активно учествувал во организирање на едукативниот настан за одговорно сопственишство „Денови на вашето миленице“, во соработка со Факултетот за ветеринарна медицина и поддржан од Град Скопје. Во периодот од 23 до 27.9.2018 година, учествувал на 5. Меѓународен Вет-Истанбул конгрес и 8. Меѓународни научни денови „Денови на ветеринарната медицина“ во Охрид. Во 2019 година, учествувал на работилницата „Менаџмент и клинички теми во малата пракса“, организирана од Ветеринарната комора на Македонија и Здружението на доктори по ветеринарна медицина за мала пракса на Македонија (MSAVA). Во периодот од 17.8 до 3.9.2019 година, успешно ја реализирал летната пракса на Факултетот за ветеринарна медицина во Санкт Петерсбург, Русија. По дипломирањето, реализира шестмесечно стажирање во Универзитетската ветеринарна болница, по што се стекнува со лиценца за работа и станува член на Ветеринарната комора на Република Северна Македонија во 2021 година.

На 17.6.2022 година е избран во звањето асистент на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, во областа рендгенологија и физикална терапија.

Во моментот е асистент. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1262 од 1.6.2022 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 1262, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

Наставно-образовна дејност

Во периодот од 2019 до 2020 година, согласно со Одлуката на Наставно-научниот совет (бр. 0202-1774/5 од 14.10.2019 година), кандидатот Борис Димитриевски, како студент на интегрираните прв и втор циклус студии при Факултетот за ветеринарна медицина, е избран за демонстратор по предметот Биологија и патологија на пчели на Катедрата за биологија и патологија на риби, пчели и дивеч.

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Факултет за ветеринарна медицина – Скопје, кандидатот Борис Димитриевски, ДВМ, почнувајќи од учебната 2022/2023 година изведува практична настава по предметот Визуелни дијагностички методи на интегрираните прв и втор циклус студии на студиската програма Ветеринарна медицина.

Научноистражувачка дејност

Кандидатот Борис Димитриевски учествувал во пет проекти, и тоа:

„National Platform for Improving Biosecurity in dairy cattle farms“ (NAPIB), каде главен носител е Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје, а поддржан од FAO (Food and Agriculture Organization) програма за Мали пилот студии – Применети истражувања на European Commission for the control of Foot-and-Mouth Disease (EuFMD) South Eastern Europe (SEE);

„Addressing the dual emerging threats of African Swine Fever and Lumpy Skin Disease in Europe“ (DEFEND), превземен од страна на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје, а е дел од HORIZON 2020 програмата финансирана од Европската комисија.

„Регенеративна медицина – примена на плазма збогатена со тромбоцити (ПРП) за иновативни терапии кај домашните миленици“

„Антимикробна резистенција кај бактерии изолирани од миленици во Република Северна Македонија“

„Reaching Beyond Borders: Enhancing Communication and English Proficiency in Veterinary Medicine Education VETCOM“.

Кандидатот има објавено вкупно: два научни труда во списанија со импакт-фактор: “Hypertrophic Osteopathy Associated with Lung Adenocarcinoma in a Cat: An Overview” и “First Report of Bovine Coenurosis in North Macedonia”, еден стручен труд во стручно списание – „Нативната радиографија како важна дијагностичка алатка за утврдување на опструкција предизвикана од туѓо тело кај мачка – приказ на случај“ и четири апстракти во зборници од меѓународни собири: “Radiological Diagnosis of an Ectopic Ureter in a Poodle - Case Report”, “Prevalence of Traumatic Appendicular Fractures in Dogs and Cats in the Republic of North Macedonia”, “Displacement of the Medial Fabella in West Highland White Terrier - Case Report” и “Radiographic Anatomy and Gastrointestinal Transit Time of Barium Sulfate in Red-eared Sliders (Trachemys scripta elegans)”.

Кандидатот има учествувано на голем број конференции, настани и работилници.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Кандидатот Борис Димитриевски активно е вклучен во стручно-апликативната работа на Ветеринарниот институт при Факултетот за ветеринарна медицина, од 2021 година.

Во период од 2015 до 2020 година бил член на Студентскиот парламент на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Во периодот од 2017 до 2020 година е избран за член на Комисијата за самоевалуација на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Во 2018 година бил избран за член на Организациониот одбор за реализирање на настанот „Ветеринијада 2018” во Охрид. Во 2018 и 2019 година бил избран за член на Организациониот одбор за реализација на настаните „Денови на вашето миленичe 2018” и „Денови на вашето миленичe 2019“ во Скопје.

Во 2022 година, кандидатот бил избран за член на Техничкиот секретаријат за реализација на 9th International Scientific Meeting "Days of veterinary medicine - 2022" во Охрид, а во 2024 година за член на Техничкиот секретаријат за реализација на 10th International Scientific

Meeting “Days Of Veterinary Medicine” and 2nd European Conference on Veterinary and Medical Education 2024 во Охрид. Во периодот од 2023 до 2024 година бил член на Комисија за промоција на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

Кандидатот е член на Центарот за кариера (Одлука бр. 0202-616/4 од 4.6.2024 година) и Комисијата за заштита од пожари и експлозии (Одлука бр. 0202-616/7 од 4.6.2024) на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје и активно е вклучен во нивната работа.

Оценка од самоевалуација

Кандидатот Борис Димитриевски доби позитивни оценки од анонимно спроведените анкети на студентите на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје за зимскиот семестар во учебната 2022/2023 година (извештај со бр. 03-276 од 6.2.2023 година), летниот семестар во учебната 2022/2023 година (извештај со бр. 03-848/2 од 10.07.2023 година), зимскиот семестар во учебната 2023/2024 година (извештај бр. 03-233/3 од 22.2.2024 година) и летниот семестар во учебната 2023/2024 година (извештај бр. 03-885 од 23.7.2024 година).

Заклучок и предлог

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Борис Димитриевски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Борис Димитриевски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето асистент во научната област област рендгенологија и физикална терапија.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, д-р Борис Димитриевски да биде избран во звањето асистент во научната област рендгенологија и физикална терапија.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Дамир Станин,
редовен професор на Ветеринарниот факултет во Загреб, професор во пензија, с.р.

Проф. д-р Зоран Врбанац,
вонреден професор на Ветеринарниот факултет во Загреб, с.р.

Проф. д-р Дине Митров,
редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, с.р.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Борис Димче Димитриевски
Институција: Факултет за ветеринарна медицина – Скопје
Научна област: рендгенологија и физикална терапија

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ
за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) Просечниот успех изнесува: 9,25.	ДА
2	Има познавање на најмалку еден странски јазик 1. Странски јазик: англиски, Ц1 2. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик 3. Издавач на документот: УКИМ, Филолошки факултет ,,Блаже Конески“ – Скопје 4. Датум на издавање на документот: 26.11.2024.	ДА

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Дамир Станин,
редовен професор на Ветеринарниот факултет во Загреб, професор во пензија, с.р.

Проф. д-р Зоран Врбанац,
вонреден професор на Ветеринарниот факултет во Загреб, с.р.

Проф. д-р Дине Митров,
редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, с.р.

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ХИРУРГИЈА, ОФТАЛМОЛОГИЈА И ОРТОПЕДИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за ветеринарна медицина – Скопје, објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ од 28.11.2024 година, за избор на асистент во наставно-научната област хирургија, офтламологија и ортопедија, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 0202-1474/8, донесена на 26.12.2024 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Пламен Тројачанец, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, проф. д-р Ксенија Илиевска, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје и проф. д-р Бранко Атанасов, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на асистент во наставно-научната област хирургија, офталмологија и ортопедија, во предвидениот рок се пријави кандидатот Јане Влахов, ДВМ.

Биографски податоци и образование

Кандидатот Јане Влахов, ДВМ, е роден на 28.7.1994 година, во Струмица. Средно образование завршил во СОУ „Димитар Влахов“ во Струмица, во 2013 година. Со високо образование се стекнал на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Дипломирал во 2020 година, со просечен успех 8,20.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик, ниво Ц1.

На 2.6.2022 година е избран во звањето асистент на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, во областите хирургија, офталмологија и ортопедија.

Во моментот е асистент. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1261 од 15.5.2022 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 1261, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Факултет за ветеринарна медицина – Скопје, кандидатот Јане Влахов, ДВМ, изведува практична настава по предметите Општа хирургија со анестезиологија, Офталмологија и Специјална хирургија на интегрираните прв и втор циклус студии на студиската програма Ветеринарна медицина.

Научноистражувачка дејност

Кандидатот Јане Влахов, ДВМ, има објавено вкупно 9 научни трудови, од кои 1 труд објавен во научно-стручно списание и 8 труда во зборници од научни собири.

Кандидатот Јане Влахов учествува во следниве проекти: „Антимикробна резистенција кај бактерии изолирани од миленици во Република Северна Македонија” и „Регенеративна медицина – примена на плазма збогатена со тромбоцити (ПРП) за иновативни терапии кај домашните миленици”.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Кандидатот Јане Влахов, активно е вклучен во стручно-апликативната работа на Универзитетската ветеринарна болница при Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, како дел од стручниот тим од областа на хирургија, офталмологија и ортопедија.

Кандидатот е член на Центарот за кариера на ФВМС (Одлука бр. 0202-616/4 од 4.6.2024 година) и активно е вклучен во неговата работа.

Оценка од самоевалуација

Кандидатот Јане Влахов доби позитивни оценки од анонимно спроведените анкети на студентите на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје за зимскиот семестар во учебната 2022/2023

година (извештај со бр. 03-276 од 6.2.2023 година), летниот семестар во учебната 2022/2023 година (извештај со бр. 03-848/2 од 10.07.2023 година), зимскиот семестар во учебната 2023/2024 година (извештај бр. 03-233/3 од 22.2.2024 година) и летниот семестар во учебната 2023/2024 година (извештај бр. 03-885 од 23.7.2024 година).

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на Јане Влахов, ДВМ.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека Јане Влахов поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето асистент во научната област хирургија, офталмологија и ортопедија.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, Јане Влахов, ДВМ, да биде избран во звањето **асистент** во научната област хирургија, офталмологија и ортопедија.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Пламен Тројачанец,
редовен професор на Факултетот за
ветеринарна медицина во Скопје, с.р.

Проф. д-р Ксенија Илиевска,
вонреден професор на Факултетот за
ветеринарна медицина во Скопје, с.р.

Проф. д-р Бранко Атанасов,
вонреден професор на Факултетот за
ветеринарна медицина во Скопје, с.р.

ОБРАЗЕЦ 1

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Јане Иле Влахов
Институција: Факултет за ветеринарна медицина – Скопје
Научна област: хирургија, офталмологија и ортопедија

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ
за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) Просечниот успех изнесува: 8,20.	Да
2	Има познавање на најмалку еден странски јазик 1. Странски јазик: англиски јазик, ниво Ц1 2. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик 3. Издавач на документот: УКИМ, Филолошки факултет „Блаже Конески“ 4. Датум на издавање на документот: 26.11.2024 година.	Да

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Пламен Тројачанец,
редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, с.р.

Проф. д-р Ксенија Илиевска,
вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, с.р.

Проф. д-р Бранко Атанасов,
вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, с.р.

Прилоī бр. 5

П Р Е Г Л Е Д

НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА – Скопје

1. ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ

Ред. бр.	Име и презиме на канди-датот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1.	Бесарт Јашари	**„Карактеризација, генетска типизација и AMR на Listeria monocytogenes од синџирот на исхрана на Косово“**	Characterization, genetic typing and antimicrobial resistance of Listeria monocytogenes in food chain in Kosovo	Проф. д-р Деан Јанкулоски	Бр. 0202- 175/9 од 17.02.2025 год.

Прилоī бр. 4

Р Е Ц Е Н З И Ј А

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ВЛИЈАНИЕ НА РЕЖИМИТЕ НА ОБРАБОТКА ВРЗ КВАЛИТЕТОТ НА РЕЗНАТА ПОВРШИНА ПРИ РЕЖЕЊЕ СО КРУЖНА ПИЛА“ ОД М-Р ДАМЈАН СТАНОЈЕВИЌ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, на седницата одржана на 31.1.2025 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Дамјан Станојевиќ со наслов: **ВЛИЈАНИЕ НА РЕЖИМИТЕ НА ОБРАБОТКА ВРЗ КВАЛИТЕТОТ НА РЕЗНАТА ПОВРШИНА ПРИ РЕЖЕЊЕ СО КРУЖНА ПИЛА,** во состав: проф. д-р Владимир Кољозов (претседател), проф. д-р Зоран Трпоски (ментор), проф. д-р Горан Златески (член), проф. д-р Ѓорги Груевски (член) и проф. д-р Бранко Рабаџиски (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатот м-р Дамјан Станојевиќ, со наслов: **ВЛИЈАНИЕ НА РЕЖИМИТЕ НА ОБРАБОТКА ВРЗ КВАЛИТЕТОТ НА РЕЗНАТА ПОВРШИНА ПРИ РЕЖЕЊЕ СО КРУЖНА ПИЛА,** содржи 169 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со единечен проред и големина на букви 12 и 74 библиографски единици, меѓу нив научни трудови и книги.

Трудот е структуриран во 8 глави. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето. Во прилог на трудот е дадено Авторезиме на авторот на македонски и англиски јазик, во кое кандидатот уредно ги прикажува своите гледишта кон трудот и добиените резултати. Приложена е и автобиографија на кандидатот со список на објавени трудови.

Во првото поглавје, ВОВЕД на трудот, изложен е предметот на истражувањето. Кандидатот укажува на важноста на кружните пили како најчесто користени алати за механичка обработка на дрвото, и нивната употреба за попречно, надолжно и комбинирано режење на материјалот. Кандидатот во воведниот дел дава внимание на изборот на кружните пили, кој може да биде со различни големини и карактеристики во зависност од материјалот кој се сече. Со анализата и изборот на алатот, кандидатот го потенцира процесот на режење, кој може да се изведе на два начина, со симнување на струготина (рендисување, глодање, дупчење, стругање, лупење, токарење, длабење и брусење) и без симнување на струготина (отсекување, пресекување и пробивање). Кандидатот во овој дел дава објаснување дека за обезбедување на квантитет и квалитет при обработка од големо значење е соодветниот избор на резниот алат во процесот на режење на дрвото. Кандидатот дава поврзување на карактеристиките на процесот на режење со квалитетот на истиот, односно укажува на тоа дека одредувањето на квалитетот на површината е комплексен процес зависен од хетерогената структура на дрвото, кинематиката на процесот на режење и условите за обработка. Притоа, наведува дека брзината на поместување на резниот алат-кружната пила има големо влијание на потрошувачката на енергија и дека познавањето на процесот на режење, како и неговото следење во целост, придонесува во намалување на трошоците на производството и заштеда на енергија. Оттука произлегува и целта на целосното истражување кое ќе се насочи кон добивање на резултати колку и како влијае брзината на поместување, истуреноста на резниот алат врз квалитетот на обработка, како и на потрошувачката на енергија.

Втората глава од докторската дисертација е насловена ПРЕДМЕТ И ЦЕЛ НА ТРУДОТ. Предмет на докторската дисертација е влијанието на брзината на движење, големината на истуреноста на кружната пила над обработуваното парче и затапеноста на кружната пила врз силата на режење и квалитетот на обработената површина при режење на бука (Fagus silvatica L.) со кружна пила. Излезните критериуми кои ќе бидат разгледани во оваа дисертација ќе бидат квалитетот на обработената површина (рапавоста на обработената површина и точноста на

обработка) и моќноста на режење. Критериуми за влезните, т.е. независните променливи ќе бидат брзината на поместот, затапеноста на алатот и вредноста на истуреноста на кружната пила над работното парче.

Се очекува дека анализата на податоците собрани во експериментот ќе покаже кој од трите влијателни фактори (брзина на помошното движење, истуреност на пилата и затапеност на алатот) има најголемо влијание врз моќта на режење, како и врз квалитетот на обработената површина.

Третата глава, насловена ТЕОРЕТСКИ ОСНОВИ, ја објаснува структурата на дрвото, посебно макроскопската и посебно микроскопската структура. Понатаму, ги анализира својствата на дрвото значајни за режење, механичката обработка на дрвото, основите на теоријата на режење каде се задржува на основите на геометријата на острицата, почетното острење и затапувањето на острицата, формите на затапување, основните видови на режење. Се задржува на формирањето на струготина при режењето, посебно при надолжно режење. Теоријата на сложено режење е таа која најчесто се случува и затоа ги објаснува параметрите на процесот на сложеното режење, посебно кај кружната пила и нејзината кинематика на режење.

Кандидатот го дефинира квалитетот на резната површина преку рапавоста на површината. Затоа, сериозно ги разгледува претходните истражувања. Истражувањата ги групира како процеси на режење на дрвото, брзина на поместување и резниот алат (геометрија, истуреност, абење).

Четвртата глава, насловена МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО, ги содржи основните методи за статистичка обработка на податоците и методите на компаративна анализа, како што се: методите на планирање експерименти, статистичките методи на експериментална обработка на податоците, методите на анализа и избор на функции на теоретската дистрибуција и непараметарските методи на евалуација на избраната дистрибуција. Од експерименталните методи, кандидатот ги користи: метод за индиректно мерење на моќноста потребна за режење со помош на уред за мерење – аквизиција развиен на Шумарскиот факултет во Белград, квантитативна (контактна) метода за определување на рапавоста на резната површина, мерење на точноста на обработката со дигитален дебломер на назначените места.

Кандидатот изработил истражувачки план за влијанието на режимот на обработка врз квалитетот на резната површина при режење на кружна пила, кој се состои од следниве фази: избор на суровина, подготовка на суровини, изработка на епрувети за испитување на физички и механички својства, испитување и анализа на физичките својства, избор на штици за изработка на епрувети за тестирање на влијанието на режимот на обработка врз квалитетот на режењето и врз силите на режењето, испитување на влијанието на начинот на обработка врз квалитетот на режењето и врз силите на режењето, анализа на резултатите и заклучоци.

Во подглавата „Избор на суровини и производство на епрувети за испитување на физичките својства“, кандидатот објаснува дека трупците добиени од избрани букови стебла (Fagus silvatica L.) во суровинската основа Гоч биле режени на штици со дебелина од 35 mm на лентовидна пила-трупчарка. Бидејќи во производството на мебел од буково дрво се користи дрво со влажност од 8 до 10 % (извор: Коларевиќ Д.О.О. Чиќевац), сортиментите се сушеле во сушара на влажност од 8 % и потоа е извршено кондиционирање. Целта на кондиционирањето е да се намали градиентот на влага на примероците, кој се создал при процесот на сушење, што истовремено ги намалува внатрешните напрегања во дрвото. По сушењето се избирале соодветни штици, се изврши рамнење и деблање и од тие штици се направени примероци со прави влакна, без јазли и пукнатини, со димензии 1100 mm × 30 mm × 150 mm. Потоа, примероците се етикетирани и секој од нив има своја ознака. За тестирање е избран неинфициран, без дефекти, материјал со просечна порозност и густина. Потоа, на секоја штица биле означени и изрежани шест епрувети со димензии 50x50x30 mm, по три на секоја страна од штицата. Секоја епрувета има соодветна шифра (на пр. епруветите изрежани од 4-та штица се шифрирани со D4f1, D4f2, D4f3, D4f4, D4f5 и D4f6). Епруветите се користени за испитување и анализа на физичките својства: влажност и густина. Детално, табеларно и графички се прикажани резултатите за влажноста на дрвото и неговата густина.

Во подглавата „Експериментални мерења“, се пристапува кон испитување на ефектот на режимот на обработка врз квалитетот на режењето, со мерење на моќноста на режење и акустичните емисии при одредени режими на обработка. Веднаш по режењето, мерена е и

рапавоста на резната површина, како и точноста на обработката за секој режим на обработка. Режимите на обработка се одредени со следните параметри кои претставуваат независни променливи:

- **TW** – (Tool Wearing) – абење на алатот – големина на затапеност на алатот [μm].
  - Истражувањето е спроведено при режење со остра пила (стапка на абење на алатот TW1).
- **u** – Брзина на поместот [m/min].
  - Истражувањето е спроведено со помошни брзини на движење u1=4 m/min, u2=8 m/min и u3=12 m/min.
- **h** – Истуреност на пилата во однос на предметот на обработка [mm].

Истражувањето е изведено со димензии на истуреноста на пилата во однос на предметот на работа од h1=10 mm, h2=20 mm и h3=30 mm. Истражувањето е извршено со вртежи од n=3940 min^{-1}, односно со константна брзина на главното движење V = 61,86m/s.

Затапеноста на алатот е измерена со помош на дигитален микроскоп Supereyes, во кој биле измерени два параметра на секое острица:

- растојание помеѓу идеалната и вистинската острица, и
- радиус на заоблување на острицата.

Кандидатот детално го опишува мерењето на моќноста на режење, односно при секое режење, моќта на режење е мерена преку ангажираната моќност на погонскиот електромотор со помош на мерно-аквизационен уред SRD1 наменет за лабораториски и индустриски мерења на моќта на режење на машини за преработка на дрво и плочи на база на дрво со трифазен погонски електричен мотор. Уредот ги собира, ги анализира и ги прикажува добиените податоци. Инсталацијата содржи ватметар CW-TAN, произведен од Circutor за небалансирани трифазни системи со следните карактеристики: 300 V, 5 A, напојување 230 VAC, 50 Hz, точност 0,5 %, со аналоген излез 0-10 V. Сигналот директно се внесува на картичката за аквизиција (слика 4.12), чиј опсег може да се приспособи (1, 2, 5 и 10 kW) во зависност од моќноста на погонскиот мотор на машината.

Уредот користи софтверски пакет Power Expert, развиен во соработка со Центарот за машини и алати за обработка на дрво и Unoloks од Белград. Сите сигнали се софтверски скалирани и конвертирани во реални вредности со соодветни мерни единици. Мерниот уред е преносliв и може да се поврзе со различни машини со ограничување на максималната дозволена моќност (до 10 KW).

Мерењето на акустичната емисија ја прикажува како процедура, односно растојанието на острицата на пилата до микрофонот изнесува 1200 mm во хоризонтална насока и 950 mm во вертикална насока од земјата (Tanaka 1988; Iskra and Tanaka 2006). Произведениот звук не е придушен, како што е предложено од Ченг и сор. (1998). Ресиверот е микрофон SHURE Beta 18. Резултатите добиени при снимањето на акустичната емисија ги претставува како 2D и 3D-проекции.

Мерењето на рапавоста на резната површина како еден од показателите за квалитетот на третираната површина е измерена со помош на контактно-механички мерач на рапавост TR200 во согласност со ISO-стандардот 4287 (1997). Како излезна вредност, добиена е вредноста на средното аритметичко отстапување на профилот Ra, што ја претставува средната аритметичка вредност на набљудуваниот профил на рапавост утврдена од отстапувањето околу централната линија во референтната должина. Инструментот се состои од призматично пластично куќиште кое носи игла. Врвот на иглата со дијаметар од 2 μm е направен од дијамант. Вертикалното движење на иглата се засилува и се претвора во електрични импулси кои се филтрираат.

Мерењето на точноста на обработката е извршено со помош на дигитален микроскоп Supereyes на таков начин што ширината на резот од пилата се мери за секој режим на обработка. Просечната вредност од десет измерени широчини на рез според истиот режим на обработка е земена како репрезентативна ширина на резот според режимот на обработка.

Во **петтата глава** насловена како РЕЗУЛТАТИ И АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО, кандидатот ги прикажува добиените резултати.

Во подглавата „Физичките својства на дрвото“, кои беа испитувани во оваа докторска дисертација, наведени се волуменската маса (густина) и содржината на влага на дрвото. Истражувањето за својствата на дрвото е направено на 20 букови штици од кои по

кондиционирање во машина за сушење се изрежани вкупно 120 епрувети (по правило по 6 од секоја штица), димензии 50 mm x 50 mm x 30 mm за одредување на густината и содржината на влага на дрвото. Со оглед на значителното влијание на густината врз својствата на дрвото, беа избрани примероци со униформни физички својства за понатамошно истражување, со цел да се намалат варијациите во својствата на резултатите од истражувањето за ефектот на режимот на обработка врз квалитетот на резната површина при режење букови штици со кружна пила. За истражувањето се користени вкупно 9 избрани штици со радијална анатомска насока и без видливи дефекти во структурата на дрвото.

Влажноста на пробите изнесува 8,0-8,5 % (25 проби), 8,5-9,0 % (50 проби) и 10 и над 10 % (25 проби). Густината на дрвото изнесува 0,60-0,65g/cm^3 (25 проби), 0,65-0,70g/cm^3 (45 проби), 0,70-0,75g/cm^3 (25 проби) и 0,75-0,80g/cm^3 (5 проби).

Во подглавата „Мерење на затапеноста на алатот“, кандидатот уште еднаш повторува дека затапеноста на алатот е измерена со помош на дигитален микроскоп Supereyes, во кој беа измерени два параметра на секое острица: растојание помеѓу идеална и вистинска острица и радиус на заоблување на острицата.

Во подглавата „Мерење на моќноста при режење со кружна пила“, за различни режими на експериментот добил од 433,06 до 1224,39W моќност на режење. При истите улови на режење а истуреност на кружната пила од 10, 20 и 30 mm, моќноста на режење се движи од 707,902 до 958,026W. Просечната моќ на режење при дефинираните режими на обработка е: P1 = 486.77625 W (u1h1tw1), P2 = 565.4925 W (u1h2tw1), P3 = 457.205 W (u1h3tw1), P4 = 863.85125 W (u2h1tw1), P5 = 833.815 W (u2h2tw1), P6 = 895.82 W (u2h3tw1), P7 = 1262.70125 W (u3h1tw1), P8 = 1197.60125 W (u3h2tw1) и P9 = 1195.8825 W (u3h3tw1).

Во подглавата „Мерење на акустичната емисија“, кандидатот го прикажува спектарот на акустична емисија – притисок (AP) на машината во мирување и во работа. Постои очигледна разлика помеѓу AP-спектарот на машината што работи и машината во мирување. Соло пик од 1,8 kHz на спектарот на моторот во мирување не се појавува на други записи поврзани со моторот што работи. Целиот спектрален регион на машинскиот спектар за време на обработката е покачен во споредба со спектарот на машината во мирување, со некои постојано повторувачки врвови. Пиковите на АП од особен интерес биле на 1,6 kHz, 3 kHz, 9 kHz и 15 kHz додека е испитувано подрачје на фреквенција од 200 Hz до 1,5 kHz на спектрите на работната машина. Според презентираните резултати, можно е и брзината на поместување и истуреноста на алатот да имаат значаен ефект врз вредностите на АП во фреквентниот регион кој се движи од 200 Hz до 1,5 kHz, со граница на доверба од 95 %. Статистичката анализа на средните вредности на набљудуваните површини покажува зголемување на AP како што се зголемуваа брзината на поместување и истуреноста на алатот.

Во подглавата „Мерење на рапавоста на обработената површина“, направени се вкупно 300 мерења, при брзини на помошно движење (u1=8m/min и u2=12m/min, при три големини на истуреност на кружната пила (h1=10mm, h2=20mm и h3=30mm) и на два степени на затапување на пилата (TW1 и TW2). Тестот на рапавост е извршен за секој режим на обработка, и тоа за секој режим на обработка на пет епрувети, по десет мерења. Врз основа на положбата на кривите на дадените дијаграми, кандидатот ги извлекува следниве заклучоци:

- Рапавоста на обработената површина се зголемува со зголемување на брзината на помошното движење и големината на истуреноста.
- Степенот на затапеност на алатот има значително влијание врз рапавоста на резната површина и колку е поголема затапеноста на алатот, толку е поголемо влијанието на брзината на помошното движење и големината на истуреноста.

Во **шестата глава** насловена како ДИСКУСИЈА, кандидатот врз основа на досегашните истражувања од проучуваната литература и врз основа на спроведеното истражување и анализа на добиените резултати, генерално заклучува дека е исполнета главната цел на ова истражување и успешно е потврдена воспоставената методологија за утврдување на влијанието на режимот на обработка врз квалитетот на резната површина на примерот на режење буково дрво со кружна пила. Анализата на потрошувачката на моќност за режење во оваа докторска дисертација покажа силна врска помеѓу брзината на помошното движење и потрошената моќност. Докажана е позитивна корелација, т.е. со зголемувањето на брзината на помошното движење се зголеми и

потрошувачката на моќност за режење. Најголема сила на режење била потребна при најголема помошна брзина на движење (u=12m/min), а најмала сила на режење била потребна при најниска помошна брзина на движење (u=4m/min). Дополнително, е пронајдена силна врска помеѓу потрошувачката на енергија и количината на испакнување на алатот над работното парче, но само ако истурeноста се зголеми од 10 mm на 30 mm.

Испитувањето на влијанието на брзината на помошното движење врз квалитетот на резната површина, т.е. за рапавоста во оваа докторска дисертација покажа дека, како и во претходните истражувања на повеќе автори, со зголемување на брзината на поместување, има зголемување на Ra, т.е. намалување на квалитетот на преработката. Значи, докажано е дека постои негативна корелација помеѓу брзината на помошното движење како независна променлива и квалитетот на режењето како зависна променлива.

Зголемувањето на рапавоста на обработената површина кога се зголемува брзината на помошното движење може да се објасни со тоа што при надолжното режење пред острицата се појавува пукнатина, која му претходи на навлегувањето на острицата во дрвната маса. На неговото создавање влијае зголемување на брзината на помошното движење, бидејќи тогаш се зголемува и дебелината на чипот. Така, раздвојувањето на чипот не го врши само острицата, туку и претпукнатината, чиј правец го следи правецот на истегнување на дрвните влакна, што доведува до создавање на рапавост не само од острицата туку и од претпукнатината.

Според прикажаните резултати, и брзината на напојување и истурeноста на алатот имаа значаен ефект врз вредностите на акустичниот притисок во опсегот на фреквенции кои се движат од 200 Hz до 1,5 kHz, со граница на доверба од 95 %. Статистичката анализа на средните вредности на набљудуваните површини покажа зголемување на акустичниот притисок како што се зголемија брзината на поместување и истурeноста.

Ковач и Крилек (2011) истакнуваат дека во практиката се јавуваат одредени последици поради намалување на квалитетот на острицата на алатот за режење и со тоа влијаат на целиот процес на режење. Целта на истражувањето е да се стекне сознанија за степенот на абење на алатот и да се развие соодветна методологија за евалуација на абењето на сечилата. Нагласија и дека во иднина ќе биде потребно да се генерализира наведената методологија за мерење на абењето на алатот за режење. Sandak, J. et al., 2011, истакнуваат дека абењето на алатот е природен феномен што се јавува за време на обработката на дрвото. Истакнуваат и дека остината на острицата позитивно влијае на квалитетот на обработката. Затоа, од индустриска гледна точка, од клучно значење е да се зголеми животниот век на алатот додека сè уште е доволно остар за да се осигура дека барањата за квалитет се исполнети. Во иста насока одат и резултатите од истражувањето во оваа докторска дисертација. Имено, степенот на затапеност на алатот имаше значително влијание врз квалитетот на резната површина. Поточно, просечната вредност на сите измерени вредности на рапавост при степенот на затапеност на алатката TW1 (остра алатка) е Ra = 6,7579 [μm], а просечната вредност на сите измерени вредности на рапавост при степен на затапеност од алатката TW2 (тапа алатка) е Ra = 7, 4055 [μm]. Ова јасно покажува дека поостриот алат постигнува подобро режење за 8,74 %.

Во **седмата глава,** насловена ЗАКЛУЧОЦИ, кандидатот дава широк спектар од заклучоци кои ги потврдуваат мерењата на: физичките својства на дрвото, затапеноста на резниот алат, истурeноста на резниот алат, брзината на помошното движење, моќноста на режење, акустичната емисија, рапавоста на резната површина и точноста на обработката (широчината на резот). Со оглед на тоа што условите на експериментот се многу блиску до реалните услови на производство, оваа студија има практично значење за определување на оптималните начини на режење на дрво, од гледна точка на квалитетот на обработената површина и заштедата на енергија.

Во **осмата глава,** насловена ЛИТЕРАТУРА, кандидатот дава приказ на целокупната користена литература, каде што се наведени 74 библиографски единици.

Предмет на истражување

Изборот на дрвниот вид – буката (Fagus Sylvatica) целосно го задоволува условот за избор на дрвен вид со кој ќе се вршат истражувањата, бидејќи тој добро механички се обработува. Истовремено, буката е комерцијално најзастапен дрвен вид на Балканот.

Правилно избраниот дрвен вид со правилно избраниот резен алат при соодветна брзина на помест и истуреност на резниот алат, значително ќе влијае на заштедата на енергија и на квалитетот на обработка на резната површина, како и на големината на акустичната емисија.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Изворите на литературата, главно, ги опфаќаат истражувањата во насока на заштеда на електричната енергија и на квалитетот на обработката при процесот на режење со кружна пила. Различен е пристапот и методологијата која ја применуваат истражувачите, зависно од можностите и условите кои можат да ги обезбедат. Во оваа дисертација се истражувани повеќе фактори кои, секој за себе, имаат одредено влијание, а сите кумулативно даваат изразени вредности кои можат и треба да се контролираат.

Краток опис на применетите методи

Основните методи на статистичка обработка на податоците и методите на компаративна анализа, кои се користени во дисертацијата, се:

- методи на планирање експерименти;
- статистички методи на експериментална обработка на податоци;
- методи на анализа и избор на функции на теоретска дистрибуција;
- непараметриски методи за евалуација на избраната дистрибуција.

Од експерименталните методи се користени:

- метод за индиректно мерење на моќноста потребна за режење со помош на уред за мерење – аквизиција развиен на Шумарскиот факултет во Белград;
- квантитативна (контактна) метода за определување на рапавоста на резната површина;,
- мерење на точноста на обработката со дигитален дебломер на назначените места.

Краток опис на резултатите од истражувањето

По експерименталното истражување и врз основа на анализата на добиените резултати, можеме да го констатираме следново:

- ✓ Просечната содржина на влага на дрвото се движеше од v = 8,28916 % (штици број 17) до v = 10,9166 % (штици број 10).
- ✓ Просечната густина на штиците се движеше од ρ = 0,6065 [g/cm3] до ρ = 0,7614 [g/cm3].
- ✓ Со оглед на значителното влијание на густината врз својствата на дрвото, за истражувањето беа избрани примероци со униформни физички својства, со цел да се намалат варијациите во својствата на резултатите од истражувањето за ефектот на режимот на обработка врз квалитетот на резната површина при режење букови штици со кружна пила. За истражувањето се користени вкупно 9 избрани штици со радијална анатомска насока и без видливи дефекти во структурата на дрвото.
- ✓ Просечната моќ на режење при брзината на помошното движење u1 = 4 [m/min] и истуреноста на пилата од h1 = 10 [mm] при режењето со остра пила е P1 = 486.77625 [W].
- ✓ Просечната моќност на режење при брзината на помошното движење u1 = 4 [m/min] и истуреноста на пилата од h2 = 20 [mm] при режењето со остра пила е P2 = 565.4925 [W].
- ✓ Просечната моќност на режење при брзината на помошното движење u1 = 4 [m/min] и истуреноста на пилата од h3 = 30 [mm] при режењето со остра пила е P3 = 457.205 [W].
- ✓ Просечната моќност на режење при брзината на помошното движење u2 = 8 [m/min] и истуреноста на пилата од h1 = 10 [mm] при режењето со остра пила е P4 = 863.85125 [W].
- ✓ Просечната моќност на режење при брзината на помошното движење u2 = 8 [m/min] и истуреноста на пилата од h2 = 20 [mm] при режењето со остра пила е P5 = 833.815 [W].
- ✓ Просечната моќност на режење при брзината на помошното движење u2 = 8 [m/min] и истуреноста на пилата од h3 = 30 [mm] при режењето со остра пила е P6 = 895.82 [W].
- ✓ Просечната моќност на режење при брзината на помошното движење u3 = 12 [m/min] и истуреноста на пилата од h1 = 10 [mm] при режењето со остра пила е P7 = 1262.70125 [W].
- ✓ Просечната моќност на режење при брзината на помошното движење u3 = 12 [m/min] и истуреноста на пилата од h2 = 20 [mm] при режењето со остра пила е P8 = 1197.60125 [W].
- ✓ Просечната моќ на режење при брзината на помошното движење u3 = 12 [m/min] и истуреноста на пилата од h3 = 30 [mm] при режењето со остра пила е P9 = 1195.8825 [W].

- ✓ При брзина на помошното движење u1 = 4 m/min, моќноста на режење е P1 = 486.77625 W, P2 = 565.4925 W и P3 = 457.205 W.
- ✓ При брзина на помошното движење u2 = 8 m/min, моќта на режење е P4 = 863.85125 W , P5 = 833.815 W и P6 = 895.82 W.
- ✓ При помошна брзина на движење u3 = 12 m/min, моќта на режење е P7 = 1262.70125 W, P8 = 1197.60125 W и P9 = 1195.8825 W.
- ✓ Со промена на големината на истурeноста на алатот во однос на обработуваното парче (h1=10mm, h2=20mm, h3=30mm), и при брзина на помошното движење u1 = 4 m/min, моќта на режење е R1 = 486,77625 W, P2 = 565,4925 W и P3 = 457,205 W.
- ✓ Со промена на големината на истурeноста на алатот во однос на обработуваното парче (h1=10mm, h2=20mm, h3=30mm), и при брзина на помошното движење u2 = 8 m/min, моќта на режење е P4 = 863,85125 W, P5 = 833,815 W и P6 = 895,82 W.
- ✓ Со промена на големината на истурeноста на алатот во однос на обработуваното парче (h1=10mm, h2=20mm, h3=30mm), и при брзина на помошното движење u3 = 12 m/min, моќта на режење е P7 = 1262,70125 W, P8 = 1197,60125 W и P9 = 1195,8825 B.
- ✓ Што се однесува до акустичните емисии, постои очигледна разлика помеѓу акустичната емисија машината за време на активна работа и машината што работи во мирување. Соло пик од 1,8 kHz на спектарот на моторот во мирување не се појавува на други записи поврзани со моторот што работи. Целиот спектрален регион на машинскиот спектар за време на обработката е покачен во споредба со спектарот на машината во мирување, со некои постојано повторувачки врвови,
- ✓ Врвовите на акустична емисија од особен интерес се на 1,6 kHz, 3 kHz, 9 kHz и 15 kHz додека опсегот на фреквенција од 200 Hz до 1,5 kHz е испитан на спектрите на работната машина,
- ✓ Што се однесува до квалитетот на резната површина, рапавоста се мери при брзини на помошно движење (u1=8m/min и u2=12m/min), при три големини на истурeноста на кружна пила (h1=10mm, h2 =20mm и h3=30mm) и при два степени на затапеност на пилата (TW1 и TW2). Тестот за рапавост е извршен за секој режим на обработка и за секој режим на обработка на пет епрувети беа направени по десет мерења на секоја епрувета.
- ✓ Минималната средна вредност на рапавоста на резната површина (Ra = 6,388857μm), т.е. највисок квалитет на обработка е постигнат при брзина на помошното движење од u1 = 8 [m/min], при големина на истурeност на пилата h1=10 [mm] и при степен на затапување TW2.
- ✓ Максималната средна вредност на рапавоста на резната површина (Ra = 8,41272μm), т.е. најнизок квалитет на обработка е постигнат при брзина на помошното движење од u2 = 12 [m/min], при големина на истурeност на пилата h1=30 [mm] и при степен на затапување TW2.
- ✓ Просечната вредност на сите измерени вредности на рапавост на степенот на затапеност на алатот TW1 (остар алат) е Ra = 6,7579 [μm].
- ✓ Просечната вредност на сите измерени вредности на рапавост при степен на затапеност на алатот TW2 (затапен алат) е Ra = 7,4055 [μm].
- ✓ Што се однесува до точноста на обработка, измерена е ширината на резот. Ширината на резот во зависност од режимот на обработка е: 3.4567, 3.47, 3.1911, 3.6025, 3.5377, 3.5809, 3.2326, 3.4093 и 3.3392 [mm].
- ✓ Највисока прецизност на обработката, односно најмала ширина на резот (bs=3,1911mm) е постигната со режимот на обработка u1h3tw1, т.е. при брзина на помошно движење u1 = 4 [m/min] и со големина на истурeноста на алатот h3 = 30 [mm].
- ✓ Најмалата прецизност на обработката, односно најголемата ширина на резот (bs=3,6025mm) е постигната со режимот на обработка u2h1tw1, т.е. при брзина на помошното движење u2 = 8 [m/min] и при големина на истурeност на алатот h1 = 10 [mm].

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатот м-р Дамјан Станојевиќ, со наслов: ВЛИЈАНИЕ НА РЕЖИМИТЕ НА ОБРАБОТКА ВРЗ КВАЛИТЕТОТ НА РЕЗНАТА ПОВРШИНА ПРИ РЕЖЕЊЕ СО КРУЖНА ПИЛА, претставува истражување во областа на машините, енергетиката и транспортот. Изработката на темата на оваа докторска дисертација ќе даде особен придонес во делот што ги опфаќа проблемите со режењето на дрвото со кружна пила, квалитетот на обработката при режењето, како и заштедата на енергија.

Докторската дисертација на кандидатот м-р Дамјан Станојевиќ, со наслов: ВЛИЈАНИЕ НА РЕЖИМИТЕ НА ОБРАБОТКА ВРЗ КВАЛИТЕТОТ НА РЕЗНАТА ПОВРШИНА ПРИ РЕЖЕЊЕ СО КРУЖНА ПИЛА, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1] Damjan Stanojevic (2023), INVESTIGATION OF THE DEPENDENCE OF CUTTING POWER AND SURFACE ROUGHNESS ON THE PROCESSING MODE", 6th International Scientific Conference „Wood Technology & Product Design“, Ohrid, Republic of North Macedonia.

[2] Damjan Stanojevic (2021), ANALYSES OF THE PROCESSING MODE ON THE CUTTING FORCE WHEN CUTTING BEECH WOOD", Proceedings, 5th international scientific conference WOOD TECHNOLOGY & PRODUCT DESIGN, Ohrid, Republic of North Macedonia, pp 244-250, 2021.

[3] Srdjan Svrzic, Marija Djurkovic, Gradimir Danon, and Damjan Stanojevic, (2021), ON ACOUSTIC EMISSION ANALYSIS IN CIRCULAR SAW CUTTING BEECH WOOD IN RESPECT TO POWER CONSUMPTION AND SURFACE ROUGHNESS, BioResources 16(4), 8239-8257.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Сметаме дека овој експериментален докторски труд со наслов: ВЛИЈАНИЕ НА РЕЖИМИТЕ НА ОБРАБОТКА ВРЗ КВАЛИТЕТОТ НА РЕЗНАТА ПОВРШИНА ПРИ РЕЖЕЊЕ СО КРУЖНА ПИЛА, ќе има практично и научно значење и ќе претставува научен придонес во областа која ги опфаќа проблемите со режењето на дрвото со кружна пила, квалитетот на обработката при режењето, како и потрошувачката на енергијата како значаен економски фактор.

Истражувањето и добиените резултати ќе придонесат за правилен избор на дрвниот вид и правилен избор на резниот алат, при соодветна брзина на поместување и истуреност на кружната пила при режење, што значително ќе влијае на заштедата на енергија, односно на намалувањето на потрошувачката на електрична енергија и на квалитетот на обработка, при процесот на режење со кружна пила. Акустичната емисија, исто така од гледна точка на заштита при работа, е значаен фактор кој треба внимателно да се анализира.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот **м-р Дамјан Станојевиќ** со наслов: **ВЛИЈАНИЕ НА РЕЖИМИТЕ НА ОБРАБОТКА ВРЗ КВАЛИТЕТОТ НА РЕЗНАТА ПОВРШИНА ПРИ РЕЖЕЊЕ СО КРУЖНА ПИЛА.**

КОМИСИЈА

Проф. д-р Владимир Кољозов, претседател, с.р.
Проф. д-р Зоран Трпоски, ментор, с.р.
Проф. д-р Горан Златески, член, с.р.
Проф. д-р Ѓорги Груевски, член, с.р.
Проф. д-р Бранко Рабациски, член, с.р.

Прилоī бр. 2

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) АКТЕРСКА ИГРА НА ФАКТУЛТЕТОТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за драмски уметности – Скопје, објавен во весниците „Вечер“ и „Коха“ од 10.12.2024 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања од подрачјето хуманистички науки, научно поле – уметности, научно потполе – драмски и аудиовизуелни уметности, од областа 6.04.02.03 – сценскоизведувачки уметности – актерска игра, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот, бр. 0202-635/6, донесена на 26.12.2024, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Сузана Киранџиска, редовна професорка на Факултетот за драмски уметности при УКИМ – Скопје, м-р Елјеса Касо, редовен професор на Факултетот за драмски уметности при УКИМ – Скопје и д-р Ана Стојаноска, редовна професорка на Факултетот за драмски уметности при УКИМ – Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања од подрачјето хуманистички науки, научно поле – уметности, научно потполе – драмски и аудиовизуелни уметности, од областа 6.04.02.03 - сценскоизведувачки уметности – актерска игра, во предвидениот рок се пријави д-р Кристина Леловац.

1. Биографски податоци и образование

Кандидатката д-р Кристина Леловац е родена на 2.6.1985 година во Скопје. Средно гимназиско образование завршила во Скопје, во 2004 година. Со високо образование се стекнала на Факултетот за драмски уметности при УКИМ – Скопје, на отсекот: Драмски актери, каде што се запишала во 2005 година. Дипломирала на истиот факултет во 2009 година, со просечен успех 9,8.

Во учебната 2010/2011 се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Факултетот за драмски уметности при УКИМ во Скопје. Студиите ги завршила во 2011 година, со просечен успех 10,00. На 14.10.2011 година го одбранила магистерскиот труд на тема: *КАСАНДРА – САМОСТОЈНА АКТЕРСКА КРЕАЦИЈА*.

Во 2014 година се запишала на третиот циклус сценскоизведувачки студии на Школата за докторски студии при УКИМ, Факултет за драмски уметности – Скопје, област на истражување: театрологија. Докторската дисертација на тема: ПОЕТИКАТА НА ТЕАТАРСКИОТ РЕЖИСЕР И ПЕДАГОГ ВЛАДИМИР МИЛЧИН ја одбранила на 30.9.2022 година на Факултетот за драмски уметности при УКИМ во Скопје.

На 5.12.2011 година, кандидатката е вработена како помлад асистент на Факултетот за драмски уметности при УКИМ во Скопје. На 23.6.2015 година е избрана во звањето доцент, а на 1.6.2020 година е избрана во звањето вонреден професор на Факултетот за драмски уметности при УКИМ во Скопје, во областа сценскоизведувачки уметности – актерска игра.

Во моментот е вонредна професорка на предметот Актерска игра 1 – 8, на Факултетот за драмски уметности при УКИМ во Скопје. Ја има подготвено програмата за изборниот предмет Платформа за современи изведувачки практики, дел од студиски програми на додипломските студии по Актерска игра, Театарска режија, Театарска и филмска драматургија и Продукција и програмата за изборниот предмет Современи изведувачки практики, дел од акредитираните студиски програми на вториот циклус студии по Актерска игра, Театарска режија, Театарска и филмска драматургија и Продукција на Факултетот за драмски уметности при УКИМ во Скопје, акредитирани во 2022 година.

Авторка е на 1 (еден) позитивно рецензиран и објавен универзитетски учебник – ЛЕЛОВАЦ, Кристина (2024) Поетиката на театарскиот режисер и педагог Владимир Милчин [Електронски извор], Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“.

Кандидатката активно се служи со македонски, српски и англиски јазик.

Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1215 – 15.5.2020.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 1019/2011, бр. 1101/2015 и бр. 1215 – 15.5.2020, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

2. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност, кандидатката д-р Кристина Леловац изведува настава и вежби од предметот

- Актерска игра 1 - 8, на прв циклус студии на студиската програма Актерска игра на Факултетот за драмски уметности при УКИМ – Скопје,

а од учебната 2017/2018 до учебната 2022/2023 година изведувала настава и вежби и од предметот

- Основи на актерска игра 1 - 2 на прв циклус студии на студиските програми Соло пеење и Балетска педагогија (класичен и современ балет) на Факултетот за музичка уметност при УКИМ – Скопје.

Од последниот избор во звање, редовно подготвувала, реализирала и учествувала на работилници и школи од областа на изведувачките уметности во земјата и во странство.

Другите активности на кандидатката кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, релевантни за изборот, детално се наведени во табелата 1 во Анекс 2 од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

Научноистражувачка дејност

Кандидатката д-р Кристина Леловац реализирала 5 (пет) усни презентации и 1 (едно) пленарно предавање на стручни и научни конференции во земјата и во странство и објавила 2 (два) труда, 2 (два) текста и 1 (еден) апстракт во зборници на трудови и публикации за изведувачки уметности и култура, објавени во Скопје, Белград, Амстердам, Лисабон и Загреб. Коавторка е на 1 (една) монографија.

Другите активности на кандидатката, кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот, наведени се во табелата 2 во Анекс 2 од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

Стручно-уметничка дејност

Кандидатката д-р Кристина Леловац, како актерка и изведувачка, главно настапува и соработува во развој на независни театарски продукции и перформанси (3 главни улоги и коавторка на 3 перформанси).

Како кураторка, од 2013 ја уредува изведувачката програма на Меѓународниот фестивал за феминистичка култура и акција ПРВО ПА ЖЕНСКО, во организација на Здружението за промоција на женската активност Тиииит! Инк. - Скопје, чија е коосновачка. Во 2021 година, ја иницирала Платформата за изведувачки уметности ИСПРОБУВАЊЕ ФЕМИНИСТИЧКИ ИДНИНИ, во рамки на која работела на поддршка на креативните процеси и продукцискатa реализација на перформансите СРАМ и ЈОВАНО, ЈОВАНКЕ во 2021 г. и МАЧКАТА ЕЛЕОНОРА во 2023 г.

Како кокураторка, во 2023 г. работела на изложбата ONCE IN A LIFETIME Rare Experiences of the City as a Stage – претставување на Република Северна Македонија во рамки на студентскиот павилјон на Квадриеналето за перформанс и дизајн на простор во Прага, Р Чешка (The Prague Quadrennial of Performance Design and Space), во продукција на Фестивал МОТ, организацијата „FR~U“, Факултетот за драмски уметности и Архитектонскиот факултет при УКИМ во Скопје.

Во 2024 г., кандидатката ја кокурурала и програмата на резиденцијата за истражување уметнички практики СОНУВАНОТО ЗАЕДНИЧКО во с. Слоештица, во организација на Артопија – Скопје, а во рамки на платформата ИСПРОБУВАЊЕ ФЕМИНИСТИЧКИ ИДНИНИ, истата година, ја иницирала Малата школа за феминистичко драматуршко размислување ПРАВЕЊЕ ФЕМИНИСТИЧКИ ТЕАТАР/ПРАВЕЊЕ ТЕАТАР ФЕМИНИСТИЧКИ.

Другите активности на кандидатката кои припаѓаат во стручно-уметничката дејност, релевантни за изборот, наведени се во табелата 3 во Анекс 2 од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Кандидатката д-р Кристина Леловац, како актерка, изведувачка и модераторка на дискурзивни програми, учествувала на повеќе домашни и меѓународни фестивали во областа на сценскоизведувачките уметности.

Како вонредна професорка активно вклучена во стручно-апликативната работа на Факултетот за драмски уметности при УКИМ во Скопје, со класите драмски актери 2017 и 2021, учествувала на повеќе домашни и меѓународни театарски фестивали.

Како раководителка на Катедрата за актерска игра, д-р Кристина Леловац го координирала процесот на подготовката на елаборатите за студиската програма Актерска игра за прв и втор циклус студии, акредитирани во 2022 година.

Кандидатката покажува значајна активност и во дејностите од поширок интерес.

Кандидатката д-р Кристна Леловац е избрана за раководителка на Катедрата за актерска игра во 2021 и 2024 година и два пати била членка на комисија за избор во звање на Факултетот за драмски уметности при УКИМ во Скопје.

Како коавторка и изведувачка на перформансот ГЛУМиЦИ, во 2022 учествувала на Меѓународниот театарски фестивал МОТ, каде што перформансот ја освојува наградата за најдобра домашна продукција „Биш“.

Другите активности на кандидатката кои припаѓаат во стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес, релевантни за изборот,

наведени се во табелите 4 и 5 во Анекс 2 од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

Оценка од самоевалуација

Кандидатката вонр. проф. д-р Кристина Леловац, во 2024 година, доби највисока оценка 5,00 од анонимно спроведената анкета на студентите на Факултетот за драмски уметности при УКИМ во Скопје.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-уметничката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Кристина Леловац.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Кристина Леловац поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето редовен професор од подрачјето хуманистички науки, научно поле – уметности, научно потполе – драмски и аудиовизуелни уметности, од областа 6.04.02.03 - сценскоизведувачки уметности – актерска игра.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за драмски уметности при УКИМ во Скопје, д-р Кристина Леловац да биде избрана во звањето **редовен професор** од подрачјето хуманистички науки, научно поле – уметности, научно потполе – драмски и аудиовизуелни уметности, од областа 6.04.02.03 – сценскоизведувачки уметности – актерска игра.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Сузана Киранџиска, с.р.
Проф. м-р Елјеса Касо, с.р.
Проф. д-р Ана Стојаноска, с.р.

ОБРАЗЕЦ 1

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидатка: Кристина Лука Леловац
Институција: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за драмски уметности – Скопје
Научна област: сценскоизведувачки уметности – актерска игра (6.04.02.03)

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА – ДОЦЕНТ, ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР И РЕДОВЕН ПРОФЕСОР НА СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ ПРЕДМЕТИ

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови
1	**За доцент, вонреден професор и редовен професор по стручно-уметничките предмети може да биде избрано и лице без научен степен – доктор на науки, кое има завршено соодветно високо образование од втор циклус** ● Кандидатката има научен степен – доктор на уметности (D.A.): Во 2014 година се запишала на третиот циклус сценскоизведувачки студии на Школата за докторски студии при УКИМ, Факултет за драмски уметности – Скопје, област на истражување: театрологија. Докторската дисертација на тема: ПОЕТИКАТА НА ТЕАТАРСКИОТ РЕЖИСЕР И ПЕДАГОГ ВЛАДИМИР МИЛЧИН ја одбранила на 30.9.2022 година на Факултетот за драмски уметности при УКИМ – Скопје.	**ДА**
2	**Признати уметнички и стручни дела, односно остварувања кои се од особено значење за афирмација на културата и уметноста во и надвор од земјата** <u>Актерка</u> ● главна улога во целовечерната театарска претстава КОЖУРЕЦ, во режија на Билјана Радиноска, АРТОПИЈА – Скопје, 2020 <u>Коавторка и изведувачка</u> ● целовечерна театарска претстава ГЛУМиЦИ, АРТОПИЈА - Скопје, 2021 ● целовечерен перформанс ДРАГА РЕПУБЛИКО, Арт проект лаб, 2021 ● целовечерен перформанс УНИВЕРЗАЛНА ВО ПЛАМЕН, ЈУ МКЦ - Скопје и МОТ+, 2020 <u>Кураторка и кокураторка</u> ● мала школа за феминистичко драматуршко размислување ПРАВЕЊЕ ФЕМИНИСТИЧКИ ТЕАТАР/ПРАВЕЊЕ ТЕАТАР ФЕМИНИСТИЧКИ, 2024	**ДА**

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови
	● уметничката резиденција за истражување уметнички практики СОНУВАНОТО ЗАЕДНИЧКО во с. Слоештица, Артопија – Скопје, 2024 ● изложба ONCE IN A LIFETIME Rare Experiences of the City as a Stage – претставување на Република Северна Македонија во рамки на студентскиот павилјон на Квадриеналето за перформанс и дизајн на простор во Прага, Р Чешка (The Prague Quadrennial of Performance Design and Space), Фестивал МОТ, FR~U, ФДУ и Архитектонски факултет - Скопје, 2023 ● платформа за изведувачки уметности ИСПРОБУВАЊЕ ФЕМИНИСТИЧКИ ИДНИНИ, од 2021 до денес ● изведувачка програма на Фестивалот за феминистичка култура и акција ПРВО ПА ЖЕНСКО од 2013 до денес <u>Стручна поддршка на креативен процес и продукциска реализација</u> ● целовечерен перформанс „Срам” на Ангела Стојановска, копродукција на Фестивалот ПРВО ПА ЖЕНСКО и Млад отворен театар, 2021 ● целовечерен танцов перформанс „Јовано, Јованке” на Јована Зајкова, копродукција на Фестивалот ПРВО ПА ЖЕНСКО и Млад отворен театар, 2021 ● целовечерен перформанс „Мачката Елеонора”, продукција на Тиииит! Инк., 2023 <u>Пленарни предавања на меѓународни конференции</u> ● FOR A NEW AND MORE POSSIBLE MEETING на меѓунардоната конференција TOWARDS STRONGER PERIPHERIES: NEW COALITIONS AND POLICIES OF SOLIDARITY во Белград, Србија + објавен апстракт <u>Објавени публикации</u> ● труд “FOR A NEW AND MORE POSSIBLE MEETING: REHEARSING FEMINIST FUTURES Platform as Feminist Practice of More-Than-Collaboration in the Contemporary Performing Arts“ во Costa, P., Lopes, R.V., Pletikosa, A. (coord). 2024. Stronger Peripheries: Building a Southern Coalition in Performing Arts, Lisbon and Zagreb: DINÂMIA’CET-iscte, Artemrede—Teatros Associados and POGON—Zagreb Center for Independent Culture and Youth, 2024 ● монографија ЛЕЛОВАЦ, Кристина, СТАРДЕЛОВА, Јана и КОЦЕВСКА, Јана (2024) „ПРВО ПА ЖЕНСКО: ГОДИНИ БУДЕЊЕ = FIRSTBORN GIRL: 10 YEARS AWAKE: 2013-2022“, Скопје: Здружение за промоција на женската активност ТИИИИТ! ИНК, ISBN 978-608-67167-1-4. [COBISS.MK-ID 63788805], 2024 ● позитивно рецензиран и објавен универзитетски учебник – ЛЕЛОВАЦ, Кристина (2024). Поетиката на театарскиот режисер и педагог Владимир Милчин	

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови
	[Електронски извор], Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ ● Jovanovski, Filip, Vaseva, Ivana and Lelovac, Kristina (2021) THIS BUILDING TALKS TRULY in Vilenica, Ana ed. RADICAL HOUSING: ART, STRUGGLE, CARE, Institute of Network Cultures, Amsterdam, 2021, pg. 210 - 219 ● труд *Случајот „Свети Сава“ во ЈДП – влијанието на политичкиот контекст на рецепцијата на театарската претстава* / “The Case “St. Sava” in YDT The impact of political context on the reception of a theatre play“, во ARS ACADEMICA бр. 8, ФДУ и ФМУ – Скопје, 2020 Останатите уметнички и стручни дела, односно остварувања од областа се наведени во Образец 2	
3	**Има способност за наставна работа**	**ДА**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Сузана Киранциска, с.р.
Проф. м-р Елјеса Касо, с.р.
Проф. д-р Ана Стојаноска, с.р.

Анекс 2

ОБРАЗЕЦ

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидатка: Кристина Лука Леловац
Институција: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за драмски уметности – Скопје
Научна област: сценскоизведувачки уметности – актерска игра (6.04.02.03)

1. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на дејноста Број на часови x недели x поени	Поени
1	Актерска игра 7 (I семестар, 2020/21 предавања) 8x15x0.04	4,8
2	Основи на актерска игра 1 (I семестар, 2020/21 предавања) 2x15x0.04	1,2
3	Актерска игра 8 (II семестар, 2020/21 предавања) 8x15x0.04	4,8
4	Основи на актерска игра 2 (II семестар, 2017/18 предавања) 2x15x0.04	1,2
5	Актерска игра 1 (I семестар, 2021/22 предавања) 8x15x0.04	4,8
6	Основи на актерска игра 1 (I семестар, 2021/22 предавања) 2x15x0.04	1,2
7	Актерска игра 2 (II семестар, 2021/22 предавања) 8x15x0.04	4,8
8	Основи на актерска игра 2 (II семестар, 2021/22 предавања) 2x15x0.04	1,2
9	Актерска игра 3 (I семестар, 2022/23 предавања) 8x15x0.04	4,8
10	Основи на актерска игра 1 (I семестар, 2022/23 предавања) 2x15x0.04	1,2
11	Актерска игра 4 (II семестар, 2022/23 предавања) 8x15x0.04	4,8
12	Основи на актерска игра 2 (II семестар, 2022/23 предавања) 2x15x0.04	1,2
13	Актерска игра 5 (I семестар, 2023/24 предавања) 8x15x0.04	4,8
14	Актерска игра 6 (II семестар, 2023/24 предавања) 8x15x0.04	4,8
15	Актерска игра 7 (I семестар, 2024/25 предавања) 8x11x0.04	3,52
16	Актерска игра 7 (I семестар, 2020/21 вежби) 6x15x0.03	2,7
17	Актерска игра 8 (II семестар, 2020/21 вежби) 6x15x0.03	2,7
18	Актерска игра 1 (I семестар, 2021/22 вежби) 4x15x0.03	1,8
19	Актерска игра 2 (II семестар, 2021/22 вежби) 4x15x0.03	1,8
20	Актерска игра 3 (I семестар, 2022/23 вежби) 4x15x0.03	1,8
21	Актерска игра 4 (II семестар, 2022/23 вежби) 4x15x0.03	1,8
22	Актерска игра 5 (I семестар, 2023/24 вежби) 4x15x0.03	1,8
23	Актерска игра 6 (II семестар, 2023/24 вежби) 4x15x0.03	1,8
24	Актерска игра 7 (I семестар, 2024/24 вежби) 6x11x0.03	1,98
25	Менторка (раководителка на школа) на 4 интермедијални и интеркултурални изведувачки проекти во рамки на платформата EARTH STATIONS на BACACI SJENKI - Zagreb, 2021	1,5
26	Раководителка на работилница за рефлексија на колективниот уметнички процес на создавање на претставата	1,5

	ГЛУМиЦИ во рамки на Уметничката резиденција за истражување театарски практики во с. Слоештица на АРТОПИЈА, 2022	
27	Менторка (раководителка на школа) на 4 интермедијални и интеркултурални изведувачки проекти во рамки на платформата EARTH STATIONS на BACACI SJENKI - Zagreb, 2022	1,5
28	Авторка на позитивно рецензиран универзитетски учебник: ПОЕТИКАТА НА ТЕАТАРСКИОТ РЕЖИСЕР И ПЕДАГОГ ВЛАДИМИР МИЛЧИН, 2024	8
	ВКУПНО ПОЕНИ од НО	**79,14**

2. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на дејноста**	**Поени**
1	Учество со усна презентација на тема: Феминистичко курирање на Фестивалот ПРВО ПА ЖЕНСКО, во рамки на Curating in context summer school на Локомотива – Скопје, во партнерство со Универзитетот за уметности во Стокхолм, Универзитетот во Загреб и Tanzfabrik - Берлин, онлајн, 2020	1
2	Објавен труд: *Случајот „Свети Сава“ во ЈДП – влијанието на политичкиот контекст на рецепцијата на театарската претстава* / “The Case “St. Sava” in YDT The impact of political context on the reception of a theatre play“, во ARS ACADEMICA бр. 8, ФДУ и ФМУ – Скопје, 2020	5
3	Објавен текст: „Правење феминистички театар, правење театар феминистички“/ “Making theatre - The Feminist Way“, во публикацијата „Платформа за изведувачки уметности ИСПРОБУВАЊЕ ФЕМИНИСТИЧКИ ИДНИНИ“ / “RECHERSING FEMINIST FUTURES Performing Arts Platform Publication“, Tiiiit! Inc. pg. 31- 33, 2021	1
4	Објавен коавторски текст: Jovanovski, Filip, Vaseva, Ivana and Lelovac, Kristina THIS BUILDING TALKS TRULY in Vilenica, Ana ed. RADICAL HOUSING: ART, STRUGGLE, CARE, Institute of Network Cultures, Amsterdam, 2021, pg. 210 - 219, 2021	3
5	Учество со усна презентација во рамки на воведната сесија за искуствата на партнерствата воспоставени помеѓу глобалните интернационални невладини организации и локалните граѓански организации на Форумот за учење и размена 2021: Кокреирање трансформативни и иновативни партнерства на CONCORD Europe, онлајн, 2021	1
6	Учество со усна презентација „Универзална во пламен - трагедија во шест декади“ на меѓународната научна конференција КРЕАТИВНОСТ И ИНОВАЦИИ ВО ТЕАТАРОТ, МЕДИУМИТЕ И КУЛТУРНАТА ПРОДУКЦИЈА: ВИЗИИ И ВРЕДНОСТИ ЗА ИДНИНАТА во Белград, Србија, 2021	1
7	Учество со усна презентација на панел дискусијата „Женските права во образованието и образовните системи“	1

	во рамки на конференцијата POLITICS OF WOMEN - SHAPING THE FEMINIST FUTURE, Загреб, Хрватска, 2023	
8	Учество со усна презентација во дискусијата за воведување на театарот за деца и млади во студиските програми на драмските факултети во регионот во рамки на ASSITEJ ARTISTIC GATHERING - TURNING POINT, Белград, Србија, 2023	1
9	Објавен труд “FOR A NEW AND MORE POSSIBLE MEETING: REHEARSING FEMINIST FUTURES Platform as Feminist Practice of More-Than-Collaboration in the Contemporary Performing Arts“ во Costa, P., Lopes, R.V., Pletikosa, A. (coord). 2024. Stronger Peripheries: Building a Southern Coalition in Performing Arts, Lisbon and Zagreb: DINÂMIA’CET-iscte, Artemrede—Teatros Associados and POGON—Zagreb Center for Independent Culture and Youth, 2024	3
10	Пленарно предавање “FOR A NEW AND MORE POSSIBLE MEETING“, на меѓународната конференција TOWARDS STRONGER PERIPHERIES: NEW COALITIONS AND POLICIES OF SOLIDARITY во Белград, Србија, 2024	3
11	Објавен апстракт за пленарното предавање: “FOR A NEW AND MORE POSSIBLE MEETING“, во зборникот за меѓународната конференција TOWARDS STRONGER PERIPHERIES: NEW COALITIONS AND POLICIES OF SOLIDARITY во Белград, Србија, 2024	1
12	Коавторка (со Старделова, Ј и Коцевска, Ј.) на монографијата „ПРВО ПА ЖЕНСКО: ГОДИНИ БУДЕЊЕ = FIRSTBORN GIRL: 10 YEARS AWAKE: 2013-2022“, Скопје: Здружение за промоција на женската активност ТИИИИТ! ИНК, ISBN 978-608-67167-1-4. [COBISS.MK-ID 63788805], 2024	6,4
	ВКУПНО ПОЕНИ од НИ	**27,4**

3. СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на дејноста**	**Поени**
1	Програмска уредничка на изведувачката програма на Фестивалот за феминистичка култура и акција ПРВО ПА ЖЕНСКО 8, 2020	1
2	Соработничка во развој на перформансот и главна улога во целовечерниот перформанс УНИВЕРЗАЛНА ВО ПЛАМЕН, ЈУ МКЦ - Скопје и МОТ+, 2020	8
3	Главна улога во целовечерната театарска претстава КОЖУРЕЦ, во режија на Билјана Радиноска, АРТОПИЈА - Скопје, 2020	8
4	Програмска уредничка на изведувачката програма на Фестивалот за феминистичка култура и акција ПРВО ПА ЖЕНСКО 9, 2021	1

5	Продукциска реализација на целовечерниот перформанс “Срам” на Ангела Стојановска, ко-родукција на Фестивалот ПРВО ПА ЖЕНСКО и Млад отворен театар, 2021	8
6	Продукциска реализација на целовечерниот танцов перформанс “Јовано, Јованке” на Јована Зајкова, ко-продукција на Фестивалот ПРВО ПА ЖЕНСКО и Млад отворен театар, 2021	8
7	Ко-авторка на целовечерниот перформанс ДРАГА РЕПУБЛИКО, Арт проект лаб, 2021	8
8	Ко-авторка и главна улога во целовечерната театарска претстава ГЛУМиЦИ, АРТОПИЈА - Скопје, 2021	8
9	Програмска уредничка на изведувачката програма на Фестивалот за феминистичка култура и акција ПРВО ПА ЖЕНСКО 10, 2022	1
10	Програмска уредничка на изведувачката програма на Фестивалот за феминистичка култура и акција ПРВО ПА ЖЕНСКО 11, 2023	1
11	Ко-кураторка на изложбата ONCE IN A LIFETIME Rare Experiences of the City as a Stage - претставување на Република Северна Македонија во рамки на студентскиот павилјон на Квадриеналето за перформанс и дизајн на простор во Прага, Р. Чешка (The Prague Quadrennial of Performance Design and Space), Фестивал МОТ, FR~U, ФДУ и Архитектонски факултет - Скопје	10
12	Продукциска реализација на целовечерниот перформанс “Мачката Елеонора”, продукција на Тиииит! Инк., 2023	8
13	Програмска уредничка на изведувачката програма на Фестивалот за феминистичка култура и акција ПРВО ПА ЖЕНСКО 12, 2024	1
14	Програмска соуредничка на Уметничката резиденција за истражување уметнички практики СОНУВАНОТО ЗАЕДНИЧКО во с. Слоештица, Артопија - Скопје	1
15	Програмска уредничка на Малата школа за феминистичко драматуршко размислување ПРАВЕЊЕ ФЕМИНИСТИЧКИ ТЕАТАР/ПРАВЕЊЕ ТЕАТАР ФЕМИНИСТИЧКИ, 2024	1
	ВКУПНО ПОЕНИ од СУ	**73**

4. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на дејноста	Поени
1	Учество со претставата КОЖУРЕЦ на Меѓународниот театарски фестивал МОТ во Скопје, 2020	4
2	Учество со перформансот УНИВЕРЗАЛНА ВО ПЛАМЕН на Меѓународниот театарски фестивал МОТ во Скопје, 2020	4
3	Учество на студентите од класата Драмски актери 2017-2021 со испитната претстава ЖЕНИДБА од Н. В. Гоголь на Меѓународните студентски средби СКОМРАХИ во Скопје, 2020	4
4	Учество на перформансот ЈОВАНО, ЈОВАНКЕ на Јована Зајкова на Меѓународниот театарски фестивал МОТ во Скопје, 2021	4
5	Учество на перформансот СРАМ на Ангела Стојановска на Меѓународниот театарски фестивал МОТ во Скопје, 2021	4
6	Учество на студентите од класата Драмски актери 2017-2021 со дипломската претстава МУРЛИН МУРЛО од Н. Кољада на МТФ „Војдан Чернодрински“ во Прилеп, 2021	2
7	Учество на студентите од класата Драмски актери 2017 – 2021 со дипломската претстава ВИЕНСКИ СТОЛ на Меѓународниот студентски театарски фестивал на Академијата за уметности Нови Сад, 2021	4
8	Учество со перформансот ДРАГА РЕПУБЛИКО на серијата културни настани 30 ГОДИНИ НЕЗАВИСНОСТ во организација на Владата на Република Северна Македонија, 2021	2
9	Учество со перформансот ОВАА ЗГРАДА ЗБОРУВА (НА)ВИСТИНА на Меѓународниот фестивал за современи изведувачки уметности МЛАДИ ЛЕВИ во Љубљана, Словенија, 2021	4
10	Учество како комодераторка на дискурзивниот настан ДИЈАЛОГ ШТО НЕДОСТАСУВА на Меѓународниот театарски фестивал МОТ во Скопје, 2022	4
11	Учество со претставата ГЛУМиЦИ на Меѓународниот театарски фестивал МОТ во Скопје, 2022	4
12	Учество на студентка од класата 2017 – 2021 со дипломската претстава КРИК на Интернационалниот фестивал на монодрама во Битола, 2022	4
13	Координаторка во подготовката на елаборат за нова студиска програма – Актерска игра, додипломски студии, 2022	1
14	Координаторка во подготовката на елаборат за нова студиска програма – Актерска игра, постдипломски студии, 2022	1
15	Учество како модераторка на презентацијата на Платформата за изведувачки уметности ИСПРОБУВАЊЕ ФЕМИНИСТИЧКИ ИДНИНИ на Меѓународниот театарски фестивал МОТ во Скопје, 2023	4
16	Учество како комодераторка на дискурзивниот настан ДИЈАЛОГ ШТО НЕДОСТАСУВА на Меѓународниот театарски фестивал МОТ во Скопје, 2023	4

17	Учество со претставата ГЛУМиЦИ на Будва град театар во Будва, Црна Гора, 2023	4
18	Учество на перформансот СРАМ на Ангела Стојановска на Интернационалниот фестивал на монодрама во Битола, 2023	4
19	Учество на перформансот СРАМ на Ангела Стојановска на МТФ „Војдан Чернодрински“ во Прилеп, 2023	2
20	Учество со претставата ГЛУМиЦИ на програмата БИТЕФ ЗОНА во Театарот Битеф во Белград, Србија, 2023	4
21	Учество со претставата ГЛУМиЦИ на Фестивалот на нов театар во Арад, Романија, 2023	4
22	Учество со претставата ГЛУМиЦИ на Европскиот театарски фестивал ТЕСТ во Темишвар, Романија, 2023	4
23	Учество со претставата ГЛУМиЦИ на средбата на Француската канцеларија за соработки во полето на современите изведувачки уметности ОНДА со локалната сцена на изведувачки уметности во Скопје, 2023	2
24	Учество на студентите од класата Драмски актери 2021 – 2025 со испитната претстава СЦЕНИ ОД А. П. ЧЕХОВ на Меѓународниот студентски фестивал ДИОНИЗ во Ѓаково, Хрватска, 2023	4
25	Учество на студентите од класата Драмски актери 2021 – 2025 со испитната претстава КРАЛ ИБИ од А. Жари на Меѓународните студентски средби СКОМРАХИ во Скопје, 2024	4
	ВКУПНО ПОЕНИ од СА	**86**

5. ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Ред. број	**Назив на дејноста**	**Поени**
1	Раководителка на Катедрата за актерска игра на УКИМ – ФДУ – Скопје, прв мандат, 2021	3
2	Државна награда БИШ за најдобра домашна продукција на Меѓународниот театарски фестивал МОТ во Скопје за претставата ГЛУМиЦИ, членка на авторски/изведувачки тим	2
3	Учесничка во меѓународен проект – креативна консултантка во рамки на проектот E - MINDFUL на OSCE, ILO и European University Institute, имплементиран во РС Македонија од Фондацијата IDEA JIE (Vidi Vaka)	1
4	Членка на Комисија за избор во звање на доц. Б. Лазаров, 2023	0.2
5	Членка на Комисија за избор во звање на насл. доц. А. Степанулески, 2024	0.2
6	Раководителка на Катедрата за актерска игра на УКИМ – ФДУ – Скопје, втор мандат, 2024	3
	ВКУПНО ПОЕНИ од ДПИ	**9,4**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТКАТА ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	**Поени**
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	79,14
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	27,4
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	73
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	86
ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС	9,4
ВКУПНО	**274,94**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Сузана Киранџиска, с.р.
Проф. м-р Елјеса Касо, с.р.
Проф. д-р Ана Стојаноска, с.р.

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКО И ИНФОРМАЦИСКО ИНЖЕНЕРСТВО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Факултетот за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ), во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, објавен во весниците „Вечер” и „Коха” од 4.2.2025, за избор на наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научната област 2.02.00.22 – телекомуникациско и информациско инженерство, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на ФЕИТ, бр. 02-361/4, донесена на 19.2.2025 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Тони Јаневски, претседател, проф. д-р Венцеслав Кафециски, член, и академик проф. д-р Зоран Хаџи-Велков, член.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област 2.02.00.22 – телекомуникациско и информациско инженерство, во предвидениот рок се пријави д-р Славче Пејоски, дипл. ел. инж., вработен како вонреден професор на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје.

1 Биографски податоци и образование

Кандидатот д-р Славче Пејоски е роден на 1.3.1984 во Струга. Средно образование завршил во 2002 година во ДСУЦ „Нико Нестор” во Струга. Со високо образование се стекнал на Факултетот за електротехника и информациски технологии, на насоката електроника и телекомуникации. Дипломирал на 7.6.2007 година, со просечен успех 9,84.

Во учебната 2007/2008 се запишал на постдипломски студии на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, на насоката телекомуникации. Студиите ги завршил со просечен успех 10,00. На 30.6.2010 година го одбранил магистерскиот труд со наслов „Меѓунивовска оптимизација на безжичен пренос на видео сигнали”, под менторство на проф. д-р Венцеслав Кафециски, на насоката телекомуникации на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје.

Докторската дисертација под менторство на проф. д-р Венцеслав Кафециски, со наслов „Некои примени на компримирано земање на примероци во безжични комуникации и магнетна резонанца”, ја одбранил на 1.9.2015 година. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на технички науки на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

На седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии одржана во септември 2007 година, Славче Пејоски е избран за соработник демонстратор при Институтот за телекомуникации во времетраење од две години, а договорот е продолжен во септември 2009 година за уште две години. Во јануари 2012 година е избран за помлад асистент по предмети од наставно-научната област телекомуникации (Билтен бр. 1018 од 1 ноември 2011 година), а во август 2014 година е избран за асистент по предмети од наставно-научната област телекомуникации (Билтен бр. 1081 од 15.7.2014 година). Во јануари 2016 година е избран за доцент по предмети од наставно-научната област телекомуникации (Билтен бр. 1113 од 15 декември 2015 година), додека во август 2020 година е избран за вонреден професор по предмети од наставно-научната област телекомуникации (Билтен бр. 1219 од 15 јули 2020 година). Во рамките на наставната дејност на Факултетот, како наставник држел предавања по четири предмети од областа телекомуникации и по повеќе предмети од областа компјутерски технологии и инженерство, а аудиториски вежби и лабораториски вежби држел по неколку предмети од областите телекомуникации и компјутерски технологии и инженерство. Во доменот на научноистражувачката дејност, има објавено 52 труда во меѓународни и домашни списанија и зборници од конференции, а автор/коавтор е на еден дел од монографија објавена во странство. Учествувал во два домашни и четири билатерални научноистражувачки проекти од областа на телекомуникациите. Д-р Славче Пејоски покажал и активности во областа на стручно-апликативната дејност, учествувајќи во изработката на повеќе студии и два идејни проекти.

Остварил и повеќе научноистражувачки престои на Универзитетот „Фридрих-Александар“ во Ерланген, во вкупно траење од четири месеци. Автор е на две рецензирани учебни помагала.

Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1219 од 15.7.2020 година.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања од последниот избор за вонреден професор, а врз основа на целата поднесена документација која е од важност за изборот.

2 НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, кандидатот д-р Славче Пејоски, во изминатиот период како вонреден професор на ФЕИТ, држел предавања по повеќе предмети од прв циклус студии: Програмирање и алгоритми, Податочни структури и програмирање и Апликации за мобилни уреди. Исто така, во тој период држел и вежби по следните предмети од прв циклус студии: Дигитални телекомуникации 1, Безжични канали, Безжични комуникации, Програмирање и алгоритми, Апликации за мобилни уреди и Податочни структури и програмирање. За предметите Апликации за мобилни уреди, Програмирање и алгоритми, Податочни структури и програмирање, како и Дигитални телекомуникации 1, кандидатот подготвил пакет материјали за предавања и/или аудиториски вежби. Дополнително, кандидатот бил автор на две рецензирани учебни помагала за предметите Дигитални телекомуникации 1 и Податочни структури и програмирање: „Збирка решени задачи по предметот Дигитални телекомуникации 1“ и „Податочни структури и програмирање во C++“ соодветно.

На втор циклус студии, д-р Славче Пејоски одржувал настава по предметот Експериментални и развојни платформи за ИКТ.

Од последниот избор во звање, кандидатот учествувал како член во комисија за оцена и одбрана на 10 дипломски работи и една магистерска работа.

Други активности кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, релевантни за изборот, наведени се во табелата од Образец 2 во рамките на овој извештај.

Научноистражувачка дејност

Д-р Славче Пејоски има објавено вкупно 52 научни труда, од кои 20 научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), 2 труда во меѓународни научни списанија, 29 труда во зборници од меѓународни научни собири и 1 дел од монографија објавена во странство за реномирана издавачка куќа.

По изборот во звањето вонреден професор, кандидатот има објавено 11 рецензирани научни трудови во референтни научни публикации согласно со Законот за високото образование, од кои 9 научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание) и 2 труда во зборници од меѓународни научни собири.

Подолу се дадени детали за трудовите по изборот во звањето вонреден професор (претходно објавените трудови се наведени во Билтен бр. 1219 од 15.7.2020).

[42] **S. Pejoski**, Z. Hadzi-Velkov, "Slotted ALOHA wireless networks with RF energy harvesting in Nakagami-m fading" in Ad Hoc Networks, vol. 107, pp. 1-10, Oct. 2020 (IF=4.4).

Во трудот се предлагаат две шеми за случаен пристап заснован на ALOHA со слотови за безжично напојувани комуникациски мрежи во услови на Накагами - m фединг канал.

[43] Z. Hadzi-Velkov, **S. Pejoski**, N. Zlatanov and R. Schober, "UAV-Assisted Wireless Powered Relay Networks With Cyclical NOMA-TDMA," in IEEE Wireless Communications Letters, vol. 9, no. 12, pp. 2088-2092, Dec. 2020 (IF=4.6).

Во трудот се оптимизира работењето на безжично напојувана релејна мрежа, каде што релето е дрон и е со двојна намена, односно обезбедува безжичен пренос на енергија до корисниците и информација од корисниците до базната станица.

[44] M. Poposka, Z. Hadzi-Velkov and **S. Pejoski**, "Fairness Optimization of Fixed-Rate Wireless Networks With RF Energy Harvesting Transmitters," in IEEE Communications Letters, vol. 24, no. 12, pp. 2859-2863, Dec. 2020 (IF=3.7).

Во трудот се предлагаат две едноставни, но ефективни шеми за доделување на ресурси за безжично напојувани комуникациски мрежи засновани на статичен повеќекратен пристап со временско делење (статична TDMA).

[45] **S. Pejoski**, Z. Hadzi-Velkov, "Wireless Powered ALOHA Networks with Fixed User Rates and UAV-mounted Base Stations", in Proceedings of ETAI 2021, international online conference, Sep. 2021.

Во трудот е предложено доделување на ресурси во безжично напојувана комуникациска мрежа, каде што базната станица е монтирана на дрон, а тој се движи по кружна патека.

[46] Z. Hadzi-Velkov, **S. Pejoski**, N. Zlatanov and H. Gačanin, "Designing Wireless Powered Networks Assisted by Intelligent Reflecting Surfaces With Mechanical Tilt," in IEEE Communications Letters, vol. 25, no. 10, pp. 3355-3359, Oct. 2021 (IF=3.7).

Во трудот е предложена шема за доделување на ресурси со зголемен фер однос кај безжично напојувана комуникациска мрежа, потпомогната од интелигентни рефлектирачки површини.

[47] **S. Pejoski**, Z. Hadzi-Velkov, T. Shuminoski, “Lyapunov Drift-Plus-Penalty Based Resource Allocation in IRS-Assisted Wireless Networks with RF Energy Harvesting”, in Radioengineering, vol. 31, no. 3, pp. 382-389, Sep. 2022. (IF = 0.5).

Во трудот е предложена полиса за доделување на ресурси во безжично напојувана комуникациска мрежа, потпомогната од интелигентни рефлектирачки површини, каде што корисниците имаат конечни бафери за податоци и енергија, а стабилизацијата и доделувањето на ресурсите се изведуваат со drift-plus-penalty оптимизациска техника на Љапунов.

[48] Z. Hadzi-Velkov, **S. Pejoski**, N. Zlatanov, "Achieving Near Ideal Covertness in NOMA Systems With Channel Inversion Power Control," in IEEE Communications Letters, vol. 26, no. 11, pp. 2542-2546, Nov. 2022 (IF=3.7).

Во трудот се предложени две шеми за доделување на ресурси за прикриени комуникации во downlink NOMAсистем, каде што предавателот истовремено праќа информација до јавниот и до прикриениот приемник, а истовремено обезбедува скоро идеална прикриеност во однос на прислушувачот.

[49] **S. Pejoski**, Z. Hadzi-Velkov, N. Zlatanov, "Full-Duplex Covert Communications Assisted by Intelligent Reflective Surfaces," in IEEE Communications Letters, vol. 26, no. 12, pp. 2846-2850, Dec. 2022 (IF=3.7).

Во трудот е предложена распределба на ресурси во uplink комуникациски систем со прикривање на корисник, каде што приемникот користи full-duplex приемник и интелигентни рефлектирачки површини за да го изведе прикривањето на корисникот.

[50] **S. Pejoski** and Z. Hadzi-Velkov, "Channel-Aware Slotted ALOHA Networks Assisted by Intelligent Reflecting Surfaces," *IWSSIP 2023*, Ohrid, North Macedonia, 2023, pp. 1-5.

Во трудот е предложено доделување на ресурси во комуникациска мрежа со случаен пристап заснован на ALOHA со слотови, потпомогната од интелигентни рефлектирачки површини.

[51] M. Poposka, **S. Pejoski**, V. Rakovic, D. Denkovski, H. Gjoreski and Z. Hadzi-Velkov, "Delay Minimization of Federated Learning Over Wireless Powered Communication Networks," in IEEE Communications Letters, vol. 28, no. 1, pp. 108-112, Jan. 2024 (IF = 3.7).

Во трудот е предложена оптимизација на параметрите на корисниците и конуникациската мрежа со цел минимизирање на вкупното време за тренирање кај федеративно учење во безжично напојувани комуникациски мрежи.

[52] **S. Pejoski,** M. Poposka and Z. Hadzi-Velkov, “Optimized Scheduling Transmissions for Wireless Powered Federated Learning Networks,” in IEEE Communications Letters, early access, doi: 10.1109/LCOMM.2025.3539543 (IF = 3.7).

Во трудот е предложена оптимизација на параметрите на корисниците и конуникациската мрежа со цел минимизирање на една тренирачка рунда кај федеративно учење во безжично напојувани комуникациски мрежи со повеќекратен пристап со временско делење (TDMA).

Д-р Славче Пејоски е активен рецензент во поголем број меѓународни списанија од областа на телекомуникациите, а рецензирал и поголем број на трудови за неколку меѓународни конференции.

По изборот во звањето вонреден професор, д-р Славче Пејоски бил учесник во 2 меѓународни научни проекта.

Други активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот, наведени се во табелата од Образец 2 во рамките на овој извештај.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Славче Пејоски изработил студија за потребите на меѓународниот проект „Виртуелна реалност во безжичните мрежи од петтата генерација“.

Д-р Славче Пејоски континуирано учествувал во промоција на Факултетот и Универзитетот пред средношколците и идни студенти.

По изборот во звањето вонреден професор, д-р Славче Пејоски бил дел од програмскиот одбор на четири меѓународни научни собири.

Кандидатот учествувал во работата на 4 факултетски комисии.

Д-р Славче Пејоски во 2022 остварил научноистражувачки престој во траење од 1 месец на Универзитетот „Фридрих-Александар“ во Ерланген, Германија.

Во изборниот период, д-р Славче Пејоски учествувал во изготвување и пријавување на два меѓународни научноистражувачки проекта.

Други активности кои припаѓаат во стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес, релевантни за изборот, наведени се во табелата од Образец 2 во рамките на овој извештај.

Оценка од самоевалуација

Кандидатот д-р Славче Пејоски континуирано добива позитивна оценка од анонимно спроведените анкети на студентите на Факултетот за електротехника и информациски технологии.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Славче Пејоски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Славче Пејоски поседува извонредни научни, стручни и педагошки квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето редовен професор во наставно-научната област телекомуникациско и информациско инженерство.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, д-р Славче Пејоски да биде избран во звањето редовен професор во наставно-научната област телекомуникациско и информациско инженерство.

Скопје, 21.2.2025

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Тони Јаневски, претседател, с.р.
Проф. д-р Венцеслав Кафеџиски, член, с.р.
Проф. д-р Зоран Хаџи-Велков, член, с.р.

ОБРАЗЕЦ 1

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Славче Стојан Пејоски
Институција: Факултет за електротехника и информациски технологии
Научна област: 2.02.00.22 – телекомуникациско и информациско инженерство

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОВЕТНИК

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус Просечниот успех на прв циклус изнесува: ____9,84. Просечниот успех на втор циклус изнесува: ____10.	Да
2	Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира Назив на научната област: 2.02.00.22 – телекомуникациско и информациско инженерство, поле: електротехника, електроника и информациско инженерство; подрачје: инженерство и технологија.	Да
3	Објавени најмалку шест рецензирани научни труда ** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор	Да
3.1	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 1. Назив на научното списание: IEEE Communications Letters 2. Назив на електронската база на списанија: Journal Citation Report 3. Наслов на трудот: "Delay Minimization of Federated Learning Over Wireless Powered Communication Networks" 4. Година на објава: 2024	Да
3.2	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование	Да

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	1. Назив на научното списание: Radioengineering 2. Назив на електронската база на списанија: Journal Citation Report 3. Наслов на трудот: "Lyapunov Drift-Plus-Penalty Based Resource Allocation in IRS-Assisted Wireless Networks with RF Energy Harvesting" 4. Година на објава: 2022	
3.3	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 1. Назив на научното списание: IEEE Communications Letters 2. Назив на електронската база на списанија: Journal Citation Report 3. Наслов на трудот: "Designing Wireless Powered Networks Assisted by Intelligent Reflecting Surfaces With Mechanical Tilt" 4. Година на објава: 2021	Да
3.4	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 1. Назив на научното списание: IEEE Wireless Communications Letters 2. Назив на електронската база на списанија: Journal Citation Report 3. Наслов на трудот: "UAV-Assisted Wireless Powered Relay Networks With Cyclical NOMA-TDMA" 4. Година на објава: 2020	Да
3.5	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји 1. Назив на зборникот: Proceedings of The 30th International Conference on Systems, Signals and Image Processing 2. Назив на меѓународниот собир: IWSSIP 2023 3. Имиња на земјите: Босна и Херцговина, Бразил, Словенија, Полска, Швајцарија, Хрватска, Кореја, Обединето кралство,... 4. Наслов на трудот: „Channel-Aware Slotted ALOHA Networks Assisted by Intelligent Reflecting Surfaces“ 5. Година на објава: 2023	Да

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
3.6	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји 1.Назив на зборникот: Зборник на трудови на X меѓународна конференција ЕТАИ 2021 2.Назив на меѓународниот собир: ЕТАИ 2021 3.Имиња на земјите: Македонија, САД, Србија, Италија, Канада, Данска, Турција, Германија, Холандија, Словенија, Хрватска, Шветска, Австралија, Обединето кралство 4. Наслов на трудот: „Wireless Powered ALOHA Networks with Fixed User Rates and UAV-mounted Base Stations“ 5. Година на објава: 2021	Да
4	Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира 1. Наслов на учебникот, монографијата, практикумот или збирката задачи: „Збирка решени задачи по предметот Дигитални телекомуникации 1“ 2. Место и година на објава: Скопје, 2024	Да
5	Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен: 15.7.2020, број 1219	Да
6	Има способност за изведување на високообразовна дејност	Да

ОБРАЗЕЦ 2

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: Славче Стојан Пејоски
Институција: Факултет за електротехника и информациски технологии Научна област: 2.02.00.22 – телекомуникациско и информациско инженерство

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Одржување на настава од прв циклус студии**	**13.8**
1.1.	Програмирање и алгоритми, предавања, зимски семестар (2020/2021, 2021/22, 2022/23, 2023/24, 2024/25), 5*2*15*0.04	6
1.2.	Податочни структури и програмирање, предавања, летни семестри (2020/2021, 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024), 4*2*15*0.04	4.8
1.3.	Апликации за мобилни уреди, зимски семестар (2020/2021, 2021/2022, 2022/23, 2023/2024, 2024/2025), 5*1*15*0.04	3
2.	**Одржување на настава од втор циклус студии**	**1.1**
2.1.	Експериментални и развојни платформи за ИКТ-системи, зимски семестар (2021/2022), 1*1.5*15*0.05	1.1
3.	**Одржување на вежби (аудиториски – АВ, лабораториски – ЛВ)**	**20.25**
3.1.	Дигитални телекомуникации 1 (АВ+ЛВ = 1+1), зимски семестар (2020/2021, 2024/2025) 2*2*15*0.03	1.8
3.2.	Дигитални телекомуникации 1 (АВ+ЛВ = 1+2), зимски семестар (2021/2022, 2022/23, 2023/24), 3*3*15*0.03	4.05
3.3.	Програмирање и алгоритми (АВ+ЛВ=2+0), зимски семестар (2020/2021, 2021/2022, 2022/23, 2023/24, 2024/25), 5*2*15*0.03	4.5
3.4.	Податочни структури и програмирање (АВ+ЛВ=2+0), семестар (2020/2021, 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024), 4*2*15*0.03	3.6
3.5.	Безжични комуникации (АВ+ЛВ=1+1), летен семестар (2020/2021, 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024), 4*2*15*0.03	3.6
3.6.	Апликации за мобилни уреди (АВ+ЛВ=1+0), зимски семестар (2020/2021, 2021/2022, 2022/23, 2023/24, 2024/25), 5*1*15*0.03	2.25
3.7.	Безжични канали (АВ+ЛВ = 1+0), зимски семестар 2020/2021, 1*1*15*0.03	0.45
4.	**Консултации со студенти**	**1.95**
4.1.	975*0.002	1.95

5.	**Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа 10* 0.1**	**1**
6.	**Член на комисија за оцена или одбрана на магистерска работа 1* 0.3**	**0.3**
7.	**Позитивно рецензирана збирка задачи или практикум**	**8**
	Збирка решени задачи по предметот Дигитални телекомуникации 1 (автор)	4
	Податочни структури и програмирање во C++ (автор)	4
9.	**Пакет материјали за одреден предмет**	**2.5**
9.1	Апликации за мобилни уреди (делен предмет)	0.5
9.2	Податочни структури и програмирање (предавања и аудиториски вежби)	1
9.3	Програмирање и алгоритми (аудиториски вежби)	0.5
9.4	Дигитални телекомуникации 1 (аудиториски вежби)	0.5
10.	**Подготовка на нов предмет**	**1.25**
10.1.	Апликации за мобилни уреди, предавања (делен предмет)	0.5
10.2.	Апликации за мобилни уреди, аудиториски вежби (делен предмет)	0.25
10.3	Експериментални и развојни платформи за ИКТ-системи (делен предмет)	0.5
	Вкупно	**50.15**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Учесник во меѓународен научен проект**	**10**
1.1.	Безжично напојувани телекомуникациски мрежи, Програма за поврзување, Фондација „Александар Фон Хумболт“, Германија, 2017 – 2022	5
1.2.	Виртуелна реалност во безжични мрежи од петта генерација, билатерален проект помеѓу Македонија и Кина	5
2.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое има импакт-фактор**	**48.6**
2.1.	**S. Pejoski**, Z. Hadzi-Velkov, "Slotted ALOHA wireless networks with RF energy harvesting in Nakagami-m fading" in Ad Hoc Networks, vol. 107, pp. 1-10, Oct. 2020 (IF = 4.4)	11.16
2.2.	**S. Pejoski**, Z. Hadzi-Velkov, N. Zlatanov, "Full-Duplex Covert Communications Assisted by Intelligent Reflective Surfaces," in IEEE Communications Letters, vol. 26, no. 12, pp. 2846-2850, Dec. 2022 (IF = 3.7)	9.36
2.3.	Z. Hadzi-Velkov, **S. Pejoski**, N. Zlatanov, "Achieving Near Ideal Covertness in NOMA Systems With Channel Inversion Power Control," in IEEE Communications Letters, vol. 26, no. 11, pp. 2542-2546, Noe. 2022 (IF = 3.7)	9.36

2.4.	M. Poposka, Z. Hadzi-Velkov and **S. Pejoski**, "Fairness Optimization of Fixed-Rate Wireless Networks With RF Energy Harvesting Transmitters," in IEEE Communications Letters, vol. 24, no. 12, pp. 2859-2863, Dec. 2020 (IF = 3.7)	9.36
2.5.	**S. Pejoski,** M. Poposka and Z. Hadzi-Velkov, “Optimized Scheduling Transmissions for Wireless Powered Federated Learning Networks,” in IEEE Communications Letters, early access (IF = 3.7)	9.36
3.	**Рецензија на научен/стручен труд (63*0,2)**	**12.6**
	63 труда (IEEE Wir. Commun. Let. - 27, IEEE Commun. Let. - 8, BalkanCom 2023 - 3, BalkanCom 2024 - 1, ETAI 2021 - 3, ETAI 2024 - 2, IEEE Tran. Green Commun. and Netw. - 1, IEEE Trans. Veh. Tech. - 5, IEEE Trans. Wir. Commun. - 1, IET Communications - 1, ITU FET - 1, IWSSIP 2023 - 5, Radioengineering - 4)	12.6
4.	**Учество на научен/стручен собир со реферат**	**1**
4.1	ETAI 2021, Виртуелна конференција – усна презентација	1
	Вкупно	**72.2**

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1.	**Учество во промотивни активности на Факултетот**	**1.5**
1.1.	Отворен ден на ФЕИТ, 2021 – 2023, 3 * 0.5	1.5
2.	**Студија, физибилити-студија, истражување на пазарот (учесник/соработник)**	**1**
2.1.	„Математичко моделирање, оптимизација и дизајн на систем за безжичен пренос на енергија и информација за корисници во виртуелна реалност“, за потребите на проектот „Виртуелна реалност во безжични мрежи од петтата генерација“	1
Дејности од поширок интерес		
3.	**Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир**	**4**
3.1.	Програмски одбор на ЕТАИ 2021	1
3.2.	Програмски одбор на BalkanCom 2023	1
3.3.	Програмски одбор на BalkanCom 2024	1
3.4.	Програмски одбор на ЕТАИ 2024	1
4.	**Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект – соработник**	**2**
4.1.	„Преобликување на иднината на вселенското образование преку мултидисциплинарни, инклузивни и одржливи активности за учење и предавање”, Erasmus+, KA220-HED-Cooperation partnerships in higher education	1
4.2.	„SWIFT-Guard: Smart WIreless Federated Learning Technology for SafeGuarding Pedestrians over 5G“, TRials Supported By Smart	1

	Networks Beyond 5G, TrialsNet co-funded by the European Union 6GSNS	
5.	**Студиски престој во странство**	**0.5**
5.1.	Истражувачки престој на Универзитетот „Friedrich-Alexander“ во Ерланген (2022) – под 3 месеци	0.5
6.	**Член на факултетска комисија**	**2**
6.1.	Член на Комисија за самоевалуација (2021)	0.5
6.2.	Член на Комисија за студентска практична настава (2019 – 2023)	0.5
6.3.	Член на Комисија за студентска практична настава (2023 – 2027)	0.5
6.4.	Член на Пописна комисија (2023)	0.5
7.	**Член на комисија за избор во звање**	**0.2**
	Член на Комисија за избор во звање на Марија Паликрушев (2023)	0.2
	Вкупно	**11.2**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**50,15**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**72,2**
СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**11,2**
Вкупно	**133,55**

Членови на Комисијата

Проф. д-р Тони Јаневски, претседател, с.р.
Проф. д-р Венцеслав Кафеџиски, член, с.р.
Проф. д-р Зоран Хаџи Велков, член, с.р.

П Р Е Г Л Е Д

на прифатена тема за изработка на докторски труд
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Факултет за електротехника и информациски технологии

Студиска програма: Електротехника и информациски технологии

Ред. бр.	Студент	Назив на тема		Предложен ментор	Датум и бр. на Одлука
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1	М-р Елена Василева	Пресметковно ефикасен алгоритам за следење луѓе во реално време во видео од повеќе некалибрирани камери	A computationally efficient algorithm for online multi-camera multi-person tracking in video from uncalibrated cameras	Проф. д-р Зоран Ивановски	02-93/7 од 22.1.2025 г.

П Р Е Г Л Е Д

на прифатени теми за изработка на магистерски труд
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје,
Факултет за електротехника и информациски технологии

1. Обновливи извори на енергија

Ред. бр.	Студент	Назив на тема		Предложен ментор	Датум и бр. на Одлука
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1	Љупчо Попоски	Улогата на ветерни електрани во хибридните системи за производство на електрична енергија	The role of the wind power plant in hybrid systems for the electrical energy production	Проф. д-р Крсте Најденкоски	02-93/12 од 22.1.2025 г.
2	Росана Петрушева	Дизајн и анализа на хибриден систем за складирање енергија за мали бизниси	Design and Analysis of a Hybrid Energy Storage System for Small Businesses	Вон. проф. д-р Маја Целеска Крстевска	02-93/13 од 22.1.2025 г.

2. Проектен менаџмент

Ред. бр.	Студент	Назив на тема		Предложен ментор	Датум и бр. на Одлука
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1	Стела Бојаџиев	Родова разлика во свесноста, познавањето и пристапот до финансирање за зелени технологии	Gender gap in awareness, knowledge, and access to finance for green technologies	Проф. д-р Невенка Китева Роглева	02-93/14 од 22.1.2025 г.
2	Ивона Гашпаровиќ Негриеска	Агилно управување со проекти со фокус на осигурување на квалитет	Agile Project Management with Focus on Quality Assurance	Проф. д-р Невенка Китева Роглева	02-93/15 од 22.1.2025 г.
3	Симона Тодороска	Водење проекти за одржлив развој и зелена транзиција во Македонија	Managing sustainable growth and green transition projects in Macedonia	Проф. д-р Невенка Китева Роглева	02-93/16 од 22.1.2025 г.

3. **Наменски компјутерски системи**

Ред. бр.	Студент	Назив на тема		Предложен ментор	Датум и бр. на Одлука
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1	Владо Јадровски	Анализа и придобивки од имплементација на софтверски дизајнирана мрежа за податочен центар	Analysis and Benefits of Implementing a Software-Defined Network for a Data Center	Вон. проф д-р Данијела Ефнушева	02-93/17 од 22.1.2025 г.
2	Дејан Петкоски	Примена на SD-WAN решение во реална мрежна околина	Implementation of SD-WAN solution in real network environment	Вон. проф д-р Данијела Ефнушева	02-93/18 од 22.1.2025 г.

4. Компјутерски мрежи-Интернет на нешта

Ред. бр.	Студент	Назив на тема		Предложен ментор	Датум и бр. на Одлука
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1	Сара Котели	Систем за далечинско управување на уреди помогнат со движење на очи	System for remote control of devices assisted by eye movement	Проф. д-р Марија Календар	02-93/19 од 22.1.2025 г.

Прилог 1

Совет за трет циклус студии

П Р Е Г Л Е Д

на прифатени теми за изработка на докторска дисертација

ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА - СКОПЈЕ

Ред. бр.	**Име и презиме на кандидатот**	**Назив на темата**		**Име и презиме на менторот**	**Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата**
		на македонски јазик	**на англиски јазик**		
1.	м-р Билјана Ристаќовска Ширговска	„Влијание на технологијата на одгледување врз приносот и квалитетот на луцерката (Medicago sativa L.)“	"Influence of cultivation technology on alfalfa (Medicago sativa L.) yield and quality"	Проф. д-р Татјана Прентовиќ, ментор	Бр. 02-212/2-12 20.02.2025 година

Прилог 1

Совет за втор циклус студии

П Р Е Г Л Е Д

на прифатени теми за изработка на магистерски труд

ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА - СКОПЈЕ

Ред. бр.	**Име и презиме на кандидатот**	**Назив на темата**		**Име и презиме на менторот**	**Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата**
		на македонски јазик	**на англиски јазик**		
1.	Богдан Ѓорѓески	Анализа на рентабилноста на инвестиции во иновации во лозарското производство	Break-Even Analysis of Investments in Viticulture Innovations	проф. д-р Драган Гошевски	Бр. 02-212/02-11 20.02.2025 година

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ КОМПЈУТЕРСКИ НАУКИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје/Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ на 23.1.2025 година, за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област компјутерски науки на Факултетот за компјутерски науки и инженерство во Скопје, и врз основа на Одлуката на 38. седница на Наставно-научниот совет, донесена на 20.2.2025 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Жанета Попеска, редовен професор во пензија на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (претседател), д-р Марија Михова, редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (член) и д-р Весна Димитрова, редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (член).

Како членови на Рецензентската комисија, извршивме преглед на доставената документација и го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област компјутерски науки, во предвидениот рок се пријави само кандидатката Билјана Тојтовска Рибарски, доктор на информатички науки, вонреден професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје.

1. Биографски податоци и образование

Д-р Билјана Тојтовска Рибарски е родена на 25.10.1980 година во Скопје. Основно и средно училиште завршила во Скопје. Била член на македонскиот тим на меѓународните математички олимпијади за средношколци. Учествувала на повеќе балканијади и светски олимпијади, на кои освоила пофалници и два бронзени медала.

Во 1999 се запишала на студиите по теориска математика на Природно-математичкиот факултет во Скопје. Во 2001 година е избрана меѓу најдобрите студенти на УКИМ. Дипломирала во 2004 со просек 9,88 со дипломска работа на тема „Нумерички методи за проблеми со гранична вредност. Мултигрид методи“. Како стипендист на DAAD, во 2005 година продолжила на магистерски студии по стохастика и финансиска математика на Техничкиот универзитет „Кајзерслаутерн“ во Германија. Во 2007 година, под менторство на проф. Ralf Korn, ја комплетирала магистерската теза под наслов “Martingale decompositions with application in Finance” за која добила оценка 10. Студиите ги завршила со просек 10 и за резултатите постигнати за време на магистерските студии добила признание за најдобар студент на Институтот за математика. За време на својот престој во Германија, една година работела како истражувач на проектот “Asset liability managment”, во рамките на Институтот ITWM Fraunhofer во Кајзерслаутерн. Учествувала на различни семинари, меѓу кои и работилницата организирана од Credit Suisse, во Франкфурт, на тема “Equity derivatives”.

По враќањето во Македонија работела во Министерството за финансии, во Одделот за истражување при Секторот за јавен долг на РС Македонија. Д-р Билјана Тојтовска Рибарски била дел од организацијата и Комисијата за оценување на државните натпревари и олимпијади по математика во Република Северна Македонија. Била член и на жирито за оценување на Балканската математичка олимпијада за средношколци, одржана во Охрид, 2008, како и на SEEMOUS-меѓународната математичка олимпијада за студенти, одржана во Охрид, 2015.

Во 2009 година се вработила на Институтот за информатика при ПМФ, кога и е избрана за помлад асистент, а од 2011 година го започнала својот ангажман на

Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, како асистент. Држела вежби на повеќе предмети на додипломски студии (Линеарна алгебра, Дискретна математика 1 и 2, Дискретни структури 1, 2 и 3, Калкулус 1 и 2, Веројатност и статистика, Статистика, Теорија на информации, Операциони истражувања, Нумеричко сметање, Диференцијално и интегрално сметање, Случајни процеси). Во 2011 година ја започнала работата на докторската теза под наслов „Стабилност на некои математички модели на стохастички невронски мрежи”, под менторство на проф. д-р Светлана Јанковиќ, редовен професор на ПМФ, Ниш, Србија и коменторство на академик д-р Љупчо Коцарев. Резултатите од истражувањето се објавени во престижни рецензирани меѓународни списанија со импакт-фактор, а дел се презентирани и на меѓународни конференции.

На 18.10.2014 година успешно ја одбранила докторската дисертација, со што се стекнала со звањето доктор по информатички науки, а во јануари 2015 година е избрана за доцент на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство. Во 2015 година е избрана меѓу најдобрите научници на УКИМ.

Во мај 2020 е избрана во звањето вонреден професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1215 од 15.5.2020.

Од последниот реизбор до сега, д-р Билјана Тојтовска Рибарски држела настава на повеќе предмети на додипломски студии – Дискретна математика (на македонски и англиски), Математика 2, Математика 3, Веројатност и статистика (на македонски и англиски), Дискретни структури 1, Статистичко моделирање, Податочно рударење, како и предметите на втор циклус студии – Бајесова анализа на податоци, Статистичко учење, Стохастичко моделирање, Модерни симулации и моделирање.

Д-р Билјана Тојтовска Рибарски учествувала во меѓународни научноистражувачки проекти, а била и раководител на повеќе национални проекти финансирани од Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство. Рецензирала трудови за престижните списанија со импакт-фактор, но и трудови на меѓународни научни собири.

Д-р Билјана Тојтовска Рибарски зборува англиски, се служи со германскиот, а има и основни познавања од шпанскиот и грчкиот јазик.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 1215 од 15.5.2020, бр. 1083 1.9.2014, бр. 1091 од 31.12.2014, бр. 1017 од 17.10.2011, изборот за асистент на Институтот за информатика на ПМФ и претходните постигнувања, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство, кандидатката д-р Билјана Тојтовска Рибарски изведува настава и вежби на прв циклус студии на сите студиски програми и настава и вежби на втор циклус студии.

На прв циклус студии изведува настава (предавања и/или вежби) по предметите: Дискретни структури 1, Веројатност и статистика (на македонски и англиски), Дискретна Математика (на македонски и англиски), Математика 2, Математика 3, Податочно рударење и Статистичко моделирање.

На втор циклус студии изведува настава по предметите: Бајесова анализа на податоци, Статистичко учење, Стохастичко моделирање, Математички методи во биоинформатика, Модерни симулации и моделирање и најголем дел од нив ги подготвувала како нови предмети.

Кандидатката била ментор на дипломски труд и учествувала како член во комисија за оцена/или одбрана на дипломски работи, магистерски и докторски трудови. Таа земала учество во подготвителната настава која се организира на ФИНКИ за новозапишаните студенти. Коавтор е на универзитетска збирка на решени задачи по веројатност и статистика.

Според извештајот за самоевалуација усвоен од страна на Наставно-научниот совет на Факултетот, кандидатката има добиено позитивна оценка од спроведената анкета на студентите.

Научноистражувачка дејност

До извештајниот период, кандидатката има објавено 19 научноистражувачки трудови во реномирани меѓународни научни списанија од сите наставно-научни области од наставно-научните полиња компјутерски науки, информатика и математика и тие се рецензирани заклучно со изборот во звањето вонреден професор.

Во тековниот изборен период, кандидатката има објавено 8 труда со оригинални научни/стручни резултати, од кои 2 во списание со фактор на влијание, 3 се објавени делови од монографија во странство и 3 се трудови со оригинални резултати, кои се рецензирани и објавени во научни списанија со меѓународен уредувачки одбор чии членови се од најмалку 3 земји. Д-р Билјана Тојтовска Рибарски има учествувано на 3 меѓународни конференции со секторско предавање или постерска презентација, а апстрактите се објавени во зборник од рецензирани научни трудови.

Кандидатката има рецензирано 14 трудови, поднесени во реномирани меѓународни списанија и конференции.

Д-р Билјана Тојтовска Рибарски во извештајниот период била раководител на 3 национални научни проекти, а учесник во 2 национални и 1 меѓународен проект.

Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Билјана Тојтовска Рибарски била координатор во подготовката на елаборатот за студиската програма Информатика, на трет циклус студии на ФИНКИ, и е раководител на истата студиска програма. Како претседател на Комисијата за самоевалуација на ФИНКИ, учествувала во самоевалуацијата на УКИМ во 2022 година и повторно била член на Комисијата за самоевалуација на ФИНКИ во 2024 година. Д-р Билјана Тојтовска Рибарски била дел од промотивните настани на ФИНКИ, била член на надзорниот одбор на ICT-ACT 2023 – 2025, а била и член на програмскиот одбор на годишните конференции ICT Innovation и CIIT од 2020 година до денес.

Оцена на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на кандидатката д-р Билјана Тојтовска Рибарски

Од Анексот кон Извештајот за избор во наставно-научно звање, може да се види дека кандидатката д-р Билјана Тојтовска Рибарски има 76,52 поени од наставно-образовната дејност, 77,40 поени од научноистражувачката дејност и 14,80 поени од стручно-применувачката дејност, или вкупно 168,72 поени. Според ова, д-р Билјана Тојтовска Рибарски има значително поголем број на поени од потребниот минимален број на поени потребен за избор во звањето за кое конкурира.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од претходно изнесеното и врз основа на личното познавање на кандидатката, Комисијата позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Билјана Тојтовска Рибарски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Билјана Тојтовска Рибарски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето редовен професор во наставно-научната област компјутерски науки.

Од сето погоре наведено, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Билјана Тојтовска Рибарски да биде избрана во звањето редовен професор во наставно-научната област компјутерски науки.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Жанета Попеска, претседател, с.р.
Проф. д-р Марија Михова, член, с.р.
Проф. д-р Весна Димитрова, член, с.р.

ОБРАЗЕЦ 1

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Билјана Стефан Тојтовска Рибарски
Институција: Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство – Скопје
Научна област: компјутерски науки

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОВЕТНИК

Ред. Бр.	**ОПШТИ УСЛОВИ**	**Исполнетост на општите услови да/не**
1.	Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,86. Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00.	да
2.	Научен степен – доктор на информатички науки Назив на научната област: информатика; поле: информатика; подрачје: природно-математички науки.	да
3.	Објавени најмалку шест рецензирани научни труда ** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор	да
3.1	Труд со оригинални научни резултати објавен во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование **3.1.1.** 1. Назив на научното списание: **Applied Sciences, MDPI** 2. Назив на електронската база на списанија: **Web of Science, Impact factor (2023) IF=2,5** 3. Наслов на трудот: **Deep Learning Methods for Bug Bite Classification: An End-to-End System** 4. Година на објава: **2023** **3.1.2.** 1. Назив на научното списание: **Medicina, MDPI**	да

Ред. Бр.	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	2. Назив на електронската база на списанија: **Web of Science, Impact factor (2022) IF=2,6** 3. Наслов на трудот: **Systemic and Ophthalmic Manifestations in Different Types of Refractive Errors in Patients with Down Syndrome** 4. Година на објава: **2023**	
3.2	Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови **3.2.1.** 1. Назив на научното списание: International scientific journal Mathematical Modeling Vol. 8 (2024), Issue 3 2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): вкупно 60 членови од 30 земји (https://stumejournals.com/mm.htm#editorial-board) 3. Наслов на трудот: Bayesian vs. frequentist inference - an ophtalmic study on ocular perfusion pressure 4. Година на објава: 2024 **3.2.2.** 1. Назив на научното списание: International scientific journal Mathematical Modeling Vol. 8 (2024), Issue 2 2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): вкупно 60 членови од 30 земји (https://stumejournals.com/mm.htm#editorial-board) 3. Наслов на трудот: Key aspects of Markov Chain Monte Carlo simulations in Bayesian statistical analysis 4. Година на објава: 2024 **3.2.3** 1. Назив на научното списание: Journal of Ocular Diseases and Therapeutics 2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): вкупно 11 членови од 5 земји (Италија 6, Кина 2, Полска 1, Канада 1, Конго 1) (https://savvysciencepublisher.com/jms/index.php/jodt/about/editorialTeam) 3. Наслов на трудот: Pressure Related Ocular Parameters in Caucasian Patients with Primary Open-Angle Glaucoma 4. Година на објава: 2021	да
3.4	Зборник на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји **3.4.1.**	да

Ред. Бр.	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	1. Назив на зборникот: Springer Proceedings in Mathematics & Statistics: Perspectives in Dynamical Systems II —Numerical and Analytical Approaches (монографија) 2. Назив на меѓународниот собир: 16th International conference Dynamical Systems Theory and Applications (DSTA 2021), December 2021 3. Имиња на земјите: Програмски одбор со членови од 19 земји (**https://web.archive.org/web/20210805043806/https://dys-ta.com/scientific_committee**) 4. Наслов на трудот On the General Decay Stability of Coupled System of Stochastic Neural Networks with Impulses, Markovian Switching and Node and Interconnection Delays 5. Година на објавување 2024 **3.4.2.** 1. Назив на зборникот Springer Proceedings in Mathematics & Statistics: Perspectives in Dynamical Systems III: Control and Stability (монографија) **2. Назив на меѓународниот собир 15th International Conference Dynamical Systems - Theory and Applications (DSTA 2019) December 2021, Lodz Poland** 3. Имиња на земјите: Програмски одбор со членови од 21 земја (https://web.archive.org/web/20190328173715/https://dys-ta.com/scientific_committee) 4. Наслов на трудот Stability of coupled systems of stochastic Cohen-Grossberg neural networks with time delays, impulses and Markovian switching 5. Година на објавување 2021 **3.4.3.** 1. Назив на зборникот Springer Series: Communications in Computer and Information Science, ICT Innovations 2021 2. Назив на меѓународниот собир ICT Innovations 2021 3. Имиња на земјите: Програмски комитет со членови од 26 земји (https://web.archive.org/web/20210620005333/http://ictinnovations.org/programme-committee) 4. Наслов на трудот Digital Shift: Assessment of Mental States Through Passive Mobile Sensing	

Ред. Бр.	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	5. Година на објавување 2021	
4	Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира *** 1. Наслов на учебникот, монографијата, практикумот или збирката задачи: **Збирка решени задачи по веројатност и статистика** 2. Место и година на објава: Билтен 1311, 15.7.2024 **Скопје, Република Северна Македонија, 2024**	да
5	Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен: Билтен бр. 1215 од 15.5.2020	да
6	Има способност за изведување на високообразовна дејност	да

* На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Републиа Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 6 (шест) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

***Наведениот услов ќе се применува по истекот на три години од денот на стапувањето во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018).

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Жанета Попеска, претседател, с.р.
Проф. д-р Марија Михова, член, с.р.
Проф. д-р Весна Димитрова, член, с.р.

ОБРАЗЕЦ 2

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: Билјана Стефан Тојтовска Рибарски
Институција: Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство – Скопје
Научна област: компјутерски науки

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	Прв циклус студии	28,47
2	Втор циклус студии	24,95
3	Подготовка на нов предмет	12,00
4	Пакет материјали на одреден предмет	4,00
5	Дипломски работи, магистерски, докторати – менторства и учество во комисии за одбрана	1,60
6	Позитивно рецензирана збирка задачи или практикум	3,00
7	Настава во школи и работилници	2,50
8		
9		
10		
	Вкупно	**76,52**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови	10,5
2	Дел од монографија објавен во странство	14,4
3	Труд со оригинални научни резултати објавен во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование	14,7
4	Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество	2,0
5	Апстракт објавен во зборник на конференција	3,0
6	Постер на научен/стручен собир	1,0

7	Рецензија на научен/стручен труд	2,8
8	Раководител на национален проект	18,0
9	Учесник на национален научен проект	6,0
10	Учесник на меѓународен научен проект	5,0
	Вкупно	**77,40**

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1	Елаборат за студиска програма на трет циклус студии Информатика (2023)	1
2	Учество во промотивни активности на Факултетот	0,5
Дејности од поширок интерес		
1	Член на факултетска комисија	1
2	Раководител на постдипломски или докторски студии	2
3	Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир	10
4	Член на одбор на здружение поврзано со струката	0,3
	Вкупно	**14,8**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	**Поени**
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**76,52**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**77,40**
СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**14,80**
Вкупно	**168,72**

Членови на Комисијата

Проф. д-р Жанета Попеска, претседател, с.р.
Проф. д-р Марија Михова, член, с.р.
Проф. д-р Весна Димитрова, член, с.р.

Прилоī 1

Наставно-образовна дејност

Ангажираноста во наставниот процес по учебни години, семестри и предмети на д-р Билјана Тојтовска Рибарски во периодот од мај 2020 до декември 2024 на ФИНКИ е дадена во следниве табели:

Прв циклус студии					**Поени**			
Год.	**Семестар**	**Предмет**	**Предавања**	**Аудиториски вежби**	**Лабораторис-ки вежби**	**Студенти**	**Одржување настава**	**Консултации со студенти**
2020/ 2021	зимски	Веројатност и статистика	3	2	1	125	3,15	0,250
		Веројатност и статистика (англиски)	3			125	1,80	0,250
		Дискретни структури 1	3			107	1,80	0,214
2020/ 2021	летен	Дискретна математика (англиски)	3			143	1,80	0,286
		Податочно рударење	2			42	1,20	0,084
		Статистичко моделирање	2	1	2	7	2,55	0,014
2021/ 2022	зимски	Дискретни структури 1	3			153	1,80	0,306
							0,00	0,000
							0,00	0,000
2021/ 2022	летен	Податочно рударење	2			15	1,20	0,030
							0,00	0,000
							0,00	0,000
							0,00	0,000
2022/ 2023	летен	Дискретна математика	1,5	1,5		71	1,58	0,142
		Податочно рударење	1	1	0,5	14	1,28	0,028
							0,00	0,000
2023/ 2024	зимски	Веројатност и статистика	3			119	1,80	0,238
		Дискретни структури 1	3			123	1,80	0,246
							0,00	0,000
2023/ 2024	летен	Математика 2	3			153	1,80	0,306
		Податочно рударење	1	1	0,5	17	1,28	0,034
							0,00	0,000
2024/ 2025	зимски	Веројатност и статистика	0,6			102	0,36	0,204
		Математика 3	0,6			47	0,36	0,094
		Дискретни структури 1	3			98	1,80	0,196
						Вкупно	**25,55**	**2,922**
							Вкупно	**28,47**

Втор циклус студии						**Поени**		
Година	Семестар	Предмет	Предавања	Аудиторски вежби	Лабораториски вежби	Студенти	**Одржување настава**	**Консултации со студенти**
2020/2021	зимски	Бајесова анализа на податоци	4			6	3,00	0,012
2020/2021	зимски	Математички методи за биоинформатика	2			1	1,50	0,002
2020/2021	летен	Статистичко учење	4			1	3,00	0,002
2021/2022	зимски	Бајесова анализа на податоци	4			6	3,00	0,012
2022/2023	зимски	Бајесова анализа на податоци	4			4	3,00	0,008
2022/2023	зимски	Бајесова анализа на податоци	4			1	3,00	0,002
2023/2024	зимски	Модерни симулации и моделирање	2	2		1	2,40	0,002
2023/2024	летен	Бајесова анализа на податоци	4			1	3,00	0,002
2024/2025	зимски	Бајесова анализа на податоци	4			4	3,00	0,008
						Вкупно	**24,90**	**0,05**
							Вкупно	**24,95**

Подготовка на нов предмет (предавања и вежби)

Ред. бр.	Предмет	Предавања	Број на семестри	Вежби	Број на семестри	**Поени**
1.	Податочно рударење	1	1	1	1	1,5
2.	Бајесова анализа на податоци (втор циклус) (зависно од примена)	1	6			6
3.	Модерни симулации и моделирање (втор циклус)	1	1			1
4.	Статистичко учење (втор циклус)	1	1			1
5.	Математички методи за биоинформатика (втор циклус)	1	1			1
6.	Статистичко моделирање (прв циклус)	1	1	1	1	1,5
					Вкупно	**12**

Пакет материјали на одреден предмет (предавање и вежби)

Ред. бр.	Предмет	**Поени**
1.	Математика 2	1
2.	Математика 3	1
3.	Статистичко моделирање	1
4.	Податочно рударство	1
	Вкупно	**4**

Дипломски работи, магистерски, докторати – менторства и учество во комисии за одбрана

		Студенти	**Поени**
1.	Ментор на дипломска работа	1	0,2
2.	Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа	1	0,1
3.	Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура	2	0,6
4.	Член на комисија за оцена или одбрана на докторат	1	0,7
		Вкупно	**1,6**

Настава во школи и работилници

		Година	Учесник	Раководител	Поени
1	Подготвителна настава на ФИНКИ	2020	1	1	2,5
				Вкупно	**2,5**

Позитивно рецензирана збирка задачи или практикум

	Наслов	Рецензија	Автор/ко-автор	По-ени

1.	Збирка решени задачи по веројатност и статистика, проф. д-р Жанета Попеска, проф. д-р Верица Бакева Смиљкова, проф. д-р Марија Михова, проф. д-р Александра Поповска Митровиќ, проф. д-р Наташа Илиевска, вонр. проф. д-р Билјана Тојтовска Рибарски, Пеце Георгиев	Билтен бр. 1311, 15.7.2024	коавтор	3
			Вкупно	**3**

Прилоī 2

Научноистражувачка дејност

Научноистражувачката дејност на д-р Билјана Тојтовска Рибарски во периодот од мај 2020 до декември 2024 е дадена во следниве табели:

Дел од монографија објавен во странство

Ред. бр.	Автори	Наслов	Списание	Година	Поени
1.	B. Tojtovska, P. Ribarski	On the General Decay Stability of Coupled System of Stochastic Neural Networks with Impulses, Markovian Switching and Node and Interconnection Delays	Springer Proceedings in Mathematics & Statistics: Perspectives in Dynamical Systems II —Numerical and Analytical Approaches (DSTA 2021)	2024	5,4
2.	B. Tojtovska, P. Ribarski	Stability of coupled systems of stochastic Cohen-Grossberg neural networks with time delays, impulses and Markovian switching	Springer Proceedings in Mathematics & Statistics: Perspectives in Dynamical Systems III: Control and Stability (DSTA 2019)	2021	5,4
3.	E. Krajchevska, N. Petreska, O. Handjiski, S. Andovska, B. Ilijoski, P. Lameski, P. Ribarski, B. Tojtovska	Digital Shift: Assessment of Mental States Through Passive Mobile Sensing	Springer Series: Communications in Computer and Information Science, ICT Innovations 2021	2022	3,6
				Вкупно	**14,4**

Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование

Ред. бр.	Автори	Наслови	Списание	годин а	IF	Поени
1.	B. Ilijoski, K. T. Dineva, B. T. Ribarski, P. Petrov, T. Mladenovska, M. Trajanoska, I. Gjorshoska, P. Lameski	Deep Learning Methods for Bug Bite Classification: An End-to-End System	Applied Sciences, MDPI	2023	2,5	7,3
2.	A. Ljubic, V.Trajkovski, B. Stankovic, B.Tojtovska, A. Langmann, G. Dimitrova, I. Jovanovic, M. Tesic	Systemic and Ophthalmic Manifestations in Different Types of Refractive Errors in Patients with Down Syndrome	Medicina, MDPI	2022	2,6	7,4

					Вкупно	**14,7**

Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови

Ред. бр.	Автори	Наслови	Списание	година	Поени
1.	B. Tojtovska, P. Ribarski, A. Ljubic, G. Dimitrova	Bayesian vs. frequentist inference - an ophtalmic study on ocular perfusion pressure	International scientific journal Mathematical Modeling Vol. 8 (2024), Issue 3	2024	3
2.	K.Tenev, B. Tojtovska,	Key aspects of Markov Chain Monte Carlo simulations in Bayesian statistical analysis	International scientific journal Mathematical Modeling Vol. 8 (2024), Issue 2	2024	3
3.	G. Dimitrova, A. Ljubic, B.Tojtovska, K.Tagasovska, U. Tomashevic	Pressure Related Ocular Parameters in Caucasian Patients with Primary Open-Angle Glaucoma	Journal of Ocular Diseases and Therapeutics	2021	4,5
				Вкупно	**10,5**

Апстракти објавени во зборник на конференција/постер

Ред. бр.	Автори	Наслов	Меѓународна конференција	Апстракт (1)	Постер (0,5)	Поени
1.	B. Tojtovska, R. Mojsovski	Methods for estimation of CAPM beta's for Macedonian stock exchange data (abstract in proceedings)	International Conference on Computer Science and Mathematics Dedicated to prof. Smile Markovski 21 May – 23 May 2024 Ohrid, North Macedonia	да		1
2.	K.Tenev, B. Tojtovska,	Key aspects of Markov Chain Monte Carlo simulations in Bayesian statistical analysis (abstract in proceedings with poster presentation)	VIII International Scientific Conference “Mathematical Modelling” 11-14.12.2024 Borovets, Bulgaria	да	да	1,5

3.	B. Tojtovska, P. Ribarski, A. Ljubic, G. Dimitrova	Bayesian vs. frequentist inference - an ophtalmic study on ocular perfusion pressure (abstract in proceedings with poster presentation)	VIII International Scientific Conference “Mathematical Modelling” 11-14.12.2024 Borovets, Bulgaria	да	да	1,5
					Вкупно	**4**

Раководител на национални научни проекти

Ред. бр.	Име на проектот	Финансиран од	Период на траење	**Поени**
1.	Статистички методи алтернативни на традиционалната анализа на податоци (продолжение)	ФИНКИ	2020 – 2021	6
2.	Статистичко моделирање	ФИНКИ	2021 – 2022	6
3.	Статистичко моделирање (продолжение)	ФИНКИ	2022 – 2023	6
			Вкупно	**18**

Учесник на национални научни проекти

Ред. бр.	Име на проектот	Финансиран од	Период на траење	Поени
1.	Извлекување на знаење од податоци во транспортната инфраструктура преку користење на техники од машинско учење	ФИНКИ	2023 – 2024	3
2.	Извлекување на знаење од податоци во транспортната инфраструктура преку користење на техники од машинско учење (продолжение)	ФИНКИ	2024 – 2025	3
			Вкупно	**6**

Учесник на меѓународен научен проект

Ред. бр.	Име на проектот	Финансиран од	Период на траење	Поени
1.	EuroCC – Национални центри за компетенција за пресметка со високи перформанси	EU Horizon 2020	2020 – 2022	5
			Вкупно	**5**

Прилоī 3

Стручно-апликативна дејност

Стручно-апликативната дејност на д-р Билјана Тојтовска Рибарски во периодот од мај 2020 до декември 2024 е дадена во следниве табели:

Координатор во подготовката на елаборат за нова студиска програма

Ред. бр.		**Поени**
1.	Елаборат за студиска програма на трет циклус студии – Информатика (2023)	1
	Вкупно	**1**

Учество во промотивни активности на Факултетот

Ред. бр.		**Поени**
1.	Отворен ден на Факултетот	0,5
	Вкупно	**0,5**

Член на факултетска комисија

Ред. бр.		Година	**Поени**
1.	Комисија за самоевалуација на ФИНКИ за УКИМ	2022	0,5
2.	Комисија за самоевалуација на ФИНКИ	2024	0,5
		Вкупно	**1**

Член на одбор на здружение поврзано со струката

Ред. бр.		Година	**Поени**
1.	Член на надзорен одбор на ICT-ACT 2023 – 2025	2023 – 2025	0,3
		Вкупно	**0,3**

Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир

Ред. бр.	Конференција	Година	**Поени**
1.	ICT Innovations	2020	1
2.	CIIT	2020	1
3.	ICT Innovations	2021	1
4.	CIIT	2021	1
5.	ICT Innovations	2022	1
6.	CIIT	2022	1
7.	ICT Innovations	2023	1
8.	CIIT	2023	1

9.	ICT Innovations	2024	1
10.	CIIT	2024	1
		Вкупно	**10**

Координатор на студиска програма

Ред. бр.		Поени
1.	Раководител на трет циклус – насока: Информатика	2
	Вкупно	**2**

Членови на Комисијата

Проф. д-р Жанета Попеска, претседател, с.р.
Проф. д-р Марија Михова, член, с.р.
Проф. д-р Весна Димитрова, член, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ИНКЛУЗИВНО ТЕХНОЛОШКИ ПОДДРЖАНО УЧЕЊЕ ЗА МЛАДИТЕ СО ДАУНОВ СИНДРОМ“ ОД М-Р ВЕНЕРА КРАСНИЌИ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, на седницата одржана на 23.1.2025 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Венера Красниќи со наслов: „Инклузивно технолошки поддржано учење за младите со Даунов синдром“, во состав: проф. д-р Ана Мадевска Богданова (претседател), проф. д-р Катерина Здравкова (ментор), проф. д-р Невена Ацковска (член), проф. д-р Дејан Ѓорѓевиќ (член) и проф. д-р Фисник Далипи (надворешен член од Универзитетот „Линеус“ во Калмар, Шведска).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р Венера Красниќи, со наслов: „Инклузивно технолошки поддржано учење за младите со Даунов синдром“, содржи 92 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со единечен проред и големина на буквите 12. Во дисертацијата се вклучени 10 илустрации и 8 табели. Цитираната литература опфаќа 364 релевантни библиографски единици, од кои најголемиот дел се научни трудови, статии и книги. Исто така, во цитираната литература има национални прописи и меѓународни акти кои се првенствено поврзани со пристапноста и инклузивноста.

Трудот е структуриран во 7 глави, од кои првата глава претставува вовед, а во последната се прикажани заклучните согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Воведот на трудот започнува со кусо претставување на профилот на лицата со Даунов синдром и нивната перспектива за самостоен живот. Претставени се петте клучни митови за лицата со Даунов синдром и нивното работење и за секој мит се наведени аргументи со кои тие целосно се оспоруваат. Почетната премиса на истражувањето во докторскиот труд е дека лицата со Даунов синдром се соочуваат со бројни пречки во развојот кои неповолно влијаат врз нивниот самостоен живот. Имено затоа, во воведот се прикажани и перспективите за таканареченото оптимизирано учење на животните вештини. Тие се категоризирани осврнувајќи се поодделно на специфичните предизвици кои се последица на интелектуалните, спознајните и комуникациските проблеми. Ефикасната поддршка е препорачано да биде реализирана во три меѓусебно испреплетени пристапи, кои се состојат од анализа на задачата која треба да се реализира и нејзино ефикасно извршување, користејќи визуелна помош и физичка помош со поттици и водење. Во рамките на секоја потточка се претставени клучните предизвици кои се поврзани со темата на докторскиот труд. На крајот на воведот се концизно образложени мотивацијата и целите на истражувањето, а на крајот се наведени истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето.

Втората глава од докторската дисертација е насловена „Инклузивно образование“. Таа го истакнува значењето на вклучувањето на децата со попреченост во редовните училишта. Клучниот фокус на главата е влијанието што инклузивното образование го има врз децата со Даунов синдром и овозможувањето на нивното непречено вклучување во секојдневните активности, овозможувајќи им еднакви образовни можности како и на нивните врсници. Одделот 2.1 го дефинира концептот на инклузивност и неговото значење за децата со Даунов синдром. Развојот и имплементацијата на инклузивните структури во обичните училишта, промоцијата и поддршката на инклузивното образование преку асистивните технологии и финансиските аспекти се детално разгледани во одделот 2.2. Одделот 2.3 детално ги обработува полезноста и предизвиците што го карактеризираат инклузивното образование, а одделот 2.4 се осврнува на

законодавството и регулативите што мора да се имплементираат за да се овозможи инклузијата да биде успешна и да придонесе за стекнување на клучните знаења и вештини.

Третата глава ги воведува асистивните технологии, кои во голем број држави се вклучени во инклузивното образование. Во воведниот дел на оваа глава се образложени значењето и примената на асистивните технологии во инклузивното образование. Одделот 3.1 започнува со дефиницијата на асистивните технологии. Потоа е направена категоризација на асистивните уреди, со специјален фокус на нискотехнолошките и високотехнолошките решенија, нивните разлики, функции, трошоци и достапност. Историската перспектива на асистивните технологии и нивната еволуција се разгледани во одделот 3.2. Одделите 3.3 и 3.4 го опишуваат значењето на асистивните технологии низ призмата на пристапите што се применуваат, а чија цел е да го поддржат и олеснат учењето на децата со попреченост во инклузивното образование. Во нив е дефиниран универзалниот дизајн за учење и влијанието што асистивните технологии го имаат врз ефикасноста на универзалниот дизајн за учење. Одделот 3.5 е насочен кон методите на доживотно учење на наставниот кадар во училиштата наменети за зајакнување на нивните компетенции во процесот на идентификување на индивидуалните потреби на секој ученик. Во одделот 3.6 се прикажани завршните согледувања за улогата на асистивните технологии во инклузивното образование.

Четвртата глава е насловена „Примена на вештачката интелигенција во современите асистивните технологии“. Во рамките на оваа глава е направен осврт на можностите на напредните алгоритми на вештачка интелигенција во зголемувањето на пристапноста, ефикасноста и приспособливоста на асистивните технологии наменети за лицата со различни видови попреченост. Во воведниот дел се прикажани новите трендови во образованието и потенцијалот на добро дизајнираните асистивни технологии во стекнувањето знаења и вештини за самостоен живот. Одделот 4.1 е посветен на современите трендови на асистивните технологии и придонесот на вештачката технологија во создавањето нови технологии во нивното усовршување. Одделот 4.2 ги прикажува асистивните технологии што се користат за подобрување на комуникацијата во секојдневниот живот и во образованието. Разгледани се проширената и алтернативна комуникација, машинското и длабокото учење, како и техниките за препознавање на говорот.

Петтата глава накратко го претставува профилот на лицата со Даунов синдром и ја нагласува важноста од нивната подготовка за целосно или делумно самостоен живот. Одделот 5.1 го истражува Дауновиот синдром и неговото влијание во извршувањето на животните обврски и потенцијалот на новите технологии да премостат дел од воочените интелектуални, спознајни, комуникациски и моторни проблеми. Во одделот 5.2 е направен систематски преглед на литературата со цел да се презентираат активностите и задачите дизајнирани да придонесат во стекнувањето на основните вештини што се неопходни за овозможување на самостоен живот за деца со Даунов синдром. Одделот 5.3 ги сумира апликациите што поддржуваат стекнување на вештини за самостоен живот, а одделот 5.4 ја заокружува главата.

Во **шестата глава** е направена студија на примената на една наменски развиена мобилна апликација која е тестирана со деца со и без Даунов синдром. Студијата ја истражува практичната примена на асистивните технологии за промовирање на учењето и самостојното живеење. Главата започнува со воведна секција која ги опишува мотивите за студијата. Потоа следува преглед на три студии на случај кои ги истражуваат споредливите пристапи и стандарди за проценка и ја дефинираат основата за направеното истражување. По овој преглед, накусо се претставени методологијата на истражувањето и развојот на самата апликација. Резултатите од студијата се сумирани во делот за резултати и дискусии.

Во заклучните согледувања се сублимирани комбинираните напори на развивачите на технологиите, наставниците, старателите и донесувачите на политики кои се клучни за надминување на предизвиците и создавање поинклузивна околина за сите деца со различни видови попреченост. Освен видливата предност од примената на асистивните технологии во инклузивното образование, наведени се и неколку бариери кои го одложуваат ефикасното користење на асистивните технологии. Главните предизвици во образовниот процес го вклучуваат недостатокот на обука за наставниците, недоволните ресурси и недостатокот на време. Во домашната средина, родителите или старателите ја имаат клучната улога да го овозможат надминувањето на овие бариери. И наставниците и семејството треба да имаат постојана поддршка

од државата и од локалната самоуправа кои ќе ја организираат обуката за примена на новите технологии како секојдневна активност.

Предмет и цели на на истражувањето

Предмет на истражувањето на овој докторски труд е анализата на можностите на современите технологии во подобрување на инклузивното образование и стекнувањето знаења и вештини на лицата со Даунов синдром. Истражувањето се фокусира на тоа кои видови асистивни технологии и методологии треба да се применат со цел да се помогне во надминувањето на интелектуалните, спознајните, комуникациските и моторните проблеми кај децата и младите во процесот на учењето и во стекнувањето вештини за самостоен живот.

Истражувањето е организирано како одговор на четири пообемни истражувачки прашања, за кои во посебна глава е направена опсежна студија која ги разработува постапно и систематизирано. Секоја од четирите глави завршува со резиме на стратегиите за надминување на пречките, потенцијалните ограничувања, како и препораките како да се делува локално и глобално за да се подобри состојбата на лицата со Даунов синдром и да им се обезбедат услови за целосно или делумно независно живеење.

Првото истражувачко прашање се однесува на идентификувањето на тешкотиите со кои се соочуваат децата со Даунов синдром во своето образование и колку овие проблеми влијаат врз целокупниот образовен процес. Почетната претпоставка што го насочува истражувањето е фактот дека ова хромозомско заболување најчесто истовремено се манифестира во оштетувања на слухот и видот, нарушувања на моторните вештини, слаба аудиторна меморија, недоволна концентрација и неспособност да се следат наставата и текот на настаните. Разбирањето како да се намалат овие тешкотии, зајакнувајќи ги придобивките од инклузивноста за подобрување на образовните резултати, е исцрпно истражено и прикажано во втората глава на докторскиот труд.

Второто истражувачко прашање го опфаќа откривањето на примената на асистивните технологии во инклузивните училишта, со посебен осврт на нивната примена во наставата за учениците со Даунов синдром. Технолошки поддржаните наставни и образовни методи за ученици се обработени во третата глава на докторскиот труд.

Третото истражувачко прашање е обработено во следните три глави и е насочено кон одредувањето на степенот на поддршка на секојдневните животни активности на децата со Даунов синдром, со помош на различните видови асистивни технологии. Имајќи ги предвид новите текови на овие технологии и вклучувањето на напредните техники на вештачката интелигенција во нивното дизајнирање и создавање, во рамките на студијата на одредување на нивото на поддршка се разгледани трите најзастапени вида помош во комуникацијата кои спаѓаат во технологиите за проширената и алтернативна комуникација, како и техниките за препознавање на говорот, а делумно или целосно се потпираат врз машинското и длабокото учење.

Последното истражувачко прашање е насочено кон откривањето на ограничувањата при примената на асистивните технологии кај учениците со Даунов синдром во образованието. Тие се обработени паралелно со третото истражувачко прашање, затоа што секое од понудените решенија се соочува со недостатоци кои мора навремено да се предвидат за да не ја оневозможат неговата примена и да создадат одбојност.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Дауновиот синдром е едно од најсложените генетски нарушувања, кое се јавува кај 0,1 % живородени деца. Тоа е хромозомска аномалија која силно влијае врз физичкиот и менталниот развој на овие деца. Таа се манифестира различно кај секоја личност. Некои лица со ова хромозомско нарушување се соочуваат со лесна до умерена интелектуална и развојна попреченост, но кај повеќето таа попреченост е многу изразена. Без исклучок, сите деца со Даунов синдром имаат тешкотии со стекнувањето основни знаења, а најчестите училишни тешкотии се поврзани со читањето, пишувањето, математиката, расудувањето и слушањето. Тие бавно реагираат на инструкциите, обично не научуваат да читаат и да пишуваат, не се снаоѓаат со математиката, не можат да зборуваат и да слушаат добро, бргу го губат интересот за слушање и имаат тешкотии да се концентрираат додека учат. Дополнително, кај нив се вообичаени проблемите со говорот и вербалната меморија.

Во последниве години значително се зголеми животниот век на овие лица, така што тие можат да ги надживеат своите родители и старатели, или да станат сериозен товар за нив. Затоа,

важно е да се подготват за самостоен живот. Подготовката треба да започне уште од најраната возраст, првенствено во основното образование. Без добра едукација, шансите за самостоен живот како возрасен се многу мали. Ова бара употреба на приспособени методи на учење кои се приспособени на нивната личност, интелигенција и стил на учење. Притоа, образованието треба да биде инклузивно, со што значително се придонесува за ефикасната интеграција на лицата со Даунов синдром и остварувањето на нивната желба да живеат независно.

Лицата со Даунов синдром сакаат да работат од истите причини како и сите други лица. Тие сакаат да бидат независни, да придонесуваат за општеството, да заработуваат свои пари, да учат нови вештини, да запознаваат нови луѓе и да се чувствуваат ценети. Секој од нив е способен да работи со сопствен капацитет. Доколку се соодветно интегрирани на работното место, тие можат да дадат значителен придонес на своето работно место.

За жал, бројни митови и недоразбирања за Дауновиот синдром создаваат бариери за нивното идно вработување и нивниот самостоен живот. Повеќето бариери постојат бидејќи во минатото не им било дозволено да се развиваат до нивниот целосен потенцијал. Често биле одделени од остатокот од заедницата, живеејќи во сегрегирани услови како институции со малку можности за учење и личен развој. Луѓето со Даунов синдром можат да се развиваат до својот целосен потенцијал кога ќе растат во семејства и заедници со истите права и одговорности како и сите други. Сепак, стереотипите во однос на лицата со Даунов синдром остануваат.

Краток опис на применетите методи

Докторскиот труд е истражувачки и експериментален. Истражувачкиот дел опфаќа три меѓусебно поврзани правци: инклузивно образование, технолошки поддржани асистивни технологии и асистивни апликации дизајнирани за лицата со Даунов синдром. Експерименталниот дел се однесува на примената на мобилна апликација наменета за стекнување животни вештини која е тестирана со деца со и без попреченост и која е проценета од децата, нивните наставници и родители.

Истражувањата се реализирани применувајќи го пристапот на систематски преглед, посебно за третиот правец. Тие се темелат врз повеќе од 300 разгледани трудови, национални стратегии и прописи и меѓународни акти кои се првенствено поврзани со пристапноста и инклузивноста. За секој од трите правци, во докторскиот труд се разгледани предностите, применливоста и предизвиците.

По деталното разгледување на предусловите за примена на асистивните технологии во инклузивното образование и во домашни услови и препораките што треба да опфати една апликација наменета за лицата со Даунов синдром, изработена е мала мобилна апликација која е оценета од мала група деца од различни училишта во Урошевац, местото во кое живее м-р Красниќи.

Бројни студии покажуваат дека технолошки напредните уреди како компјутерите и мобилните уреди можат да ја зголемат когнитивната способност на децата со Даунов синдром. За да развијат социјални вештини и да станат целосно независни од личните асистенти, за овие деца е неопходно да се обезбедат персонализиран стил на учење, терапија и обука. Клучната карактеристика на наставниот процес е инклузијата насочена кон поголемо фокусирање на слики, при што содржината е доминантно вербална, за да се премости јазот со неспособноста за читање.

За да се дизајнира една образовна апликација во форма на игра, неопходно е таа да се потпира врз можностите и ограничувањата на технологиите информации. Дополнително, во нивното дизајнирање се вклучени и препораките на наставниците и родителите на децата со Даунов синдром, првенствено преку бројни интервјуа. Аспектите откриени во истражувањата и препораките се земени предвид при дизајнирањето на мобилната апликација „Да готвиме заедно“. Апликацијата нуди упатства за готвење чекор по чекор за рецепти како палачинки и јадења од туна, разбивајќи го процесот на подготовка на јадењата на помали задачи. Секоја инструкција е придружена со визуелни помагала, обезбедувајќи дека учењето е достапно и ангажирачко за деца со различни способности. Преку овој интерактивен пристап, децата учат техники за готвење и добиваат чувство на постигнување додека напредуваат низ секоја задача. Готвењето вклучува прецизни мерења, а „Да готвиме заедно“ го претвора ова барање во вредна образовна можност.

Апликацијата вклучува мерења во рецептите, учејќи ги децата на количества, тежини и волумен во еден практичен контекст. Додека децата ги следат рецептите, тие учат за важноста на

точноста и основните принципи на мерење. Овој практичен процес на учење оди подалеку од апстрактните концепти кои се предаваат во училниците, обезбедувајќи конкретно разбирање што може да се применува во секојдневни животни ситуации.

Безбедноста во кујната е од клучно значење, особено за деца со посебни потреби кои можеби имаат потреба од дополнителна помош и поддршка. „Да готвиме заедно“ го нагласува значењето на безбедноста во кујната, вклучувајќи совети и потсетници за безбедност низ целиот процес на готвење. Од ракувањето со прибор за јадење до разбирање на изворите на топлина, апликацијата вградува чувство на претпазливост и свесност, а на децата им влева поголема самодоверба да се снајдат во кујната, во почеток со надзор од повозрасните.

Краток опис на резултатите од истражувањето

Докторскиот труд има обемен истражувачки дел. Започнува со опсежно запознавање на Дауновиот синдром и неговите предизвици во комуникацијата, стекнувањето знаења, како и можноста лицата со ова хромозомско нарушување да се вклопат во секојдневните активности и на работното место. Имајќи ги предвид желбите на овие лица да бидат вработени и финансиски независни, направена е студија на стереотипите поврзани со нив. Како резултат на студијата, дефинирани се митовите и фактите за лицата со Даунов синдром и нивното работење. Ова е првиот авторски придонес на кандидатката.

Пречките во развојот и комуникацијата се педантно обработени. За когнитивната попреченост тие првенствено се однесуваат на недостатокот на внимание, неспособноста за контрола на инхибицијата, краткотрајна вербална меморија, како и тешкотиите во планирањето и организацијата. Паралелно со нив се објаснети и комуникациските проблеми кои се должат на лошите комуникациски вештини кои се последица на задоцнетиот говор. Тие се манифестираат преку неспособноста за јасен изговор и слабата способност за учење граматика. Од друга страна, невербалните комуникациски вештини кај лицата со Даунов синдром се подобри, што е земено како појдовна претпоставка при создавањето на мобилната апликација која е практичната цел на трудот.

Истражувањето насочено кон перспективите за оптимизирано учење на животните вештини е направено разгледувајќи ги извештаите на најрелевантните светски организации и притоа се извлечени седум препораки наменети за родителите на децата со Даунов синдром и на институциите кои се грижат за нив. И овие препораки се авторски придонес на кандидатката.

Стекнувањето на основните вештини за самостоен или полусамостоен живот е препорачано да започне со анализа на задачата, овозможувајќи му на лицето да ја научи задачата логички и да ги идентификува чекорите кои му се тешки. Потоа треба да се обезбеди визуелна помош која лицето со Даунов синдром ќе ја имитира. Последната препорака се однесува на организирањето физичка помош со поттици и водење. Овие препораки се дизајнирани за да ги искористат добрите невербални комуникациски вештини.

Во рамките на разгледувањето на инклузивното образование се истражени човековите права на сите лица со хендикеп, при што се идентификувани шест обврски кои придонесуваат за нивното почитување. Стратегијата која овозможува лицата со Даунов синдром да ги почитуваат човековите права се темели врз подигнувањето на свеста и сензибилизацијата, организациската структура и практиките, партнерството, прибирањето податоци и нивна дистрибуција, пристапноста и застапувањето на овие лица во процесите на донесување одлуки за да се осигура дека нивните потреби и перспективи се соодветно разгледани.

Придобивките од инклузивното образование се извлечени од достапната литература и се однесуваат на социјалниот и економски раст на поединците, нивниот академски раст, зголемувањето на можностите, намалувањето на стигмата и дискриминацијата, поддршката во образованието, долгорочноста на успехот и, конечно, јакнењето на разновидноста.

Во рамките на истражувањето на инклузивниот образовен систем се предложени чекорите на стратегијата за инклузивно образование, која ги опфаќа следниве девет теми: препораки сите ученици од иста ментална возраст да учат заедно, поддршката и помош за наставниците, фокусирање на способностите, а не на попреченоста, поврзување со индивидуалниот стил на учење, грижа за заедничко почитување и емпатија, почитување на потребите на сите ученици, соработка со родителите и вклучување на заедницата, инклузивна инфраструктура и планирање на индивидуалното образование.

Во современото општество во кое младите со Даунов синдром, исто како и нивните врсници, имаат допир со дигиталните технологии од најмладата возраст, инклузијата треба да биде дигитална. Вклучувањето на дигитализацијата треба да се насочи кон асистивните технологии, системите за управување со учењето, онлајн упатствата за пристап до образовните содржини, колаборативните онлајн алатки и електронските ресурси во форма на електронски книги и дигитални текстови.

Внимание е посветено и на законодавната рамка, која ќе ги гарантира следниве три човекови права: правото на секое дете на образование, идентификување и отстранување на бариерите и тешкотиите што го одлагаат пристапот, односно правото на квалитетно образование, кое обезбедува релевантен наставен план, испорачан преку педагогија која ги одразува начините на учење на децата и создава училница која вклучува, а не исклучува деца, како и правото на образование што ги почитува правата на децата што ги почитува нивниот физички и емотивен интегритет, а нивните гласови се слушаат и се третираат со почит и внимание.

Прегледот на нискотехнолошките и високотехнолошките асистивни технологии е разработено започнувајќи со нивниот историски преглед и потоа продолжува со преглед на најзастепените асистивни уреди и системи од двете категории. Направена е и нивна споредбена анализа, која се фокусира на споредба на цената, сложеноста, функционалноста, употребливоста и достапноста. По оваа анализа е направена и споредбата на високотехнолошките и нискотехнолошките уреди во однос на нивната функционалност, разновидноста, цената, достапноста и интеграцијата.

Примената на асиситивните технологии во инклузивното образование треба да е направено во согласност со универзалниот дизајн на учењето кој е постапно воведен објаснувајќи ги трите негови составни дела, односно принципи: универзалноста, дизајнот и образовниот процес. Трите принципи на универзалниот дизајн на учењето се гради создавајќи патеки за учење, чија цел е да обезбедат: повеќе начини за претставување, повеќе начини за акција и повеќе начини за ангажираност. Трите принципи се илустрирани со едноставни примери.

Истражувањето на инклузивното образование е заокружено со извлекување на најзначајните придобивки од примената на асистивните технологии кои се однесуваат на зголемената продуктивност и отвореност кон иновации, подобрени академски и образовни резултати, намалување на јазот во јазикот и комуникацијата и поттикнување на краткорочната работна меморија.

Асистивните технологии ги поддржуваат развојот и ефикасноста на учењето на децата со Даунов синдром и на лицата со попреченост воопшто. Овие технологии можат да помогнат во надминување на различните предизвици, како што се говорот, несоодветниот моторен развој, проблемите со учењето и социјалната интеграција. Изборот на соодветна асистивна технологија зависи од специфичните потреби на личноста и често бара соработка меѓу здравствените работници, воспитувачите, терапевтите и самата личност. Целта е да се подобри независноста, инклузијата и квалитетот на животот преку обезбедување асистивни уреди кои ќе ги надминат предизвиците. На крајот, изборот секогаш зависи од потребите и околностите на лицето со попреченост. Некои од нив ја претпочитаат разновидноста и функционалноста на високотехнолошките уреди, додека други ги претпочитаат достапноста и едноставноста на нискотехнолошките уреди.

Предностите од користењето на асистивните технологии вклучуваат продуктивност и иновации, подобрен академски и училиштен успех, намалување на комуникациските разлики и подобрување на когнитивните функции на децата со одредени попреченост. Законодавството и регулативата се неопходни за да се осигура дека лицата со попреченост имаат пристап до асистивната технологија која им е потребна за целосно учество во образованието, работата и општеството.

Истражувањето на асистивните технологии наменети за лицата со Даунов синдром започнува со преглед на системите за проширена и алтернативна комуникација кои ги промовираат невербалните методи на комуникација, проширената реалност, беконите, образовните роботи и симулатори и образовните видеоигри.

По овој вовед е направена опсежна прегледна студија која ги проценува асистивните технологии кои можат да придонесат за инклузивноста и самостојноста на лицата со Даунов синдром, откривајќи неколку основни концепти. Утврдено е дека разгледаните асистивни

технологии придонесуваат за подобра ориентација, координација на очите и рацете, како и за извршување некои дневни активности кај децата и возрасните со попреченост. Независно од возраста, успешното извршување на задачите на сите им ги зголемува самопочитта и самодовербата. Дополнително, констатирано е дека повеќето од разгледаните технолошки решенија го докажуваат својот потенцијал за решавање проблеми, вклучувајќи ги и секојдневните активности кои по користењето на разгледаните технолошки решенија овозможило извршување на истите активности побрзо и со поголема точност.

По обемното истражување, прикажан е и сопствениот експеримент кој за прв пат ги воведува асистивните технологии во училишната средина и ја проценува нивната важност и успешност. За да ја надмине неспособноста за читање и пишано изразување на децата со Даунов синдром, Красниќи ја прави проценката преку интервјуа. Тие се дизајнирани внимавајќи на: изборот на учесниците, утврдувањето на задачите, дефинирањето на инструкциите и планот за тестирање, изведувањето на пилот-тестовите, проблемите во планот за тестирање, изведувањето на тестирањето, анализата на податоците и објавувањето на резултатите.

Посебно внимание е посветено на дизајнирањето и развојот на мобилната апликација која е изработена за целите на овој докторски труд. Разработени се чекорите на проектните активности во согласност со брзиот развој на апликациите RAD (Rapid Application Development). Процесот е структуриран во четири фази: планирање на барањата, кориснички дизајн, изградба и преодна фаза. Сите четири фази се аргументирано објаснети и илустрирани. Потоа е направен кус кориснички прирачник на апликацијата.

По претставувањето на апликацијата и нејзините функционалности, прикажан е експериментот направен со 27 деца на возраст од 10 до 14 години, од кои пет имаат Даунов синдром, едно дете има аутизам, а останатите се без попреченост. По претставувањето на мобилната апликација за готвење и нејзината примена, направена е проценката на нејзината прифатливост од страна на децата, нивните родители и наставници во форма на полуструктурирани интервјуа. По обработката на резултатите, констатирано е дека асистивните технологии имаат капацитет да им помогнат на учениците со Даунов синдром во говорот, разбирањето, когнитивните и социјалните активности.

Овој докторски труд ја нагласува важноста на инклузивното образование, истакнувајќи дека околина која ја почитува различноста и обезбедува еднаков пристап до учење за сите ученици поттикнува емпатија и ја намалува социјалната стигма. Со соодветна поддршка од државата, распределба на ресурсите и заеднички напори од наставниците, семејствата и институциите, инклузивните образовни системи можат да станат норма, создавајќи општество кое вистински ја вреднува и поддржува различноста.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Венера Красниќи, со наслов: „Инклузивно технолошки поддржано учење за младите со Даунов синдром“, претставува истражување во научното подрачје на природно-математичките науки од научното поле на компјутерските и информациските науки и научната област информациски науки. Изработката на оваа докторска дисертација имаше цел да го истражи потенцијалот на технолошките иновации и асистивните технологии во инклузивното образование на децата со Даунов синдром. Според нашите сознанија, во прашање е пионерски обид да им се помогне на младите со ова хромозомско оштетување да ги зголемат своите знаења и да стекнат вештини неопходни за самостоен живот со посредство на асистивните технологии.

Дисертацијата се фокусира на асистивните технологии, нивниот развој и примена во рамките на формалното инклузивно образование, но и пошироко, во воншколските активности. Голем придонес е студијата на случај со група деца од кои една петтина имаат Даунов синдром, а едно дете има проблеми со аутистичниот спектар. Нивното задоволство од мобилната апликација создадена за потребите на овој докторски труд и ентузијазмот да ја користат не само во рамките на експериментот, туку и подоцна, претставува голем поттик за надградба на инклузивното образование со најновите технологии. Тие ќе придонесат да се подобри процесот на учењето и стекнувањето вештини подготвувајќи ги младите со Даунов синдром за независен живот.

Докторскиот труд е проверен во рамките на системот за анализа и пронаоѓање плагијати во трудови на Министерството за образование и наука. Според извештајот од системот, добиен на 18.2.2025, трудот е оригинално дело, односно нема елементи на плагијат.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Венера Красниќи, со наслов: „Инклузивно технолошки поддржано учење за младите со Даунов синдром“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Пред одбраната на докторскиот труд, Венера Красниќи ги има објавено следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. **Krasniqi, V**., Ackovska, N., & Zdravkova, K. (2017) Emerging Role of Robot-Assisted Occupational Therapy for Children with Down Syndrome, In Mechatronics, System Engineering and Robotics & Energy Efficiency Engineering, 5.

[2]. **Krasniqi, V.** (2018). Recommended solutions of E-Learning for children with disabilities in high schools. In Web Procedings of ICT Innovations conference, 2018, pp. 262 - 271.

[3]. Zdravkova, K., & **Krasniqi, V**. (2021). Inclusive higher education during the Covid-19 pandemic. In 2021 44th International Convention on Information, Communication and Electronic Technology (MIPRO) (pp. 833-836). IEEE., цитиран во Scopus.

[4]. **Krasniqi, V**., Zdravkova, K., & Dalipi, F. (2022). Impact of assistive technologies to inclusive education and independent life of down syndrome persons: a systematic literature review and research agenda. *Sustainability*, *14*(8), 4630., цитиран во Scopus, **импакт-фактор 3.3**, CiteScore: 6.8

[5]. Zdravkova, K., **Krasniqi, V**., Dalipi, F., & Ferati, M. (2022). Cutting-edge communication and learning assistive technologies for disabled children: An artificial intelligence perspective. *Frontiers in artificial intelligence*, *5*, 970430., цитиран во Scopus, **импакт-фактор 0.737**, CiteScore: 3.9

[6]. Zdravkova, K., Dalipi, F., & **Krasniqi, V**. (2022). Remote education trajectories for learners with special needs during the COVID-19 outbreak: An accessibility analysis of the learning platforms. *International Journal of Emerging Technologies in Learning (iJET)*, *17*(21), 89-122., цитиран во Scopus.

Првите три труда се презентирани на меѓународни конференции, од кои последната е цитирана во Scopus, а трудовите 4. и 5. се отпечатени во списанија кои се цитирани во списанија со импакт-фактор според Clarivate Analytics.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Главните научни придонеси на докторската дисертација се следниве:

1. Направен е сеопфатен преглед на влијанието на технолошки поддржаното образование и неговото интегрирање во инклузивното образование на лицата со различни видови попреченост, со посебен осврт на Дауновиот синдром.
2. Дефинирани се и аргументирани митовите за лицата со Даунов синдром и нивното вработување.
3. Дефинирани се препораки за родителите на децата со Даунов синдром и за институциите кои се грижат за нив, за да се придонесе за нивното осамостојување.
4. Развиена е мобилна апликација која го прикажува целокупниот процес на подготовка на две лесни јадења, ги учи како и со кои намирници и алати да ги подготват, ги учи на редоследот на подготовката и ги поттикнува и самите да се обидат да ги направат.
5. Реализирана е обемна студија на случај и анализирано е влијанието на асистивните технологии и нивната примена со деца од основношколска возраст.
6. Дефинирани се препораки за проширување на процесот на инклузивното образование со воведување на асистивните технологии.
7. Дадени се препораки како со помош на технолошки поддржаното образование може да се надмине проблемот на нарушувањето на човековите права на лицата со попреченост.

Подрачјето на примена и ограничувањата се однесуваат на следниве предизвици:

a. стереотипите во врска со децата со Даунов синдром и нивната социјална изолација;
b. недовербата овие лица да бидат интегрирани во фирмите како рамноправни вработени кои придонесуваат за нивната продуктивност;
c. недоволната подготовка на наставниот кадар да ги воведе асистивните технологии во инклузивната училница;
d. ограниченият број персонализирани мобилни апликации за учење и стекнување животни вештини;
e. неприспособеноста на инклузивното образование кон брза дигитализација и примена на асистивните технологии;
f. недоволната усогласеност на интеграцијата на напредните технологии и инклузивните практики со правните и етичките норми.

Можните понатамошни истражувања ќе бидат насочени кон зголемување на свесноста за потенцијалот на технолошки поддржаното образование и примената на асистивните технологии во процесот на усовршување на инклузивното образование. Планирано е проширување на истражувањето на мобилните апликации наменети за лицата со Даунов синдром со отворен код, за да може лесно да се локализираат и да се вклучат постепено во воншколските активности на децата со попреченост. По нивната проценка ќе бидат одделени неколку асистивни апликации што може да се воведат и во формалното инклузивно образование и ќе му бидат понудени на Бирото за развој на образованието на проценка, со надеж дека наскоро ќе бидат одобрени и интегрирани во школските активности. На таков начин ќе им се помогне не само на родителите, туку и на целото општество.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Венера Красниќи** со наслов: **Инклузивно технолошки поддржано учење за младите со Даунов синдром.**

КОМИСИЈА

Проф. д-р Ана Мадевска Богданова, УКИМ, ФИНКИ, претседател, с.р.
Проф. д-р Катерина Здравкова, УКИМ, ФИНКИ, ментор, с.р.
Проф. д-р Невена Ацковска, УКИМ, ФИНКИ, член, с.р.
Проф. д-р Дејан Ѓорѓевиќ, УКИМ, ФИНКИ, член, с.р.
Проф. д-р Фисник Далипи, Универзитет „Линеус“, Шведска, надворешен член, с.р.

П Р Е Г Л Е Д
НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО СКОПЈЕ

2. ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ

Ред. бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1.	Мартина Тошевска	„За способностите на големите јазични модели за промена на стил на текст“	„Probing large language models text style transfer capabilities: Knowledge augmentation approaches“	проф. д-р Соња Гиевска	12.12.2024 02-1966/1
2.	Влатко Николовски	„Генеративна вештачка интелигенција и рамки водени од податоци за унапредување на високото образование: Обединет пристап кон предиктивна аналитика, оценување и управување со знаење“	„Generative Al and Data-Driven Frameworks for Advancing Higher Education: A Unified Approach to Predictive Analytics, Assessment and Knowledge Management“	проф. д-р Иван Чорбев	11.02.2025 02-146/9

ДЕКАН
ПРОФ. Д-Р БОРО ЈАКИМОВСКИ

П Р Е Г Л Е Д
НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО СКОПЈЕ

3. МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ

Ред. бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1	*Јована Маројевиќ*	*„Скалабилни софтверски архитектури: од монолитни кон микросервиси со интеграција на ВИ“*	*"Scalable software architectures: from monolithic to microservices with AI integration"*	*проф. д-р Љупчо Антовски*	*04.07.2024 02-939/4*
2	*Методија Новковски*	*„Моделирање на соработка во повеќеагентни системи базирани на реалистични општества“*	*„Modeling cooperation in multi-agent systems based on realistic populations#*	*проф. д-р Соња Гиевска*	*04.07.2024 02-939/5*
3	*Викторија Коцева*	*„Интегрирање на вештачката интелигенција во економијата на споделување“*	*„Integration of artificial intelligence in the sharing economy“*	*проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац*	*29.08.2024 02-1104/8*
4	*Бесмаљ Мемеди*	*„Мониторинг и анализа на квалитетот на вода и критично ниво за поплави на река Пена“*	*„Monitoring and analysis of water quality and critical flood level of Pena River“*	*проф. д-р Коста Митрески*	*29.08.2024 02-1104/9*
5	*Никола Кушевски*	*„Зголемување на доверливоста на софтверот преку GitOps, автоматско тестирање и сеопфатен мониторинг“*	*„Enhancing the software reliability through GitOps, automated testing and comprehensive monitoring“*	*проф. д-р Иван Чорбев*	*29.08.2024 02-1104/1*
6	*Драгица Близнаковска Станчев*	*„Вештачка интелигенција во медицината“*	*„Artificial Intelligence in Medicine#*	*проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац*	*03.10.2024 02-1411/8*
7	*Борис Кикенски*	*„Примена на архитектура заснована на технологијата на блоковски вериги кај системи за идентификација и гласање“*	*„Application of Blockchain architecture in systems for identification and voting“*	*проф. д-р Дејан Ѓорѓевиќ*	*03.10.2024 02-1411/9*
8	*Ермин Нумановиќ*	*„Примена на информациските системи за постигнување стратегиска конкурентност кај македонските компании“*	*„Application of information systems for achieving strategic competitiveness in Macedonian companies“*	*проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац*	*24.10.2024 02-1549/4*
9	*Андреа Трифунова*	*„Влијание на вештачката интелигенција на обезбедувањето квалитет и на менаџментот“*	*„Impact of Artificial intelligence on Qualitiy Assurance and Management“*	*проф. д-р Петре Ламески*	*07.11.2024 02-1701/1*
10	*Мелина Стојановска*	*„Влијанието на прилагодени Сејлсфорс апликации врз видливоста и искористеноста на ресурсите и безбедноста на податоците“*	*„The impact of custom Salesforce applications on resource utilization and data security“*	*проф. д-р Петре Ламески*	*12.11.2024 02-1757/1*
11	*Горан Митров*	*„Извлекување на информации и рангорање на документи со обработка на природни јазици и големи јазични модели“*	*„Information retrieval and document ranking with natural language processing and large language models“*	*проф. д-р Ефтим Здравевски*	*19.12.2024 02-2049/5*
12	*Борис Станоев*	*„Автоматизација на машинското учење во релациони бази на податоци“*	*„Automating machine learning in relational databases“*	*проф. д-р Ефтим Здравевски*	*19.12.2024 02-2049/6*
13	*Ана Младеновска*	*„Инегрирани методи за предвидување на дијагнози со користење на клинички податоци“*	*„Integrated Methods for Diagnosis Prediction Using Clinical Data“*	*проф. д-р Ристе Стојанов*	*19.12.2024 02-2049/7*
14	*Давид Стојановски*	*„Дизајн и Имплементација на Систем за Интегрирано Управување и Анализа на Инвестициски Портфолија“*	*„Design and Implementation of a System for Integrated Management and Anaalysis of Investment Portfolios“*	*проф. д-р Иван Китановски*	*19.12.2024 02-2049/9*
15	*Пепа Костовска*	*„Методологии за развој на стартап компании потпомогнати од вештачка интелегенција“*	*„Methodologies for developing startup companies assisted by artificial intelligence“*	*проф. д-р Димитар Трајанов*	*23.01.2025 02-124/2*
16	*Тамара Калајџиески*	*„AI рамка за предвидување и анализа на однесувањето на потрошувачите“*	*„AI Framework for Predicting and Analyzing Consumer Behavior#*	*проф. д-р Димитар Трајанов*	*12.02.2025 02-146/7*

ДЕКАН

ПРОФ. Д-Р БОРО ЈАКИМОВСКИ

Изработил: Марија Дамјаноска

П Р Е Г Л Е Д

НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Докторски трудови

Ред. бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1.	Александар Димковски	Дизајнирање и развој на нови кумарин-триазол-изатин хибридни молекули: синтеза, физичко-хемиска карактеризација и биолошка активност	Desing and development of new coumarin-triazole-isatin hybrid molecules: synthesis, physico-chemical characterization and biological evaluation	Проф. д-р Ана Поцева Пановска	02-143/3 17.02.2025

П Р Е Г Л Е Д
НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ
2. Магистерски трудови

Ред. бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1.	Валентина Матовска	„Работно оптоварување, грубо однесување на работа, руминирање и перципирана организациска поддршка како предиктори на професионално согорување “	“Work overload, workplace incivility, work-related rumination, perceived organizational support as predictors of occupational burnout“	Проф. д-р Билјана Блажевска Стоилковска	10-70/4 од 12.2.2025год.
2.	Благоја Здравевски	„Негативна слика за телото кај студенти од машки пол: улогата на невротицизмот, социокултурните фактори и социјалната споредба “	“Negative Body Image in Male University Students: The Role of Neuroticism, Sociocultural factors, and Social Comparison“	Проф. д-р Катерина Наумова	10-139/2 од 12.2.2025год.
3.	Александра Богдановска	„Програмите за практикантство во функција на развојот на таленти и брендирање на компаниите “	“Pivara Skopje`s “Coke Summership“ program: Creating synergy between talent development and employer branding“	Проф. д-р Анета Баракоска	10-263/2 од 12.2.2025год
4.	Теона Неловска	„Влијанието на социјалните медиуми врз младинската култура: вредности, норми и формирање идентитет “	“The impact of social media on youth culture: values, norms and identity formation“	Проф. д-р Антоанела Петковска	10-225/3 од 12.2.2025год

Р Е Ц Е Н З И Ј А

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ИСТОРИЈАТА И РОМАНОТ: КОМПАРАЦИЈА НА СЛИКАТА ЗА ОСМАНЛИИТЕ ВО НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО КНИЖЕВНОСТ ВО БАЛКАНСКИТЕ ЗЕМЈИ (МАКЕДОНИЈА, БУГАРИЈА, СРБИЈА И БОСНА)“ ОД М-Р АЈЛИН КАРАХАСАН, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на седницата одржана на 22.1.2025 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Ајлин Карахасан со наслов „Историјата и романот: компаративна слика за Османлиите во наставната програма по книжевност во балканските земји (Македонија, Бугарија, Србија и Босна)“, во состав: проф. д-р Маја Бојаџиевска (претседател), проф. д-р Славица Србиновска (ментор), проф. д-р Осман Емин (член), проф. д-р Весна Мојсова-Чепишевска (член) и проф. д-р Марија Ѓорѓиева-Димова (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Ајлин Карахасан, со наслов „Историјата и романот: компаративна слика за Османлиите во наставната програма по книжевност во балканските земји (Македонија, Бугарија, Србија и Босна)“, содржи 317 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 199 фусноти, 77 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран од вовед, три дела, заклучок и речник на турцизми. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во воведниот дел, кандидатката се осврнува на аспектите на вкрстување на историографијата и книжевноста, особено романот и при тоа дава увид во предметот кој се задржува на територијата на Балканот, неговата историја, влијанија одливот и протокот на империите, меѓу кои е за ова истражување значајно владеењето на Отоманската Иимперија, а во врска со неа и наративите вткаени во културно ткиво и историските реалности на Македонија, на Бугарија, на Србија и на Босна. Во овој контекст, кандидатката ја истражува книжевноста како културен артефакт, но го проширува истражувањето и надвор од обичната анализа на книжевните дела, бидејќи има за цел да го разоткрие длабокото влијание на книжевноста врз изградбата на историските наративи и обратно, како и да ги истражува пошироките структури на наративите кои ги сликаат културните релации условени од владеењето на Османлиската Империја. Преку преземање на компаративно испитување на наставната програма за литература во Македонија, Бугарија, Србија и Босна, истражувањето во оваа докторкса дисертација има за цел да ги открие начините на кои романите се осврнуваат низ сопствената репрезентатаивна стратегија кон минатото, обликувајќи ги перцепциите на генерациите од минатото и во современоста. Отоманската Империја е централен актер во истражувањето посветено на историската драма на Балканот. Книжевноста игра клучна улога во изградбата на претставата, на сликата за минатото впишана во историските наративи, меѓутоа таа влијае и врз емоциите, таа ја стимулира имагинацијата и има специфично влијание врз колективната меморија, како и врз историографските наративи. Темите, ликовите и книжевните средства употребени во романите се истражуваат и како естетски факт, меѓутоа и како селективна меморија и содржина од предрасуди кои ги обликуваат културните идентитети во современоста. Застапеноста на темите за Османлиите во наставната програма по книжевност на балканските земји се истражува со цел да се утврдат начините на кои книжевноста делува како културен артефакт врз младите и децата, односно како таа ја обликува колективната свест на општествата во Македонија, Бугарија, Србија и во Босна денес.

Во првиот дел од докторската дисертација, кандидатката се осврнува на историските наративи за ситуацијата на Балканот пред владеењето на Османлиите, односно таа говори за

периодот на владеење на Римската Империја, потоа за создавањето и владеењето на Византија, населувањето на Словените на Балканот, а потоа се фокусира врз владеењето под Османлиската Империја. Населувајќи се на Балканот, словенските племиња ги зазеле најплодните низини и полиња, а ги избегнувале непристапните планински предели. Тамошното староседелско население или се повлекло во недостапните планински предели или се измешало со новодојдените Словени. Словените го наметнале својот јазик, обичаи и култура. По населувањето на Словените, за еден краток временски период дошло до примање на христијанството од староседелците, кои биле на повисоко културно ниво. Кон крајот на XII век дошло до значителни промени на политичката карта на Балканскиот Полуостров. Византиското Царство, поради лошата економска положба и постојаните напади на надворешните непријатели, значително ослабнало и сѐповеќе ги губело своите позиции на Балканот. Долгогодишната борба на Византија со балканските народи, кои ја бранеле својата независност завршила со пораз на Византија. Балканските народи успеале да се ослободат од византиската власт и да формираат независни држави. Најголема моќ српската држава доживеала за време на царот Душан (1331 – 1 355 година), а по неговата смрт доаѓа неговиот син Урош V, кој бил немоќен да ја води големата држава како неговиот татко, а и доаѓањето на Турците на Балканот ќе направат државата со брзо темпо да слабее, и со падот на Смедерево во 1459 година да влезе во состав на Османлиската држава.

Од друга страна, Бугарите се народ кои прилично рано формирале своја држава на Балканскиот Полуостров, 681 година. На почетокот со преземање на пљачкашки напади врз византиските територии, при што Византија не успеала да ги запре нападите на Бугарите, кои ги освоиле територииите помеѓу Дунав и Стара Планина. На тие места каде што веќе имало населени словенски племиња,под притисок на Бугарите морале да ја признаат бугарската власт и да им плаќаат данок на Бугарите. Словените биле побројни и им го наметнале својот јазик на Бугарите, кои постепено се слеале со нив. Бугарите биле пагани, бидејќи сѐуште гонемале примено христијанството,бугарскиот цар Борис решил да го покрсти населението во својата држава.Покрстувањето било во 864/865 година.Примањето на христијанството било од големо значење за натамошната историја на бугарската држава,која била под силно влијание на првата христијанска држава –Византија.Најголемиот подем на првото бугарско царство го доживеала за време на Симеон(893-927година), кој водел успешни војни со Византија, со Унгарците и со Србите.

Јадрото на средновековна Босна го сочинувала областа што се простирала на запад од реката Дрина и ја опфаќала територијата по текот на реките Врбас и Босна.И оваа балканска област била населена од Словените до средината на VII век. Од средината на X век Босна била формирана како политичка целина на чело со бан. Наизменично до XII век ја признавала власта на Унгарија и Византија сѐ до втората половина на XIV век кога потпаднала под власта на Османлиите. Своето најголемо територијално проширување го доживеала за времена Тврткo I(1353-1391).Во негово време босанската држава била претворена во кралство. Тврткo во 1377 година бил прогласен за крал.Кон средината на XV век во Босна завладеала феудална анархија. Сето тоа им одело во прилог на турските освојувачи. ТурцитеОсманлии предводени од енергичниот султан Мехмед II по освојувањето на Цариград во 1453 год. и ликвидирањето на Византиската Империја незапирливо почнале да продираат во внатрешноста на Балканскиот Полуостров. По ликвидирањето на српското деспотство во 1459 год., на зачестени удари била изложена и Босна, кралот Стефан Томашевиќ е оној кој одбил на Османлиите да им го достави бараниот данок, а тоа доведува султанот Мехмед II да изврши силен напад и во 1463 г. ја поробува Босна. Во почетокот на XVI век, Османлиите на целата територија на Босна воспоставиле своја цврста власт.

По убиствотона браќата Волкашин и Углеша нивните држави биле изложени на напади од соседните балкански владетели.Кралот Марко(1371-1395) кој го наследил престолот, бил немоќен да ги зачува границите на своето кралство.Зачестените меѓусебни борби кај балканските држави Турците Османлиивешто гиискористиле за своите завладувачки планови на Балканот. Поделената македонска територија на повеќе феудални држави и кнежества, како и завладеаната неслога меѓу одделните владетели, му овозможиле на султанот Мурат I без поголем отпор да освои повеќе македонски градови.На тој начин по 1385 година кралот Марко за да го зачувасвоето кралство морал да ја признае врховната власт на султанот Мурат I. Во тој период вазална држава на Османлиската Империја станала и Византија. Пред тоа својата независност ја изгубило и

Бугарското Трновско Царство. Поголемите територијални придобивки на Балканот,султанот Мурат Iсе подготвил за напад на Србија. По косовската битка, Османлиите ги ставиле под своја непосредна власт градот Кратово и неговите околни рудници. Во долготрајни борби, во 1392 година бил освоен градот Скопје. Три години подоцна, во 1395 година, во битката кај Ровине против влашкиот војвода Мирче бил убиен кралот Марко. По смртта на кралот Марко била ликвидирана неговата вазална држава. Тогаш целата територија на Македонија, без Солун, била ставенапод власта на Турците Османлии. Во 1430 година, Османлиите го освоиле градот Солун, со тоа за целиот народ на територијата наречена Македонија настапил период на долготрајно османлиско владеење. Уште во првите децении на османлиското владеење во Македонија биле извршени општествено-економски промени. Османлиите го воспоставиле своето тимарско-спахиско уредување, а заедно со тоа и сите институции врз кои се крепела воената и економската моќ на Османлиската Империја. Османлиите со тоа целосно не ги ликвидирале затечените феудални односи во Македонија. Напротив, голем број од нив ги зачувале и приспособиле за свои потреби. Во таа смисла, Турците Османлии имале потолерантен однос кон претставниците на македонската аристократија кои се ставиле во служба на османлиската држава. Таквите македонски феудалци биле наречени спахии-христијани. Дел од нив го прифатиле и исламот. Едновремено со воспоставувањето на османлиската власт во Македонија била извршена и засилена колонизација. Во плодните и стратешки места биле градени турски населби од доселените војски и население од Мала Азија.

Историјата на владеењето на Османлиите, кандидатката ја изложува врз основа на историографските записи со конкретни факти; балканската авантура на Османлиската Империја траела 550 години и е поделена на три периоди: (1354 – 1683) период на напредок и доминација на Балканот; (1683 – 1821) период на слабеење и опаѓање на доминацијата; (1821 – 1 913) период на распад на доминацијата и повлекување на Османлиската Империја од балканските земји. Османлиската Империја, која зачекорила на Балканот во 1354 година, станала доминантна сила во регионот за околу еден век и ја продолжила својата доминација во регионот до 1683 година.

Со детален преглед на промените кои настануваат во периодот на владеењето на Османлиите во Македонија, во Бугарија, Србија и во Босна, кандидатката се потпира на историографски толкувања за општественото уредување, за статусот на феудалците во епоха во која оние што завладуваат со Балканот имаат свој систем, своја религија и културни практики со кои влијаат на тоа да се менува традицијата која ја затекнале на територииите кои ги освоиле.

Во вториот дел од истражувањето на докторската дисертација, кој се однесува на теоретските аспекти на фикцијата и историјата, кандидатката се осврнува врз фазите на развој во наратолошките истражувања и при тоа ги изложува ставовите на голем број теоретичари кои расправаат за концептите на „фикција“ и „фикционалност“, за преиспитување на нефикционалните наративи кои се исто така предмет на проучување и кои се изучуваат паралелно и компаративно со романите што е засновано врз примена на методологија која по својата суштина е интердисциплинарна. Во овој контекст, нагласена е неопходноста од развивање пристап на наративот заснован на фикција, а истражувачите како Дорит Кон дури се фокусираат врз дискурсот на фикција. Повеќето теоретичари, врз чии тези за фикцијата и фактите говори кандидатката, ја нагласуваат потребата од општ пристап кон фиктивноста што ќе ги опфати сите наративи, и фиктивни и нефиктивни. Со разликување на поимите „измислен“ и „фиктивен“, според Волф Шмид, како најфундаментална карактеристика на уметничкиот наративен текст се одделува неговата „фикционалност“, односно светот кој е претставен овие текстови е „фиктивен“. Терминот „фиктивен“ се третира,според анализите на Шмит на кои се потпира кандидатката, како карактеристика на текстот. Терминот „фикција“ се однесува на ситуацијата на она што е претставено во фиктивниот текст. Во овој контекст, истражувањето говори за романот како измислен, а светот што го прикажува ефиктивен по однос на оној кој го реципира. Прашањето дали измислените текстови можат да се разликуваат според нивните уникатни карактеристики е исполнето со низа контрадикторни ставови. Германската теоретичарка Кете Хамбургер ја започна оваа дебата во 1950 г. и ја развива теоријата за уникатноста на „фиктивниот“ жанр. Додека вклучува наративи во трето лице за театар и наука, Шмид ја исклучува лириката и нарацијата преку својството на користење на прво лице. Нецелосните ставови на Хамбургер на оваа тема, особено нејзината теза за прашањето за минатото време во фикцијата е изложена на различни критики. Поаѓајќи од овие становишта, кандидатката смета дека разделувањето на

студиите кои се занимаваат со семантика и оние засновани на прагматички аспекти се надополнуваат. Семантиката се занимава со модална логика за да разговара за пропозициската вредност на измислените искази, потоа таа укажува на она што е карактеристично за содржината на измисленият дискурс, како што е употребата на соодветни имиња, на улогата на субјектите, на референцта или вистината во фикцијата, природата на фиктивните ентитети и други прашања. Прагматиката е заснована врз теоријата на говорниот чин и е посветена на тоа како наративната фикција функционира како форма на комуникација; производство и рецепција, односно активности поврзани со производство на фикција (намери, конвенции и општествена улога што ја игра фикцијата) и со толкување. Историски гледано, повеќето теоретичари усвоиле еден или друг од овие пристапи, сепак кога ќе се испита односот помеѓу овие две теории, може да се тврди дека тие се надополнуваат една со друга. На крајот на краиштата, семантичките теории се занимаваат со она што е внатре во текстот, а прагматичките со односот со оној кој чита и анализира. Со пристап во рамките на кој настојува да проговори за јазикот на фикцијата, кандидатката се повикува на толкувањата на К.Хамбургер, Ан Банфилд, на Д.Кон, на Џон Срл и други теоретичари на фикцијата, а со пристап во кој се актуализира филозофската дилема за вистината, објективноста и реалноста наспроти лагата, фингирањето, фокус кој е тесно поврзан со темата за историјата и романот, таа го развива со користење на тезите на теоријата на Р. Волш и при тоа фиктивноста се објаснува преку реторички ориентиран пристап, имено тој во книга насловена *Реторика на фиктивноста: теорија на раскажување и идеја за фикција* објавена во 2007 година смета дека, од прагматична перспектива, не постојат неопходни и доволни текстуални показатели кои би го одредиле статусот на фикцијата како жанр и дека она што ни овозможува да ја забележиме фикцијата се случува само преку контекстот, односно претставувањето и рецепцијата на дејствување на/како фикција. Според него, фиктивноста не е карактеристика на жанрот на фикцијата, туку „одлика на пресметковната реторика“ со која се среќаваме низ широк опсег на дискурси кои се движат од историја до биографија. Сложените претпоставки или тезите на Нилсен, на Досон, на Фелан, но и на Волш и Волф, на Женет го тематизираат поимот на фиктивноста како „реторички ресурс“ и како „контекстуална претпоставка“, а наспроти оваа реторичка димензија, тој се тематизира како „онтолошка категорија“. Меѓу наведените тврдења се говори за „квалитетот на фикцијата, а не за видот на фикцијата“ и за прашањата поврзани со тоа што го обезбедува „теоретскиот интегритет“ кои упатуваат на разликата помеѓу фикцијата и нефикцијата. Низ овие тези, кандидатката го одделува согледувањето на фиктивноста како извор, претпоставка и квалитет, но според Досон, и како „реторичко својство“ својство на известување, што влијае на тоа фиктивноста да се дефинира како квалитет.

Во овој дел, кандидатката ја развива и темата за соочување на романот со фактите и со историјата и при тоа смета дела во историските романи, измислени ликови често комуницираат со вистински историски личности и настани, замаглувајќи ги границите помеѓу реалноста и фикцијата. Во поврзувањата на имагинарното со историското, кандидатката ги уочува одликите на романите кои подоцна ги анализира и во нив согледува динамични наративи кои нудат нијансирани перспективи на минатото. Преку измислените протагонисти, кандидатката настојува да утврди какви слики си создаваат читателите кога се соочуваат со сложеноста на историските настани, кога стекнуваат подлабоко разбирање на човечкото искуство во специфичен историски контекст. Со спојување на личните приказни со пошироки историски наративи, романите го хуманизираат минатото, така го поттикнуваат интересот и предизвикуваат попривлечност кај современата публика. Во одделувањето на значењата на жанрот на романот, особено историскиот роман, кандидатката смета дека тие нудат уникатни сознанија за минатото преку толкување и претставување на историските настани низ објективот на имагинацијата. Тие ја надополнуваат историографијата со обезбедување алтернативни перспективи и пополнување на празнините во историските записи. Романите влијаат на јавната меморија и ја обликуваат колективната свест преку популаризација на одредени толкувања на историјата. Истражувајќи ја оваа интеракција помеѓу романите, историската реалност и историографијата, според кандидатката, се утврдува улогата на раскажувањето приказни и се влијае на обликувањето на нашето разбирање за минатото.

Со обид низ теоретска перспектива да го проблематизира феноменот историја и роман, кандидатката ги толкува сознанијата според кои ако содржината на историските романи се

вистински настани, а не имагинарни настани измислени од наратор; тоа се настани кои всушност се случиле, тоа исто така значи дека формата во која историските настани се претставуваат пред идниот наратор веќе постои, односно не е фикционализирана и извлечена од сферата на имагинацијата. Постмодернистичките тврдења дека историјата се потпира на фикцијата, според анализите на Хејден Вајт, се актуелизираат и од страна на Лубомир Долежал. Долежал ја развива дискусијата за разликата помеѓу историските и фиктивните текстови,тој го поставува прашањет разликите кои се воочуваат кога низ измисленото дело се пресоздава историски настан. Долежал дава тврдења дека разликата на Хајден Вајт помеѓу историскиот модел заснован на минатото и измислената фантазија не може да биде објаснување за измислен текст кој зема историски настан како своја тема. Според Љубомир Долежал, неопходно е да се оди подалеку од постмодерната логика која ги збунува историјата и фикцијата врз основа на концептите на дискурс и/или наратив. Во неговиот приговор за постмодерното сфаќање кое ги поистоветува историјата и фикцијата, Љубомир Долежал прво ги предупредува критичарите против опасното тврдење дека книжевните техники утврдени во историски текст го претвораат наративот во фиктивен. Вајт започнува да истражува со претпоставка дека историчарот комбинира низа историски настани со одреден заплет за да им даде одредено значење и на крајот доаѓа до заклучок дека и историографските текстови преку заплетот во суштина стануваат вид кој е резултат на литературен, односно фиктивен процес. Сепак, општо прифатено е сфаќањето дека, на пример, во написите напишани од новинари, постојат литературни техники кои новинарите можат да ги користат, како и различни стилови на композиција. Се разбира, тоа не значи дека написите во весниците се измислени, иако се наменети да раскажат приказна. Новинарството се заснова на претпоставката дека писателот ги кажува фактите и не измислува заплет. Според убедувањата на Долежал, кандидатката смета дека почетната точка при дефинирањето на контрастот меѓу историјата и фикцијата треба да биде „вредноста на вистината“, а некнижевните квалитети. Ова е основната карактеристика на историографијата и тоа не е нешто што писателот на фикција мора нужно да го земе предвид. Слично на тоа, Љубомир Долежал смета дека историите функционираат како модели на минатото во денешниот свет, во овој поглед тие се како топографии кои функционираат како модели на одредени погледи на светот.

Во овој дел, кандидатката го актуализира компаратистичкиот метод низ призма на одделното подрачје на имагологијата, имено на онаа сфера која се занимава со феноменот „слика“ на Другиот. Сликата за себе и ликот на *Другиот* во книжевноста се многу важни, не само за разбирање на националниот карактер и зачувување на културниот идентитет, туку и за ослободување од идеолошките читања и создавање стереотипи. Анализирајќи ги сликите на *Другиот*, истражувајќи ги претставите што симболично ги прикажуваат Османлиите во книжевноста создавана на Балканот, проучувајќи го културниот контекст и процесот што ја формира перцепцијата на писателот, што ја условува врз основа на стереотипот е клучна задача за имаголошкото истражување која е актуелна и денес. Имагологијата како гранка на компаративни студии што ги проучува сликите на *Другиот* во книжевноста, како и влијанието на таквите слики врз нашата рецепција на книжевните феномени е сфера на истражување или поддисциплина на компаративната книжевност која се фокусира врз анализа на книжевни текстови каде ги проучува сликите што се создаваат во една национална култура за некоја друга култура, или за некои други национални, етнички, расни или друг вид групации. Поаѓајќи од истражувањата на Ив Шервел, почетната точка и основниот интерес на компаративната книжевностсе е заснован на средбата со ,,другиот“, со странските литературни текстови и со културите различни од нашата и различни меѓусебно. Поврзувајќи се со основниот интерес на компаративната книжевност, книжевната имагологија, смета кандидатката дека е „најпрецизен“ начин на истражување на пристапот и дијалогот кој настојува да ја објасни „другоста“ во полето на културата и создавањето. Од друга страна, книжевните дела можат да влијаат на имагинарните граници да станат реални, а вистинските граници да се движат. Францускиот компаратист Даниел Анри Пажо во 1980 година истакнува дека една од главните задачи на имагологијата е „културното посредување“, а слично на него италијанскиот компаратист Армандо Њиши истакнува дека компаратистиката се трансформирала во „знаење за средби“, со силна етичка димензија на оние средбиво кои за сите учесници остануваат активни нивните сопствени традиции, културни истории, јазици и поетика.

Во третиот дел од своите толкувања, кандидатката се повикува на педагошката практика, на зададените наставни програми и на нивната функција, а потоа во нив селектира содржини во кои се актуелни сликите за Османлиите. Кандидатката паралелно ги проблематизира знаењата кои се стекнуваат кога станува збор за програмите по историја и програмите по книжевност. Со пристап кој е педагошки, литературните дела кои се застапени во наставните програми и прашањето за тоа меѓу нив кои дела и колку тие како книжевност можат да бидат релевантни за проучувањето на сликата за Османлиите и колку таа слика е актуелна ако во позадина на овие романи стои знаење и разбирање на историјата и културниот идентитет поврзано со идеологијата. Темите кои се засегаат во овој дел од истражувањето се однесуваат на тоа какви слики за османлиите добиваат учениците од книжевните дела? Со оглед на тоа дека книжевноста, како безвременски и универзален медиум на човековото изразување има единствена позиција во образованието и дека вклучувањето на книжевноста во наставните програми игра клучна улога во обликувањето и образовното градење на учениците, тогаш може да се разбере дека оваа тема за толкување на книжевноста и сликите кои во неа се однесуваат на Османлиите претставува сериозна тема поврзана колку со идентитетот, со стеретипите, со историјата, со односот кон Другиот.

Надвор од стекнувањето јазични вештини, книжевноста поттикнува критичко размислување, емпатија, културна свест и подлабоко разбирање на човечкото искуство. Во ова поглавје, кандидатката ја истражува повеќеслојната важност на наставните програми за книжевност и нивното длабоко влијание врз холистичкиот развој на учениците. Книжевноста го ангажира умот на начин на кој можат само неколку други дисциплини. Изложеноста на различни жанрови, стилови и периоди ги предизвикува учениците да размислуваат критички и аналитички. Книжевните дела често прикажуваат сложени наративи, сложени ликови и нијансирани теми, барајќи од учениците да навлезат во длабочините на разбирањето. Овој когнитивен ангажман придонесува за развој на аналитички вештини, способности за решавање проблеми и поширока интелектуална перспектива. Од друга гледна точка, книжевноста служи како прозорец кон различни култури, општества и историски периоди. Преку истражување на книжевноста од различни региони и временски периоди, учениците добиваат увид во различни перспективи, поттикнувајќи ја културната свест и чувствителност. Изложеноста на книжевност од различно потекло не само што ги проширува хоризонтите на учениците, туку и негува чувство на емпатија дозволувајќи им да влезат во животите на ликовите со различни искуства и потекла. Од друга страна, добро дизајнираната програма за книжевносте е камен-темелник за владеење на јазикот, заклучува кандидатката. Книжевните дела ги изложуваат учениците на богат вокабулар, разновидни структури на реченици и идиоматски изрази. Анализирањето и толкувањето на книжевноста ги подобрува јазичните вештини, вклучувајќи читање со разбирање, владеење со пишување и ефективна комуникација. Способноста да се артикулираат мислите кохерентно и елоквентно е вредност и богатство што се протега надвор од училницата во различни аспекти од животот на учениците. Воедно, книжевноста често прикажува сложени и двосмислени ситуации кои бараат од младите и децата да размислуваат критички. Литературната анализа бара способност да се толкува симболиката, да се разложуваат структурите на заплетот и да се препознаат основните теми. Овие вештини не се преносливи на други академски дисциплини и се клучни за развивање на учениците во независни и аналитички мислители, способни да се движат низ комплексноста на современиот свет. Книжевноста има моќ да предизвикува емоции и да резонира со човечкото искуство. Преку истражување на борбите на ликовите, триумфите и личниот раст, учениците развиваат емоционална интелигенција. Емпатичната врска со измислените ликови поттикнува саморефлексија и подлабоко разбирање на сопствените и на другите емоции. Оваа емоционална интелигенција е витален аспект на личниот раст и социјалниот развој.

Наставните програми кои се составен дел од анализата на докторската дисертација во овој дел претставуваат парадигматични примери на книжевни дела со исклучително вешто изградена „слика на Османлиите“ во смисла на естетски вредности на делата, меѓутоа во компаративна смисла и во поглед на начинот на кој се случуваат поврзувања или разликувања на културите, идентитети кои резултираат со конфликти. Програмата има за цел да ги развие литературните вештини на учениците, како и нивното културно разбирање и аналитички вештини.

Во освртот врз наставната програма по книжевност во Македонија, по детални от преглед на делата во кои се застапени слики за Османлиите, кандидатката се фокусира врз романот *Калеш Ањ́а* од Стале Попов. Во романот, Попов упатува на определена педагогија според која детето читател треба да го разбере системот во кој османлиската Империја, таа која е претставена како апсолутна моќ дејствува насилно врз поединецот, во овој случај станува збор за ликот на Аслан/Ањ́еле, особено врз децата кои ги образува и едуцира во околности во кои тие треба да го забораваат потеклото и минатото. Сепак, потеклото се покажува низ овој едукативен аспект на лектирите има силно влијание врз свеста на идните војници кои секогаш се отелотворуваат како добродетели на „своите“,на населението од каде потекнуваат, а од каде заминале и го промениле низ образованието својот идентитет. Ликот на Ањ́а, сестрата на Ангеле/Арслан е обликуван во контекст на средината во која живее, сосема мотивирана е нарацијата низ која таа е стереотип за девојка од село, бистра, вредна и убава девојка која била присилно земена и однесена во харемот каде што сакаат да ја потурчат, Сепак, со нејзиниот лик, Попов вградува една нова димензија во поимањето на женските карактери. Таа е прототип на храбра жена во борба со околности во кои е сама и во кои нејзиниот живот е во опасност. Така, нејзиниот лик се идеализира, а отпорот кој го дава, потоа, нејзиното однесувањекон кадијата, станува пример за одбрана на верата. Овој аспект на одбрана е интересен вид на реакција произлезена од стереотипот за конфликтноста меѓу Турците Османлии и македонското население, инаку периодот во кој е издаден романот е 1958 година, а тоа значи дека по однос на другите национални ориентации во споменатата епоха на комунизам, атеизам се чини неверојатно актуализирањето на предметот на религиозната ориентација. Но, и во епохата на атеистичката, на комунистичката идеолошка доминација во општествената стварност, книжевноста на романот посветен на конфликтот меѓу Турците Османлии и македонското население доминантно е фокусиран врз обликување на сижето и карактерите кои се врзуваат за христијанството или исламот како за своја вера и причина за отпор или напад, а тоа е основа македонското население да го брани својот идентитет или припадност, бидејќи со тоа истовремено симболично ја одбранува и својата етничката припадност. Конечно, романите со историската тематика која го опфаќа историскиот период на борба со Турците Османлии главно се засноваат на прашањата врзани за религијата. Така, во доменот на педагогијата со оваа книга се пренесуваат до свеста на децата особено впечатливи модели за однесување, етички кодекс кој подразбира доследност и издржливост и во услови на безизлез и насилство.Попов во својот роман*Калеш Ањ́а*с е концентрира врз негативните и убедливо сурови слики на Османлиите. При опишувањето, романсиерите не ја нагласуваат дистинкцијата меѓу оние кои постапуваат со различен став кон македонското население, оние кои имаат морални параметри на однесување и човечност, чувство за праведност, едноставно се инсистира на доминантната и стереотипна слика на Турците Османлии кои се злосторници. Историскиот период кој го тематизира во сопствениот роман Стале Попов е 1549 година.

Во наставната програма од Србија, кандидатката, исто така, дава селекција од дела кои низ различни фази на едукација на децата и на младите, на оние кои посетуваат настава во основно и во средно школо, откриваат различни слики за Османлиите. Таа се фокусира на романот *Мостот на Дрина* од Иво Андриќ и во врска со него ја извлекува педагошката, психолошката и историската тематика низ која се обликува сликата за Османлиите. *Мостот на Дрина* претставува историско-хронолошки роман. Во овој роман се опишани луѓето кои живеат во различни периоди и под различни услови. Всушност, романот ја обработува хронологијата на еден град, кој го опфаќа периодот од четири века. Романот нема ниту една ситуација за да го претставува главниот настан или главниот лик, очигледно мостот е оној лик за кој Андриќ ги поврзува ситуациите на односи меѓу населението кое живее околу мостот на Дрина. Всушност, во делото има многу настани кои сами по себе можат да создадат своја приказна. Во овој сложен роман со огромен број епизоди и ликови од различни периоди, *Мостот на Дрина* поврзува различни луѓе, од различни генерации, различни приказни, тоа се луѓе кои живееле со векови во и околу мостот на Дрина. Фактот дека сите поединци се поврзани со главниот мотив на романот кој е всушност мостот му дава на делото субјект и обликува интегрална содржина. Судбините на ликовите се така испреплетени што не можат ниту да се замислат ниту да се кажат одделно. Поради тоа, приказната за извикнувањето и судбината на мостот е во исто време и приказна за животот во касабата и нејзините луѓе од поколение на поколение, исто така како што низ сите раскажувања за касабата се провлекува и линијата на камениот мост на единаесет арки, со порта,

како круна, во средина, авторот му обезбедува на читателот патување патува низ векови следејќи ги различните промени и иновации во градскиот живот кои одекнуваат од историски настани. Во овој случај, тој ги избира најдобрите услови и околности, како и лица кои ги карактеризираат овие историските настани. Токму затоа, освен многу различни општествени настани, во романот има богати, различни судбини, ситуации и ликови. Настаните во романот започнуваат во XVIвек, поточно кога Турците собираат даноци за крв од христијаните, додека завршува во 1914 година со уривањето на мостот. Историската тематика со која навлегува авторот го соочува ученикот со разновидни општествени и индивидуални судири и сурови описи. Посочувајќи ја улогата на наставникот, кандидатката смета дека таа е особено значајна при што може да им помогне на учениците да ги согледаат историските факти од вистински агол. Во овој контекст воспитната функција на наставникот е мошне важенфакторбидејќи иако стекнувањето на знаења спаѓа во доменот на образованието, има воспитен карактер од аспект на ставовите на индивидуата кон знаењета. Овој роман на Андриќ од наставната програма по книжевност упатува на сложеноста на историските романи, бидејќи тие поставуваат бројни општествени и педагошки прашања кои ја обележуваат позицијата на наставниците како тешка и суптилна, како улога со интерес на заштита на личноста на детето и обезбедување на позитивно влијание врз неговите емоции. Настаните кои влијаат на емоциите на децата, кандидатката ги групира, според практиките и комуникацијата со наставниот кадар и учениците, во три дела: настани од периодот пред започнување на изградбата на мостот, настани за време на изградбата на мостот и настани од периодот по неговата изградба. Во 1516 година, многу српски деца од Соколовиќ и другите села во Босна присилно биле однесени од страна на турски војници. Меѓу овие деца е и *Мехмед-паша Соколовиќ*, кој подоцна ја кренал својата позиција на везир и го поставил своето име како познат државник во светот. По извесен период, Мехмед-паша им наредува на луѓето да изградат мост над реката Дрина во Вишеград, како доказ на лојалност кон сограѓаните од неговото родно место. За изградбата на мостот биле потребни многу години, што истовремено предизвикало многу непријатни настани, а сето тоа било индиректно поврзано со многу натприродни околности. Во романот секоја глава содржи различна приказна. Настаните во романот започнуваат со присилното отстранување на Соколовиќ Мехмед-паша од страна на Турците, па сè до Балканските војни, што завршуваат со повлекувањето на Османлиите од овие земји. Настаните се развиваат по одењето на Мехмед-паша во Истанбул во 1516 година, а продолжуваат до 1912 – 1913 година. Така, овој 400-годишен период е обработен од историски и од социјален аспект. Во романот, генерално, доминираат две различни времиња. Првата временска детерминанта е периодот на Отоманската Империја кој симболизира ропство, неправда, социјален и психолошки притисок, додека втората временска детерминанта е австриската, период кој се смета за симбол на концепти, како што се: модернизација, иновација и правда. Градот Вишеград е главното место каде што се развиваат настаните во романот. Додека Босна е местото каде што страдаат и се потценуваат Србите Босанци, сите што не се Турци, Вишеград е место каде што се случуваат многу историски настани, каде што истовремено се делат две различни религии, воедно тука се обединуваат Истокот и Западот, а разликите меѓу овие две страни создаваат судири.

Во романот *Дервишот и смртта* од Меша Селимовиќ, повторно како составен дел од програмата во Србија, клучно место има главниот лик, тој е во извесни критички рефлексии толкуван како симбол со кој авторот се изразува самиот себеси. Статусот и внатрешниот немир на главниот лик дервишот, Ахмед Нурудин, доведува до самоиспитување на неговата трансформација, ликот кој е припадник на редот на дервишите навлегува во суптилно филозофско анализирање на себството. Романот се публикува за време на повоена Југославија, со овој роман се нагласува улогата на егзистенцијалистичкиот филозофски дискурс во книжевноста. Дејството во романот се случува во 18 век. Според ова, вредностите, однесувањето и ставот на дервишот се формирани со текот на времето, поточно суштината не е формирана пред човечкото суштество, туку неговата индивидуалност се обликува како резултат на неговите искуства во светот. Со други зборови, притисокот помеѓу тоа како изгледа и каков треба да биде, во зависност од општеството во кое живее, доведува до некои прашања каде поединецот се обидува да го создаде својот идентитет. Токму во овој процес сèдо смртта на дервишот, тој создава свет во кој целосно ги руши сопствените sидови, со цел да го постигне посакуваното, а тоа е промената.Селимовиќ, мошне успешно го опишува патувањето во внатрешниот свет на ликот. Може да се каже дека во делото *Дервишот и смртта,* смртта е претставена како еден вид испит

во кој сите верувања се уништуваат и се доведуваат во прашање, што го доведува дервишот во искушение. На почетокот на секое поглавје има епиграми, главно од Куранот, како парабола на поглавјето. Романот, во кој желбата за создавање на самовредностите на поединецот кој има егзистенцијален проблем може да се забележи само врз основа на епиграми, каде транспарентно се согледува самата трансформација. Покрај тоа, преку личностите како што се дервиш, кадија, муфтија, вали,транзициите кои брзо се случуваат и развиваат во романот, доведуваат до судир на вредностите во сижето, а тоа е показател за фиктивното мајсторство на самиот автор. Кандидатката со одделувањето на ова книжевно дело излегува од рамките на историските текови на претставување на сликата за Османлиите, тоа е роман со кој се навлегува во длабоко егзистенцијални теми на верност, вредност, смислата на животот и неминовноста на смртта.

Целите на разбирање и интерпретација на литературни текстови од босанската, книжевност, како и развивањето на критичко мислење врз основа на овие текстови низ призмата на наставните програми се реализираат со многузначни слики на различни култури, покрај локалната, националната, а меѓу нив доминираат и сликите на пропаста на Османлиската Империја. Во основните училишта, програмата обично вклучува дела од босанските автори, како и класични дела од светската книжевност прилагодени на возраста на ученикот. Со толкување на романот *Нечиста крв* од Борислав Станковиќ, кандидатката настојува да ја анализира сликата меѓу населението во период кога се случуваат судири на старите и новите вредности. Токму во тој период, од 1878 до 1910 година, на крајот на векот, кога старите форми на живот биле уништени и заменети со нови, и кога старите и новите се судриле во остри контрасти, тука Борисав Станковиќ во романот *Нечиста крв*, како и во останатите негови дела, извонредно го претставува периодот на општествени и културни трансформации, а во центарот на вниманието го става родниот град Врање. Од друга страна, неколкувековното заедничко живеење на српскиот и турскиот народ остава видливи траги во културата, односно во сите области на духовниот и материјалниот живот. Станковиќ во романот *Нечиста крв* успешно ги претставува односите помеѓу двете култури од периодот на владеењето на Турската Империја и периодот по нејзиното распаѓање. До 1878 година, Врање е под власт на Отоманската Империја. Половната положба на градот привлекува повеќе истакнати претставници на Империјата кои градат бројни џамии, конаци и амами, додека трговците на Врање зборувале турски и арапски, патувале преку граница и наоѓале начини за тесна соработка со отоманските власти. По 1878 година, емиграцијата на муслиманите била огромна, а џамиите и другите градби поточно белезите/трагитена турскиот период биле изложени на уништување. Борисав Станковиќ на едно негово предавање објаснува како своите литературни ликови ги обликувал врз основа на приказните што ги слушал, интегрирајќи елементи на повеќе човечки судбини во една, со цел да се постигне нивната сложеност. Настаните во романот се случуваат меѓу српското население кое е обележано од долговековното културно наследство на Отоманската Империја, тие во дециите на падот на империјата со сите обележја на обичаите, на религијата и професиите кои ги развивале се поврзани токму со светот на империјата. Секако во центарот на вниманието е женскиот лик кој за разлика од ликот на Калеш Анѓа на Стале Попов и периодот на почеток на моќно развивање на отоманското владеење со наметнување на обичаите, религијата и културата, овде е во претставен во период на прифатени и негувани традиции и религија на Османлиите, меѓутоа економскиот контекст на живеење во сиромашна касаба каква што е Врање на крајот од 19 век го условува сплетот од односи кои авторот настојува да ги претстави со длабоки емотивни, еротски и субверзивни аспекти на однесувањето усложнувајќи ја сликата за оние кои сега се стекнале со хибриден идентитет на луѓе со висок статус, припадници на слој развиен среде околности на отоманско владеење, иако со национална припадност различна од онаа на Турците-Османлии, тие се слој создаден во контекстот на култура на владеење која не била словенска, туку отоманска. Со нагласување на економските проблеми на крајот на векот и осиромашувањето на определени семејства израснати со османлиска традиционална култура, а со проблеми произлезени од односите меѓу руралните и урбаните средини, Станковиќ создава роман за жената меѓу сложениот сплет од трансакции во кои со испреплетувањето на емоциите, страста, еротските пориви, Софка, централниот лик во романот *Нечиста крв* станува жртва на притисокот на нејзиното семејство, колку и на околностите во кои по одлуката да биде венчана за дванаестгодишно момче, таа го жртвува својот живот со цел да го спаси животот на сопственото семејство, на осиромашените родители кои го губат статусот и економската моќ. Меѓу најистакнатите женски ликови е ликот

Софка, каде Станковиќ за првпат во српската книжевност открива многу силен внатрешен свет на една патријархална жена. Со отсликување на ликот Софка, Станковиќ покажува жена помеѓу сетилата и волјата, чувствата и должностите. Истовремено, тој покажува како нереализираната љубов од страна на родителите кон детето може да даде фатални последици. Воедно, тој исто така зборува за подемот, дегенерацијата и истребувањето на едно семејство каде што Софка е последното потомство на семејството на Хаџи Трифун. Таа ја наследува надворешната убавина на нејзиниот татко и мајка, додека немирот и жешката крв ја наследува од нејзините предци, иако таа „нечиста крв“ на почетокот не се манифестирала толку видливо во неа, следејќи го нејзиниот изглед и разните начини на изразување на нејзиниот внатрешен немир и животниот пат што води кон страдање, биолошко распаѓање и дегенерација за која постои сомневање, ја направиле Софка главен лик во романот, најизразен профил на жена со страсти, меѓутоа осудена на распаѓање. Софка, покрај сè, се обидела да ја занемари својата иднина со цел да ги оправда туѓите грешки од минатото. Но, патријархалното општество и неговите норми ќе бидат причина за нејзиното вечно страдање. Писателот со помош на зборовите од турско потекло, се обидува да ги оживее сликите што ги опишува во романот поточно да го отслика Врање од турскиот период, развиен во ориентален град каде турското влијание било видлово во сите сегменти од животот, што оставило трага и во литературните дела. Со други зборови, турцизмите даваат посебен шарм, топлина, источен дух на делото на Станковиќ, кој сè уште може да се почувствува во Врање.

Во босанската наставна програма се вклопува уште еден роман од Иво Андриќ, имено станува збор за романот *Проклета авлија*. Иво Андриќ е познат по своите романи каде историјата на Босна е секогаш застапена. Во романот „Проклета авлија“ каде фокусот е врз искуството во затворот има неколку клучни ликови, тоа се свештеникот Петар, Ќамил од Измир и затворениците. Нарацијата е реализирана во трето лице. На самиот почеток и на крајот од романот се појавува еден млад човек кој му кажува на читателот она што го чул како сведок на свештеникот Петар, а тоа може да биде и самиот млад писател. „Проклета авлија“ започнува со смртта на католичкиот свештеник Петар, а церемонијата за погребување ја раскажува овој млад човек. Во романот, авторот често се навраќа на претходни настани, но и на историски случувања. Во првиот дел од романот,се опишува затворот наречен„Проклета авлија“, луѓетои околината во Истанбул, период кој свештеникот Петар не можел да го заборави сè до неговата смрт. Свештеникот Петар е католички свештеник кој бил донесен во овој затвор како резултат на клевета. Писмото испратено до австриски службеник во Истанбул го објаснува прогонството на христијанското свештенство во Албанија. Кога лицето што го донело писмото исчезнува, свештеникот Петар место него влегува во затворот. Низ перспектива на преиспитување на улогата на моќта над поединецот, со проблематизирање на убедувањето дека сите луѓе се виновни, Андриќ, смета кандидатката го гради светот на затворот/авлијата во кој како ликови се појавуваат Заим, кој е познат по неговото лажење, друг е управителот на затворот Латиф-ага наречен Караѓоз, кој не е стабилна личност, друг е богатиот Киркор, кој направил голема измама, иуште многу различни карактери кои се обележани со криминални дејствија. Романот се состои од осум поглавја каде секоја епизода е приказна само по себе, епизодите се надоврзуваат, иако се различни и со тоа се создава интегрирана целина меѓу настаните. Ликовите се прикажани низ длабоки и вешти постапки на Андриќ да ја наслика психологијата на поединецот, во конкретниов роман свештеник со католичка вероисповед Петар, Ќамил од Измир, посветен на науката, претставен како лик со хибриден идентитет, од татко Турчин и мајка Гркинка, опседнат од историјата на султанот Џем, предаден на витезите кои го заземаат Родос, предавството и држењето под власта на католиците го поттикнува неговиот брат Бајазит. Управител на затворот е Караѓоз кој го затвора во самица Ќамил и го оддалечува од свештеникот Петар, кој преживува и се враќа во Босна, а ова што го доживеал во затворот му го раскажува на младиот човек, кој ја води нарацијата во романот.

Исклучителноста на овој роман со многу комплексна слика по однос на прикажаните идентитети и психологија на ликовите и според начинот на кој Андриќ мајсторски ги вкрстува различните епохи, онаа на престој на затворениците во затворот во Истанбул, тој период трае околу осум месеци, а се случува некаде околу 1800г., додека пак настаните поврзани со ликот во чиј живот прави сопствена проекција Ќамил од Измир се случувале во 1480 година, како и однесувањата или релациите кои можат да ги воспостават луѓе со различни традиции го одделуваат овој роман и го претставуваат како врвно четиво и лектира за идните генерации богата

со сложени психолошки, индивидуализирани ликови, такви кои ги нарушуваат обрасците на нацијата, религијата или културата од која потекнуваат.

Од наставната програма на образовниот систем во Бугарија, кандидатката го одделува романот *Под игото* од Иван Вазов. Вазов жестоко ја критикува Отоманската Империја и нејзините администратори и нèзапознава со Априлското востание на бугарскиот народ во 1876 година и подготовките за востанието од своја перспектива. Сепак, тој прави напор да се погрижи бугарскиот народ да покаже дека треба да се биде внимателен кон владеењето и страдањето под Отоманската Империја и да не се заборави лојалноста кон Русија. Но, треба да се напомене дека во бугарската книжевност има и писатели кои објективно ја отсликуваат сликата за Турците, објективноста кандидатката ја разбира тогаш кога Турците се позитивно претставени, имено таа го споменува едно од најзначајните имиња на новата бугарска книжевност Јордан Јовков, кој без да биде засегнат од некакви националистички ставови ги претставува Турците како што добро и ги познавал, имено во поинакви контексти, а не како поробувачи. Делото *Под игото* е објавено помеѓу 1889 – 1890 година, во списанието *Сборник за народни умотворения, наука и книжнина* во 1894 година, исто како што е објавено и како посебна книга. Романот бил приспособен во театарска претстава во 1910 година. *Под игото* е инспириран од Виктор Иго и се смета за најважното дело во бугарската книжевност во кое се претставува бунтот против Османлиите. Сликата за Османлиите во овој роман е изведена во контекст на историски настани; имено, тоа е востанието што го крева бугарскиот народ, кој долги години живееше под отоманска власт за да се ослободи од османлиската власт, која ја нарекува „игото“. За време на распадот на Отоманската Империја, кај бугарскиот народ се појавува идејата балканските народи да се креваат еден по друг и да основаат своја татковина, со поддршка на Русија и Европа. Во своето дело, авторот сака да им докаже на своите читатели дека бугарскиот народ бил угнетуван. И покрај тоа што наведува дека најважната вредност што може да ја има една нација е нејзината слобода, тој често ги изразува своите размислувања за „игото“. Додека Иван Вазов зборува за потребата бугарскиот народ да биде ослободен од владеењето на Отоманската Империја, тој во својот роман го претставува исламот, на Отоманската Империја и на Турците од многу негативна перспектива. Авторот ги користи националните и верските елементи на суров и провокативен начин во своето творештво, раздвојувајќи ги Бугарите и Турците врз основа на нивното национално и религиозно потекло и создавајќи слика за „другиот“. Оваа идеолошка заднина на влијанија и убедувања, јасно се манифестира во секој дел од романот.

Во последниот дел од истражувањето, кандидатката изведува темелна анализа на реакциите на младите и децата, на учениците на лектирата во која е претставена историска содржина поврзана со периодот на владеење на Османлиите на Балканот и истражувањето засновано на интервјуа со ученици е претставено со графикони. Аналитичко-дедуктивниот метод се користи како општа рамка во која се разгледува предметот на ова истражување, статистичкиот метод се користи за докажување на хипотезите. Методот на индукција и дедукција се користи за проучување на научните достигнувања од областа на воспитно-образовните процеси. Се применуваи методот на научно испрашување, тој се користи за собирање на емпириските податоци за состојбата и понатамошниот развој на наставните програми за книжевноста. Се применува споредбена анализа, во смисла за споредување на наставните програми во различни балкански земји и различните одговори на интервјуираните ученици од различни генерации. Во исто време се прикажуваат графички постигнатите резултати од анонимните интервјуа со учениците во сите земји, Македонија, Бугарија, Србија и Босна.

Во заклучните согледувања, кандидатката ги исложува синтетички и компаративно сознанијата по изведените толкувања на сликите на Османлиите во наставните програми и рецепцијата на учениците на територијата на Балканот, во Македонија, Бугарија, Србија и во Босна.

Предмет на истражување

Докторската дисертација се занимава со комплексните и со многустраните врски помеѓу историјата, книжевноста и културниот идентитет, особено во контекстот на застапеноста на Отоманската Империја во наставните програми за книжевност на државите на Балканот. Преку квалитативна и квантитативна анализа, истражувањето разоткрива како книжевноста не само што ги претставува историските настани, туку и активно игра улога во обликувањето на колективната меморија и историските наративи на различни нации во регионот. Со темелна

анализа на темите и ликовите во романите, дисертацијата ја истакнува важноста на книжевноста во конструирањето на националниот идентитет, како и влијанието на историските перцепции во современите општества. Овој труд потврдува дека книжевните дела се повеќе од само уметнички творби; тие се културни артефакти богати со историја, предрасуди и емоции, тие ја обликуваат свеста и ставовите на идентитетите на општествата. Во опсегот на истражувањето, посебно внимание е посветено на интеркултурните поврзувања и глобалните влијанија што овозможува отворање на нови перспективи за разбирање на балканската книжевност денес.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Во сферата на компаративната книжевност не се истражувани сликите на Османлиите од периодот на владеењето на Османлиската Империја претставени во книжевните дела, особено во романите кои се содржина во наставните програми во Република Македонија, Република Бугарија, Република Србија и во Босна. Ова истражување е единствена студија која ги истражува овие идентитетски и културолошки теми.

Краток опис на применетите методи

Во текот на истражувањето се применети дедуктивни и индуктивни методи на истражување, а во доменот на компаративните истражувања на односот на романот и историјата се практикува синтетички пристап на изведба на сознанија кои се подеднакво актуелни во наставните програми по историја и по книжевност кои прикажуваат слики на Османлиите од епохата на владеење на Османлиската Империја на Балканот. Толкувањето и херменевтичките алатки, интервјуата во контекст на истражување на рецепцијата на сликата на Османлиите кои се изведувани преку анонимно одговарање на прашалници се, исто така, составен дел од методите на пристап во истражувањето.

Краток опис на резултатите од истражувањето

Ова истражување за прв пат дава темелна анализа и со компаративен пристап ја истражува сликата на Османлиите претставени преку романите кои се занимаваат со историски теми и кои се составен дел од наставните програми на Балканот, во Македонија, Бугарија, Србија и во Босна. Во составот на истражувањето се опфатени прашања на идентитетот, предрасудите, културните традиции и на меѓусебните дијалози на културите. Толкувањата на историјата и романот во наставните програми и резултатите од анкетите кои за прв пат ја кристализираат рецепцијата на „другиот“ низ современа перспектива создава основа за понатамошни истражувања и во други насоки, односно реверзибилни истражувања од компаративен вид.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА НА М-Р АЈЛИН КАРАХАСАН Е ОРИГИНАЛНО ИСТРАЖУВАЊЕ КОЕ ДАВА ЗНАЧАЕН ПРИДОНЕС ВО СФЕРАТА НА КОМПАРАТИВНИТЕ ИСТРАЖУВАЊА, ВО ОБЛАСТА НА ХЕРМЕНЕВТИКАТА, КУЛТУРОЛОШКИТЕ АНАЛИЗИ НА „СЛИКАТА НА ДРУГИОТ“ ИЛИ СФЕРАТА НА ИМАГОЛОГИЈАТА. СО НАРАТОЛОШКИ ПРИСТАП НА АНАЛИЗА НА ОДНОСИТЕ НА ИСТОРИЈАТА И РОМАНОТ И СО ИМАГОЛОШКИ СОГЛЕДУВАЊА НА ТОА КАКО „ИДЕНТИТЕТОТ“ НА ДРУГИОТ СЕ ПРЕТСТАВУВА ВО ИСТОРИЈАТА И ВО КНИЖЕВНОСТА КАКО СОСТАВЕН ДЕЛ ОД НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ, КАНДИДАТКАТА ОТВОРА ПРОСТОР НА КОЈ ГО РАЗВИВА ДИЈАЛОГОТ МЕЃУ МИНАТОТО И СОВРЕМЕНОСТА И ВО ИСТО ВРЕМЕ ПОТТИКНУВА ИДЕИ ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ИСТРАЖУВАЊАТА ПОВРЗАНИ СО КУЛТУРНИТЕ ТРАДИЦИИ НА БАЛКАНОТ.

ДОКАЗ ЗА НАУЧНА АНГАЖИРАНОСТ НА КАНДИДАТОТ:

КНИГА: *КНИЖЕВНО ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ТУРСКАТА КУЛТУРА И ИДЕНТИТЕТ*, СКОПЈЕ, 2021.

ТРУДОВИ:

Karahasan, Aylin. 2021. “THE INFLUENCE OF THE READINGS WITH HISTORICAL CONTENT FROM THE PERIOD OF TURKISH-OTTOMAN RULE AND THE RECEPTION OF THE STUDENTS”. *Journal of Contemporary Philology* 4 (1), 161–178. https://doi.org/10.37834/JCP21410161k.

Karahasan, Ajlin. 2023. “THE INFLUENCE OF TURKISH TV SERIES ON THE YOUTH THROUGH THE PRISM OF MODERN CULTURE”. *Journal of Contemporary Philology* 6 (2), 101–116. https://doi.org/10.37834/JCP2362101k.

Karahasan, Aylin. 2022. *Kuzey Makedonya Cumhuriyeti Makedon Dili ve Edebiyatı İlköğretim Ders Müfredatında Yer Müfredatında Yer Alan ve Osmanlı İmparatorlu'nun Hükmedişi Konusunu İşleyen* Kitaplarının Makedon Öğrencileri Üzerindeki Etkileri.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Ајлин Карахасан , со наслов: „Историјата и романот: компарација на сликата за Османлиите во балканските земји (Македонија, Бугарија, Србија и Босна)“, претставува самостоен и оригинален научен труд. Во трудот се истражува врз основа на исцрпно читање на историографски студии и репрезентација на фактите низ научна перспектива, потоа се истражуваат теоретски студии од областа на книжевноста и историографијата каде се засегнати теми за односот меѓу фактите и фикцијата, се истражуваат спецификите на жанрот роман во контекст на овие теоретски проблематики на вистината, објективноста и објаснувањата на теориите за фикцијата, се истражуваат аспектите на имагологијата и толкувањето на сликата на „другиот“, како и специфичностите на наставните програми и педагошки практики кои покажуваат каков е односот меѓу културите. Врз основа на теренски истражувања, а со користење на прашалници и анонимни интервјуа со ученици во училиштата од основно и средно образование во Македонија, Бугарија, Србија и во Босна се истражува, главно, низ компаративната и културолошка перспектива како се креира слика за „другиот“ во услови кога е тој доминантно присутен како угнетувач и насилник. Историографските и теоретско-историските, критичките сознанија презентирани во различни книжевности и актуелни во различните култури на Балканот каде што Османлиите владееле, во наставните програми по книжевноста се присутни како содржини од редовната и лектирната програма, децата и младите низ наставниот процес се појавуваат како агенти на рецепција, но и на критичка свест која низ односот наставник-ученик и педагогија и теорија на стекнување знаења гради „слика за Османлиите“ поврзана со различни етапи од нивното петвековно владеење на Балканот. Истражувањето дава придонес во промислувањето на компаративната книжевност, особено на имагологијата и теоријата на рецепција врз специфично поле поврзано со историографските фази на присуство на Османлиите со нивната култура, пред сè, како владетели, меѓутоа и како сожители на словенското население. Толкувањето и на книжевните дела; иновативното навраќање кон литературата со историографска тематика и реалистички пристап, читањето и учењето на историјата на книжевноста; постулирањето на важни концепти како што се вистина, факт и фикција, темелната анализа проследена со теренски и аналитички пристапи демонстрирани низ егзактни графикони кои ги презентираат одговорите кои покажуваат како децата и младите ја учат и рецепираат сликата за реалноста претставена во историјата и во уметноста, меѓутоа потпирајќи се врз потенцијалите и иновативните комбинаторики низ кои писателите на романите раскажуваат приказни за минатото ја потврдуваат не само важноста, туку и ургентноста на ова истражување со исклучителен придонес во доменот на науката за книжевноста и пошироко на наставните практики со цел да се актуелизира значењето на општата и компаративната книжевност во наставата по книжевност. Докторскста дисертација содржи научно фундирани и мошне продлабочени анализи на една комплексна материја, каква што е книжевноста, а истражувањето е пример и креативен поттик за некои други, сродни проучувања во иднината. Трудот има темелен аналитички и херменевтички пристап, историски и современ аспект, имено тој го актуализира клучното прашање околу компаративната книжевност и наставните програми во современи околности. Со оглед на претходно наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Ајлин Карахасан со наслов „Историјата и романот: компарација на сликата за Османлиите во балканските земји (Македонија, Бугарија, Србија и Босна)“.

Скопје, 5.2.2025

КОМИСИЈА

Проф. д-р Маја Бојациевска (претседател), с.р.
Проф. д-р Славица Србиновска (ментор), с.р.
Проф. д-р Осман Емин (член), с.р.
Проф. д-р Весна Мојсова Чепишевска (член), с.р.
Проф. д-р Марија Ѓорѓиева Димова (член), с.р.

П Р Е Г Л Е Д
ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ„ БЛАЖЕ КОНЕСКИ“
2025

ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ

Ред. бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1.	м-р Муарем Ајдари	„Предлошкото дополнување на глаголот во германскиот јазик и неговите еквиваленти во албанскиот јазик“	The Prepositional Complement of the verb in the German Language and its Equivalents in the Albanian Language	проф. д-р Емилија Бојковска	24.2.2025 10-35/5

П Р Е Г Л Е Д
ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ„ БЛАЖЕ КОНЕСКИ“
2025

МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ

Ред. бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1.	Адријан Христовски	“Критичка анализа на дискурсот во електронските медиуми на англиски јазик употребен при претставување на наклонетоста кон десничарски политики во Европа“,	„Critical Discourse Analysis of the Representation of Europe`s Inclination towards Right-Wing Politics in Electronic Media in English“	проф. д-р Мира Беќар	24.2.2025 10-318/4

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАУЧНОТО ПОДРАЧЈЕ ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ, НАУЧНОТО ПОЛЕ ЕКОНОМИЈА И БИЗНИС, НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕКОНОМИЈА, НА ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ - СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Економскиот институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха” од 19.12.2024 година, за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања на Економскиот институт во Скопје, во подрачјето општествени науки, научно поле: економија и бизнис, во наставно-научната област економија 5.02.00.01, како и врз основа на Одлуката (бр. 02-38/4 од 6.2.2025 година), донесена на 98. седница на Научниот совет на Економскиот институт во Скопје, одржана на 6.2.2025 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Биљана Ангелова, редовен професор, ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Снежана Костадиноска Милошеска, редовен професор на Економскиот институт во Скопје и д-р Елизабета Џамбаска, редовен професор на Економскиот институт во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања на Економскиот институт во Скопје, во подрачјето општествени науки, научно поле: економија и бизнис, во наставно-научната област економија 5.02.00.01, во предвидениот рок се пријави кандидатот д-р Владимир Петковски, вонреден професор на Економскиот институт во Скопје.

1 Биографски податоци и образование

Кандидатот д-р Владимир Петковски е роден во Скопје, на 17.9.1986 година. Основно и средно образование (општа гимназија – општествено-хуманистичко подрачје) завршил во Скопје со одличен успех. Во учебната 2005/2006 година се запишал на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, насока: Финансиски менаџмент. Студиите ги завршил во септември 2009 година, со просечна оценка 8,16, при што се здобил со звањето дипломиран економист. На постдипломски студии се запишал во учебната 2009/2010 година на Економскиот институт во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, насока: Финансиски менаџмент. Предвидените испити ги положил заклучно со јуни 2010 година, со просечна оценка 10,00. На 29 март 2011 година го одбранил магистерскиот труд на тема: „Проценета вредност на компанијата наспроти нејзината берзанска вредност“, со што се стекнал со академското звање магистер на економски науки.

Во август 2011 година, на Економскиот институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ја пријавил докторската дисертација под наслов: „Финансискиот капацитет на општините во Република Македонија – можности, практики и решенија за подобрување“. По успешната јавна одбрана на докторската дисертација, со одлука на Комисијата за оцена и одбрана на 15 ноември 2013 година, тој се стекнал со научен степен – доктор на економски науки.

На Економскиот институт во Скопје, д-р Владимир Петковски е вработен од 30.12.2012 година, како асистент во научно подрачје: економски науки и научна област: економски развој. За асистент истражувач во истата област избран е со усвојувањето на извештајот (објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 1041, од 1 ноември 2012 година) на 85. седница на Советот на Економскиот институт во Скопје, одржана на 16.11.2012 година (Одлука бр. 02-2393/1). Претходното работно искуство во полето на економските науки м-р Владимир Петковски го стекнува на Факултетот за бизнис-економија, каде што е вработен како асистент од 2010 година. На Факултетот за бизнис-економија е ангажиран на предметите Менаџерска економија, Интегриран бизнис-циклус 1 и Интегриран бизнис-циклус 2. Работните активности кои ги извршувал содржеле организирање, развој на курикулуми и одржување на настава и вежби по истоимените предмети. Покрај претходно наведени активности, м-р Владимир Петковски активно бил вклучен и во реализацијата на научноистражувачката

програма на Факултетот за бизнис-економија, при што учествувал во изработката на проекти, студии и економски анализи, првенствено од областа на економскиот развој.

Во 2015 година, со усвојувањето на извештајот (објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, бр. 1105, од 15 август 2015 година) на 121. седница на Научниот совет на Економскиот институт во Скопје, одржана на 25.9.2015 година (Одлука бр. 02-1443/1), избран е во звањето доцент во областа економски развој.

Во сегашното звање вонреден професор во полето на економските науки, област: економски развој е избран на 9.7.2020 година, со одлука на Научниот совет на Економски институт – Скопје бр. 02-543/1 од 10.7.2020, по објава во Билтен бр. 1216 од 1.6.2020 година.

Од учебната 2018/2019 година, тој е ангажиран како предметен наставник на студиските програми во рамки на вториот циклус студии на Економски институт – Скопје, и тоа на предметите: Финансиски менаџмент на локалната самоуправа, Бизнис-планирање, Зелена економија, Дигитална економија, Економија на пари банкарство и финансиски пазари и Економија за менаџери.

Од 2018 година, тој во рамки на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје е професор на Докторската школа по Економски науки на предметите: Економски раст и развој и Применета економија. Од 2019 година е вклучен и на првиот циклус студии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Институтот за етнологија и антропологија на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на предметите Основи на менаџментот и Основи на маркетинг во културата.

Од вработувањето до денес, активно е вклучен во реализацијата на научноистражувачката програма на Економскиот институт (изработка на научноистражувачки и апликативни проекти, студии и економски анализи), а учествувал и на повеќе научни собири, семинари и конференции, во земјата и во странство. Автор е на бројни трудови објавени во научно-стручни списанија со меѓународен уредувачки одбор, како и во списанија индексирани во меѓународната база EBSCO.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во извештаите во Билтенот бр. 1041 од 1 ноември 2012 година, бр. 1105 од 15 август 2015 година и бр. 1216 од 1.6.2020 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

2 НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Од последниот избор до денес, активно е вклучен во наставата на втор циклус студии на Економскиот институт во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, со предавања и вежби на предметите: Финансирање на локалната самоуправа (академска 2019/2020 летен семестар, 2020/2021, 2021/2022, 2022/2023), Финансиски менаџмент на локалната самоуправа (академска 2023/2024, 2024/2025 зимски семестар), Бизнис-планирање (академска 2019/2020 летен семестар, 2020/2021, 2021/2022, 2023/2024, 2024/2025 зимски семестар), Зелена економија (академска 2020/2021, 2021/2022, 2022/2023), Дигитална економија (академска 2024/2025 зимски семестар), Економија на пари, банкарство и финансиски институции (академска 2021/2022), Економија за менаџери (академска 2023/2024), Зелена логистика (академска 2019/2020 летен семестар, 2020/2021, 2021/2022, 2023/2024, 2024/2025), Економска регулација (академска 2023/2024. Како предметен наставник подготвува нови силабуси за потребите на студиските програми на втор циклус студии на Економскиот институт во Скопје, како и за предметите за кои е ангажиран на додипломските студии.

Д-р Владимир Петковски е вклучен и на трет циклус студии, на програмата Економски науки, како предметен професор на предметните програми Економски раст и развој и Применета економија. Исто така, во изминатиот период извршува и активности поврзани со менторирање на кандидати на магистерски трудови (6), а се јавува и како член на комисии за оцена и одбрана на магистерски (24 комисии) и докторски (3 комисии) трудови.

Детален преглед на сите активности на кандидатот д-р Владимир Петковски кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, а сметаме дека се релевантни за изборот, се наведени во табелата во Анекс 2 (член 2) од Правилникот за критериумите и постапката за избор во

наставно научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, со датуми и други релевантни податоци, а која е составен дел на овој извештај.

Научноистражувачка дејност

Д-р Владимир Петковски е автор на монографијата „Квалитетот на живот на населението во Република Северна Македонија во време на Covid-19 пандемијата”. Тој е автор и на поглавја од областа на економскиот развој во 3 монографии, при што 2 се објавени во земјата, а 1 во странство. Освен тоа, автор е на 17 труда со оригинални научни резултати, од кои сите се објавени во научни списанија индексирани во електронски бази, а 3 во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни конференции.

Кандидатот е автор и на 11 труда со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно меѓународно списание. Исто така, учествувал на меѓународни научни конференции на кои презентирал 11 научни трудови од областа на економскиот развој, при што 9 апстракти од презентираните трудови се објавени во книга на апстракти.

Д-р Владимир Петковски бил раководител на 1 меѓународен проект и 1 национален проект, а учествувал и во изработката на 5 национални научни проекти и во 4 меѓународни научни проекти. Дополнително, кандидатот бил и национален координатор на 3 меѓународни научни проекти и остварил 14 секциски предавања на национално и на меѓународно ниво.

Кандидатот бил ментор на шест магистерски труда.

Насловите на проектите и изработените трудови, како и сите други активности релевантни за научноистражувачката дејност, се наведени во табелата во Анексот на овој извештај, која е составена согласно со Образецот кон Извештајот за избор во наставно-научно звање – Анекс 2 (член 3/член 4) од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Владимир Петковски активно е вклучен во стручно-апликативната работа на Економскиот институт во Скопје. Бил ангажиран како национален координатор за УН во повеќе наврати, исто како и во Еразмус + програмата како обучувач на 5 меѓународни проекти. Дополнително бил предавач на 14 различни секциски предавања од домашни и странски јавни и приватни организации во периодот на остварување на позицијата вонреден професор.

Д-р Владимир Петковски бил член на организационен и/или програмски одбор на 5 меѓународни научни конференции. Како раководител учествувал во изготвување и пријавување на 2 национални и 1 меѓународен научен проект. Член е на Интеруниверзитетска конференција на Република Северна Македонија од 23.3.2023 година со Одлука бр. 19-364/5. Член е на Комисија за верификација на посебна програма на Центарот за образование на возрасните – Скопје со Одлука бр. 10-61 од 11.7.2023 и во Секторската комисија за економија право и трговија со Одлука бр. 2110-7 од 30.5.2023.

Активно учествува во промотивните активности на Економскиот институт во Скопје, во подготовка на промотивни материјали, онлајн презентација и е член на повеќе институтски комисии.

Активностите на д-р Владимир Петковски кои се однесуваат на стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес, се наведени во табелата во Анекс 2, која е составен дел на овој извештај.

Оценка од самоевалуација

Д-р Владимир Петковски континуирано добива позитивни оценки на евалуацијата врз основа на анонимно спроведената анкета на студентите, на предмети на втор циклус студии на Економскиот институт во Скопје, за секоја академска година одделно.

Во академската 2019/2020 ги добил следниве средни оценки: Зелена логистика – 10, Финансирање на локалната самоуправа – 9,71, Зелена економија – 10, Бизнис-планирање – 10. Во академската 2020/2021 година бил оценет со следниве средни оценки: Финансирање на локалната самоуправа – 9,83, Бизнис-планирање – 10, Зелена економија – 10. Во академската

2021/2022 година, во процесот на евалуација, Петковски бил оценет со следниве оценки: Економија на пари банкарство и финансиски пазари – 10, Бизнис-планирање – 10, Зелена логистика – 10 и Финансирање на локалната самоуправа – 9,97. Во академската 2022/2023 ги остварил следниве оцени на евалуацијата: Финансирање на локалната самоуправа – 10 и Зелена економија – 10.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Владимир Петковски.

Со активностите во наставно-образовниот процес од втор циклус студии на Економскиот институт во Скопје и на Докторската школа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (трет циклус студии по Економски науки), д-р Владимир Петковски се потврдува како компетентен наставник за вршење на образовна дејност во областа за која се избира.

Во неговиот досегашен работен ангажман како вонреден професор, кандидатот континуирано ги проширувал и ги продлабочувал своите сознанија во областа на економијата и ги надградувал вештините и компетенциите неопходни за научноистражувачка работа. Врз основа на приложените трудови, како и севкупната научноистражувачка активност, може да се констатира дека д-р Владимир Петковски солидно ја владее научноистражувачката методологија и дава свој научен придонес во областа на економијата. Комисијата констатира дека кандидатот има објавено релевантни трудови, бил ангажиран во изработка на научноистражувачки проекти и учествувал на научни конференции и стручни собири. Со тоа се потврдуваат неговите научноистражувачки способности и оспособеноста за покомплексни истражувања во областа на економијата. Комисијата заклучи дека кандидатот д-р Владимир Петковски поседува високи наставно-образовни, научноистражувачки и стручни квалитети.

Кандидатот Петковски се докажа како високо морална личност, која врз основа на високо поставени професионални, стручни и педагошки норми, се ангажира во научноистражувачката, стручно-апликативната дејност и наставата со студентите постигнувајќи натпросечни и респектибилни резултати. Исто така, тој има коректни односи со колегите и соработниците и е почитувана личност во средината во која дејствува.

Како потврда на горенаведеното се и податоците за остварените поени на кандидатот за неговиот досегашен ангажман во наставно-образовната (103,49), научноистражувачката (222,8) и стручно-апликативната дејност (5,5), како и во дејностите од поширок интерес (27), односно вкупно 358,79 поени, претставени во Анекс 2 на овој извештај.

Имајќи го предвид изнесеното, Комисијата со убеденост заклучува дека кандидатот ги поседува потребните квалификации за вршење на наставни активности и научноистражувачка работа и во целост ги исполнува законските основи и предвидените услови според конкурсот за избор во наставно-научно звање – редовен професор. Оттаму, Комисијата со задоволство му предлага на Научниот совет на Економскиот институт во Скопје, д-р Владимир Петковски да биде избран во наставно-научното звање **редовен професор**, во областа економија (5.02.00.01).

Скопје, 18.2.2025 година

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Биљана Ангелова, с.р.
Проф. д-р Снежана Костадиноска Милошеска, с.р.
Проф. д-р Елизабета Џамбаска, с.р.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Владимир Марјан Петковски
Институција: Економски институт – Скопје
Научна област: економија (5.02.00.01.)

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОВЕТНИК

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,16. Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00. Просечниот успех изнесува / за интегрираните студии.	да
2	Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира Назив на научната област: економија; поле: економија и бизнис; подрачје: општествени науки.	да
3	Објавени најмалку шест рецензирани научни труда ** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор	да
	Китановски Т.; Чапрагоски Г.; Томиќ Д.; Ивановски Д.. Извештај ИЗИИС 2021 28 [51] Дефинирање на сеизмички параметри за локацијата предвидена за доградба на ПОУ Лирија - с.Долно Јаболчиште , Општина Чашка; Едип К.; Дојчиновски Д.; Шешов В.; Бојаџиева Ј.; Шалиќ Макревска Р.; Стојмановска М.; Ѓорѓеска И.; Китановски Т.; Попоска М.; Трајчевски Ј. 2021 29 [52] Residential Seismic Survery Report Evaluation of Seismic Stability of Leased Residential Property 4th street 251,Bardovci,Skopje,Republic of North Macedonia; Sheshov V.; Vitanova M.; Bojadjieva J.; Jekic G. Извештај ИЗИИС 2021 30 [53] Дефинирање на сеизмички параметри на локацијата КП 5292 /2 КО Ранковце,наменета за изградба на детска градинка; Едип К.; Дојчиновски Д.; Шешов В.; Бојаџиева Ј.; Шалиќ Макревска Р.; Стојмановска М.; Ѓорѓеска И.; Чапрагоски Г.; ???; Ивановски Д.. Извештај ИЗИИС2021 31 [54] Residental Seismic Survey Report, Evaluation of the seismic stability of leased residental property, Lerinska street 21b, Kozle ,Skopje, Republic of Norht Macedonia.; Sheshov V.; Bojadjieva J.; Vitanova M.; Jekic G. Извештај ИЗИИС 2021 32 [55] Дефинирање на сеизмички параметри на локација наменета за изградба на Основно Училиште на КП 491 КО Арачиново; Едип К.; Дојчиновски Д.; Шешов В.; Бојаџиева Ј.; Шалиќ Макревска Р.; Стојмановска М.; Ѓорѓеска И.; Китановски Т.; Попоска М.; Трајчевски Ј. 2021 33 [56] Дефинирање на сеизмички параметри на локација предвидена за изградба на Универзална Сала во Скопје; Едип К.; Дојчиновски Д.; Шешов В.; Бојаџиева Ј.; Шалиќ Макревска Р.; Стојмановска М.; Ѓорѓеска И.; Китановски Т.; Попоска М.; Димитровски М. Извештај ИЗИИС 2021 36 [57] Дефинирање на сеизмички параметри на локација предвидена за изградба на Детска градинка на КП 9059/1 КО Неготино, Општина Неготино.; Едип К.; Шешов В.; Дојчиновски Д.; Шалиќ Макревска Р.; Стојмановска М.; Бојаџиева Ј.; Попоска М.; Ивановски Д. Извештај ИЗИИС 2021 37 [58] Дефинирање на сеизмички параметри за локацијата за објектот Детска градинка (Стопански двор) , КП 419 /1 КО Ѓорче Петров 1, Скопје.; Едип К.; Дојчиновски Д.; Шешов В.; Бојаџиева Ј.; Стојмановска М.; Китановски Т.; Попоска М.; Димитровски М. Извештај ИЗИИС 2021 40 [59] Дефинирање на сеизмички параметри на локација предвидена за изградба на индустриска хала во фабриката „ Сумбро “ , Македонски Брод; Едип К.; Шешов В.; Дојчиновски Д.; Бојаџиева Ј.; Шалиќ Макревска Р.; Стојмановска М.; Ѓорѓеска И.; Китановски Т.; Чапрагоски Г.; Трајчевски Ј. Извештај ИЗИИС 2021 50 [60] Дефинирање на сеизмички параметри на локација наменета за изградба на детска градинка „ С.Климент Охридски “ на КП 1074 КО Чаир , Општина Бутел.; Едип К.; Шешов В.; Дојчиновски Д.; Шалиќ Макревска Р.; Стојмановска М.; Бојаџиева Ј.; Ѓорѓеска И.; Попоска М.; Димитровски М.; Ивановски Д. Извештај ИЗИИС 2021 51 [61] Надградба и усовршување на информационен систем за транспортна инфраструктурна и проценка на сеизмчкиот ризик на нови инфракструктурни објекти; Витанова М.; Бојаџиева Ј.; Мицајков С.; Зафиров Т.; Наневска А.; Петрески Б.; Китановски Т.; Незири З.; Ивановски Д. Извештај ИЗИИС 2021 56	

	[62] High- Level .Seismic screening of the structures of Medical Faculities in North Macedonia Summary Report; Sheshov V.; Apostolska R.; Shendova V.; Bozinovski Z.; Gjorgjiev I.; Bojadjieva J.; Vitanova M.; Jekic G.; Stojanovski B.; Zlateski A.; Zurovski A.; Kitanovski T.; Zafirov T.; Delova E. Извештај ИЗИИС 2021 58 [63] Дефинирање на сеизмички параметри на локација предвидени за детска градинка ЈГД Весели цветови - на објект Кокиче на КП1110 , КО Кисела Вода 1.; Бојаџиева Ј.; Шешов В.; Дојчиновски Д.; Едип К.; Шалиќ Макревска Р.; Стојмановска М.; Ѓорѓеска И.; Чапрагоски Г.; Трајчевски Ј.; Ивановски Д. Извештај ИЗИИС 2021 60 [64] Следење на однесување на конструкции во реално време со процена на степен на оштетување; Богдановиќ А.; Бојаџиева Ј.; Ракичевиќ З.; Крстевска Л.; Наумовски Нове; Манојловски Ф.; Попоска А.; Шокларовски А.; Марковски И.; Филиповски Д.; Стојмановска М.; Јекиќ Г.; Зуровски А.; Ѓорѓиев И.; Витанова М.; Шалиќ Макревска Р.; Едип К.; Керамиќиев Б.; Блажевски Д. Извештај ИЗИИС 2021 61 [65] ИЗВЕШТАЈ за реализиран научно - истражувачки проект 2020/2021 финансиран од ИЗИИС ИЗИИС -ИН -СИТУ ГЕО - Лабараторија; Бојаџиева Ј.; Едип К.; Шешов В.; Дојчиновски Д.; Богдановиќ А.; Стојмановска М.; Шалиќ Макревска Р.; Витанова М.; Китановски Т.; Ѓорѓеска И.; Зафирова П. И.; Ивановски Д.; Јовановски Ѓ.; Извештај ИЗИИС 2021 62 [66] Дефинирање на протокол за евалуација на сеизмичка отпорност на постојни објекти од високоградба - Сеизмички сертификат; Јекиќ Г.; Шендова В.; Стојановски Б.; Зуровски А.; Делова Е.; Апостолска Р.; Нечевска Цветановска Г.; Божиновски З.; Бојаџиева Ј.; Руневски К. Извештај ИЗИИС 2021 64 [67] Извештај за реализиран научно - истражувачки проект 2019/2020 финансиран од УКИМ развој и надградување на мрешата за регистрација на силни земјотреси ФАЗА 1 - современа база на податоци веб страна и унифициран пристап на податоци; Стојмановска М.; Дојчиновски Д.; Ѓорѓеска И.; Попоска М.; Чапрагоски Г.; Ковилковски В.; Блажевски Д.; Ѓорѓиев И.; Богдановиќ А.; Шалиќ Макревска Р.; Едип К.; Бојаџиева Ј.; Филиповски Д.; Марковски И.; Шешов В Извештај ИЗИИС 2021 66 [68] Дефинирање на сеимички параметри на лпкација предвидена за Општа Болница , КП 9323/2, КО Тетово 2,Тетово; Бојаџиева Ј.; Дојчиновски Д.; Шешов В.; Едип К.; Шалиќ Макревска Р.; Стојмановска М.; Ѓорѓеска И.; Китановски Т.; Попоска М.; Томиќ Д. Извештај ИЗИИС 2021 67 [69] Дефинирање на сеизмички параметри за надградба на објект на Министерсто - ОВР - Радовиш; Бојаџиева Ј.; Дојчиновски Д.; Шешов В.; Едип К.; Шалиќ Макревска Р.; Стојмановска М.; Ѓорѓеска И.; Чапрагоски Г.; Незири З.; Ивановски Д.. Извештај ИЗИИС 2021 71 [70] Мерења со Гео Радар за детектирање на подземни инсталации на локација на рамки на индустриски комплекс Џонсон Мети; Ѓорѓеска И.; Шешов В.; Едип К.; Бојаџиева Ј.; Китановски Т.; Ивановски Д. Извештај ИЗИИС 2020 53 [71] Дефинирање на сеизмички параметри на локацијата КП 67/4 КО Стајковци , Скопје наменета за изградба на детска градинка; Едип К.; Дојчиновски Д.; Шешов В.; Шалиќ Макревска Р.; Стојмановска М.; Бојаџиева Ј.; Ѓорѓеска И.; Томиќ Д.; Попоска М.; Зафирова П. И.; Ивановски Д. Извештај ИЗИИС 2020 54 [72] Дефинирање на сеизмички параметри за доградба и адаптација на постоецки објект со намена В2 - здравство и социјална заштита на КП	

	15777/8 . Битола; Едип К.; Дојчиновски Д.; Шешов В.; Шалиќ Макревска Р.; Бојаџиева Ј.; Стојмановска М.; Ѓорѓеска И.; Китановски Т.; Чапрагоски Г.; Димитровски М.Извештај ИЗИИС 2020 55 [73] Дефинирање на сеизмички параметри за надградба на објект детска градинка Пролет, на КП 1763 Ко Битола 4; Едип К.; Дојчиновски Д.; Шешов В.; Шалиќ Макревска Р.; Бојаџиева Ј.; Стојмановска М.; Ѓорѓеска И.; Китановски Т.; Попоска М.; Трајчевски Ј. Извештај ИЗИИС 2020 56 [74] Дефинирање на сеизмички параметри на локацијата КП 35 КО Бардовци, Скопје; Едип К.; Дојчиновски Д.; Шешов В.; Шалиќ Макревска Р.; Стојмановска М.; Бојаџиева Ј.; Ѓорѓеска И.; Димитровски М.; Попоска М.; Ивановски Д.Извештај ИЗИИС 2020 57 [75] Студија за сеизмички хазард за профилот САСА -2; Дојчиновски Д.; Едип К.; Шешов В.; Шалиќ Макревска Р.; Стојмановска М.; Бојаџиева Ј.; Ѓорѓеска И.; Попоска М.; Извештај ИЗИИС 2020 59 [76] Дефинирање на сеизмички параметри за локацијата на објект В2 - дневен центар за деца со попреченост , на КП 342/2 и 342 /3 КО Долно Палчиште , Општина Боговиње; Едип К.; Шешов В.; Дојчиновски Д.; Бојаџиева Ј.; Шалиќ Макревска Р.; Стојмановска М.; Чапрагоски Г.; Томиќ Д.; Ивановски Д.. Извештај ИЗИИС 2020 60 [77] Дефинирање на сеизмички параметри за локацијата на Меѓународното училиште НОВА, КП 3327/15 , КП 3327/12 КО Карпош , Скопје.; Едип К.; Дојчиновски Д.; Шешов В.; Шалиќ Макревска Р.; Бојаџиева Ј.; Стојмановска М.; Ѓорѓеска И.; Попоска М.; Томиќ Д.; Ивановски Д.Извештај ИЗИИС 2020 61 [78] Дефинирање на сеизмички параметри за изградба на детска градинка во кругот на ЦОУ Гоце Делчев, општина Могила; Едип К.; Дојчиновски Д.; Шешов В.; Бојаџиева Ј.; Шалиќ Макревска Р.; Стојмановска М.; Ѓорѓеска И.; Китановски Т.; Чапрагоски Г.; Томиќ Д.. Извештај ИЗИИС 2020-67 [79] Дефинирање на сеизмички параметри за локацијата на ЈЗУ Универзитетска клиника за Хематологија во Скопје; Едип К.; Дојчиновски Д.; Шешов В.; Шалиќ Макревска Р.; Бојаџиева Ј.; Стојмановска М.; Ѓорѓеска И.; Попоска М.; Димитровски М.; Ивановски Д. Извештај ИЗИИС 2020-69 [13]. 78*1.0 + 1*2.0= 80 поени [1] Мислење за проектен степен на механичка отпорност и сеизмичка заштита на градбата бр: (14649 14794 14878 14880 14974 14996 15001 15075 15102 15110 15133 15209 15245 15256 15325 15359 15409 15428 15468 15496 15516 15550 15584 15620 15652 15674 15702 15746 15772 15790 15815 15844 15879 15917 15945 15955 16011 16050 16112 16128 16223 16240 16255 16295 16306 16340 16386 16406 16416 16458 16462 16500 16639 16670 16701 16713 16804 17047 17117 17150 17294 17306 17365 17417 17485 17529 17541 17589 17641 17710 17747 17811 17829 17879 17922 18007 18053 18152 18225 18267 18450 18491 18584 18651 18726 18833 18923 19013 19028 19072 19106 19176 19303 19340 19390 19401 19436 19459 19473 19492 19503 19544 19578 19587 19603 19607 19648 19700 19728 19779 19807 19821 19850 19886 19949 19969 19994 20026 20074 20104 20126 20151 20178 20204 20221 20224 20240 20251 20342 20361 20374 20376 20415 20443 20449 20495 20512 20559 20575 20593 20630 20668 20669 20670 20671 20683 20775 20819 20853 20864 20887 20904 20939 20979 21100 21124 21135 21197 21250 21273 21309 21311 21380 21406 21410 21465 21490 21512 21567 21586 21606 21635 21673 21711 21741 21769 21781 21807 21822 21868 21948 21970 21998 22016 22105 22117 22141 22203 22204 22213 22295 22359 22381 22391 22421 22422 22471 22492 22503 22509 22541	

	22712 22786 22792 22796 22818 22838 22871 22902 22930 22938 22967 23005 23007 23014 23021 23051 23093 23138 23190 23191 23208 23225 23243 23269 23293 23320 23345 23397 23400 23421 23435 23459 23460 23489 23546 23548 23558 23576 23582 23608 23621 23640 23664 23679 23680 23681 23682 23698 23699 23704 23705 23706 23707 23708 23709 23710 23711 23730 23755 23769 23798 23835 23852 23885 23916 23939 23980 24015 24036 24046 24070 24086 24131 24223 24335 24394 24423 24436 24444 24460 24463 24480 24510 24523 24543 24562 24566 24567 24636 24663 24698 24706 24723 24786 24803 24837 24848 24865 24899 24914 24967 24985 25040 25150 25293 25311 25312 25341 25362 25388 25411 25436 25567 25568 25619 25632 25646 25659 25679 25696 25750 25796 25810 25838 25852 25868 25886 25921 25938 25949 25976 26024 26060 26082 26106 26162 26234 26271 26274 26306 26343 26378 26396 26409 26422 26438 26453 26487 26508 26524 26539 26586 26676 26714 2673526752 26768 26779 26794 26814 26815 26840 26891 26904 26940 26947 26956 26997 27026 27061 27085 27117 27146 27159 27185 27193 27232 27254 27281 27303 27316 27339 27361 27366 27377 27382 27440 27445 27486 27570 27601 27624 27633 27660 27684 27698 27723 27746 27768 27773 27800 27813 27836 27859 27923 27973 27979 28018 28027 28046 28054 28062 28127 28150 28162 28171 28196 28231 28246 28275 28287 28296 28343 28364 28384 28385 28408 28433 28488 28509 28562 28582 28610 28637 28644 28693 28713 28719 28748 28775 28817 28848 28864 28886 28909 28966 28998 29007 29036 29056 29078 29092 29119 29144 29165 29172 29194 29212 29228 29263 29303 29344 29384 29402 29425 29472 29481 29482 29561 29644 29664 29678 29724 29739 29746 29775 29787 29847 29863 29917 29946 29982 30029 30055 30070) [14]. Селектирани извештаи: 486*1.0 = 486 поени [2] Мислење за изведен степен на механичка отпорност и сеизмичка заштита на градбата бр: (48 51 6194 8064 8538 8705 10794 10867 14794 14880 15879 16240 16295 16306 19028 19807 19821 20775 21512 22295 22712 23014 23021 23400 23459 23460 23546 23576 24015 24566 24567 24848 24960 25659 26735 26947 27193 28384 29787 29982 48 7366 8105 8538 10867 14794 14880 16240 16295 16306 19028 19807 20775 21512 22712 23014 23021 23400 23459 23460 23546 23576 24566 24567 24848 24960 25659 26735 26947). [15]. 69*1.0 = 69 поени [16]. *Вкупно поени 80+486+69* = 635	
4.	**Учество во промотивни активности на Институтот** [17]. Учество во Работна група за подготовка на Алумни-мрежа на ИЗИИС, Одлука бр. 02-1766/1 од 6.11.2020 г. [18]. Кариерен советник на Центарот за кариера на УКИМ-ИЗИИС, Одлука бр. 09-1016/1 од 16.6.2021 г. [19]. Учество во Работна група за кампањата за подигање на јавната свест и одбележување 60 г. од Скопскиот земјотрес „ИЗИИС за СКОПЈЕ“, април – јули 2023. Отворени денови во лабораторија [20]. Учество во Работна група за кампањата за подигање на јавната свест и одбележување 60 г. од Скопскиот земјотрес „ИЗИИС за СКОПЈЕ“, април – јули 2023. Предавања во средни и основни училишта *Вкупно поени: 4x0.5=2.0 поени*	2.0
5.	**Раководител на лабораторија** Раководител на Лабораторија на динамика на почви и фундаменти	1.0
6.	**Евидентирање и прелиминарна анализа на оштетувања од случен земјотрес и изработка на Извештаи**	3.0

	[1] Брза процена на безбедноста на капитални објекти во Битола како последица на земјотресот во Лерин од 9.1.2022	
	Вкупно	**642**

ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

1.	**Студиски престој во странство** [21]. Научноистражувачки престој со вршење на високообразовна дејност, Универзитет Лонг Бич, Калифорнија (јули 2024 – август 2024) - 5 недели *Вкупно поени: 1x0.5 =0.5 поени*	0.5
2.	**Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен / стручен собир:** [1] Xxix Kongres Dimk I X Kongres Sigp Sa Međunarodnim Simpozijumom O Istraživanjima I Primeni Savremenih Dostignuća U Građevinarstvu U Oblasti Materijala I Konstrukcija od 21. do 23. maja 2025. godine [2] EYGEC 2024, 28th European Young geotechnical Engineers Conference, Demir Kapija, Macedonia – Scientific Commitee [3] Fourth International Conference on Geotechnical Engineering-Iraq, 2024 (ICGE-2024) and Warith First International Conference of Engineering Sciences (WICES-2024), 17-18th April 2024 at Warith Al-Anbiyaa University, Karbala, Iraq. [4] Međunarodno Naučno-Stručno Savetovanje Geotehnički Aspekti Građevinarstva I Zemljotresno Inženjerstvo (2023), Vrnjacka Banja, Serbia [5] Fifth MAG Symposium, Ohrid, Macedonia V MAG Symposium 23-25.06.2022 – MAG.NET.MK [6] 5th European ISSMGE National Assembly, Skopje, Macedonia, January 2025 [7] Organizer of the course “Shake it Up – from theory to practice in Earthquake Engineering” за Metropolitan Tirana University (UMT), Future University of Tirana. (2023) *Вкупно поени:7x1.0=7.0 поени*	7.0
3.	**Награда за научни постигнувања од струкова организација** [1] Julijana Bojadjieva, Vlatko Sheshov, Kemal Edip, Radmila Shalic, Marta Stojmanovska, Roberta Apostolska, Stavroula Fotopoulou, Dimitris Pitilakis, Neritan Shkodrani, Markel Babaleku, Francesca Bozzoni, Antonella di Meo, (2022). Harmonized approach for mapping the earthquake-induced landslide hazard at the cross-border region between North Macedonia, Greece and Albania, 5th Resylab, Regional Symposium on landslides, organized by ICL. (награда за најдобар труд). *Вкупно поени: 1x1.0=1.0 поени*	1.0
4.	**Членство во извршно тело на меѓународна организација која поддржува/организира научноистражувачка дејност (ФП7, ЦОСТ, ИЦГЕБ, ИЕАЕ и сл.)** [1] Член во Извршен одбор на Друштво на геотехника на Македонија – МАГ [2] COST Action no 18110 (European Cooperation in Science and Technology). Underground built heritage as catalyzer for community valorization (2019-2023). http://underground4value.eu [3] COST CA21156 - european network for FOstering Large-scale ImplementAtion of energy GEostructure (FOLIAGE), MC Member (2023-2027) [4] Член во JTC1: Natural Slopes and Landslides	10.0

	[5] Член во ICL – International Consortium of Landslides, претставник на МАГ *Вкупно поени: 5x2.0=10.0 поени*	
5.	**Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект** [1] Изиис Ин-ситу лабораторија-интерен истражувачки проект во ИЗИИС (2020-2021) со Одлука 09-1481/5 од 18.09.2020 [2] Интегрирана мобилна лабораторија за теренски истражувања и процена на штети од земјотресни и други дејства (EQ-MOBI-LAB) Проектна линија 3: Поддршка за модернизација и развој на лабораториски ресурси (2021-2023), финансирано од МОН *Вкупно поени: 2x1.0=2.0 поени*	2.0
6.	**Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект:** [1] 3DimEnsional health MOnitoring System - infrastructure for earthquake disaster prevention – DEMOS, 3 years, Science for Peace and Security Programme-NATO, IZIIS – Institute of Earthquake Engineering and Engineering Seismology – Skopje, N. Macedonia, CSULB – California State University Long Beach, California, USA, IIS – Institute of Industrial Science, Tokyo, Japan, 2020 (носител) [2] INtegrated 3D Smart platform for vibration resilient Urban environMENT – INS3UMENT, 348 300 eur., 3 years, Science for Peace and Security Programme-NATO, IZIIS – Institute of Earthquake Engineering and Engineering Seismology – Skopje, N. Macedonia, CSULB – California State University Long Beach, California, USA, IIS – Institute of Industrial Science, Tokyo, Japan, HU -Hacettepe University, Turkey, NU- Nigde Omer Halisdemir University, 2022 (носител) [3] Smart warning platform for Hazards and Impacts from Environmental and Load-induced Disturbances to critical infrastructure – SHIELD, Science for Peace and Security Programme-NATO, 2025 (носител) [4] From Vision to Reality: Puzzle Platform for Net Zero Resilient Modular Structures – PUZZLE, Topic: ERC-2025-SyG Type of Action: HORIZON-ERC-SYG Proposal number: 101224432 (2024). [5] MULTI-Hazard Training network for Resilience, disaster risk redUction and Sustinability Transition – Multi-Trust (2024), Topic: HORIZON-MSCA-2024-DN-01-01 Type of Action: HORIZON-TMA-MSCA-DN Proposal number: 101227336. [6] Master Study of Environmental Resilience to Geohazards- Master G, Topic: ERASMUS-EDU-2025-EMJM-DESIGN, Type of action: ERASMUS-LS, Type of MGA: ERASMUS-AG-LS (2025) [7] Multi-scale/sEnsor approach for the 3D mapping of Natural landmarks and cultural heritage Towards their prOtection against natuRal and human-derived anthropogenic hazards - IPA-ADRION00121 – MENTOR, Priority 1 - Supporting a smarter Adriatic - Ionian region, SO 1.1 - Strengthening innovation capacities in the Adriatic - Ionian region,2023 [8] RECAP: Reinforcing Prevention through Comprehensive Multi Risk Assessment and Needs Planning; UCPM-2023-KAPP [9] EMERGE: Rapid Multi-Risk Needs Evaluation and Planning Platform; UCPM- 2024-KAPP [10] Integrative strengthening of seismic risk awareness, ISRA, UCPM-2022-PP, DG-ECHO,	17.0

	[11] Witnessing Existence of soil Elastic WAVES in the dynamic response of soil, Topic: HORIZON-MSCA-2022-PF-01-01 Type of Action: HORIZON-TMA-MSCA-PF-EF (HORIZON TMA MSCA Postdoctoral Fellowships - European Fellowships) Proposal number: 101106636 Proposal acronym: WEE WAVES (носител) [12] CULTURAL HERITAGE MANAGEMENT AS A DRIVER FOR INNOVATIVE COMMUNITIES Acronym: HERITIN, Open Call Collection OC-2020-1 Proposal Reference OC-2020-1-24802, (2020) - COST proposal [13] Knowledge Network for Raising Awareness of Non-Structural Elements in Earthquakes Acronym: Be-awareNSEs Open Call Collection OC-2024-1 Proposal Reference OC-2024-1-27772, (2024) – COST proposal *Вкупно поени:9*1.0+4*2.0=17.0*	
7.	**Учество во комисии и тела на државни и други органи** [1] Претставник на ИЗИИС во Владина Комисија за процена на штети и други елементарни непогоди, Одлука бр. 02-1333/1 од 25.07.2024 [2] Преставник (заменик) од ИЗИИС во Центарот за управување со кризи при Владата на Р. С. Македонија, Одлука бр. 03- 782/1 од 18.05.2023 г. *Вкупно поени: 2x1.0=2.0 поени*	2.0
	Член на факултетска комисија [1] Претставник на УКИМ - ИЗИИС во Одборот за соработка и доверба со јавноста на УКИМ (Одлука бр. 09-456/1 од 27.3.2017) [2] Член на институтска Изборна комисија за избор на ректор на УКИМ, Одлука арх. бр. 09-740/1 од 15.5.2023. [3] Претседател на Совет за квалитет на УКИМ – ИЗИИС; Одлука арх. бр. 09-833/1 од 25.4.2024. [4] Член на Научен колегиум на УКИМ – ИЗИИС (Одлука бр. 09-2049/1 од 5.11.2024. *Вкупно поени:*4*0.5 = 2.0	2.0
	Член на комисија за избор во звање [1] Член на рецензентска комисија за избор на 5 лица во соработничко звање – асистент од научната област земјотресно инженерство, јануари 2024 *Вкупно поени:*5*0.2 = 1.0	1.0
	Раководител на внатрешна организациона единица [1] Оддел за геотехника и специјални конструкции	3.0
8.	**Член на професионална комора** [1] Член на Комората на овластени архитекти и овластени инженери	0.3
	Вкупно	**45.8**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	**Поени**
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**86,57**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**400,34**
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	**642**
ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС	**45,8**
Вкупно	**1174,71**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Влатко Шешов, претседател, с.р.
Проф. д-р Виолета Мирчевска, с.р.
Проф. д-р Коста Талаганов, с.р.

Прилоī бр. 4

Р Е Ц Е Н З И Ј А

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ФАКТОРИ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ НАМЕРИТЕ ЗА НАПУШТАЊЕ НА РАБОТНОТО МЕСТО: СЛУЧАЈОТ СО МАКЕДОНСКИТЕ ИТ-ПРОФЕСИОНАЛЦИ“ ОД М-Р БЛАЖЕ ЈОСИФОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА ВО СКОПЈЕ

Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на седницата од 24.2.2025, со Одлука број 02-143/1, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Блаже Јосифовски, во состав: проф. д-р Марија Топузовска Латковиќ (претседател), проф. д-р Мирјана Борота Поповска (ментор), проф. д-р Весна Забијакин Чатлеска (член), проф. д-р Петар Атанасов (член) и проф. д-р Бојана Наумовска (член). Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатот м-р Блаже Јосифовски, со наслов „Фактори на влијание врз намерата за напуштање на работното место: случајот со македонските ИТ-професионалци“, содржи 212 страници компјутерски обработен текст во фонт Georgia, со 1,5 проред и големина на буквите 12, и 103 библиографски единици, меѓу кои се вклучени научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во седум дела:

- Вовед (I)
- Преглед на литературата (II)
- Карактеристиките на македонскиот ИТ-сектор (III)
- Методологија (IV)
- Анализа на резултатите (V)
- Дискусија, импликации и лимитации (VI)
- Заклучоци и препораки (VII)
- Користена литература
- Прилози.

Деловите се систематизирани во точки и потточки со јасни наслови и поднаслови, што овозможува лесно следење и преглед на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, кандидатот детално ги претставува предметот и целите на истражувањето, формулира клучни хипотези и истражувачки прашања, и ги презентира теоретската рамка и применетите методи. Овој дел го поставува темелот за целосно разбирање на комплексноста на проблемот на намерата за напуштање во специфичниот контекст на македонските ИТ-професионалци. Кандидатот укажува дека со анализата на индивидуалните, работните и организациските фактори се објаснуваат динамичните предизвици пред кои се соочуваат компаниите во задржувањето на висококвалификувани таленти. Во овој дел е поставено и централното истражувачко прашање кое е водилка на ова истражување: „Кои се факторите што влијаат на намерата за напуштање на работното место кај македонските ИТ-професионалци?“ Тоа е

структурирано на неколку потпрашања врз основа на кои се гради целосната истражувачка структура на трудот:

1. „Како задоволството од работата и организациската посветеност влијаат врз намерата на македонските ИТ-професионалци за напуштање на работното место?“
2. „Која е улогата на перцепцијата за организациската култура во влијанието врз намерата за напуштање на работното место кај македонските ИТ-професионалци и како тоа се споредува со останатите фактори?“
3. „Како организациската култура и перцепцијата за кариерни можности ја обликуваат намерата за напуштање на работното место кај македонските ИТ-професионалци?

Во поглавјето со наслов **Преглед на литературата,** кандидатот ги анализира и ги синтетизира релевантните теоретски рамки и досегашни истражувања, со посебен осврт на факторите како што се работното задоволство, организациската култура, перцепцијата за кариерните можности и организациската посветеност. Овој дел поставува основа за концептуализацијата на моделот кој ќе се тестира во последните делови од трудот. Детално се елаборирани авторите на кои се надоврзува оваа докторска дисертација. Како основа од која се поаѓа е моделот на организацијата на Марч и Сајмон како главни инспиратори за модерните теории и модерните истражувања. Во однос на теориите кои најмногу придонесуваат за разбирање на одливот на вработени, опишан е моделот на В. Х. Мобли и сите следбеници кои на некој начин го прошируваат и модифицираат овој модел (Прајс, Прајс и Милер, Ли и Мичел, Портер и Стирс). Моделот на Мобли е еден од најраните обиди да се објасни процесот на донесување одлука за напуштање на работното место. Според овој модел, напуштањето е резултат на еден психолошки и когнитивен процес кој започнува со незадоволство од работата. Во продолжение, за да се изгради солидна теориска подлога на предметот на истражувањето во овој труд, елаборирани се: намерата за напуштање на работното место, работното задоволство, организациската посветеност, перцепцијата на кариерни можности и организациската култура. Направен е и преглед на извори за досегашните истражувања кои го третираат проблемот за флуктуација на македонските вработени како во приватниот, така и во јавниот сектор.

Во третата глава со наслов: **Карактеристиките на македонскиот ИТ-сектор,** со анализа на повеќе релевантни извори, издвоени се економските и статистичките показатели кои го отсликуваат деловното опкружување на македонскиот ИТ-сектор. Особен акцент е ставен на анализата на понудата на човечки ресурси во овој сектор во нашата земја. Детално се опишани дејностите поврзани со информациските технологии според македонската номенклатура на занимања и дејности. Целата слика за овој сектор е заокружена со анализата на надворешните фактори и пазарната динамика во македонскиот ИТ-сектор, како и организациските предизвици.

Во четвртата глава, насловена **Методологија,** детално се објаснува методологијата, со што се дефинираат употребените квантитативни и квалитативни техники, како и стратегијата за земање на примерок. Во поглавјето за методологија се презентираат и техниките за анализа на податоците, вклучувајќи структурирано моделирање на равенки (SEM) и темелна квалитативна анализа, што ја потврдува валидноста и релевантноста на наодите.

Петтата глава, **Анализа на резултатите,** ги прикажува емпириските наоди, при што се спроведува детална анализа на податоците собрани од широката анкета (квантитативни податоци) и интервјуата со менаџери за човечки ресурси (квалитативни податоци). Наодите покажуваат дека ограничените кариерни можности, несоодветната компензација и неадекватниот баланс меѓу работата и приватниот живот се најзначајните предиктори за зголемени намери за напуштање на работното место, додека позитивната организациска култура значително го зголемува работното задоволство.

Во шестата глава, **Дискусија, импликации и лимитации**, кандидатот при сумирање на главните резултати ги истакнува научните придонеси и практичните импликации од истражувањето. Дел од поставените хипотези, согласно со добиените резултати, може да се констатира дека потврдија одредени аспекти од странските и домашните истражувања, кои овој докторски труд ги искористи како цел да ги испита дали се точни кога станува збор за македонскиот контекст (со фокус на ИТ-вработените). Исто така, може да се констатира дека дел од резултатите што се добија покажаа дека дел од поставените хипотези не се потврдија кога станува збор за македонските ИТ-професионалци, иако тие беа изведени врз база на странска литература. Позитивното е што моделот кој се постави овозможи оваа студија да ги реплицира и прошири истражувањата од областа поврзана со обртот на вработени. Тоа покажува дека одредени теории и модели функционираат и во поодделните локални национални контексти, но и во поединечните индустрии (дури и во тие најновите, како што е таа за информатичка технологија).

Седмата глава е насловена **Заклучоци и препораки,** и во неа авторот нуди конкретни препораки за унапредување на стратегиите за задржување на таленти во македонските ИТ-компании, што го зголемува теоретското разбирање на процесите на намера за напуштање и служи како основа за идни истражувања во областа на управувањето со човечките ресурси.

Предмет на истражување

Докторската дисертација на кандидатот м-р Блаже Јосифовски, со наслов: **ФАКТОРИ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ НАМЕРИТЕ ЗА НАПУШТАЊЕ НА РАБОТНОТО МЕСТО: СЛУЧАЈОТ СО МАКЕДОНСКИТЕ ИТ-ПРОФЕСИОНАЛЦИ,** обработува комплексна, релевантна и актуелна проблематика која претставува предизвик како за теоријата на менаџментот на човечки ресурси, така и за праксата во оваа област. Истражувањето ги анализира факторите што влијаат врз намерата за напуштање на работното место кај македонските ИТ-професионалци. Фокусот е на комплексната интеракција помеѓу индивидуалните, работните и организациските фактори со намерата за напуштање на работното место.

На индивидуално ниво, се испитуваат личните карактеристики (возраст, пол, стаж, образование) и нивната потенцијална улога како модератори на врските меѓу психолошките фактори (на пр., работно задоволство) и намерите за заминување.

На работно ниво, анализирани се влијанието на платата и бенефитите, работната средина и професионалниот развој врз намерите за напуштање.

На организациско ниво, истражувањето ја разгледува улогата на организациската култура, посветеноста и перцепцијата за кариерни можности, нагласувајќи ја важноста на визијата, комуникацијата и развојот на вештини за создавање поддржувачка средина.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Македонскиот ИТ-сектор претставува еден од најдинамичните и брзорастечки делови на македонската економија, со што создава значајни можности, но и сериозни предизвици во управувањето со човечките ресурси. Последните статистички податоци укажуваат на стабилен раст на бројот на активни компании и вработените во областа, како и на зголемување на приходите и инвестициите, што ја прави индустријата привлечно поле за локални и странски инвеститори (MASIT, 2020; PwC, 2020).

Сепак, со зголемувањето на бројот на компании и вработените, се јавуваат и проблеми поврзани со задржувањето на талентот. Македонскиот пазар на труд, особено во ИТ-индустријата, се соочува со хроничен недостаток од образовани кадри, бидејќи годишниот број на дипломирани ИТ-специјалисти не ги задоволува потребите на индустријата. Поради тоа, многу компании се соочуваат со високи стапки на флуктуација, што резултира со значителни трошоци за регрутирање, обука и интеграција на нови кадри. Овие фактори го отежнуваат одржувањето на конкурентноста и влијаат негативно врз долгорочната стабилност на компаниите.

Покрај тоа, глобалната конкуренција од меѓународните корпорации, кои нудат повисоки плати, повеќе можности за кариерен развој и подобри бенефити, дополнително ја нагласува потребата од адаптација на компензациските модели и развојот на стратегиите за задржување во македонските компании. Овој тренд е посебно чувствителен во контекст на милениумската генерација, која поставува специфични барања и очекувања во однос на работната средина и балансот меѓу професионалниот и личниот живот.

Исто така, истражувањата покажуваат дека организациската култура, која се одразува преку јасно дефинирана визија, транспарентна комуникација и поддршка за професионален развој, е критична за зголемување на работното задоволство и, со тоа, за намалување на намерата за напуштање. Незадоволството од работата, предизвикано од ограничени кариерни можности, ниска компензација и неадекватен баланс меѓу работата и приватниот живот, е еден од главните предиктори на флуктуацијата на вработените, што го нагласува значењето на поддржувачките организациски практики во овој сектор.

Во контекстот на македонскиот ИТ-сектор, важно е да се истакне и влијанието на демографските фактори, кои, иако во некои студии се сметаат за модератори на врските помеѓу психолошките фактори и намерите за напуштање, во македонскиот контекст, нивната улога изгледа помала во споредба со директното влијание на работното задоволство и организациската култура.

Сумирано, податоците за состојбата на подрачјето укажуваат на значаен потенцијал за раст и иновации во македонскиот ИТ-сектор, но и на потребата од систематско и иновативно управување со човечките ресурси. Притоа, успешното задржување на талентот зависи од интегрирањето на стратегиски мерки кои ќе го подобрат работното задоволство, ќе ги адресираат ограничувањата во кариерните можности и ќе создадат поддржувачка организациска култура која ќе ги мотивира вработените да останат и да придонесат кон долгорочниот развој на секторот.

Краток опис на применетите методи

За ова истражување беше применет мултидимензионален пристап, кој интегрира и квантитативни и квалитативни истражувачки техники, со цел да се обезбеди сеопфатна анализа на факторите кои влијаат врз намерите за напуштање на работното место кај македонските ИТ-професионалци.

На квантитативната страна, истражувањето користеше структуриран анкетен прашалник, кој беше создаден врз основа на претходни теоретски рамки и литературен преглед, со посебен фокус на работното задоволство, организациската култура, перцепцијата за кариерните можности и организациската посветеност. Анкетата беше спроведена кај значителен број на ИТ-специјалисти од различни македонски компании, со цел да се соберат репрезентативни податоци за поставените истражувачки прашања. Податоците добиени преку анкетата беа анализирани со помош на структурирано моделирање на равенки (SEM) користејќи го софтверот Stata, што овозможи детално испитување на врските меѓу изучуваните варијабли и тестирање на хипотезите.

На квалитативната страна, за да се добие подлабоко разбирање на организациските практики и стратегиите за задржување на вработените, беа спроведени полуструктурирани интервјуа со менаџери за човечки ресурси од ИТ-компаниите. Овие интервјуа овозможија прибирање на богати, контекстуализирани податоци за специфичните предизвици со кои се соочуваат компаниите, како и за нивните иницијативи за подобрување на задржувањето на талентот. Податоците од интервјуата беа анализирани со примена на тематска анализа, што помогна при идентификувањето на клучните теми и концепти кои се потврдуваа во квантитативната анализа.

Комбинацијата на овие две методолошки парадигми обезбедува синтеза на статистички и контекстуални податоци, што резултира во поцелосна и релевантна анализа на феноменот на намерите за напуштање. Овој мешан пристап ја зголемува валидноста на добиените резултати и овозможува целосно разбирање на комплексните механизми кои влијаат врз одлуките на македонските ИТ-професионалци за напуштање на работното место.

Краток опис на резултатите од истражувањето

Резултатите од истражувањето покажуваат дека главните детерминанти на намерите за напуштање на работното место кај македонските ИТ-професионалци се вклучуваат во две домена: негативните фактори, кои го поттикнуваат незадоволството, и позитивните фактори, кои го зголемуваат задоволството од работата. Анализата на податоците добиени преку структурирано моделирање на равенки (SEM) укажува дека ограничените кариерни можности, ниската компензација и неадекватниот баланс меѓу работата и приватниот живот значително влијаат врз зголемувањето на намерите за заминување. Овие негативни фактори се асоцирани со пониско ниво на работно задоволство, што е клучен предиктор за флуктуацијата на вработените.

Исто така, добиените резултати покажуваат дека позитивната организациска култура, дефинирана преку јасно формулирана визија, ефективна интерна комуникација и систематска поддршка за професионален развој, значајно ја зголемува работното задоволство. Високото ниво на задоволство од работата, во комбинација со силната организациска култура, резултира со намалување на намерите за напуштање. Дополнително, демографските фактори (возраст, пол, стаж, образовно ниво) не покажаа

значајна модерација на врските меѓу различните фактори и намерите за заминување.

Во синтеза, истражувањето потврдува дека за да се намали флуктуацијата на кадарот, македонските ИТ-компании треба да се фокусираат на унапредување на работното задоволство преку подобрување на кариерните можности, компензацијата и работниот баланс, како и да инвестираат во создавање на позитивна организациска култура. Овие резултати имаат значајни импликации за стратегиите за управување со човечките ресурси во овој сектор и можат да послужат како основа за идни истражувања во областа на задржувањето на талентот.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатот м-р **Блаже Јосифовски**, со наслов **ФАКТОРИ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ НАМЕРИТЕ ЗА НАПУШТАЊЕ НА РАБОТНОТО МЕСТО: СЛУЧАЈОТ СО МАКЕДОНСКИТЕ ИТ-ПРОФЕСИОНАЛЦИ**, претставува истражување во областа на организациските науки и управување (бизнис-менаџмент), со посебен фокус на човечките ресурси и управувањето со кадри во ИТ-индустријата. Овој труд има за цел да ги идентификува, да ги анализира и теоретски да ги разгледа клучните фактори кои влијаат врз намерите за напуштање на работното место кај македонските ИТ-професионалци, како и да понуди конкретни насоки за унапредување на стратегиите за задржување на талентот во овој динамичен и конкурентен сектор.

Докторската дисертација на кандидатот м-р Блаже Јосифовски, со наслов: **ФАКТОРИ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ НАМЕРИТЕ ЗА НАПУШТАЊЕ НА РАБОТНОТО МЕСТО: СЛУЧАЈОТ СО МАКЕДОНСКИТЕ ИТ-ПРОФЕСИОНАЛЦИ**, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[22]. Наслов на трудот: „Анализа на факторите на влијание врз одливот на вработените“, автор: Блаже Јосифовски, објавен: Годишник на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања – Скопје, vol. XLVII број 1/2 (2023).

[23]. Наслов на трудот: „Factors influencing the intentions of Macedonian IT professionals to leave the workplace“, автор: Blazhe Josifovski, објавен: “Visions Magazine”, 43, 23.06.2024.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Главни научни придонеси на кандидатот

Главните научни придонеси на кандидатот се состојат во тоа што е развиен интегративен модел, кој ги синтетизира индивидуалните, организациските и културните фактори во објаснување на намерата за напуштање кај македонските ИТ-професионалци. Овој модел обезбедува нови перспективи за разбирање на комплексната динамика на одлучувањето за напуштање на работното место во контекст на брзорастечката ИТ-индустрија.

Резултатите од истражувањето дадоа конкретни насоки за подобрување на стратегиите за задржување на талентот во македонскиот ИТ-сектор. Овие препораки се насочени кон оптимизација на работното задоволство преку подобрување на компензацијата, креирање на јасни кариерни патеки и развој на позитивна организациска култура, што има директно влијание врз намалувањето на флуктуацијата на кадарот.

Истражувањето придонесува кон пополнување на празнината во научната литература поврзана со задржувањето на вработените во македонскиот контекст, со посебен осврт на спецификите на ИТ-индустријата. Овие наоди ќе послужат како основа за идни истражувања и развој на локални политики за управување со човечките ресурси.

Подрачје на примена и ограничувања

Во оваа студија, резултатите се применливи во повеќе практични контексти, како што се развојот и унапредувањето на стратегиите за управување со човечките ресурси во ИТ-компаниите. Примена на наодите може да се види во:

1. Унапредување на организациската култура
   Резултатите укажуваат дека позитивната организациска култура, дефинирана преку јасна визија, транспарентна комуникација и поддршка за професионален развој, може да го зголеми работното задоволство. Овие наоди имаат директна примена во креирањето на политики и практики кои се насочени кон задржување на талентот.
2. Развој на компензациски модели и кариерни патеки
   Ограничувањата во перцепцијата на кариерните можности и недоволната компензација се идентификувани како значајни фактори за одливот на вработените. Затоа, резултатите од ова истражување може да послужат како основа за ревизија и реформирање на компензацијата и развојот на јасни кариерни модели.
3. Промена на стратегиите за задржување
   Во контекст на македонскиот ИТ-сектор, каде што конкуренцијата за квалификувани кадри е интензивна, резултатите имаат импликации за креирање на интегративни стратегии за задржување кои се базираат на комбинација од индивидуални, работни и организациски фактори.

Сепак, истражувањето е ограничено со неколку аспекти, кои треба да се земат предвид при интерпретацијата на резултатите:

1. Географската и индустриската специфичност
   Проучувањето е спроведено во специфичниот контекст на македонскиот ИТ-сектор, што може да ја ограничи генерализацијата на наодите во однос на други индустриски сектори или географски региони со различни економски и културни карактеристики.
2. Методолошки предизвици
   Корисничката база и методологијата на земање на податоци, вклучувајќи ги квантитативните анкети и квалитативните интервјуа, може да влијаат

на објективноста и репрезентативноста на добиените резултати. Потенцијалната пристрасност во селекцијата на примерокот и ограничувањата во употребените техники за анализа на податоците треба да се разгледаат како значајни ограничувања.

Со оглед на овие примени и ограничувања, препораките за идни истражувања вклучуваат проширување на географската рамка, вклучување на дополнителни индустриски сектори и применување на повеќе методолошки пристапи за потврда и дополнување на добиените резултати. Овие мерки ќе помогнат за создавање на побогата и пополнета теоретска и практична база за управување со човечките ресурси во брзорастечките пазарни услови.

Можни понатамошни истражувања

За добивање на дополнителни резултати, потребно е детално проучување на факторите за напуштање на вработените во различни сегменти на ИТ-индустријата, со акцент на поголемите организации. Понатаму, со помош на компаративни студии, потребно е да се анализираат разликите во намерата за напуштање меѓу македонските ИТ-професионалци и нивните колеги од други земји во регионот и пошироко. Друг правец на истражување може да биде влијанието на генерациските разлики врз факторите на организациска лојалност и задоволство на работното место.

Оригиналноста на докторската дисертација на кандидатот м-р Блаже Јосифовски, согласно со законските прописи, на 18.2.2025 година беше целосно проверена преку софтверски пакет за проверка на плагијати на Министерството за образование и наука, при што е констатирано 4,86 % совпаѓање, што дополнително ја потврдува оригиналноста на трудот.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот **м-р Блаже Јосифовски** со наслов: **ФАКТОРИ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ НАМЕРИТЕ ЗА НАПУШТАЊЕ НА РАБОТНОТО МЕСТО: СЛУЧАЈОТ СО МАКЕДОНСКИТЕ ИТ-ПРОФЕСИОНАЛЦИ.**

Скопје, 26.2.2025

КОМИСИЈА

Проф. д-р Марија Топузовска Латковиќ, претседател, с.р.
Проф. д-р Мирјана Борота Поповска, ментор, с.р.
Проф. д-р Весна Забијакин Чатлеска, член, с.р.
Проф. д-р Петар Атанасов, член, с.р.
Проф. д-р Бојана Наумовска, член, с.р.